*Илија АЦЕСКИ*

# СКОПЈЕ ВИЗИЈА РЕАЛНОСТ



# СКОПЈЕ ВИЗИЈА И РЕАЛНОСТ

СЕМИНАР ЗА СОЦИОЛОГИЈА

проф. д-р Илија Ацески: Скопје визија и реалност
Издавач: Филозофски факултет - Скопје
Лектура и коректура: Пецо Груевски
Компјутерска обработка: Екопрес
Превод на англиски јазик: Весна Стевковска
Печати: САК-СТИЛ

CIP - Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека
"Климент Охридски" - Скопје

316.334.56(497.17)

АЦЕСКИ Илија
Скопје - визија и реалност / Илија Ацески - Скопје:
Филозофски факултет, 1996.-295стр.:илустр.:22цм
Тираж: 500-фусноти кон текстот.-
Summary-Skopje Between the Vision and Reality
ISBN 9989-43-036-5
а) Скопје - Социолошки аспекти

Според мислењето на Министерството за култура за книгата "Скопје визија и реалност" се плаќа повластена даночна стапка.

д-р. ИЛИЈА АЦЕСКИ

# СКОПЈЕ
# ВИЗИЈА И РЕАЛНОСТ

Скопје 1996

# ПРЕДГОВОР

Скопје заличува на црна
кутија во која знаеме што
влегува, но сé уште не сме
свесни што ќе излезе од неа

Книгата "Скопје - визија и реалност" настана како резултат на некоку годишните истражувања на општеството и просторот на град Скопје. Изминаа повеќе од три децении од катастрофалниот земјотрес, колку што траеше и интензивната изградба на градот.

За период од три децении, Скопје израсна во голем град со многу противречности и проблеми за неговиот развој во иднина.

Не е доволен песимизам да се пишува за Скопје. За тоа потребна е и храброст!

Скопје има долга "предисторија", но сосема кратка "историја"! Идентитетот на Скопје е од поново време: просторно и социолошки, претставува град на една (залудна) бирократска утопија - недефиниран и поделен центар, плус нови населби на индивидуална и колективна планска изградба, плус сламови по целата територија на градот, плус запуштена и деградидарана периферија. Дали населбата Скопје е во толкава мера неодредена и просторно и социјално, што го изгубила сопствениот идентитет или пак сé уште не го формирала за да ја препознаеме неговата човечка конкретизација? Едноставно, се работи за населен простор за кој знаеме што содржи во сегменти, но не сме сигурни во иднина во што ќе се претвори!

Социолошката анализа на градот содржи еден "недостаток": не ги зема за сериозни "добрите" намери на урабнистите и планерите и секогаш критички е насочена спрема урбаната политика.

За жал и денес отсуствува секаква желба да се дискутира за Скопје. Се верува дека пазарната економија ќе има благотворно дејство врз организацијата на животот во градот. Настапува период на уште поголеми заблуди! Дали се нужни?

Скопје по седумдесетите години започна да се гради "на слепо", од случај до случај, со што започна еден стадиум на "перманентен земјотрес" кој трае и денес. Дали е можна една Социологија на сламот? Зборовите "сламизација" и "урбанизација" за Скопје имаат исто значење.

Скопје, јануари, 1996 г.

# МОЖНА ЛИ Е СОЦИОЛОГИЈА НА СЛАМОТ

*Кога човек ќе се најде во средиштето на сламот (населба на "четири ветрови" како што некои ја нарекуваат), во оние делови од градот каде нема причини да се оди, а ненамерно, скоро никогаш или никогаш не се навраќа, веднаш ќе почне себеси да се прашува, "Од каде доаѓам, каде се наоѓам, што е животот". Слични прашања човек може да си постави и кога ќе се најде на некое прекрасно место, но никогаш содржината на неговите одговори не започнува и не завршува на сличен начин.*

Според мислењето на еден американски социолог поимот "урбанизам" и поимот "слам" се синоними и со едниот и со другиот се означува претерана концентрација на население и голема густина на изграденост на просторот, потоа хаос во сообраќајот, шпекулација со земјата, субстандардни услови за живење и слично, што е спротивно на значењето на урбанизмот како "наука за убави форми" или "начин на живот", каква што е неговата вообичаена употреба.

Сламот, пред се, е дел од градот каде деградацијата на животот стигнала до тој степен што човекот кој живее во него и не е свесен за тоа. Некои истражувачи имајќи го предвид тоа,за сламот говорат како за ментална категорија, состојба на помиреност со судбината и фатализам. Но, кога тој се посматра од аспект на

карактерот на градската политика, во духот на она што претходно го истакнавме, сламизацијата значи отсуство на свест кај оние кои ја имаат моќта на одлучување и управување со градот. Во суштина, сламот е "казна" за наивноста на градската политика која престанала реално да ја проектира иднината на градот и секогаш била на страната на моќните и привилегираните групи.

Социолошката димензија на истражувањето на сламот се однесува барем на три сфери и тоа: причините за негово настанување (зошто воопшто сламот се појавува), потоа функционирањето на општеството на сламот (станбени и населски услови за живот, неформални односи, семејна организација, состојбата во која се наоѓа поединецот, потреби, аспирации) и можностите за реконструкција, од аспект на преселување на населението, разорување на заедницата на цврсти примарни врски, прилагодување на луѓето во новата средина и слично.

На кој начин едно подрачје, или дел од градот се претвора во слам е значајно прашање и треба да биде предмет на сериозни истражувања. Сламот претставува "природно подрачје" кое настанува, пред се, како резултат на општествените околности кои делуваат врз дистрибуцијата на населението во просторот на градот, во зависност од нивните социо - економски и етнички карактеристики, кои ако ги сретнеме на еден дел од градот, тогаш говориме за гето - етничка енклава.[1] Секој дел или кварт од градот се здобива со карактеристики и квалитет на своите жители и неизбежно е поврзан со посебни сентименти на оние кои го населуваат, смета Парк. Градот

---

[1] За Роберт Парк, природните подрачја се производи на силите кои постојано делуваат и влијаат на создавањето на правилната дистрибуција на населението и функциите во рамките на урбаниот комплекс. Тие се природни и затоа не се планирани. Природните подрачја се резултат на преиспитувањето и сортирањето кое го нарекуваме сегрегација. (The city as a Social laboratory)

за него е лабораторија за истражување на колективното однесување. Лабораториските услови кои владеат во градот се однесуваат, пред сѐ, на преместувањето на луѓето од една "нездрава" во друга, "здрава" средина, што е непосредно поврзано за можностите за реконструкција, посматрани од еден социо - антрополошки аспект.

Градот според теоријата на Барџес треба да се проучува како динамичка структура, како организам, за да се утврдат различните индикатори на неговата структура. Тој развил теорија позната како теорија на концентрични зони, по која сламот секогаш е непосредно лоциран до центаралните делови на градот. За него градот е поделен во резиденцијални подрачја и соседства од кои секое е, или се стреми да биде, претежно населено со една расна или мигрантска група, економска или социјална класа.[2] Тој се

---

[2] Во градот населението секогаш било просторно поделено, како во однос на етничката, расната или религиската припадност, така и во однос на класната и социо - професионалната положба во општеството (Мариновиц-Узелац, А. 1978). Етничкиот состав на населението во градот влијае врз неговата топографија, односно градот добива форма на територијална сегрегација каде секоја посебна етничка група или целосно или претежно се населува на еден дел од градот. Етничката сегрегација настанува како резултат на повеќе фактори, меѓу кои како најзначајни се сметаат етничко - расниот судир, разликите во културата, начинот на живот, религијата, поделеноста на населението во однос на автохтоноста и доселеноста, што најчесто влијае врз правото на користење на просторот и во рамките на една етничка група (Robert Wilson, David A.Schultz,Urban Sociology Prentice Hall International, London,1972, p.262-272)

Во градовите од периодот на средниот век е забележано изразито голема поделеност на луѓето во однос на етничката и религиозната припадност (Sjoberg,G.The preindustrial City, New York,MacMillan 1960).Тоа особено е присутно во просторот на градовите кои се развивале на балканскиот полуостров каде и денес се задржале некои елементи на таа

обидува врз основа на анализата на карактерот на сместувањето на имигрантите во градот да го покаже начинот како се формираат и менуваат поедини делови, што било карактеристично првите децении на 20-от век на просторот на Чикаго, но може да послужи и при секоја промена на населението во рамките на една соседска група, која не се формира плански, туку спонатано.

"Во еколошката сукцесија, една општествена група или тип на користење на земјиштето се заменува со друга доминантна група или користење на едно подрачје. За инвазијата и сукцесијата добар пример претставува историјата на подрачјето Хоу во Кливленд. Порано отворената ловечка територија на Индијанците, стана земјиште со фарми за колонизаторите. Откако беше утврден центарот на градот, фармите им отстапија место на градските куќи, прво мали и расштркани, потоа со зголемениот број придојдени, поголемите куќи збиени една до друга. Конечно, близината на градскиот центар ги придоби богатите, кои градеа скапи градски куќи. Потоа, соседството почна да се осипува, богатите заминаа, а на нивно место дојдоа сиромашните и неснаодливите, кои беа привлечени од ниските цени на старите големи куќи. Овие

---

поделеност (Zikov,M.Urbanizacija kao proces preobražaja prostora, SR Makedonija i klasifikacija urbanih naselja,Arhitektonski fakultet sveucilista u Zagrebu, magistarska teza. Aceski I, Sociološki aspekti stanbene mizerije(na primeru grada Skopja, "Komunikacije 1987") Историјата на градовите со повеќеетнички состав на населението е исполнета со внатрешни судири за освојување на поповолна позиција во просторот на градот (еколошка, одбранбена и слично) и скоро секогаш е во функција на доминација на една етничка група над останатите кои живеат на еден заеднички простор.

беа разбиени во бројни семејни станови, а понекогаш и во соби за издавање. Со време, осипувањето стана толку сериозно што многу згради беа напуштени. За извесно време тие претставуваа дом за најниските општествени слоеви - наркоманите, скитниците, уличарите и сиромашните. Многу згради неодамна беа урнати и комплетно реновирани бидејќи почна нов циклус на инвазија и сукцесија".[3]

### *Сламизација на Скопје*

Причините за формирање на сламовите во Скопје (би било поадекватно да се говори за сламизација на градот) во услови на неконтролиран демографски пораст и хаотична изградба, доведе до квалитативен пад на животните услови кои најмногу го почувствуваа депривилегираните слоеви, особено во оние делови каде целосно отсуствува планската изградба, а такви се најголем дел од централното подрачје и периферијата.

Сламизацијата на Скопје содржи неколку карактеристики кои се значајни за развојот на градот, а кои главно се поврзани со доминацијата на политичките фактори, кои имаа пресудна улога во урбаната реконструкција во смисла на постојано одложување на планираната интервенција во оние делови каде таа е нужна и неодложна.

При формирањето на сламот многу е значајно да се согледа механизмот на донесување на значајни одлуки во доменот на планското уредување на просторот. Ако се согласиме со тоа дека власта и моќта се директно поврзани со управувањето на градот, тогаш борбата за власт во исто време е и борба за подобра позиција во просторот, без разлика дали станува збор за простор за домување или трговија. Позицијата на луѓето во сламот во тие услови е

---

[3] Илија Ацески, Социологија на градот, Филозофски факултет, 1995, стр. 130.

изнудена, како што е и за сите депривилегирани слоеви, за кои не постои можност за подобрување на условите каде би сакале да живеат и во кој дел од градот. Во градот секогаш постоеле разлики во квалитетот на условите за живеење во секој поглед и дали тие разлики треба да бидат толку многу изразени со што се доведува во прашање нормалното функционирање на градот?




*Знаци на времето - хаос во просторот. Дижонска 1995*

Државата би требало во сферата на урбанизмот да ја покаже својата правична улога, на таков начин што секогаш првенство на интервенција треба да им даде на оние делови или на оние проблеми (се мисли на задоволување на заедничките добра, подигање на условите за живот во најзапуштените квартови), каде живеат најсиромашните слоеви. Ако сламот е "болно" место, тогаш тоа нужно мора да се лечи со интервенцијата од страна на државата. Цената за тоа нужно мора да ја платат сите, односно државата да најде начин како да обезбеди материјални сретства и да не дозволи во иднина такви места да се формираат.

Во сламизацијата на Скопје се вградени елементи на етничката и религиската компонента. Од тој аспект сламот содржи повеќе специфики кои заслужуваат посебно внимание од страна на социологијата. Етничката компонента ја согледува идејата на планот од 1965 год. и од социо - антрополошки и психолошки аспект. Поделеноста во просторот во зависност од етничките особини, како што беше констатирано во анализата, не само што постои, туку со нејзиното понатамошно егзистирање се стеснуваат начините и можностите за надминување на таа состојба. Земјотресот урна се што можеше да се урне, вредните архитектонски остварувања, неквалитетниот станбен фонд и слично, но истовремено ја зацврсти солидаристичката и ја поттикна сепаратистичката тенденција на етничките групи во просторот на градот. Социолошките истражувања од 1965 год. ја разоткрија суштината на гетоизацијата во просторот, но тоа за градската управувачка елита не значеше ништо посебно во практичната релизација на Планот. Само петнаесет години по земјотресот и десетина години од момент кога Скопје беше прогласен за отворен град, (пред чии врати веќе демнеа десетици илјади неписмени и неквалификувани и пред се сиромашни луѓе кои привлечени од големиот град ја чекаа својата шанса да излезат од бедата), скопската управувачка бирократија потпиша капитуалција.




*Визија и реалност - идеален план и непланиран развој*

Десетици илјади бесправно изградени објекти, повеќе од половина од површините наменети за домување и индустрија, беа зафатени со некој вид непланска градба и беа неорганизирани, од кои повеќе од половината се наоѓаат во централното подрачје и беа во сосотјба на изразито низок урбан стандард, висок степен на етничка и социјална сегрегација со илјадници хектари уништено

земјоделско земјиште. Тоа значи дека, за формирање на скопскиот слам само неполни десетина години од големата обнова по земјотресот се формирани сите предуслови: неконтролирана имиграција на повеќе етнички и религиски групи, можности за вработување, шпекулација со земјата, можност за брзо решавање на станбеното прашање за сиромашните слоеви, одложена реконструкција на старите делови!

Скопскиот слам е творба на "идеални" услови кои владееле седумдесетите години во политиката, економијата, урбанизмот и воопшто во сфаќањата за тоа што претставува градот. За илјадници луѓе тоа значеше надеж за подобар живот, за владеачката елита најголем град на Балканот, за планерите шанса да изградат град за пример. Тоа, за само една и половина деценија, за мнозинството се претвори во живот во деградирани услови, во голем град недефиниран и без идентитет, а за планерите неостварена визија и покрај добрите намери и планови.[4]

На прашањето, дали во услови на воведување на пазарна економија ќе се формираат нови структури, одговорот секогаш е позитивен. Сеуште нема знаци дека етничката сегрегација се повлекува на сметка на социјалната. Повеќе има смисла да говориме за зајакнати процеси на групирање врз етнички, религиозни, а помалку врз економски основи. Потоа, нема никакви знаци дека државата веќе започнала со реализација на програмата за реконстрикција на приградското подрачје, што доволно говори дека воопшто не започнале процесите на обновата на градот.

---

[4] Просторен план и измени и дополнувања на Основниот урбанистички план на Скопје, програмски основи, Книга 3, Завод за урбанизам и архитектура Скопје, 1981 год.




*На целосната деградација на просторот е спротивставена целосна хармонија - Проект за Топаана 1995*

Што претставува сламот во социолошка и урбанистичка смисла? Пред сè, тоа е начин на живеење на луѓето кои го населуваат, квалитетот на живеалиштето и опремата на населбата со која располагаат. Потоа, дали се работи само за слам (социјална категорија) или тоа истовремено претставува и гето (етничка сегрегација), дали сламот и во морална смисла претставува "дезорганизирана" средина? Каква е улогата на семејството во социјализацијата на поединците и со кои проблеми се соочува човекот на планот на интеграцијата

во пошироката заедница, се само дел од прашањата кои би требало да бидат предмет на социолошките истражувања. Социологијата на сламот му пристапува "одвнатре", како на "свет за себе", како средиште на "културата на бедата", според сфаќањето на Оскар Луис.

Во литрературата прашањето за тоа дали постои специфично "урбано однесување", односно, дали воопшто е можно да се говори за процес на производство на општественото од страна на физичкото (просторното, еколошкото), е прашање кое и денес, како и на самите почетоци на раѓањето на социологијата на градот, е присутно особено кога физичките услови за живот на луѓето се толку многу неповолни за еден нормален човеков живот

Едно од најзначајните прашања се однесува на можностите на реконструкција на сламовите како "болни" места кои имаат изразито негативно влијание врз менталното и физичкото здравје на луѓето кои живеат во тие услови. Реконструкцијата на сламот нужно ја претпоставува "интервенцијата на државата која настојува да ја промени постојната намена на просторот, нејзината функција и / или нејзината социјална содржина. Она што е карактеристично за реконструкцијата на големите населби со повеќе илјади жители и станбени објекти е поврзано со раселувањето на луѓето, обезбедувањето на средства за изградба на нови станови и најпосле состојбата за културните особености на просторот и населението. Колку повеќе се пролонгира почетокот на реконструкцијата, сите тие елементи добиваат на значење.Скопскиот случај во тој поглед е многу интересен и поучен и треба да се смести во учебниците по социологија и урбанистика.

Раселување на еден етнички слам со десетици илјади жители, не може да биде предмет само на апстрактни размислувања. Во тие околности, не станува збор само за урбана обнова како чин на подобрување на условите за живот, нити пак за последиците од промените на мрежата на примарните односи и дезинтеграцијата на локалната

заедница во една социо - антрополшка смисла, иако и тоа е многу значајно. Реконструкцијата на скопскиот слам, особено во централното подрачје, денес е повеќе политичи чин. Средината на шеесетите години беше чин на една сосема разумна, оправдана и нормална постапка (така е и разбрана во планот од 1965 год.) каде реконструкцијата на старите делови на градот се посматра во рамките на целината на урбаната изградба, нагласувајќи ја нужноста и приоритетот на изградба на просторот за кој постоеја сознанија дека тука има изразито негативни ефекти за луѓето кои живеат на тој простор.

Во Скопје сеуште никој не се прашува, што претставува реконструкцијата на запуштените квартови. Овде не ги земеме за сериозно "цртачките вештини" на испеглаините површини од страна на некои градски интитуции. Можеби е најлесно и наједноставно да се напише "манифест за реконструкција" во кој со неколку реченици би се објаснила состојбата за да се констатира дека некои населби од морален аспект треба да бидат реконструирани и на нивно место изградени нови. Но, тоа е потребно во ситуација ако некој смета дека нема потреба од реконструкција.[5]




[5] За реконструкцијата на "локалитетите со низок степен на урбанитет" од страна на градските институции кои се одговорни за тоа, само таксативно се набројуваат мерките за санација, што практично не значи ништо за еден сериозен зафат.

*Во Топаана Ромите ги напуштила сопствената среќа*

Истражувањето на Топаана неизбежно наметна прашања кои се непосредно поврзани со културата на живеењето и општествената интеграција на примерот на една населба која ги носи сите белези и на слам и на гето. Во тие рамки, неизбежно е и прашањето за формирањето на етничко - хетерогените населби и нивното значење во интер-културното проникнување меѓу етничките групи во просторот, во случајот на Топаана, една малцинска група во просторот и општеството, на една мнозинска група.

Кога говориме за "културниот плурализам" и општествената дезинтеграција на едно глобално ниво, сѐ чини дека не сме непосредно засегнати со разликите, туку со сличносите. Но, на микро ниво, на ниво на градот, каде општеството се дефинира, или уште подобро, се доживува како "систем на односи меѓу функционално разделени делови кои се функционално локализирани" и каде етничката поделба ја детерминира поделеноста внатре во локалното општеството, колку поделбата во општеството е подлабока, колку општеството е културно дезинтегрирано, толку повеќе во просторот доаѓа до израз сепарацијата на етничките и религиските групи. Етничката сепарација во просторот ја покажува разликата меѓу групите која постои на културен и религиски план.

Но, да го погледнеме случајот Топаана "одвнатре". Топаана како и десетина други етнички гета во Скопје не е случаен производ на урбаната политика на градот. По катастрофалниот земјотрес во 1963 год. во Скопје се создадоа "идеални услови" за формирање на сламови и како резултат на етничката сегрегација. Основниот услов беше силниот механички прилив на население од повеќе етнички и национални групи кое нужно беше упатувано кон сепарација во просторот. Значи, брзата и неконтролирана урбанизација и демографска експлозија, проследени со имиграција на претставници на повеќе

национални и религиски групи, резултираше во строга поделба на градот.

Прашањето за тоа, дали е можна урбана политика како свесна рационална дејност која може да го ублажи или сосема да го оневозможи формирањето на етничките хетерогени населби и што значи тоа за процесите на социјалната интеграција на човекот во пошироката заедница на градот, од "случајот Топаана" можат да се извлечат неколку значајни моменти меѓу кои проблемот на зачувувањето на автентичноста на културата на живеење, кој е карактеристичен за една етничка група, се чини е најзначаен. Дали е можно решение (реконструкција на Топаана) кое не завршува само со физичка дислокација на населбите, под претпоставка дека слична населба нема да биде формирана на некое друго место, но не како слам - запуштена и деградирана населба? Ако ги прифатиме претпоставките на "еколошкиот детерминизам" дека промената на условите за живеење, во нашиот случај Топаана да ја третираме само како етничко гето, но не и слам, деградирана населба, прашањето се поставува на поинаков начин: дали е можна во тој случај интеграција на Ромите во пошироката заедница, дали е можно интер - етничко влијание и дали "урбаната култура" како форма на социјална организација ќе доведе до слабеење на примарните врски, како на пример, слабеење на роднинските врски и улогата на семејството, слабеење на соседството и старите форми на социјалната солидарност и нивна замена со инперсоналните односи, со изедначување со другите групи и исполнување на урбаниот начин на живот? Сè чини дека и во тој случај одговорот е негативен. Животот во етничкото гето, личноста цврсто ја врзува со групата, ја ослободува од проблемите на прилагодување во пошироката заедница, групата се јавува како посредник меѓу она што е "јас" и "ние", од една и со останатите членови во општеството, кои се надвор од гетото, од друга страна.

Можеби Топаана е многу едноставен и очигледен пример, а Ромите со специфичен етнос и култура на живеење, а тоа може да не одведе во погрешна насока на размислување дека сепак разликите не можат да се реализираат до тој степен и на таков начин? Она што е карактеристично за населбите од типот на Топаана е тоа што меѓу нив и останатиот свет постои строга поделеност на "ние" и "тие", останатите кои се надвор од гетото.



*Главната улица во Топаана 1995*

За човекот од Топаана изгубена е секоја надеж дека сепак е можно да се живее во друг дел од градот и под претпоставка за подобрување на условите за живот!

Едноставно луѓето не се во состојба да размислуваат за тоа. Најголем дел и не го разбираат прашањето "Ако би имале можност да се преселите...." Таква можност (замислена) за нив не постои! Условите кои владеат во Топаана ги бришат разликите меѓу реалноста и имагинарниот свет. Се се пртевора во сурова реалност.

Случајот Топаана поставува неколку фундаментални прашања, за односот на малцинско - етничката и мнозинска група или групи. Најзначајното се однесува на спецификите на културата на етничката група и нејзината егзистенција во урбаниот простор. Интервенцијата, во смисла на "модернизација на животот", може да предизвика исчезнување или дезинтеграција на спецификите на етносот. Ако исчезне начинот на живот, тогаш исчезнува и културата. Обичаите се силно врзувачко ткиво, непишани правила на заедницата која функционира и врз основа на солидарноста. Во суштина, начинот на животот на Ромите е она преку кое е сочуван митскиот свет, на кој е подреден и ромскиот јазик и култура.

Она што посебно треба да се потенцира и што го покажа нашето истражување е сознанието дека светот на ромската култура во Топаана започнал да ја чувствува агонијата во која западнал, ја почувствувал тежината на животот како борба за опстанок и тоа што Ромите започнале да ги напуштаат сопствените божества и вредности кон кои секогаш биле приврзани поради основната вредност која во нивната култура е вградена, а тоа е среќата. Топаана е заедница во која етничката група во урбани услови започнала да се распаѓа одвнатре оставена самата на себе. Тоа е темната страна на "културниот плурализам", но и негрижа на градската власт за бедните и депривилегираните. Втората димензија се однесува на урбаната интервенција - реконструкција на просторот на кој живеат Ромите. Тие се заточеници на светот на сопствената култура која се чини дека никогаш не може да се разбере во еден систем на "културен плурализам", а уште повеќе дека тоа можеме да го

доведеме во врска со "општествената интеграција" во рамките на глобалното општество. На ниво на градот тие се изолирани и препуштени самите на себе.

Дали е можно и ако е можно, на кој начин може да се подобрат условите за живот во Топаана? Дали урбанизацијата на животот во исто време ќе значи уништување на ромскиот начин на живот, култура, обичаи? Постојат две насоки на размислување: првата која почнува и завршува со моралната осуда на општеството и политиката која овозможува формирање и постоење на овие населби, без разлика на тоа дали "ромскиот стил на живот" е специфичен или не, дали е можен некој друг начина на живот или не, и втората насока која произлегува од "објективните околности" кои нужно ги продуцираат населбите од типот на Топаана, но и нужно како "позитивен елемент" ги конзервираат спецификите на ромската култура. Во тие околности урбаната политика најчесто е во прилог на зачувување на ромскиот етнос, но оставајќи ги Ромите "самите на себе", во тотална сиромаштија.

Истражувањето на Топаана постави неколку прашања за дискусија кога се говори за сламот воопшто. а) За мнозинството, луѓето од населбите се "обвнинети за жртви", само поради тоа што живеат на таков начин и во апсолутна сиромаштија. Виновни се самите заради тоа што не сакаат да живеат на поинаков начин. Создадена е состојба на етничка дистанца која за резултат ја има целосната изолација на Ромите во просторот на градот. Прашањето гласи: дали е можна реконструкција на населбите од овој тип, а да не се доведе во прашање "културниот идентитет" на овие луѓе? Кај Ромите постои свест за тоа дека многу повеќе ќе изгубат ако бидат раселени во урбанизираните населби. б) Дали е можен "етнички соживот" со луѓе кои се целосно деградирани и се на дното од општествената скала? За луѓето од Топаана постојат "тие" и "ние". како што за луѓето надвор од Топаана постојат "наши" и "туѓи". Етничката дистанца

меѓу Ромите и останатите групи во општеството е тотална. Прашањето гласи: дали со мерки на урбаната политика е можно ублажување на етничката дистанца? в) Случајот Топаана во себе содржи едно од фундаменталните прашања кога говориме за "културниот плурализам" и општествената дезинтеграција, а тоа е прашање за суштината и карактерот на етничките разлики кои се "материјализираат" во просторот и се стремат во насока на гетоизација на животот. "Просторниот израз" е само резултат на разликите кои реално постојат меѓу етничката (малцинска) и мнозинската (доминантна) група.Прашањето гласи: дали се можни етнички хетерогени населби?

Резултатите од досегашните истражувања, на примерот на Скопје, говорат дека не постои доволен минимум на интегративна супстанца меѓу малцинските групи и мнозинската група и меѓу припадниците на различните религиски групи. Највпечатлив израз на тоа е гетоизацијата на животот, кој внатре во групата предизвикува висок степен на интеграција, но во однос на поширокета заедница предизвикува дезинтеграција и распаѓање на општествените институции.

Дали е можна урбанистичка интервенција која би била во функција на општествената интеграција и провокација на повисок степен на меѓуетничка комуникација? Ако одговорот е позитивен, признаваме дека е можен "архитектонски детерминизам" (последица се односите меѓу луѓето). а ако не, тогаш мораме одговорот да го бараме на друго место.

# ГРАДОТ МЕЃУ ВИЗИЈАТА И РЕАЛНОСТА

*Планот - привидна стручна и научна сеопфатност*

Градот претставува сложен систем за чие функционирање се грижат мноштво институции кои го планираат и го насочуваат неговиот развој. Она што е особено значајно и заслужува да се истакне, уште на почетокот на нашата анализа, е појавата на расчекорот меѓу планираното и можностите за негова реализација. Мноштвото процеси кои се случуваат во градот најчесто се во спротивност со основните поставки на Планот, особено во сферата на просторно - физичкиот, демографскиот и функционалниот развој.

Во нашата анализа ќе се осврнеме на карактеристиките на планирањето на градот и можностите за реализација на планската проекција во услови на динамички промени на просторно - физичката и демографската структура и економскиот, особено индустрискиот развој. Целта е да дојдеме до некои од принципите на планирање кои се, се повеќе својствени за градовите во развиените земји.

Во подготовките на Планот (се мисли на урбанистичкиот план) се користат сознанија од повеќе научни дисциплини, но секоја од нив на градот му пристапува од некоја "своја" позиција и ниедна нема "ни предлози, ни теорија за самиот град како таков" (D.Harvey) Градот, за Харвеј е комплексна структура, која во себе не ја содржи потребната кохерентност. Него го карактеризираат отвореност и променливост во општеството и просторот, но без потребниот континуитет,

а не постои ни некоја цврста логичка поврзаност меѓу појавите и процесите во просторот и општеството.

Најчесто, особено во неразвиените и во земјите во развој, се појавува дисхармонија меѓу демографските, просторно - физичките и функционалните претпоставки на развојот. Демографскиот развој секогаш е пред функционалниот, што најчесто резултира во влошување на условите за живот, недостаток на станови, невработеност и општ пад на животните услови.[1]

Претставата за градот како систем за кој е можно долгорочно планирање, како што сметаат голем број од планерите, спротивно од нивните очекувања во реалноста,

---

[1] Големиот прилив на население во големите градови создава, меѓу другото, расчекор меѓу демографските, од една страна и просторно - физичките и функционалните компоненти на урбанизацијата, од друга страна. Кај нормалнот тип на урбанизација, релативно е присутна согласноста меѓу споменатите компоненти, а кај хиперурбанизацијата, која е катактеристична за градовите во нашата држава, присутна е дисхармонија и нерационалност.
Во анализата на урбанизацијата, покрај наведената поделба на нормална и хиперурбанизација, во литературата се познати и други поделби. Така, на пример, познати се типолошките анализи на процесот на урбанизацијата кои во својата основа ги земаат регионалните разлики во рамките на една земја. Во овие анализи главно се поаѓа од следните елементи: распространетоста на примарната урбанизација на просторот на државата, учеството на градското население во вкупното население, интензитетот на урбанизацијата (стапка на активност на градското население во споредба со неградското население), мобилноста на урбанизираното население во мрежата на градовите во зависност од нивната големина и меѓусебна одалеченост.
Имајќи ги предвид споменатите елементи, за Македонија може да се каже дека претставува подрачје со висок процент на градско население, но во исто време е едно од најразвиените подрачја во Европа, што значи дека не постои цврста корелациона зависнот меѓу степенот на економскоит развој и нивото на урбанизацијата. ( Илија Ацески, Социологија на градот, Екопрес, Скопје, 1995г.)

скоро никогаш не се остварува. Генералниот урбанистички план како проекција и модел по кој би требало да се развива градот за период од дваесетина години, во суштина е желба или идеја, за негово можно практично остварување, “а не законитост на функционирањето докажано и врз основа на факти и втемелена структура“. Во сферата на објективните законитости се проектираат и желбите и намерите на планерите!

Втората значајна карактеристика на Генералниот урбанистички план е неговата “сеопфатност“. Планот не би бил тоа ако не се однесува на “тоталитетот на градот“! Тоа подразбира опфаќање на скоро сите поважни сфери за период од најмалку дваесетина години, што е надвор од законитостите на реалните процеси.[2]

Основната карактеристика на Планот е што градот го посматра како “статички објект“ или збир на елементи кои формираат една структура која треба да се менува во согласност со претпоставките дадени во планот. Планот не ја поседува потребната флексибилност за да може лесно да се прилагодува на промените, а во функција на решавањето на проблемите кои се појавуваат со развојот. Во суштина, поставеноста на планот во однос на регионот не успева да завладее со природата на развојот на градот и скоро никогаш не може да ги согледа проблемите. Истражувањата на појавите најчесто се доживуваат како пречки отколку што користат во воспоставувањето на основните стратешки поставки на Планот!

---

[2] “Наспроти популарната митологија, планирањето не донело социјализам, постанало периферно оружје за зачувување на контролата под маска на рационалност, ефикасност и наука.... Застапничкото планирање и други програми за учество на граѓаните во планирањето можат само да ја потпомогнат маската да се одржува допуштајќи им на сиромашните да ја определуваат својата сопствена положба на зависност“. R.Goodman,After the Planers, Pelikan Penguin Books, London,1972, prevzemeno od O.Caldarevic,cit.delo, p.255



Теоретските поставки на Генералниот урбанистички план главно се сведуваат на следното: прво, целта на планот е да воспостави целосна контрола над просторните процеси. За планирањето се смета дека е научно фундирано, а до решенија се доаѓа исклучително со рационални методи и техники, второ, тоа е континуирано и перманентно и е свртено кон иднината во смисла на план - слика - модел за градот за период од дваесетина години. За планот се смета

дека е вредносно неутрален и ги раздвојува фактите од вредностите.[3]

Планерите се стручни лица кои се убедени дека работат нешто што е вредносно и идеолошки неутрално, потоа, дека немаат независно воспоставени вредносни определби освен оние кои им ги наложува сопствената стручна совест. Но, како што смета Чалдаревиќ, ништо од ова не е вистинито. "Наспроти уверувањето за општата неутралност на дејствување, јасно е дека секоја акција на било кој поединец, па според тоа и на планерите на градот е вредносно втемелена".

Градот не е хомогена општествена заедница составена од групи или поединци кои во целост делат исти

[3] Пример за вредносно неутрален план е урбанистичкиот план на Скопје, донесен во 1965 год. и тоа во услови кога "напредните сили" водат "остра" класна борба. "Генералниот план во себе содржи предлози за идната организација на градската површина, која треба да биде адекватна на идната структура и дејноста на заедницата. Така информацијата не треба само да содржи податоци за сегашната состојба, туку и за насоките на социјалниот развиток, израснат врз основа на спонтан и непосреден однос кај луѓето. Излегувањето во пресрет на човечките потреби и исполнувањето на општествените обврски бара, простор, технички и подготвен за оваа намера. Човечките суштества, во проследување на своите цели, би сакале да заземат толкав простор со кој до максимум би ги задоволиле своите потреби, а со минимум чинење. Оваа општа тенденција, прифатена како главна еколошка концепција, е од битно значење за физичкото планирање. Заради тоа, при формирањето на урбанистички заклучоци, од анализите на социјалниот преглед ќе го разгледаме парадигмот; поаѓајќи од бараните правилности на човечкото однесување во посебни општествени и просторни ситуации, ќе се обидеме да ги најдеме "водечките" тенденции, од аспект на однесување на водечките општествени категории, функционални за структурниот развиток на Скопје и поврзувајќи ги со општествените цели, ако е тоа одредено со социјалната политика. (Извештај од социјалниот преглед, Урбанистички план, Скопје, стр. 8 и 9 )

или слични уверувања, ставови и аспирации, што е во прилог на сфаќањето дека на е можно планирање врз основа не нешто што би можело да се нарече "општо добро". Планот поаѓа од претпоставката за задоволување на "општиот интерес" но, како што смета J.B.Bailey, тоа во реалноста не постои. "Во општествениот живот не постои нешто што е вредносно неутрален факт и од таму создавањето на целите од податоци кои се сметаат за вредносно неутрлани, е тешка злоупотреба". Практичната реализација на изградбата на градот секогаш суштински отстапува од теоретските поставки од кои се раководи планот. Во подготовките на Планот, научните дисциплини се вклучени парцијално и површно, а примената на методите и техниките е недоследна. Се јавува привид на научна и стручна сеопфатност која во праксата се претвора во селективен пристап. Од планот најчесто се зема она што во моментот одговара на интересот на владеачките групи, а тоа по правило е на сметка на депривилегираните слоеви (градската сиромаштија или на сметка на одложување на реконструкцијата на најзапоставените квартови како и задоволувањето на потребите од сферата на колективната потрошувачка, од што во најголема мера зависи и квалитетот на животот на мнозинството од населението во градот). Со планирањето кое се практикува кај нас, никогаш не успеа да се реши ни еден проблем во градот. Особено тоа се однесува во сферата на реконструкцијата на запуштените делови. Фактот што реконструкцијата постојано се одлага за некое идно време говори за тоа дека никогаш сериозно не се пристапило. Градот е систем подложен на брзи промени во сите сфери, тоа треба суштински да влијае врз процесот на планирањето. Како активност која ќе овозможи, пред сè, разрешување на конфликтите, а кои секогаш се однесуваат на конкретна ситуација, "разгледувањето на градот како систем е многу поволна основа за оној концепт на планирање кој

технократски планира, односно оној тип кој се нарекува традиционално урбано планирање“.[4]

*Планирањето како процес - добри и лоши решенија*

Спротивно од сфаќањето на планирањето кое се базира на сфаќањето за градот како “објект“, за урбаното планирање како краен производ и сфатено како процес значајни се следниве поставки:

Прво, дефинитивна формулација на проблемот не е потребна. Се поаѓа од идејата за решавање на проблемите и во таа смисла се земаат предвид сите (или најголем број) можни решанија. Тоа значи дека Генералниот план не е потребен. Она што е неопходно е да се имаат предвид општите тенденции на развојот на градот и општеството во целина во чии рамки не се пожелни никакви решенија за идниот период. Тие се пожелни само како резултат на анализата на конкретната ситуација која е постојано променлива, што од планерот бара постојано ангажиран однос. Реалноста не се присилува кон никакви (без разлика колку се тие добронамерни) претпоставки на планот кој има (непотребно) функција на закон и кој треба да се реализира.

Второ, за решавање на проблемите не постојат однапред зададени критериуми врз основа на кои ќе се смета дека целта е постигната, односно дека проблемот е решен.

Трето, решенијата за надминување на проблемите се добри или лоши , а никако погрешни или точни. Она што планирањето, засновано на сфаќањето на градот како објект го смета за објективно и точно, концептот за планот

[4] Čaldarević,O.Urbana sociologija,Socijalna teorija i urbano pitanje, Globus, zagreb. p.245.



*"Лоша" состојба (горе), "добро" решение (долу)*
*Обид за реконструкција на слам на испеглан простор*

како процес тоа го отфрла и на негово место говори за добри или лоши решенија. Лошо решение е она кое не ги зема предвид и во доволна мера интересите на вклучените страни и нивните идеолошки и вредносни определби, а планот содржи вредносна ориентација.[5]

[5] "Техниките со кои се служи таквото планирање многу се едноставни и ориентирани првенствено спрема планирањето на просторот како независна варијабила. Таквото планирање

Четврто, овој пристап не признава конечни и праведни решенија. Секое решение по неговата примена предизвикува промени за еден подолг временски период.

Петто, кога проблемот се решава, не постои повеќе можност за друго подобро решение. Секое реализирано решение предизвикува одредени последици кои не може лесно да се надминат.

Шесто, секој проблем во основа е единствен. "Дел од проблемите содржани во решавањето на "меките" проблеми се наоѓаат во избегнувањето на прецизното одлучување за решенијата кои ќе бидат применети. Без разлика на сличностите никогаш не може да се биде сигурен дека специфичностите нема да надвладеат за некои проблеми".[6]

---

доминира во дизајнирање на градскиот простор што својата материјализација во зонирањето на градот (зонинг) на подрачја (зони) со различна намена. Меѓу зоните со различна намена (домување работа, индустрија, рекреација, трговија и слично), постои комуникација и во таа смисла планирањето се сведува на организација на комуникациите - сообраќај, со различна намена. Наспроти решавањето на секојдневните проблеми на жителите на градот таквото планирање е усмерено кон креирање и создавање на идеални заедници или како што се вели кај нас, нови населби планирани главно на основа на т.н. принцип "единици на соседство".
"Малите" градски проблеми во тој концепт на планирање немаат свое место. Наспроти тоа потребно е да се решаваат генералните, општи правци на развојот на градот. Во тој концепт, урбанизмот е естетска креација на просторот, а не социјално ангажирана активност за решавање на секојдневните проблеми на градскиот живот. Значи, се работи за своевидна архитектура на градот за "давање" на репрезентативен карактер на градот. (O.Čaldarević, Urbana sociologija, Globus, Zagreb.p.257.)

[6] Mimica Bajić-Brković, Dugoročno prostorno planiranje grada, postojeći koncept i mogućnosti njegovog daljeg razvoja, disetracija, Arh.Fak. Beograd.1986g, p.59 (необјавени)

Седмо, секој проблем може да биде разгледуван и како симптом на некој друг проблем, а изборот при неговото објаснување ја определува и природата на неговото решавање.

Спротивно од долгорочното генерално планирање, познато под поимот традиционално планирање, кое е целно и ориентирано кон готови решенија, планирањето како решавање на одреден проблем е краткорочно и ангажирано и се однесува на конкртените проблеми. Овој тип на планирање поаѓа од идејата дека во општеството постојат меѓусебно спротиставени интереси и конфликти и од тоа дека целта на планирањето е решавање на конфликтите во насока на создавање на позитивни промени во општеството, а како своја првенствена и основна задача го смета решавањето на проблемите на депривилегираните слоеви. Напуштањето на идејата за Генерален план (долгорочен и сеопфатен) значи дека планот повеќе не постои како финална состојба кон која се насочени сите активности за период од дваесетина години. Тоа се претвора во еден вид процесно, наспроти она што се нарекува целно планирање. Станува збор за еден вид планирање со тенденција да се надмине празнината која постои меѓу планот и неговата реализација. Причините за промена на овој тип планирање, според неговите застапници се содржани во специфичностите во развојот на градот. Имено, градот претставува сложена и динамичка целина, најчесто непредвидлива и тешко разбирлива. Кога се донесува Планот (како статичка состојба) и кога се донесуваат одлуки за неговата примена се смета дека промените ќе се одвиваат во посакувана насока , но градот се развива вон планот и прашање е дали воопшто може да се развива на начин како тоа е предвидено со него! Да се говори за тоа, што ќе се случи со градот по дваесет и повеќе години, е непотребно и нереално. Тоа што Планот "ја доловува" таа состојба ни малку не значи дека на таков начин развојот ќе биде и во таа насока. Во генералниот план градот, пред се, е претставен како физички ентитет и едноставен збир на

функции, а никогаш не се познава суштината на промените во целина. Промените се сведуваат само на промени во сферата на физичката структура, што не е доволно да се планира целината на развојот. Градот не е независен од промените кои се случуваат во глобалното општество. Тој е секогаш подложен на влијанија кои се надвор од видокругот на планерите.

Во традиционалното планирање, одлуките ги донесува еден затворен круг на "експерти" под изговор дека тие се најповикани и најстручни и сметаат дека нема да погрешат во изборот на решенијата, што претставува голем недостаток. Во суштина, како што и претходно констатиравме, политичките одлуки се наоѓаат во основа на секое размислување за развојот на градот. Затоа и секоја одлука во основа содржи политички пораки, за што и не мора да се свесни планерите - експерти.[7]

Во новите тенденции во урбаната теорија и практика, на планирањето не му пристапуваат исклучително како на струка. Тоа е повеќе начин на мислење и промислување на иднината на градот, не врз основа на генералниот сеопфатен план кој ја загубил врската со реалниот живот, туку, пред се, планирање како секојдневна анализа и потрага по конкретни, брзи и адекватни решенија. Она што го карактеризира традиционалното планирање е претераниот оптимизам дека решавањето на проблемите во просторно - физичката сфера со себе нужно ќе повлече и решавање на поблемите во социјалната сфера. Но, ако реално ги посматраме работите, реализацијата на планот не

---

[7] Принципите на зонирање на градот, како еден од најзначајните во традиционалното планирање на градот е проблематичен зошто се обидува да фиксира одреден начин на употреба на земјиштето за период од дваесетина години, во услови кога социјалната реалност брзо се менува. Скопје е класичен пример за тоа. Во зоните кои беа, на пример, предвидени за рекреација (зеленило, паркови) се изградија станбени населби, исто така и во индустриските зони се изградија десетина нови населби, што целосно го девалвираа планот од 1965 год.

ја следи никаков систем на општествени инструменти (во правото, економијата, политиката) кои би биле гаранција за неговата успешна реализација. Од една страна планот се наоѓа, како општа проекција на развојот на градот разбрана на еден апстрактен начин, а од друга страна-градот, кој се развивал по некои "свои" законитости, независно од желбите на планерите и често спротивно на нив.

### *Вишокот на вредности и урбанизмот*

Ако урбанизмот се разгледува критички, како што смета Дејвид Харвеј (D.Harvey), тогаш потребно е да се нагласи дека постои поврзаност меѓу урбанизмот како социјална форма и градот како изградена форма, од една страна и доминантниот начин на производство, од друга страна. За Харвеј, вишокот на вредноста и урбанизмот се наоѓаат во состојба на взаемна поврзаност. Во модерното општество урбанизмот најдобро може да се проучува како начин на дистрибуција на вишокот на вредноста. Во таа смисла се поставува и прашањето за посебната улога на градот. J.B.Baily ја разгледува улогата на планирањето во рамките на социјалните теории од кои планирањето се раководи. Планирањето е форма на социјална контрола раководена од аспект на идеја на општо добро што во основа има конзервативна улога.

Кога се разгледува улогата на државата во планирањето и управувањето на градот, интересно е гледиштето на Пиквенс (C.P.Pickvance). Тој смета дека државата, пред се, ги изразува интересите на владеачките класи, што говори во прилог на сфаќањето за урбаното планирање како нејзин инструмент, средство на социјални промени, туку пред се инструмент на доминација, а помалку инструмент за интеграција и регулација на спротивностите. Размислувањата на Херберт Ганс (Herbert Gans) исто така се значајни кога се анализираат состојбите и развојот на модерните градови.

Тој смета дека во сфаќањето на модерниот функционалистички урбанизам доминира тежнението да се создаде идеално урбано опкружвање и тоа со помош на неколку однапред дефинирани решенија кои најчесто се формирани на површен начин [8] и кои не се научно потврдени. Слични се и размислувањата на Џејн Џекоб (Jans Jacobs), особено кога говори за параноични конструкции во современиот урбанизам и за изворите на неговите концептуални определби, начинот на нивното формирање и што е најважно, резултатите од нивната примена во практиката.[9]

Посебен проблем на функционалниот урбанизам претставува судирот кој се јавува меѓу реалните процеси кои се случуваат во градот и апстрактните концептуални определби на планерите. Творците на модерниот урбанизам и архитектура сметаат дека општеството нужно ќе се развива кон се поголема хомогенизација и стандардизација. Но, таа во голема мера не се однесува на етничките и социјалните групи кои на различен начин го доживуваат урбаниот простор. Кога се градат новите населби, на пример, се прифаќаат принципите кои важат за секој град и секое место. Тие се универзални, но не секогаш прифатени од жителите на градот . Но, како што смета Џеникс, тоа е "грандиозно промашување на начинот на урбанистичкото мислење. Во концептот на функционалното планирање на градот човекот се третира како објект", создавајќи трауми и понижувајќи ги луѓето".

"Урбаното" за Мануел Кастел (Castells) се повеќе се меша со "урбаното планирање", колективната потрошувачка се наоѓа во центарот на вниманието на изградбата на градот. Основното прашање со кое треба да се занимава урбаната социологија е значењето на

[8] Herbart Gans,The Need for Planers Trained in Policy Formulation, Urban planning in Transition, 1970, p.239-245.

[9] Jans Jacobs, The Death and Life of Great American Cities, 1961, New York.

планирањето во развојот на градската заедница. Во суштина, главниот предмет на истражувањето на социологијата е урбаното планирање и со право таа може да се нарече социологија на планирањето, а не урбана социологија.[10] Анализата на процесот на урбаното планирање подразбира, анализа на трансформацијата на системот на градот во доменот на колективната потрошувачка и просторната организација на неговите активности во таа смисла потребно е уште да се дефинираат општествените содржини на урбаната "рационалнот". Под "урбан систем" Кастелс подразбира "специфична престрана артикулација на фундаменталните елементи на економскиот систем. Урбаниот систем е структура на односи меѓу процесот на производство и процесот на потрошувачка во одредена просторна целина која се остварува преку процесот на размена и процесот на управување со тие односи" Градот со неговите проблеми, се чини, дека има се поголема важност во конкретната примена и структурирање на моќта. Врската меѓу градот и моќта се развива во спротивна насока. "Политичката моќ, чиј концентриран израз е државата, се повеќе го обликува градот. Интервенцијата на државата во градот е директна или индиректна и е основен елемент во организацијата на јавните добра, од кои е формирана урбаната структура".[11] За Кастел, иако колективната потрошувачка останува споредна противречност, таа се повеќе се наметнува во општествената организација. Државата одлучно интервенира во производството, распределбата и управувањето со средствата за колективна потрошувачка и во нивната просторна организација претпоставува дека јакне улогата на државата имајќи ја предвид заедничката опрема и урбаниот систем воопшто, кои таа ги произведува. Противречностите кои се јавуваат во сферата на

[10] Manuel Castells, Za sociologisku teoriju urbanog planiranja,Revija za sociologiju,Zagreb,4/75,p.153.

[11] Manuel Kastells, Grad, klasa i moč, Revija za sociologiju, 1/2 1980, Zagreb, p.48.

колективната потрошувачка и судирите кои произлегуваат од организацијата на градот, повеќе или помалку се одразуваат врз карактерот на државната интервенција и политичките процеси. Во суштина, државната интервенција ги политизира и глобализира урбаните служби, непосредно поврзувајќи ги со материјалните услови на секојдневниот живот и класната содржина на државната политика. Односот на градот и моќта, според Кастел се наоѓаат во средиштето на најновата урбана проблематика, поради тоа што ако е моќта таа која го структурира градот, движењата кои се раѓаат од тоа, играат стратешка улога во преобразбата на таа моќ".

*Идеален план и катастрофална обнова - Скопје на преминот на вековите*

Основната цел на нашта анализа не е сеопфатна расправа за методите, целите и техниките на планирањето на Скопје во периодот по земјотресот. Она што не ограничува и да сакаме поопширно да расправаме за Скопје од социолошки аспект е отсуството на сознанија, информации и анализи од било кој аспект. Градот е сосема надвор од било какви научни и стручни согледувања и е надвор од интересирањата на стручњаците. Основната цел која овде е поставена е да допреме до причините кои доведоа до формирање на населбите од типот на Топаана, а кои се содржани во начинот на планирањето и неговата конкретна реализација.

Анализата на процесот на планирањето и реализацијата на планот би требало да ја покаже стратегијата на изградба на градот каде третина од населението на градот и по триесетина години интензивна изградба и обнова живее во сламизирани населби или населби кои за кратко време во тоа ќе се претворат. За да допреме до суштината на проблемите кои произлегуваат од неадекватниот пристап во планирањето, ќе мора подлабоко

да навлеземе во основните карактеристики и на урбанистичкиот план од 1965 год. и измените и дополнувањата на Осивниот урбанистички план од 1985 год.[12] Првото прашање кое нужно се поставува, кога ги доведуваме во непосредна врска сламот и планот повеќе се однесува на улогата на планот, не само во понатамошаната егзистенција на сламовите, туку и нивно проширување. Прашањето: дали Планот бил само параван "зад кој моќните групи и поединци ги реализирале сопствените парцијални интереси" и денес заслужува целосно внимание. Одговорот на овие и на нив слични прашања, можеби малку ќе го допреме откако ќе ја изложиме суштината на реализацијата на планот од 1965 год, каде се говори за станбената изградба. Малку е чудно и неразбирливо, на кој начин и врз кои основи на солидни истражувања во подготовките на планот и "перфектни" урбанистички решенија и насоки можеа да произлезат состојби кои денес во сферата на станбената изградба и домувањето слободно можеме да ги наречеме катастрофални во секој поглед: социо-економски, скоро целосно замрена станбена изградба и отсуство на иницијативи за нејзино заживување; социолошки, висок степен на поделеност на населението во просторот врз етничка и социјална основа: функционално,

---

[12] "Една од најкарактеристичните црти на модерното урбанизирање е проширувањето и зголемувањето на делокругот на активноста вклучувајќи многу други дисциплини во методот на урбанизирањето. Социјалните студии заземаат едно од највпечатливите места меѓу тие нови урбанистички методи. .....Скопскиот пример на соработка на социолози и урбанисти може да стане почетна точка за добивање искуство од меѓународни размери и за изработување принципи што ќе ги одразуваат делокрузите, методите и техниките на студиите, опис на анализите и заклучоците на социјалните студии донесени за потребите за урбанизацијата" . Основен урбанистички план, книга 15, стр. 14-15.

тешкотии во исполнувањето на основните функции и целосна дисхармонија и анархија во просторот.[13]

[13] Анализирајќи ги карактеристиките на урбаниот развој при реализацијата на урбанистичкиот план на градот Скопје, еден од креаторите на градската политика, го напишал следното: "Анализирајќи ги во целина придонесите и пропустите што резултираат од обемните научни, урбанистички, архитектонски и други стручни прилози содржани во вкупната планска и документациска основа, реализирани со програмата за обнова и изградба на Скопје, на крај можеме да ги нагласиме следните поважни и карактеристични парадигми;
1.Позитивни парадигми. Парадигма прва: еколошко-урбани компоненти; во докумнетациските основи на урбанистичкиот план на град Скопје (прифатени од УН,УНДП и др. специјални агенции, како позитивен променлив метод и пример за вграден однос кон природната средина и сеизмички хазард и препорачани за примена во сеизмички подрачја). Парадигма втора: Урбан-модел; за успешно спроведено урбано зонирање на урбаните системи прилагодено на подлогите за сеизмичко реонирање и микрореонирање на поширокитe и потесните градски подрачја и центарот на Скопје. Парадигма трета: заштита на населението; комплексна изградба на објекти со карактеристики прифатливи за сеизмички вулнерабилното подрачје на град Скопје. Парадигма четврта: водоснабдување и заштита од поплави; изградба на паралелен водоснабдителен колектор ("Рашче"); изградба на регулирано корито на реката Вардар. Парадигма петта: сообраќај и други инфраструктурни системи; прифатливи решенија на инфраструктурните системи во високо активното земјотресно подрачје (сообраќај, железница, гасовод, електрика, зелени површини). Парадигма шеста: решенија за заштита на градителското наследтство; урбан план и реализацијата на Старата скопска чаршија, афирмирани во агенциите на ОН и многу универзитети.
2.Негативни парадигми; Пардигма прва: напуштање на стратешки насочени насоки за развој; во измена на етапи на градба (одложен Скопје-север), наместо реконструкција на Стариот град изградба на нов град на слободни површини. Последици: постојана девастација на просторот. Парадигма втора: неконтролиран пораст на население; последици: бројни штети по развојот.

Големите градови, меѓу кои се наоѓа и Скопје, претставуваат сложени организми, во кои се испреплетуваат многу елементи, делуваат многу сили и се создаваат најразлични односи меѓу луѓето. За да се насочува развојот во саканата насока, градот се планира со цел да се воспостави рационален однос меѓу разните делови и да се овозможи непречено функционирање. Основната цел на нашата анализа не е целосна расправа за планирањето на Скопје, ни за проблемите со кои се соочува на тој план. Основната идеја на нашата анализа се содржи во две прашања: дали во Основниот урбанистички план, изработен по земјотресот, како и вториот, изработен дваесетина години потоа, урбанистичкото планирање, какво што се практикува денес и соодвествува на развојот на градот, не може да биде успешно реализирано. Нашата анализа поаѓа од ставот дека целта на изградбата и планирањето на градот е да овозможи, пред се, хуманизација на човековата животна средина и задоволување на човековите потреби и да ја спречи секоја деградација на просторот и ги укине сите привилегии кои се јавуваат во зависност од местото на живеење.

Прво, анализата на планот од 1964 год. и измените и дополнувањата на Основниот урбанистички план од 1985 год. покажува дека планот како основен документ на

---

Парадигма трета: укинување на правната иcлкучивост на планот; последици: неконтролирана реализација и самоволна појава на дивата градба. Парадигма четврта: нарушени еколошки услови; неконтролиран пораст на загадувачки технологии; недоследна изградба на сообраќајни и други инфраструктурни коридори, последици: големи нарушувања во загадувањето на воздухот, водата и почвата.“ (Списание за култура на просторот 4, 1993, Скопје стр.31.)
“Позитивните парадигми“ се всушност желбите на планерите,а “негативните“ се однесуваат на законитостите на реалниот општествен развој. Прашањето за “субјективните фактори“ во изградбата на градот ќе остане за секогаш прашање без одговор!

развојот на градот не поседува доволно јасна визија за просторно социјалната организација и второ, причините за нереализацијата на основните поставки на планот од 1965 год. главно се содржани во целината на изградбата на градот: од дисконтинуитетот на планирањето, примена на неадекватна земјишна политика и неизработување на план за приградската зона, до запоставување на информационата основа како еден од најважните услови за квалитетно планирање и следење на појавите во просторот. [14] Планот од 1964 год. за прв пат по Втората светска војна во нашата земја, еден од катастрофа разорен град, се обиде целосно да го дефинира неговиот развој за период од дваесетина години. За првпат во изработката на Планот беа повикани социолозите да го дадат својот прилог кон дефинирање на основните правци на изградбата на градот, за што беа реализирани обемни истражувања.[15]

Целта на Планот беше, новиот град кој требаше да израсне од урнатините, да биде во согласност со принципите и вредностите на едно хумано општество, а тоа претпоставуваше надминување на присутните противречности кои длабоко беа вкоренети во сложената структура на градот и кои произлегуваа од економските, социјалните и демографските фактори како и историското наследство од неговиот развој кои беа или наследени или се формираа во најновиот развој во последните неколку децении. Утописката инспирација за новиот град произлезе непосредно од објективната стварност за која крајната цел

---

[14] "Кумулативен израз на отстапувањето на несоодветната застапеност на основните функции, нерационално ангажирање на просторот и непроменетоста на одредени простори со неопходни урбани функции, од една и нивната концитрација во одделни зони на градот и во централното подрачје, од друга страна". Просторен план на град Скопје, состојби и тенденции, Кн.1текст, Завод за урбанизам и архитектура "Скопје" Скопје, 1981 г. стр.196.

[15] Резултатите од истражувањето беа презентирани во "Извештајот од социјалниот преглед, кој беше подготвен за ОН како извршна агенција. Кн. 7, 1965 год.

беше создавање на "хармонија меѓу општеството и просторот".[16]

Можеби една од основните тешкотии за реализација на Планот за кој сеуште нема доволно сознанија, како кај планерите така и кај општинските органи на власта на управувањето со градот, е тоа што се смета дека Планот ќе може да се реализира надвор од општиот развој, како на пример, за масовно доселување на неквалификувана работна сила и брзо ширење кон слободните простори во регионот. Долго време, сѐ до почетокот на осумдесетите години, не постоеја никави расправи за Планот, ниту за неговата реализација, едноставно корекцијата на Планот се вршеше во институциите и без учество на пошироката јавност. Градот со тоа доживеа "втор земјотрес", еден вид перманентна девалвација на сѐ она што плански се градеше. Не само што не се воспостави ја "хармонични односи меѓу општеството и просторот", туку започна процес на целосно разградување на она што во историјата со векови се создавало. Градот за кратко време го загуби сопствениот идентитет. Во периодот по земјотресот, во отсуство на механизми на следење на реализацијата на Планот, индивидуалната "иницијатива" на населението, интересите на поедини групи, организации и институции беа доведени во ситуација во која, секој сопствениот интерес го спротивставуваше на општиот, што резултираше во целосна анархичност. Остварувањето на поединечните цели, на сметка на општите, во просторот доведе до целосна блокада на понатамошниот развој на градот. Скопје ја доживеа судбината на градовите на земјите од третиот свет.

Социолошките препораки за идната организација на градот главно беа насочени кон укинување на историската поделба на градот на "лева" и "десна" страна на реката

[16] Резултатите на "социјалниот преглед од 1965 год. укажуваа на постоење на цврсти соседни врски и потреби за развој на месното самоуправување". Извештај од соцојалниот преглед, цит.дело, стр.89.

Вардар, со рамномерна изградба на целата територија, со предност на обнова на запуштените делови, односно, освојување на нови површини за изградба, но тоа да биде само под претпоставка кога ќе се исцрпат можностите за изградба во границите на постојанта градежна граница, онаа која со планот од 1965 год. беше предвидена.[17]

### *Станбеното прашање и социјалната сегрегација*

Истражувањето на состојбите во сферата на домувањето, станбената изградба, социјалната и етничката сегрегација, направени веднаш по земотресот покажаа дека во Скопје е присутна една сложена ситуација која не е резултат само на последиците од земјотресот, туку состојба која во себе содржи "наследство" што произлегува длабоко од историјата и културата на градот.[18] Кога говориме за домувањето сфатено во една поширока смисла и како квалитет на станот и населбата и како начин на живеење, ситуацијата по земјотресот упатува на фактот дека голем дел од станбениот фонд кој делумно беше оштетен во земјотресот, ќе мора да биде заменет и обновен за краток

[17] "Социјалниот преглед одреди две површини на градот, поделени со реката Вардар, со основни различни карактеристики во однос на економскиот, социјалниот и културниот развиток: десниот брег "А" со значително повисок стандард и левиот брег "Б" со значително понизок стандард и главно населен со Турци, Шиптари и Цигани. Општествената политика на СРМ е ориентирана кон укинување на општествено - политичките разлики, но во исто време кон задоволување на специфичните културни карактеристики". Основен урбанистички , Кн. 15, стр. 59.

[18] Она што овде мора да се потенцира и што говори нешто мошне значајно, не е само отсуство на сериозни научни и стручни анализи, туку целосно отсуство на интерес од страна на институциите на градот, планерите и социолозите за проблемите на Скопје!

временски приод поради лошиот квалитет на градба и условите кои ги пружа за нормален живот. Практично, стариот дел од градот требаше да биде урнат и на негово место да се изградат нови станбени единици од современ тип.

Анализата на состојбите во сферата на домувањето укажа на неколку контрадикторни појави и односи, кои за жал не беа сериозно сфатени од главните актери на урбаната политика, власта и планерите. Градската власт не ги сфати сериозно препораките на планот од 1965 год. дека прва и неодложна задача која треба да се реализира е започнување на санација и реконструкција на запуштените делови од централното подрачје, особено оние кои се наоѓаат од левата страна на реката Вардар. Планерите поттиканти од социолошките сознанија за суштината и значењето на етничката сегрегација, активноста на идниот развој на градот ја лоцира во насока кон целосна реконструкција на етничките енклави. Спротивно на тие препораки практичната реализација во целиот период по земјотресот се движеше во спротивна насока, наместо да се намалуваа разликите во сферата на домувањето меѓу социјалните и етничките групи, тие се зголемуваа на штета на деприви легираните слоеви. Наместо проблемот на отстранување на субстандардот да добие специјално значење, имајќи го предвид фактот дека некои групи од населението кои живеат во субстандардни услови нема лесно да го променат местото на живење, се дозволи и натаму неконтролирана изградба во тие делови. Се случи и сеуште трае еден процес на интензивно етничко групирање во одделни делови кои прераснуваат во гета, со сеуште несогледливи последици за иднината на градот.




*Национален состав на населението во локалитети со низок степен на урбанитет*

Градската власт никогаш сериозно не го зеде предвид сознанието дека некои од етничките групи не сакаат да го напуштат местото на живеење и да отидат на друг дел од градот и под претпоставка да им се подобрат станбените услови. Наместо тоа, таа прави сѐ, тие "удобно" да се чувствуваат оставајќи ги самите да прават "се што ќе посакаат". Албанското и ромското население, се констатира во анализата од социјалните истражувања наменети за подготовките на планот од 1965 год, повеќе го ценат сопствениот стан, не поради квалитетот, туку поради други нестанбени причини!

Политиката на изградба на градот беше насочена кон освојување на нови простори оставајќи ги централните делови, особено оние каде што беа сконцентрирани споменатите национални групи, целосно да пропаѓаат.

Денес, по триесетина години "интензивна обнова" во изградбата на градот се формирани повеќе етнички енклави во кои, ни минимум не се задоволени основните хигиенски услови и стандарди на живеење својствени за една градска населба. Стратегијата на "идеалниот план" доживеа целосен неуспех во нејзината практична реализација. Во суштина, урбанистичкиот план само квантитативно ги наслика желбите на планерите, нивната оптимистики нескриена намера да изградат убав, модерен град по примерот на европските градови.

Ако денес, по три децении интензивен развој на градот, се обидеме да ги сумираме резултатите од практичната реализација на планот од 1965 год, ќе забележиме дека се реализирани само фрагменти. За Скопје може дури да се констатира дека тој е "очигледен факт на исполнување на моќта" во урбаниот простор или кажано уште посликовито, градот се појавува "како груба слика на владеачките групи" на кои Планот им послужи за покривање, не само на нивните скриени егоистички интереси, туку и на нивната неспособност да се соочат со предизвиците на времето, еден град кој се најде во урнатини да го изградат во духот на модерното време, за што постоеја сите услови. Уште долго време истражувачите на Скопје ќе си го поставуваат прашањето за тоа дали сепак можеше нешто да се направи за да се избегнат големите пропусти кои уште десетици години негативно ќе влијаат врз идниот развој?

### *Нов план - стари заблуди*

Анализата на состојбите во сферата на станбената политика, која е непосредно поврзана со сотојбите на запуштените населби, ја покажува слабоста на планирањето. Во нашиот случај се чини дека не станува збор за промашување на целите, што може да се каже за секој план кој ги определува стратешките цели за еден долгорочен период и на сеопфатен начин. Во суштина, кога

говориме за реализацијата на стратешките цели на урбанистичкиот план, тогаш неминовно се наметнува улогата на градската власт како одлучувачки фактор во реализацијата на Планот. Имено, Планот ги постави владеачките групи во објективна ситуација да го реализираат она за што беа заинтересирани и во краен случај што ги исполнуваше нивните интереси. Реконструкцијата и елиминирањето на субстандардот секогаш беа одложувани во интерес на "повисоките" цели на Планот, кои беа содржани во реализација на "монументалната" страна на градот, во подигање на новите населби за средната класа, во освојување на слободните простори, далеку од старите и запуштени квартови во централното подрачје.

Нашата анализа главно се движи на релација план - реализација и во тие рамки би било интересно да презентираме дел од измените и дополнувањата на Основниот урбанистички план од 1985 год. (скоро десет години како се донесени). Тоа ќе ја дополни претставата за каков тип на планирање станува збор.[19] Во нашата анализа се осврнуваме само на делот од измените и дополнувањата кој се однесува на станбената изградба што е понепосреден

[19] "Во периодот од 1981 - 2000 година, најголем процент на колективно домување треба да се изгради на површини добиени со замена на субстандардните, дотраени станови. Според анализата треба да се реконструираат вкупно околу 16.000 станови во кои живеат 17.800 домаќинства, односно 76.034 жители. Со реконструкцијата на субстандардот се добива површина од 417,02 ха. На 67% од оваа површина (278,50 ха) треба да се изгради колективно домување, а другите 33% од површините се пренаменуваат за функции од општо - градски карактер. На реконструираните површини треба да се изградат 20.610 станови со кои ќе живеат 77.304 жители...." и во тој стил еден вид урбана утопија која нема реални можности да се оствари. Реконструкцијата е сфатена како целосно расчистување на еден град со средна големина".( Основен план на град Скопје - измени и дополнувања, Кн. 7, 1985 год. стр.      )

предмет на нашето истражување, а се однесува индиректно на реконструкцијата на населбите со низок степен на урбанитет. Дали и во измените и дополнувањата на планот од 1965 год. се направени истите грешки или навистина најпосле, за времето кое го определил Планот (останувааат уште десетина години) во Скопје ќе бидат елиминирани субстандардните станови и населби? Ако за изработка на планот од 1965 год. беа ангажирани стручњаци кои успешно расветлија дел од феномените во социјална сфера како што се поделеноста на градот, социјалната и етничка сегрегација, стилот на живот на етничките групи и слично, за подготовките за новиот план може да се рече дека ни најмалку не ги зафатија наведените феномени. Едноставно, оние кои го подготвуваа планот не сметаа дека за Скопје тие прашања заслужуваат внимание, не само од социолозите, туку и од други стручњаци.

Социјалната сфера остана надвор од интересот на планерите што доволно говори за нивната ограниченост и професионален однос. Планерската активност се сведе на "цртачка вештина", без потребни анализи, историски студии. Со планот од 1965 год. се предвиде укинување на историската поделба на градот која беше означена како зона "А" и зона "Б". Десната страна на реката Вардар (или зона "А") со значително повисок станбен стандард и левата страна (зона "Б") со понизок стандард на живеење. До крајот на седумдесетите години беше предвидено да се расчисти субстандардот во северниот дел од градот. Потоа, уште еднаш да го наведеме она што за социолошките истражувања од шеесетите години е интересно да се истакне, а кое не го свтре вниманието на градските власти и планерите и што е уште поважно не предизвика соодветни активности е сознанието, како што се вели во истражувачкиот извештај, дека некои групи како "Турци, Шиптари и Цигани, што живеат во северниот дел од градот му даваат многу поголема важност на местото на нивното пребивалиште, отколку на техничкиот стандард и опременост на становите. Поради ваквиот однос може да се

очекува, како што се заклучува во анализата на емпириските истражувања, дека ова население нема да сака да ги напушти своите куќи кога ќе почне програмата за расчистување и тие не ќе сакаат финансиски да учествуваат во новата станбена изградба, особено што тие спаѓаат во групата жители со најниски приходи и под влијание на традициите".



*Скопје е фрагментарен град со нус производи на визијата и руинирани остатоци од минатото*

Ова го потенцираме од причини што во дополнувањата на новиот урбанистички план во почетокот на осумдесетите години, не пронајдовме ниедна реченица која укажува на поделбата на градот на "лева" и "десна" страна и за население кое живее во субстандардни услови. Едноставно, се добива впечаток како да исчезнала поделбата.

Измените и дополнувањата на урбанистичкиот план донесени пред десетина години, не се ништо друго освен набележување на проблемите со кои се соочиле креаторите на планот и обилна презентација на желби за тоа, како треба да изгледа градот во иднина! Во оваа прилика ќе се обидеме сосема накратко да презентираме дел од тоа како се дефинирани проблемите, а потоа сосема накратко да укажеме на претпоставките и целите на идната просторна организација замислена како корекција на планот од 1965 год.[20] Основната цел на нашата анализа е да го илустрираме сознанието кое е присутно во поновите истражувања дека сфаќањето на градот како "статички објект" и состојба која е непроменлива, за резултат секогаш го има расчекорот меѓу планот и реалноста, односно неможноста да се реализира планот. Изминатите десетина години од донесувањето на измените и дополнувањата на Основниот урбанистички план се доволен период за потврда на тоа.[21]

---

[20] За причините за отстапување на планот од 1965 год. е забележано следното: "Констатирани се отстапувања од постојниот урбанистички план, во прв ред, поради непочитување и непостоење на континуирана, просторно - планска дејност". Ништо повеќе!

[21] Последните неколку години, практично започна еден "прагматичен стадиум", каде не се распознава она што е од стратешки интерес за развојот на градот во иднина и дневните потреби на оние кои се на власт. Ако до пред неколку години си го поставувавме прашањето за тоа, "дали е можен "социјалистички град" кој се разликува од градот во капитализмот", денес, не само што ја загуби "вредносната димензија", што не е голема штета,

## *Неутрализирани вредности - криза на градот*

Енормниот пораст на населението на Скопје, како што се констатира во една анализа направена во функција на подготовките на новиот план, ги неутрализира претпоставките на релативно високата стапка на пораст забележана во стопнаството, наметнувајќи состојби на екстензивно вработување. Скопје демографски расте побрзо од "сопствените економски можности за задоволување на нараснатите урбани проблеми". Кога сериозно ќе се проанализира претходната формулација, излегува дека се би било во ред, ако порастот на населението би бил побавен, ако во градот се доселуваат само работници со повисока квалификација, ако градот расте со стапка која ја предвидел планот, ако ......Прашање е, дали во оваа насока има смисла да се движи нашето размислување? Зошто не се поставуваат прашања од типот: зошто доаѓа до пораст на населението, потоа, зошто е невозможно да се спречи бесправната станбена изградба, односно прашањата кои ја потенцираат релацијата град -

---

туку едноставно не враќа на некои одамна надминати позиции во урбанизмот. До што ќе доведе профитна економија, ако просторот нависитна добие третман како и секоја друга стока на пазарот, без вклучување на многу други димензии што произлегуваат од законите на пазарната економија? За жал, денес отсуствува секаква желба да се дискутира за овие проблеми. Едноставно, се верува дека пазарната економија ќе има благотворно дејство врз организацијата на урбаниот простор. Но, економската ефикасност и како резулатат на просторната организација на елементите во градот не мора да значи и чекор напред во хуманизацијата на животниот простор. Тоа е присутно во многу земји каде профитната економија е одамна присутна. (Илија Ацески, Списание за култура на просторот 4, Скопје, 1993г. стр.36, 37)

глобално општество, каде кризата на градот е само дел од глобалната криза во која западнало општеството.[22] Планот ја дефинирал позицијата на градот како “статички ентитет“, “свет за себе“, независно од појавите во глобалното општество како во “просторно - социјален вакуум“. Се чини дека сосема е јасно со кои проблеми се соочува изградбата на градот, но, исто така, што е сосема погрешно, дека тоа подразбира и кои се решенијата за нивното надминување. Ако направиме еден краток пресек на проблемите со кои се соочува Скопје, тогаш неизбежно ќе се задржи на следното:




[22] “Веушност, урбаната криза е посебен облик на општата криза која се наоѓа во врска со противречностите меѓу производните сили и производните односи кои во основа се на еколошките прашања“. Castells, Urbana kriza.... cit.delo, p.56.

Прво, во економијата и покрај тоа што Скопје е главен стопански центар (висок процент на концентрација на производствени капацитети), тој сеуште не претставува жариште на развојот на државата. Присутен е висок процент на невработеност, а последните неколку години со распаѓањето на големите производствени системи и скоро целосен колапс на економијата. Ако од тој аспект го посматраме Планот, тој практично нема никаква вредност, но сеуште и неговите одредби имаат сила на закони! Би било несериозно денес да се земаат за релевантни некои препораки кои произлегле од измените и дополнувањата на планот од осумдесетите години, а кои се однесуваат за период од дваесетина години. Измените и дополнувањата се правени по системот на аналогија, со поголеми градови кај кои се присутни слични проблеми! Дали поради тоа истражувањат беа сосема запоставени или беа третирани сосема несериозно, е прашање кое заслужува внимание. Останува сознанието дека со ниедно истражување не ќе се предвидеа промените!

Второ, еден од најнегативните резултати на планот "зонирањето" на основните градски функции (домување, работа, рекреација, културни потреби) е присутен во развојот на населбите и разместеноста на работната сила. Воопшто не е постигната оптималност во разместувањето на работните места, во однос на местото на живеење, нити е овозможена примена на "широк спектар на начинот на домување и изборот на местото на домување и местото на работа". Интересно е да се забележи и тоа што освен неколку општи напомени во дополнувањата и измените на планот, не е кажано скоро ништо за реконструкцијата на запуштените квартови.

Анализите за односот на бројот на населението и домаќинствата и структурата на населението, средствата за станбена изградба претставени во просечни големини, практично не говорат ништо за град каков што е Скопје, каде се присутни огромни разлики во квалитетот на домувањето во однос на социјалната припадност, местото

на живеење и слично.[23] На фактичката ситуација "дека не се искористени сите можности за подобрување на условите за становање, што се постигнува низ хумана просторна организација на зоните на становање....", во делот за целите на идната организација на градот и регионот за становањето, се предлагаат следните мерки за решавање на проблемите. За максимално намалување на станбениот дефицит (по десет години од реализацијата на планот доаѓа до негово нагло зголемување!), да се воспостави радикален однос меѓу индивидуалното и колективното становање (градската политика е сосема спротивно насочена - и овозможи индивидуална надградба и доградба на монтажните градби). Потоа, да се изврши ревизија на просторот за становање за идните генерации (последните десетина години присутен е целосно нерационален однос спрема слободните простори во централното подрачје), воведување на изборност (!) на местото за домување (веќе подолго време, а последната деценија поинтензивно се врши разместување на населението врз социјална, а особено етничка припадност). Во Планот се препорачува освојување на нови подрачја и простори за проширување и растоварување на градот за потребите на станбената изградба, што е сосема во ред, но притоа заборавјќи дека такви подрачја скоро три децении бесправно се градат и не само што центарот во тој поглед е растоварен, туку, едноставно и заборавен за планска станбена изградба и е препуштен на дива изградба! Во делот каде што се говори за основните концептуални поставки на идната организација на градот и регионот, се препорачува рационална организација на просторот, односно измена на односот на колективното и индивидуалното домување. Десетина

[23] Анкетните истражувања кои беа реализирани од страна на Институтот за социолошки и политичко - правни истражувања, не беа публикувани. За планерите се чини дека не беа од голема корист, ни очигледните појави, како масовната бесправна градба на терени за друга намена, ниту пак концентрацијата на одделни етнички групи во центарот на градот.

години градската политика, не само што не прави ништо на тој план, туку едноставно ја стимулира индивидуалната бесправна изградба!

Во препораките за идната “организација на функцијата домување“ освен обемната квантитативна анализа од типот “колку станови до 2000-та година, колку од нив двособни или трисобни или колку и во кој период ќе бидат изградени (на пример во периодот 1990 -95 год. ќе бидат изградени 3970 станови, а за дваесет години 18.850 и слично во таа насока, една проста математика на броење и мерење која ништо не кажува), никого не обврзува. Сосема е непотребно да ги докажуваме нереалните очекувања на планерите, кои покажале целосна несериозност во својата професија. Тоа во голема мера произлегува и од системот на планирање кој е присутен и од кој не би требало да се очекува дека може “разумно да се планира“.

Но, она што мора да биде предмет на сериозна критика и покрај тоа што сепак постојат некои објективни сознанија за недоследностите на урбаната политика во изминатите години (пред да се донесат измените и дополнувањата на Основниот урбанистички план), сепак во практиката развојот на градот и натаму се одвива по некои свои “внатрешни“, од никого неконтролирани законитости кои, воопшто, не само што не коренспондираат со планските “рационални“ решенија, туку се сосема спротивни и на здравиот разум. Во голема мера тој заклучок не се однесува само за домување, туку и за другите подрачја, каде што се стопанството, земјишната политика, терцијалниот сектор, заштита на животната средина и слично.



*Утопија на наивните - макета за центарот на Скопје 1965*

За нашата анализа е интересна препораката за идната организација на градскиот простор (се мисли на дополнувањата и измените на основниот урбанистички план), во однос на сфаќањето дека "ширењето на градот треба да биде внатре во урбаното ткиво и тоа преку реконструкција, ревитализација и рехабилитација како и преку експанзија на веќе формираните приградски населби, како што се основните групации на запад (Сарај, Љубин, Кондово...)"

Скоро десет години откако е во сила оваа препорака, реконструкцијата се одвива сосема незабележано и инцидентно, само во случај за потребите на некој моќен инвеститор за да му се обезбеди атрактивна локација во потесното подрачје на градот. Проширувањето на градот во приградската зона сеуште се врши надвор од било какви урбанистички законитости. Субјектите на градската политика и натаму се занимаваат со цртање на "активностите на хартија", надвор од било какви посериозни истражувања. Имено и фактот што најпосле, во измените и дополнувањата, "дивите градби" влегоа во рамките на планските активности, за планерите тоа беше доволен знак да го земат лењирот, за да внесат "ред" во овие делови, а градската политика се здоби со можност да си ги наплати комуналните придонеси од граѓаните кои пред повеќе години изградија сопствени куќи.

### *Можен ли е систематски пристап во планирање на градот - скопскиот случај*[24]

Во почетокот на осумдесетите години, беше сосема јасно дека во Скопје не само што нема да биде реализирана визијата на познатите планери и светски архитекти, туку стихијниот развој на градот го доведе во прашање нормалното задоволување на потребите на мнозинството. Повеќе не станува збор за тоа дали планот се остварува или не, туку што е тоа што доведе животот за најголем дел од скопјани да биде оптоварен со многу проблеми. Основниот заклучок, кога се имаат предвид планските решенија за измените и дополнувањата, е што тие само ја комплицираат немоќта и капитулацијата на актерите на урбаната

[24] Најдоследна примена на системскиот пристап во планирањето на градот, на примерот на Скопје, присутна е во книгата на Благоја Колев "Системски приступ просторне организације града". Во суштина студијата објаснува дел од измените и дополнувањата на Основниот урбанистички план.

политика. Регистрирани сѐ над стотина активности кои треба да бидат покренати, потоа исто толку желби на над десетина институции со повеќе десетина учесници - подготвувачи на планот. По десет години можеме да констатираме дека многу препораки од планот воопшто не се земени предвид (два пати повеќе од она што требаше да се реализира со планот од 1965 год!). Прашањето кое си го поставуваме , а кое произлегува од пристапот во подготовките на планот и неговата реализација може да гласи и на следниот начин: постои начин кој ако не може суштински да влијае врз токовите на изградбата на градот, барем ќе поттикне дискусии за иднината на градот, ако систематскиот пристап се покажал целосно стерилен и со него практично ништо не може да се направи?[25]

Прво, градот Скопје со право тоа може да се каже, сѐ повеќе наликува на градовите на Латинска Америка, со таа разлика што во него е присутен висок степен на етничка сегрегација. Ако нешто најопшто може да се препорача за идната стратегија на развојот на градот е, како да се намали етничката сегрегација, односно како на микро план, на ниво на населба, да се создаде хетерогена урбана средина, односно, како да се надмине поделеноста на градот на "лева" и "десна" страна од реката Вардар? Изборот на

[25] По повод триесет годишнината од земјотресот, во организација на Сојузот на архитектите на Македонија, се одржа трибина "Скопје 63-93". На трибината со свои прилози учествуваа скоро сите оние кои во текот на изминатите три децении учествувале во планирањето, управувањето и изградбата на Скопје и професори на Универзитетот "Свети Ќирил и Методиј". Од излагањата се добива впечаток дека говорат за Скопје како да е изнуден, изнасилен. Се говори за "позитивни и негативни парадигми", за интеркосмички градби, за genuis luci, за "оптимални просторни услови", за "самопочит и увереност во сопствените креативни и интелектуални потенцијали", за Скопје како "фрагментарен град на една бироктатска утопија", за "заштитата на природните реткости". Говорот за Скопје е како говор за град кој постоел во минатото, но кој нема своја препознатлива историја.

местото на живеење во рамките на градот би требало и понатаму да стане право на секој човек, без разлика на неговата национална или верска припадност.

Високиот степен на концентрација на некои етнички групи само во некои делови говори дека во градот, (во голема мера, неекономските фактори се најзначајни за мобилноста на населението), тоа е доволен знак, постои висок степен на етничка нетрпеливост што на еден микро план, на ниво на градот (или населба во негови рамки) го нарушува заедничкото живеење. Ако и натаму продолжи концентрацијата на албанското население во само неколку делови - населби или реони на градот (кај Ромите тој процес е завршен), за кратко време градот целосно ќе биде етнички поделен. Какви последици од тоа ќе произлезат, не е тешко да се претпостави ако се има предвид искуството од историјата на сите градови кои биле строго етнички поделени.[26]

Второ, во периодот по земјотресот, целосно изостана реконструкцијата на запуштените делови, особено оние кои се наоѓаат во централното подрачје, а се лоцирани на левата страна на реката Вардар. Реконструкцијата на запуштените делови, претежно населени со албанско и ромско население, треба да биде главната стратешка операција во иднина, која градот на почетокот на третиот милениум треба да го ослободи од дел од наследството од историјата, на начин кој подразбира, пред се, модернизација на условите за живот.

Трето, урбанизацијата на периферните делови исто така претставува една од главните стратешки задачи. Периферијата на Скопје се формира како резултат на

[26] "Често просторната сегрегација на етничките групи е дело на власта, која за да би можела успешно да ја зацврсти својата моќ, настојува да ги избегне етничките судири меѓу своите припадници и потчинетата група, кантонирајќи ги во посебни квартови, често заградени со зидови како во Пекинг, Каиро или Алеп". A.Marinovič-Uzelac, cit.delo, p.50

хаотична бесправна изградба каде главно пониските работнички слоеви градеа "кров над глава".[27]

Околу 1/3 од станбениот фонд во Скопје е изграден бесправно, а најголемиот дел се наоѓа на периферијата на градот. Во измените и дополнувањата на урбанистичкиот план нема ни збор за тоа што со овие населби, каква е нивната судбина, дали е можно подобрување на условите за живот и слично. Наместо тоа планерите ги одгатнуваат станбените потреби за идните генерации без минимум сериозни истражувања.[28]

Четврто, кога ќе ги прочитаме препораките и целите за идната организација на градот, не е тешко да се забележи дека тие се површни и слободно можеме да ги препорачаме за секој град кој е зафатен со процесот на т.н. патолошка урбанизација.

Од препораките за идната организација на просторот, не е јасно што е приоритетно, а што не во идниот развој на градот. Потоа, воопшто не се говори за тоа како Планот може да се реализира низ систем на општествени инструменти кои би биле гаранција за негова успешна реализација. Во услови кога нема "општествени инструменти" за успешна реализација на Планот

---

27 Сегрегацијата како и формирањето на сиромашни периферски простори, што ја овозможуваат репродукцијата на односите во производството, односно класните односи, токму таа иста сегрегација создава една теоретска и практична негација на урбаноста, но таа тоа го открива како таква. Пустинскиот и осамен карактер на урбаните периферии ја разнесува ситуацијата; она што го открива за да се каже, треба да се прочита". Henri Lefebvre, Le droit de la ville, espace et politigue, Edition Antropos, 1968, p.208.

28 "Периферниот урбанитет" е претежно спонтано формиран како резултат на судирот меѓу пролетеризираното селанство кое се досели во градот и владеачките градски класи концентрирани во отуѓените центри на моќта кои ја приграбија целокупната власт во свои раце". Илија Ацески, Приградските населби на подрачјето на Скопје, докторска дисертација, одбранета на Филозофски факултет, 1989 г. Скопје, (необјавена).

“нормално“ е проблемите парцијално да се решаваат, што најчесто е во прилог на задоволување на интересите на моќните групи, што не само спротивно на Планот, туку најчесто е и далеку од здравиот разум.

Петто, за планирањето на Скопје може да се рече дека е кабинетско, формално и надвор од реалноста. Основната димензија на планот е оптимизмот дека проблемите ќе се решат, а тоа што не е случај, не е работа на Планот кој секогаш има или е раководен од добрите намери на планерите![29]

Во суштина, Урбанистичкиот план на Скопје (со измените и дополнувањата) е типичен пример за стерилноста на традиционалното планирање, сфатено како “цртачка“ вештина, во потрага по “просеци“ и едноставно “гатање“ за иднината на градот.

Шесто, примената на функционалистичките начела при планирањето на Скопје ја потврдува нивната

[29] Еве како по три децении интензивна изградба размислува еден од креаторите на Скопје: “Токму ние, нашата генерација, може да биде почестена, зашто посведочува еден чуден прекин во човековата еволуција, всушност, стрмоглав скок, до скоро незамислива, технолошка револуција.
Нашата генерација, особено нашата стручна генерација, (генерација која го планираше и градеше Скопје, заб. И.А.)не само што сведочи за овој револуционерен век и за овој револуционерен скок, особено во Скопје, професионална генерација која активно учествувала во овој чудесен скок во модерното време. Лесно е да се медитира, да се контемплира, да се опсервира, но тешко е и мачно во секоја смисла, а можеби најмногу во етничка смисла, да се учествува во градењето и ѕидањето град; да се учествува и гради под севкупниот товар што го наметнува историјата со своите политики, идеологии, економии, бирократии и техникратии; оваа професионална генерација “имаше чест“ и вина да го заѕидува “природниот“ простор, да ги урива кревките остатоци на поранешното живеење, да се ѕидаат брзо згради пренатрупани со жители, да се одзема од “пасторалниот пејсаж“ и слично....“ Спиание за култура на просторот 4, Сојуз на архитекти на Македонија, 1993г. стр. 25.

неспособност за рационална и продуктивна организација на елементите во просторот на градот. Скопје е пример на целосен пораз на планирањето како процес на формирање на планот како "завршен производ" со кој треба да се постигне и повисок квалитет на живот и да се организира модерно функционирање на градот. Од планот од 1965 г, на пример, остана само "нацртаната утопија" која, не само што не успеа да промовира хармонични односи, туку, што е сосема разбирливо, во еден социо - антрополошки поглед, општеството на градот го зафатија процеси на натамошна диференцијација, сегрегација, поделеност на луѓето врз економска, верска и етничка припадност.

Седмо, функционалниот пристап применет во планирањето на Скопје во доменот на реконструкцијата на запуштените делови - сламови, не само што ја одложи реконструкцијата за некои идни (далечни) времиња, туку, што е уште потрагично, создаде реални претпоставки за натамошно пропаѓање на старите делови и нивно претворање во "крајно нездрави места за живеење". Функционалниот пристап повеќе е насочен кон потребите на идните генерации, а старите делови на градот кои не можат да се вклопат во тој систем (што е секогаш така) се осудуваат или постепено да пропаѓаат или едноставно се бришат од просторот како никогаш и да не постоеле (што ќе биде тешко остварливо во Скопје)

Осмо, за Скопје потребно е да се подготви еден "краткорочен, акционен и процесен план" кој е спротивен на системскиот пристап кој не коренспондира со реалноста на градот. Тоа претпоставува начин и постапки за решавање на проблемите за кои не е потребен "целосен увид" и "модел" за некои идни далечни времиња. Уште повеќе, во ситуација кога "тоталитетот" се однесува само на просторно - физичката структура, што значи квантификација на мерливите компоненти, каде развојот е разбран само како физички развој и пораст мерен низ просечни големини и во целосно отсуство на "вредносна позиција". Планот го третира градот како "објект" кој исклучиво треба да се

изградува по препораките кои ги пропишуваат, но најчесто меѓу концептот за изградба на градот присутен во планот и реалноста на градот се прекинува секоја врска што за резултат го има спонтаниот хаотичен развој. Во суштина, немоќта да се реализира Планот доведува до состојба во која започнува процес на спонтана активност од страна на најголем дел од населението на градот, што е случај со Скопје.




Скопје и околните населби во 1920 год.

# ЧОВЕКОТ И ГРАДОТ - СКОПЈАНИ ЗА СКОПЈЕ

### *Град од неконтролирана енергија*

Градот е сложена социо - демографска, просторно - физичка, економска и еколошка средина за да може да биде истражуван како целина. Затоа, кога ќе се каже "град" не се мисли само на некои негови издвоени делови. За Скопје е карактеристично тоа што веднаш по катастрофата од 1963 г. започна со процесот на планско преместување на "урбаноста" во приградското подрачје со што целосно се помести "централноста" и градот се "растури" во Регионот со што започна еден во себе длабоко противречен процес.

Од една страна започна процес на планска обнова, која е видлива во новите населби и процес на спонтана непланска изградба која ги зафати скоро сите делови, како во централното подрачје во самото јадро на градот (тука можеби и најмногу), така и во периферните делови.

Затоа градот се формира како резултат на два процеса, како планско - рационална активност, со ангажирање на познати светски стручњаци, планери и урбанисти, но во исто време започна и еден "спонатан" начин на изградба, кој ги зафати скоро сите негови подрачја.

Во суштина, Скопје е израз на желбите на планерите и спонтана, неконтролирана енергија на десетици илјади доселеници, кои градот го доживуваа како центар на среќен и убав живот! Тој се претвори во мозаик, кој при секое повторно набљудување асоцира на нешто ново, кое во вид на изобличено огледало нештата ги деформира и ги прави чудни и несфатливи. Тоа е она што создава тешкотии во

истражувањето, но тоа секогаш е и предизвик за истражувачот.[1]

*Град од издвоени свеїтови*

Така, во истражувањето за Скопје се тргна од сознанието или од отсуството за било какво сознание за тоа дека градот нема идентитет или сè уште го нема формирано. Тоа во голема мера ја сруши нашата намера, дека социолошките истражувања треба во принцип да ги насочиме кон нешто за кое сме сигурни дека ќе го откриеме или барем ќе откриеме дел од него. Затоа секој пристап кој го зема градот како "целина", "едно" во кое се скриени сврзувачки елементи, освен по тоа што се наоѓаат на „едно" место или "еден" простор, однапред е осуден на големо недоразбирање.

Кога ќе кажеме скопјанец тешко е да се најде нешто кое е заедничко за сите, а тоа да не биде нужно врзано само за тоа дека станува збор за луѓе кои живеат на едно место. Секој кој живее во Скопје сè чини дека е премногу "оптоварен" со тоа дека припаѓа на некоја посебна група (етничка, религиозна), и дека е нешто "посебно" од другите кое не е својствено за животот во големиот град, дека е збунет со фактот дека припаѓа на еден свет кој не е многу наклонет на неговата личност, свет кој се формира надвор од неговите интереси и потреби. Тоа можеби е судбина на сите (во почетокот) градови кои за краток период се претвораат во безлични агломерации кои го губат или, што е потрагично, воопшто не го формираат "духот на местото", по кои човекот го препознава сопствениот идентитет, се препознава самиот себе.

Општеството и просторот на Скопје можеме да го посматраме само како систем на "издвоени светови" (социо

[1] Во овој дел од трудот се презентирани дел од резултатите од истражувањето под наслов "Скопјани за Скопје" кое беше реализирано по повод триесет годишнината од земјотресот во 1963 год.

- просторни целини) кои го формираат градот , но кај кои не можеме да издвоиме еден или неколку, по кои ќе може да се мери "урбанитетот" на населеното место кое носи име Скопје.



*Дива населба - самоиницијатива на граѓаните од втор ред - Пред деведесетите години на дваесетиот век*

Прво, ако го анализираме централното подрачје тешко е да дојдеме до некои сознанија за "духот на местото", кое очигледно, не може да биде формирано од една "просторно - социјална структура", која во себе вградува монументализам, сламови, неидентификувани простори, гета, елитизам, урбанистички хазард. Сигурно е дека едно

место - простор, не поднесува толку големи противречности по кои ќе може да стане препознатливо. Секој поглед кон нешто различно од претходното, ја урива претставата за целината.

Второ, т.н. пошироко подрачје на градот, главно делумно плански формирано (Аеродром, Карпош, повеќе населби на индивидуална планска изградба) и појавите на масовната неконтролирана "дива" изградба, посматрано од аспект на социјалната структура главно населено од средните слоеви и за разлика од приградското подрачје кое претежно е "работничко", станува проблематично за било каква компарација.

Трето, приградското подрачје каде дел од урбанитетот беше "физички" донесен по земјотресот преку монтажните станбени населби, околу кои подоцна изникнаа десетици спонтано (диво!) изградени населби , кои формираа една сложена просторно - социјална средина, која по начинот на изградба, составот на населението, степенот на изграденост и поврзаност со градот е многу разли[illegible]а како од другите делови, така и внатре во самата себе.

Скопје можеме да го посматраме како систем кој главно го сочинуваат три меѓу себе различни просторно - социјални целини, кои независно од тоа каде се наоѓаат во однос на центарот на градот, поседуваат приближно исти карактеристики; по начинот на формирање тоа се оние кои се формираат спонтано, непленски, кои се типични за приградска зона, но, кои се сретнуваат и во повеќе делови кои чекајќи ги срекните денови за реконструкција, се претворија во сламови и гета за одредени етнички групи. Така се формираа просторите (во централанта зона) Чаир, Топаана, Дижонска и десетици други, кои во една просторно-временска релација значат само продолжување на процесот на сламизација и гетоизација, односно, етничка сегрегација.

Се смета дека социолошката димензија на животот во овие населби има заедничка основа, а тоа најјасно се гледа во специфичните заедници кои се создаваат во нив.

"Спонтанитетот" кој се формира на просторот на приградската зона е сличен на овие (просторната оддалечност од центарот не игра некаква улога!) но, разликата е во тоа што "приградскиот спонтанитет" се формира за многу краток период, од само неколку децении, кој го потисна "руралниот" елемент и го "надвладеа" пренесениот урбанитет што од своја страна општо резултира во целосно обезличување на просторот со релативно висока хомогенизација на социјалните групи и формирање на еколошка дистанца од другите делови на градот, особено од центарот кој доби едно "метафизичко" значење за неговите жители.

Вториот, просторно - социјален ред главно се формира во колективните плански населби, целосно формиран на слободните простори (ораници и ливади) зависно од атрактивноста на локацијата, близината на етничките енклави или индустриски зони го населија или средните или работничките слоеви.

На крајот третиот дел (ред) главно се формира и е препознатлив во "елитните" индивидуални населби, атрактивни локалитети во централното подрачје и по должината на подножјето на Водно. Главна карактеристика на ова подрачје покрај индивидуалниот начин на домување е ексклузивната градба, најпогоден е за живеење и се разбира, окупиран од повисоките слоеви.

## *Жива лабораторија*

Во изградбата на градот постојат периоди кога тој интензивно се развива и за краток временски период од само неколку децении прераснува во голем град кој има

значајно влијание врз развојот на една заедница. Скопје е типичен пример (по скоро три децении од катрастрофалниот земјотрес), на град кој само што го заплисна бранот на индустријализацијата и го запре неговиот развој, веднаш, само по неколку месеци го започна процесот на интензивна планска изградба, со идеја за создавање на град кој ќе ги апсорбира позначајните достигања на планот на урбанистиката, социологијата, архитектурата.

Скопје претставува сложена демографска, етничка, национална, просторно - социјална, социо - еколошка и економска целина, со изразито нерамномерен развој и изграденост, изразита поделеност во просторот во однос на етничката и религиозна припадност и социо - економските карактеристики на населението. За Скопје може да се рече дека претставува "жива лабораторија" каде се случуваат интересни процеси кои треба и мора да бидат проучувани, да бидат објаснувани и за нив да се говори со јазикот на науката.

Изминаа скоро три децении од последното и единствено истражување кое се обиде да допре до желбите, потребите и мислењата на граѓаните на Скопје. За жал, никогаш за период од три децении интензивна изградба не се постави во центарот на внимението на урбаните планери мислењето на Скопјани за нивниот град. Само понекогаш, низ квази - јавните расправи за урбанистичките планови на населбите, се правеа обиди нешто да им се предочи на граѓаните или граѓаните да го кажат своето мислење. Но, мислењето на граѓаните за својот град остана непознато како за урбаните планери така и за политиката на изградбата на градот.

### *Механички збир*

Карактерот на урбанизацијата на Скопје и неговото подрачје главно произлегува од следното:

Прво, неконтролиран механички прилив на населението што сериозно го наруши натамошниот развој на градот и го отежна нормалното задоволување на човековите потреби (работа, домување, снабдување, инфраструктура...).




*Прва етапа од реализацијата на главните сообраќајници во Скопје - зградата на партијата има централна позиција*

Второ, се создаде голема диспропорција во развојот на градот и Регионот.

Трето, отсуство на адекватна земјишна политика и нормативно - правна регулатива за имотно правните односи што доведе до појава на шпекулација со земјата и уништување на голем дел од плодното земјиште.

Четврто, отсуство на јасна свест за општите цели на развојот на градот и синхронизацијата на активностите на

ниво на градот, што создаде мноштво противречни ситуации и остри судири меѓу разните корисници на просторот, состојби на хаос и непочитување на основните принципи на градба, кои важат во изградбата на големите градови, меѓу кои се најде и Скопје. Градот од субјектите на неговата изградба се доживува како механички збир на мноштвото неповрзани делови, а не како целината која би треебало да функционира како сложена просторно - социјална средина.

Петто, неадекватна стопанска структура и нејзината ниска акумулативна способност и неадекватна структура на вработените. Индустријата и градежништвото подолго време не ќе можат да создадат материјална основа за квалитетна изградба на градската инфраструктура и реконструкција на десетина запуштени населби и подинамична станбена изградба.

Шесто, недоследностите во урбаната обнова на градот по земјотресот се должат и на субјективните фактори на планирањето, неразвиените инструменти за реализација на плановите, бирократското самоволие во нивната реализација, отсуството на координација меѓу разните субјекти и сл.

## *Бирократско самоволие*

Структурата на просторот главно се формира како резултат на отсуството на плански решенија (или нивно непочитување, што е исто) и со голем степен на бирократско самоволие, без да се води сметка дека веќе еднаш создадената неадекватна просторна организација, повратно ќе влијае врз општествено - економскиот процес.

Просторот доби третман како и секоја друга стока во сферата на мноштвото поединечни интереси, кои ја негираат нужноста, тој да се посматра како неделива целина.Се создаде еден изразито дисфункционален систем од мноштво оформени просторни функционални целини, кои предизвикаа тешки последици на еколошки, економски и политички план.

Во рамките на регионот, дисфункционалноста се покажа во популационото празнење на поширокиот простор и целосно запоставување на градските функции (домување, работа, рекреација, културни потреби) кои во градот главно успешно се реализираа.

Прво, формиран е центар на градот со изразито голема концентрација на стопански и нестопански дејности (централизација во рамките на регионот).

Второ, создаден е висок степен на функционална сегрегација што предизвика големи тешкотии во нормалното функционирање на градот.

Трето, несразмерноста во распределбата на нестопанските дејности во просторот на градот и регионот е исто така голема и неповолна. Оваа нееднаквост на изграденоста на просторот, кога ќе се доведе во корелација со социјалниот состав на населението, недвосмислено ќе го актуелизира прашањето за оправданоста на овие појави од гледиштето на основните принципи на изградба на градот “по мерка на човекот“.

### *Градот - спонтан хаос*

Предмет на нашето истражување се главно состојбита на просторно - физичката изграденост на градот како целина и неговите делови и населби во сферата на домувањето, работата, разонодата, културата, неформалните односи согледани преку ставовите и мислењата на скопјани, како состојби на субјективно доживување.




*Порасӣ на градоӣ за време од ӣедесеӣ години*

а) Во сферата на домувањето, квалитетот на домувањето (опременост на станот, конфор, начин на изградба и сл.) потоа, изборот на локацијата во однос на територијалното и етничкото потекло на испитаниците, социјалната и етничката сегрегација во резиденцијалниот простор, субјективните тенденции кон сегрегацијата и сл.

б) Социјалната интеграција на личноста во градската средина посматрана од аспект на неформалните контакти, социјалната и етничката припадност, автохтоност, и с, потоа усвојувањето на урбаниот начин на живот, користењето на слободното време, задоволувањето на културните потреби и сл., ја покажуваат квалитетната страна на урбанизацијата.

в) Неформалните односи, соседските и пријателските врски ја идентификуваат "човечката страна" на големиот град. Постои ли некоја средина меѓу "развиените" и "неразвиените" соседски односи. Дали "соседскиот азил" ја помага адаптацијата на личноста на сметка на поширокото вклучување на урбаната култура? Дали пријателството и соседството е остварливо меѓу припадници на различни етнички и национални групи?



*Локалитетот Крњево во центарот на Скопје, 1995 г.*

г) "Правото на град" во себе го вклучува, пред се, конкретниот пристап до градските институции и установи. Дали концептот на изградбата на градот, која се ограничи на создавање на еден "елитен " центар, ги маргинализира сите други делови и ги претвори во "периферија", запоставувајќи ја нивната изградба и препуштајќи ја на процесот на стихијата и хаосот? Како тоа се одразува на планот на задоволувањето на човековите потреби?

д) Субјективното доживување на одделни делови на градот од скопјани, чувството на пријатност од начинот на изграденост (архитектонска, урбанистичка, естетска), се само дел од прашањата кои се предмет на истражувањето.

Очигледно е дека Скопје поседува една изразито дисфункционална просторна социјална композиција која наликува на мозаик на светови кои се допираат, но кои не се мешаат.

"Мозаичноста на културите" во досегашниот развој на градот создаде неповрзани делови "светови за себе" кои се препознатливи само по некои карактеристики на етничките обележја на нивните жители". "Урбаното" во Скопје се формира меѓу игрите на разни сили, интереси и судири, кои не селекционираат и не го уништуваат она кое не се вклопува во урбаниот орнамент на градот како целина. "Урбаниот пејсаж" најчесто произлегува од хаосот на изградбата на градот, од "инцидентите" меѓу власта и народот и најпосле од немоќта да се дефинира "урбаниот систем" како систем на рационално конкретизирана активност на урбаната политика од една и "слободната иницијатива" на граѓаните од друга страна.

За жал, хаотичниот развој полека ги уништува претпоставките и за рационалното и за слободата. Останува разочарувачката вистина дека градот постепено се претвора во средина на загрозување на човековата слобода и како непријатно место за живеење, како зла судбина!

## *Скопјани сѐ во право*

Напуштајќи ја помислата дека со еден скромен истражувачки зафат можеме да одговориме на сите прашања, нашата цел ја ограничуваме и останува во сферата на истражувањето на субјективните ставови на скопјани за својот град, што уште на почетокот ја урива дилемата, дали се тие во право или не!

Вистината за градот не ја формираат само неговите жители, затоа што кога ќе кажеме скопјани или Скопје во исто време мислиме на градот како целина, но и на секој дел и секој човек посебно, доживеан како субјективен чин кој ја формира моменталната слика на градот кај секој човек

посебно.Тоа е посебно карактеристично за градовите од типот на Скопје, каде "урбаната култура" претежно ја формираат оние кои со себе го носат багажот на традиционалното рурално општество.Прашањето за препознатливоста на идентитетот на градот е многу сложено и од аспект на архитектонската и урбанистичката изграденост.

Скопје се најде во расчекор меѓу новото и старото и ни сѐ чини дека го проголта заблудата дека ќе стане метропола на безличните зданија кои го уништија препознатливиот впечаток на просторот и времето. Но, дали од аспект на едно субјективно чувство на жителите на градот можеме да говориме како за вистина?

Периодот од три децении интензивна "планска" изградба нужно ја наметна потребата од преиспитување на концептот на изградбата од аспект на мислењата и ставовите на неговите жители. Кога субјективното чувство за "добриот градски живот" ќе ја достигне критичната точка на целосно отфрлање или преиспитување на животот воопшто, тоа говори дека во градот почнал процес на "разградување", пресушиле изворите на виталноста, животот почнал да се негира самиот себе, почнала да се губи неговата смисла. Тоа обично започнува оној момент кога ќе го запрете времето "чекајќи го Вашиот автобус", кога ќе почнете да дишете нечист воздух и имате чувство дека умирате на "рати", кога започнува нервозниот од, кој не води никаде, ниту доаѓа од некаде!

*Градскиот квалитет на живеење*

Последниве неколку децении, по осумдесетите години, сѐ повеќе се говори за квалитетот на живеење како егзистенцијална состојба, повеќе или помалку на незадоволеност на потребите на поединецот, односно потребите на различни групи ентитети како што се



Вида

општествените групи, слоеви, население кое живее во одделни делови на градот и сл.

Квалитетот на живеење во себе содржи повеќе димензии, како што се социјалната благосостојба, сигурноста, културата, слободата на самореализација на човекот. Конкртено секоја од овие димензии се објаснува со повеќе индикатори. Така, на пример, за социјалната благосостојба најважни индикатори се исхраната, домувањето, условите на трудот, здравјето, одморот, рекреацијата и сл. за што ќе се обидеме нешто поконкретно да проговориме во нашата анализа. Кога се говори за градот, тогаш поимот за квалитетот на живеењето мора да се надополнува со елементи кои директно влијаат на задоволувањето на потребите, а кои се поврзани со животната средина на ниво на населбата или градот во целина, што за нас е посебно интересно, како на пример, присуство на слободни простори, зелени површини, детски установи, рекреативни центри и сл.

Во нашата анализа вниманието ќе го задржиме на неколку елементи на квалитетот на живеењето кои се типични за урбаната средина. Станува збор за квалитет на животната средина, присуство на урбана, техничка и општествена опрема во оделни делови - населби и на крај, адекватност на просторот за извршување на разни активности, кои имаат влијание врз секојдневниот живот на скопјани. За димензиите на квалитетот на животот од сферата на социјалната благосостојба (домувањето, културата, слободното време и рекреацијата) ќе говориме посебно во понатамошниот дел од текстот.

### *Загадување на средината*

а) Состојбите на планот на загадување на животната средина во Скопје се загрижувачки од аспект на загаденост на воздухот и присуство на бучава. Од вкупниот број анкетирани скоро 1/4 сметаат дека воздухот во нивната

населба е постојано загаден, а 1/5 дека постојано се изложени на бучава како резултат на сообраќајот и индустријата. Се разбира во некои населби овие елементи се поприсутни. Така, на пример,63,3% од испитаниците од населба Лисиче сметаат дека воздухот во нивната населба е постојано загаден. Од населбата Карпош ниеден не се изјаснил дека воздухот е трајно загаден. Во Ѓорче Петров, Топаанско Поле, Автокоманда и Чаир околу 1/5 се на мислење дека постојано дишат загаден воздух и сл.

Постојаната изложеност на бучава зависи од многу елементи, како на пример, локацијата на станот во однос на прометните сообраќајници, близината до некој индустриски погон и сл.

б) Квалитетот на живеењето во градот може да се мери и по тоа, колку одделни содржини - објекти или едноставно, адекватни простори се присутни во една населба и колку жителите што живеат во нивна непосредна близина ги користат за најразлични активности.

Без намера дека проблемите ќе ги согледаме во целина се обидовме преку одговорот на прашањето, "Што не е доволно застапено во Вашата населба?", да ги регистрираме недостатоците на планот на урбаната изграденост и присуството на неопходните елементи за еден пристоен градски живот.

Од вкупниот број анкетирани, 75,6% сметаат дека им недостасуваат детски игралишта, 72,6% спортски терени, 77,1% зелени површини, 68,1% простор за паркирање, 54,0% простор за прошетки. Тоа јасно говори за состојбата на урбаната уреденост и изграденост на просторот кога се имаат предвид овие, можеби, најважни елементи кои формираат една урбана средина.

в) Ако претходното прашање беше насочено кон тоа да се дознае, дали има или нема простор за наведените активности и се покажа дека за скоро 2/3 од испитаниците не постојат такви простори, одговорот на прашањето "дали просторот во Вашата населба е адекватен за дружење и контакти, детска игра, прошетка и рекреација" добиени се,

исто така, поразителни резултати. Само 1/5 од испитаниците сметаат дека просторот во нивната населба е одличен за воспоставување контакти и дружење, 11,4% за детска игра, 13,9% за прошетка, 9,4% за рекреација. Тоа покажува дека слободните простори во Скопје не се во согласност со потребите на скопјани, дека тоа најчесто се најзапоставените и најнеуредените делови од градот и не служат на својата намена. Се разбира дека се јавуваат и големи разлики во вреднувањето на слободните површини во зависност од професијата, образованието, економската сигурност на испитаникот и сл. Тоа доаѓа и од големата невоедначеност на уреденоста на градот и високиот степен на социјална сегрегација. Пониските социјални слоеви најчесто се лоцирани во урбанистички запуштените населби, каде не постојат уредени терени.



- - - - - граници на општини

——— граници на месни заедници

месни заедници со натпросечна атрактивност




ѓ) Објективните показатели за стандардот на населбите ги сочинуваат: опременоста на населбите со објекти на комуналната инфраструктура, техничкиот и општествениот стандард, целовитоста на животот во населбата (присуство на повеќе функции) и задоволството на животот што би требало да произлезе од присуството кај граѓаните на Скопје и тоа: од комуналните услуги незадоволни се 54,3%, од сообраќајните услуги 15,4%, од културно забавниот живот (се мисли, пред се, на присуство на објекти) 60,5%, од школските објекти 11,7%, од предшколските установи 21,7%, од снабдувањето со потрошни артикли 9,8%.

Најголем процент на незадоволство од комуналните услуги искажаа испитаниците од населбите Маџари, Сингелиќ (78,8% од вкупниот број анкетирани од овие населба) потоа, кај испитаниците од населбата Топаана со 74,1%, Топаанско Поле со 68,0% и сл. Најмал процент на незадоволство се јавува кај испитаниците од населбите Карпош, Ново Лисиче, Аеродром, Водно, Козле и Пржино.

Задоволството на испитаниците од животот во населбата се менува во зависност од опременоста на населбата со елементи на општествен стандард. Сè чини дека освен големото незадоволство заради непостоење домови на културата (постојат во неколку населби, но со неразвиени содржини) најголемиот дел од испитаниците се

задоволни од предшколските и школските установи. Освен испитаниците од населбите Автокоманда, Чаир и Гази Баба кои изразуваат висок степен на незадоволство, во другите населби е забележан низок процент на незадоволство. Од квалитетот на услугите во снабдувањето задоволни се само 20,5%. Највисок процент на незадоволство се јавува кај граѓаните од населбите Топаана, Автокоманда, Чаир и Гази Баба. На прашањето: "Кои се најголеми недостатоци во Вашата населба?", најголем број од испитаниците ја посочија комуналната хигиена (повеќе од 1/3), потоа, отсуството на услови за културно - забавен живот (11,5%) и отсуството на здравствени установи (8,1%), потоа отсуството на школски објекти за основно образование и т.н.

Од испитаниците се бараше да се изјаснат и за најголемите предности кои според нив се присутни во населбата во која живеат. Така,на пример, "мирниот и тивок живот" е најголема вредност за жителите на населбите Водно, Козле и Пржино (скоро 1/3 од испитаниците), "близина до центарот на градот" за испитаниците од Топаана, "добрите сообраќајници" за жителите од Бутел 1, а "незагаденоста на воздухот" за оние од подножјето на Водно (37,3%) и Топаанско Поле (33,3%). На лошите сообраќајни врски најмногу се жалат жителите од населбите Топаана, Козле, Пржино, Маџари и Сингелиќ.




Нашата анкета не е репрезентативна за да можеме со висок степен на сигурност да судиме за задоволството на скопјани од животот во населбата. Очигледно е дека Скопје е град со изразито висок степен на невоедначена изграденост и уреденост на просторот на населбите кои се поодалечени од центарот, на кои најчесто им недостасува по нешто од техничкиот стандард, (поседуваат низок степен на урбанизираност).

Анализата на квалитетот на живеењето на ниво на населба покажува една состојба на хаотичен развој, каде најчесто не се почитувани некои елементарни правила при изградбата на градот, што секако се одразува негативно на човечкиот живот. Во најголем дел од населбите отсуствува елемент на техничкиот стандард. Слобоодните простори најчесто се запуштени и претворени во депонии, а присутен е низок квалитет на комунална инфраструктура.

### *Натурален карактер на станбената изградба*

Во услови на интензивна индустријализација и масовна миграција на селското население во градовите,

таканаречената рурализација на градот, изградбата на станот има натурален карактер изразен најчесто преку бесправната станбена изградба.

Станот (куќата) претежно се гради со сопствени средства и сопствен труд со помош на пријатели, роднини и соседи. На тој начин околу големите градови никнуваат населби со по неколку десетици илјади жители.

Човековата потреба за стан во услови на изразена демографска концентрација се претвара во хаотична и неадекватна трансформација на урбаниот резиденцијален простор, особено на приградското подрачје на големите градови.Скопје во тој поглед е класичен пример. Во анализата на домувањето и станбената политика воопшто, поаѓаме од следното:

- во начинот на решавање на станбеното прашање присутни се значајни разлики меѓу општествените слоеви, потоа присутни се големи разлики во степенот на опременоста на населбите во зависност од социјалниот состав на населението и оддалеченоста од центарот на градот и најпосле, социјалната политика создаде услови за социјална сегрегација во просторот.

- општеството не е во можност да го реши станбеното прашање на сите кои се без стан. Становите обично ги добиваат оние кои се највлијателни во органите на власта и управувањето со претпријатијата, односно оние кои се наоѓаат на повисоката скала на општествената хиерархија.




Но, еве што покажуваат нашите истражувања на тој план:

а) Несомнено е дека за изминатите триесетина години состојбата на станбениот стандард е многу подобрена од онаа присутна пред земјотресот. На пример, во 1981 год. на еден стан просечно припаѓаа по 4,1 жители. Во однос на собноста на станот, двособните станови се застапени со 39,3%, трисобните со 30,9%, што заедно сочинуваат 70% од целокупниот станбен фонд. Четирисобните станови учествуваат со 10,3%, а петособните само со 5%. На гарсониери и еднособни станови отпаѓаат 13,9%, а 3,2% се населени простории кои не се за таа намена. Еднособните станови и гарсониерите во структурата на станбениот фонд во 1965 год. учествуваат со 23%, колку што е и учеството и на трисобните станови. Целосната опременост на становите со неопходни инсталации во Скопје е присутно кај 85% од становите и 83% од населението во Регионот и градот.

Просечната големина на станбената површина е поволна и изнесува 14,14м2 по жител, што не значи дека сите жители во градот живеат во поволни услови. Во Скопје околу 50.000 жители живеат во станови во кои просечната станбена површина не достига ни 6 м2, а бројот на оние кои се наоѓаат на границата на “патолошкиот праг“ од 6 - 10 м2

се приближува до бројката од над 100.000 жители, што навистина е голем број.

Со планот од 1964 год. се предвидуваше едно семејство да живее во еден стан, а во една соба да живее по 1,5 човек. Но, станбената изградба не ја следеше оваа препорака на планот, а исклучена е и можноста во блиска иднина тоа да се постигне. Наспроти овие неповолни состојби, во 16.874 станови во 1981 год. живеат само 37.385 жители, што значи дека едно лице располага со најмалку 30м2 станбена површина. Деградираното домување има пресудна улога во развојот на семејните односи, односно, пренаселеноста е еден од важните фактори кои негативно влијаат врз развојот на личноста. Кога пренаселеноста ќе ја надмине бројката од 2,5 лица по станбена просторија, често се јавува агресивност па дури и негативни социопсихолошки последици.

Станбениот дефицит во Скопје е значајно поголем ако се земат предвид и оние станови кои во најскоро време ќе мора да бидат заменети со нови. Над 16.000 станови се наоѓаат во состојба на целосна руинираност и не се погодни за живеење.

б) Една од нашите цели во истражувањето беше да сознаеме како испитаниците го рашаваат станбеното прашање.Резултатите од нашата анкета многу не се разликуваат од слични истражувања правени на тлото на поранешна Југославија или во нашата земја од пред неколку години. Вработените со работнички занимања своето станбено прашање почесто го решавале со купување или изградба на стан (куќа) за разлика од оние со службенички занимања, особено оние кои се наоѓале на раководни места во претпријатијата, институциите или органите на власта, кои често добивале општествени станови. Работниците во значајно поголем број се сопственици на станови, а помалку носители на станарско право, за разлика од службениците каде тој однос е обратен. Во нашата анкета се покажа дека само 4,4% од вкупниот број анкетирани работници добиле

стан од работната организација, наспроти 20,9% службеници во истите работни организации.

в) Квалитетот на домувањето зависи од повеќе фактори, меѓу кои, големината и собноста на станот спаѓаат меѓу најзначајните.

Во истражувањето беа опфатени 5,0% станови со една соба од кои 72,7% имаат до 40м2, а 22,2% имаат од 40-60м2. Потоа, 26,7% станови со две соби, од кои 23,7% имаат до 40м2, 44,3% имаат од 40-60м2, 28,9% имаат 60-80м2 и "само" 3,1% имаат 80-100м2. Станови со три соби се застапени со 35,8%, со четири 20,4% и пет и повеќе со 12,1%. Интересна е групата станови со три соби кај кои скоро една третина се станови со повеќе од 80м2.

г) Ако го спoредиме бројот на членовите на домаќинството, големината на станот во м2 и бројот на собите во станот, ќе забележиме многу интересни состојби: скоро во една четвртина од становите со четири и повеќе соби, живеат едно или две лица, а во повеќе од 40% од едnoсобните или двособните станови живеат шест и повеќе членови или во однос на квадратурата на станот и бројот на членовите во семејството скоро 28% од анкетираните кои живеат во најмногу двочлено семејство, располагаат со над 80м2 станбена површина (повеќе од 40м2 по член), наспроти 35% кои живеат во едnoсобни или двособни станови со семејства каде живеат над шест и повеќе членови.

д) Во однос на професијата, службениците се во поповолна положба од претставниците на другите занимања. Скоро 90% од испитаниците - раководители, живеат во станови со три и повеќе соби (77,2%), во четирисобни и повеќе 11,6% во пет и повеќе соби, наспроти претставниците со работничко занимање кај кои петособните станови се присутни со 4,7%, четирисобните со 9,4% и трисобните со 44,8%. Во поглед на големината на станот кај раководителите и службениците се сретнуваат по пет - шестпати повеќе станови со над 80м2, отколку што е случај со работниците.

ѓ) Кога се говори за станот, едно од важните прашања е субјективното чувство на задоволство на оние кои живеат во него. Самиот факт што повеќе од една петтина од испитаниците не се задоволни од условите во кои се наоѓаат, говори многу за состојбите во домувањето или уште повеќе кога не се задоволни дури ни оние кои располагаат со големи и повеќесобни станови. Така, на пример, 31,8% од оние кои живеат во станови од 60-80м2 не се задоволни од распоредот на просториите, 61,9% од оние кои живеат во станови од 40-60м2, а 20% со над 80м2. Од ова може да се заклучи дека изградбата на становите не била сообразена со потребите на скопјани.

Најнезадоволна социјална група се работниците со скоро 45% од вкупниот број анкетирани, наспроти раководителите со 12%, стручњаците со 8% и службениците со 17% и обратно, најзадоволни се службениците со 70% од вкупниот број, наспроти работниците со само 34% и сл.

е) Кога се говори за домувањето, интересно е да се каже нешто повеќе за желбите на скопјани, во каква зграда (куќа) сакаат да живеат, за што досега апсолутно никој не размислувал. На прашањето: "во каква зграда - куќа сакате да живеете" беа понудени три одговори: индивидуална куќа, зграда до четири ката и зграда над четири ката. Несомнено, најголемиот дел - 81,5%, сакаат да живеат во индивидуални куќи, 14,3% во згради до четири ката, а само 2,2% во згради со над четири ката, и останатите 2% во нешто друго

Ако желбите на испитаниците се доведат во корелација, со фактичката состојба ќе забележиме дека само 6,9% од оние кои сакаат да живеат во згради со над четири ката и живеат во такви згради, а останатите изразуваат желба да живеат или во индивидуална куќа, 79,3% или во зграда до четири кат. Од оние кои живеат во индивидуална куќа, само 0,5% (само еден испитаник) изразил желба да живее во

зграда со над четири ката! Навистина ова говори за една поразителна состојба на планот на станоградбата, за непознавање на потребите и желбите на луѓето. Би било непотребно да се анализираат структуралните белези на испитаниците и нивните разлики.



*Аеродром - град на ледина за средните слоеви*

Од истражувањето може да се заклучи дека основните цели на урбанистичкиот план од 1964 год. (единствено за Скопје) во доменот на станбената изградба, делумно се

реализирани. Во просек подобрен е станбениот стандард, но кај околу 20% од населението присутен е изразито нискиот стандард, а околу 25% од становите се субстандардни, а близу 5.000 семејства постојано се без стан. Подобрувањето на станбената состојба не била рамномерна, а најмало подобрување е забележано кај работниците. Потоа, распределбата на станбениот фонд (ова може да се види и од претходните истражувања) била насочена главно кон задоволување на потребите на службеничките слоеви, а работниците биле ориентирани кон самостојно решавање на станбеното прашање, најчесто со бесправна градба на периферијата на градот. Изградбата на големи и луксузни станови од заедничките фондови доведе до натамошна поларизација на социјалните слоеви, во однос на станбеното прашање: монополот во рапределбата на становите и кредити за станбена изградба долго време останаа во рацете на државните институции, СИЗ-овите и банките под влијание на раководните структури на стопанските организации и органите на државните институции. Фактот што голем дел од станбениот фонд се наоѓа во субстандардна состојба, во голема мера ќе ја креира станбената политика во иднина. Потребни се големи финансиски средства за негова замена, кои општеството во овој момент и уште долго во иднина, нема да ги има.

### *Во кругоѿ на ӣримарниѿе груӣи*

Истражувањето на слободното време, задоволувањето на културните потреби, како и социјалната и културна интеграција на луѓето во една конкретна просторно - -социјална средина каква што е градот, не е можна ако се прави вон целината на човековиот живот. Скоро сите познати истражувачи се согласуваат со ставот дека, слободното време не може да се истражува вон трудот, односно, тоа не може да се истражува како самостоен

ентитет, кој може да ја реализира човековата слободна дејност изгубена во трудот.

Познатиот француски социолог, Жофр Димазије смета дека слободното време претставува дел од техничката цивилизација и секоја нејзина промена се одразува на слободното време. Ерих Фром се прашува, како може човек кој работи без интерес, купува и ги троши производите на еден апстрактен и оттуѓен начин, да го користи своето слободно време на активен и содржаен начин?

Во анализата за значењето и користењето на слободното време, тргнавме од ставот дека функцијата и улогата на слободното време во задоволувањето на културните потреби е голема и дека можностите за артикулација на една пожелна градска културна политика, уште не се искористени.

Преобразбата на слободното време за вршење на повисоки активности, ќе значи и преобразба на самиот субјект во личност која ќе биде активна и креативна. Во случајот на Скопје, "правото на култура" е едно од најтешките остварливи права на човекот во урбаната средина, особено во услови на хиперурбанизација, кога најголемиот дел се соочува со егзистенцијални проблеми. Тоа "право" би можеле да го означиме како право на слободна, културна, социјална и хумана форма и можност на човековото живеење, комуницирање и саморе ализација. Отуѓувањето на човекот во слободното време е "време на масовна култура" која се претвара во "стил на живот", во која човекот во градот го бара "спасот" за сопствената немоќ.

Слободното време во нашето истражување претставува она време кое човекот може да го употреби непосредно за себе, време кое му припаѓа нему, односно, како збир на активности на кои поединецот им се препушта по сопствена волја, да се одмори, разоноди, да ги развие своите нови знаења и способности. Можеби, еден од најголемите проблеми, кога се работи за емпириски

истражувања е утврдување на неговата големина. Определувањето на слободното време од самите испитаници внесува многу непознати, затоа и неговата големина е релативна.

Начинот на користење на слободното време и начинот на задоволување на културните потреби зависи од повеќе фактори меѓу кои најзначајни се: степенот на образованието, професијата, потеклото, економската ситуираност на семејството, личните склоности на поединецот, но, зависи и од условите кои ги нуди градската средина за слободно - временски активности. Нашата цел не беше прецизно да ги одмериме сите активности за кои се смета дека можат да бидат исполнети во слободното време.

Она што можеби е најкарактеристично за скопјани е тоа што најголем дел од слободното време го користат за одмор, скоро 40% од испитаниците изјавиле дека најголем дел од времето се одмораат, потоа следат домашните работи со приближно еднаков процент и гледање телевизија. Во слободно - временските активности, најмалку се застапени посети на културни инстутуции (кино, театар, концерт, со 12%), спортските активности со 10% и усовршувањето и стекнувањето на повисоки квалификации со 5%. Се разбира дека, на пример, посетата на институции од сферата на културата е најмалку застапено кај оние со понизок степен на образование, понизок приход по член на домаќинството и кај работничките занимања. Голем дел од времето, вон редовната работа, е ангажиран во дружење со роднините, соседите и пријателите. Скоро 65% од вкупниот број на испитаници (скопјани), најголем дел од времето го поминуваат во дружење со пријателите.

*Посета на институции*

На прашањето: "дали последнит месец (март,1993г.) сте посетиле некоја установа од областа на културата (кино, театар, концерт, изложба, библиотека), повеќе од половина испитаници изјавиле дека не посетиле ниедна. Најголем процент од оние кои не посетиле ниедна од наведените установи или манифестации се наоѓа меѓу претставниците на работничките занимања, меѓу постарите скопјани и оние со понизок степен на образование. Така, на пример, од оние со највисок степен на образовабие - осумгодишно училиште (90%) од оние со најнизок приход по член на домаќинството, (73%) од оние со над 45 годишна возраст, не посетиле ни една од наведените институции.

Можеби е неоправдано да носиме било каков заклучок од така поставеното прашање, но, нешто сепак неизбежно се наметнува како заклучок, а тоа е дека половина од испитаниците се исклучени од културниот живот на градот, тие се затворени во рамките на примарните групи. За нив слободното време е заробено меѓу активностите кои се неопходни за нормална егзистенција на човекот.

Задоволството од начинот на користењето на слободното време секогаш не зависи од тоа како објективно тоа да се користи! Тоа во голема мера го потврдува и нашето истражување. Имено, 55,4% (за 10% помалку) се незадоволни и не посетиле ниедна од наведените институции и манифестации. Најмногу задоволни од начинот на користење на слободното време се оние кои се најмалку ангажирани околу домашните работи, кои се занимаваат со некоја спортска активност, потоа, оние со понизок степен на образование, постарите и посиромашните скопјани.

Привидот на задоволството, од тоа, како се користи слободното време и животот воопшто во градската средина,

особено е присутен кај доселениците од село и поради тоа што е видливо објективното подобрување на вкупните услови за живот, а не поради тоа што промените се случуваат во сферата на задоволувањето на повисоките потреби за култура и самореализација.

## *Планирање на времето*

Планирањето на слободното време може да биде еден од важните индикатори за начинот на неговото користење и значењето што поединецот му го дава во својот живот. Резултатите од истражувањето ја потврдуваат корелацијата од задоволството од користењето на слободното време и планирањето. Оние кои го планираат слободното време, пројавуваат повисок степен на задоволство. Работниците, постарите скопјани и оние со понизок степен на школска подготовка не го планираат слободното време.

Што покажува нашето истражување?

Прво, дека слободно - временските активности за кои е потребно излегување од домот, кои претпоставуваат минимум материјални сретства се сосема малку застапени. Материјалната положба на семејството е најважниот фактор кој влијае врз начинот на користењето на слободното време. Економски послабо ситуираните, се повеќе слободното време го користат во кругот на семејството и соседството, во посета на пријателите, (она што не е поврано со материјани издатоци кои семејството не е во можност да ги обезбеди). Слободното време е приватизирано и не е во функција на социјализацијата на личноста на еден поширок план, на ниво на градот. Една поширока комуникација на поединецот со градските институции не постои или сосема е ограничена на мал круг луѓе. Од анализата за начинот на користење на слободното време, потоа од задоволувањето на културните потреби, воспоставувањето на неформалните односи, (тука влегуваат и разликите во потрошувачката како најзначајни

сфери од кои може да се дефинира "стилот на живот" на скопјани), можеме да го констатираме следното:

Начинот на користењето на слободното време, во основа е во духот на традиционалните вредности; во слободното време човекот и понатаму останува во кругот на примарните групи и главно служи за обнова на работната сила. Човекот најчесто е пасивен консумент на содржината на масовната култура, несвесен за својата положба и во постојана грижа за задоволување на егзистенцијалните потреби. Ова се однесува на најголем дел од жителите на Скопје.

Второ, најголемиот дел од вработените во слободното време го довршуваат "сопственото отуѓување" кое започнало во процесот на трудот. "Правото на градот " го вклучува во себе "правото на култура". Градот живее во имагинарната сфера на човековата ментална проекција и најпосле, втопеноста на поединцот во примарните групи, од една и се поизразената потреба на интересното групирање и комуницирање од друга страна, создава една состојба на "човек со две култури", каде практично не припаѓа ни на едната, традиционалната, која ја напушта и новата урбана, која се уште не е создадена.

### *Човек меѓу два света*

Во социолошката литература се сретнуваат повеќе дефиниции за поимот "соседство". Некои автори го определувват како "просторно - општествен сегмент на градот кој може да се обиколи со петнаесет минути слободно пешачење". Во рамките на соседеството се сретнува или би требало да се сретне прилично голема социјална кохезија, во која се присутни интензивни неформанли врски. Некои автори разликуваат "латентно" соседство кое е слично на "формалното", каде нема интензивни соседски врски, но, затоа пак постои подготвеност да се помогне и каде постојат "очигледни"

соседски односи и кое се разликува од "социјалното" соседство, кое изобилува со разни форми на меѓусоседска комуникација. Некои социолози сметаат дека целиот град се претвора во една "соседска единица", како резултат на брзиот транспорт, автомобилот и телефонот.

Нашата анализа на соседството главно е насочена кон согледувањe на значењето што на соседството му се дава во меѓусебната комуникација на луѓето во зависност од занимањето, школската подготовка, економскиот статус на семејството и староста на испитаниците.

### *Без соседите - осамени*

Прво, како што покажа истражувањето, најголем дел од скопјани на прашањето: "каков став имате спрема соседите", одговориле дека "без соседите би биле осамени и во големиот град не е лесно да се најдат пријатели". За таков одговор се определиле 69% од испитаниците, а пак само 10,1% соседите ги избегнуваат, на 7% од испитаниците соседите им сметаат поради тоа што сакаат сѐ да знаат за приватниот живот, а 1,1% имаат лошо искуство, се расправаат и постојано сѐ во судир поради различни причини.

Најпозитивно мислење за соседите имаат работниците со 78,1%, а најнегативно стручњаците со висока стручна подготовка со 50,9%. Соседите најмногу ги избегнуваат приватниците, а најмалку работниците. Во однос на степенот на образованието испитаниците со понизок степен, врз основа на нивното искуство со соседите имаат далеку попозитивно мислење од оние со повисоко образование. Скоро 1/6 од испитаниците со ВСП ги избегнуваат соседите за ралика од оние со основно образование, кои само во 7,5% го прават тоа.

Ако "соседското искуство" го доведовме во врска со висината на приходот по член на домаќинството, се покажува дека на оние со понизок доход многу повеќе им е

потребно соседството од оние кои живеат во семејство со високи приходи. Само нешто повеќе од половината од вкупниот број на оние со највисок приход по член на домаќинство сметаат дека без соседство би биле осамени, за разлика од оние со најнизок приход кои во 81,3% сметаат дека без соседи би биле осамени.

Еден од најважните показатели дека меѓу соседите постојат добри односи е зачестеноста на меѓусебните посети. На прашањето: "дали ги покануваат и колу често соседите во станот - куќата", 25,5% од вкупниот број одговориле дека тоа го прават секојдневно, што значи дека секој четврти испитаник во текот на денот или ги посетува соседите или тие доаѓаат кај него, што е навистина зачудувачки голем процент. Најголемиот број, нешто повеќе од 2/3 одговориле дека тоа го прават понекогаш, а сосема мал дел дека соседите ги посетуваат само на празници (3,4%).

Ова истражување само ги повторува резултатите од слични истражувања правени пред неколку години на примерот на Скопје, дека се присутни интензивни соседски односи и дека можеме да говориме за една состојба на "затвореност во рамките на соседските групи". Една од причините за оваа состојба е неможноста да се комуницира со институциите на градот, да се партиципира во градската култура и најпосле, да се прифати урбаниот начин на живот како предизвик, но и како "нужност".

Во таа смисла соседството може да се разбере и како протест против сиромаштијата на секојдневниот живот, но, и како резултат на немоќта да се учествува во културата на градот на еден поширок план. На пример, во приградската средина социјално соседство се јавува како "општа гаранција" за човековото успешно прилагодување во новата средина.

*Мозаик на сйоени села*

Наспроти многубројните критички забелешки за модерниот град како место на целосно отуѓување на човекот и сѐ поприсутните неразвиени соседски односи, во спонтано формираното приградско подрачје, каде претежно се населени селски мигранти, проблем е како да започне процесот на слабеење на неформалните односи, кои исклучиво се поврзани со примарните групи, соседството и семејството, односно како да се “неутрализира“ улогата на соседството и како да започне еден процес на социјализација на поширок план, како процес на комуникација со градските институции. Соседството би требало да биде само една од формите на човековата комуникација остварлива во границите на човечките примарни односи, без претерано нагласување или сведување на целокупниот живот на човекот во слободното време, на ниво на населба.

Ако “личниот избор“ на пријателите со кои се комуницира го земеме за типично градски начин за воспоставување на меѓусебни односи, тогаш претераната застапеност на роднините и “земјаците“ во социјалниот круг на пријателите говори за тоа дека тој круг е затворен меѓу оние со кои се доаѓа во контакт, не по “сопствен“ избор, туку врз нужни средби и познанства. Соседството како социјална група во тој поглед не се разликува многу од традиционалните односи во руралната средина за која крвното сродство и територијалната блискост сѐ две најважни форми на воспоставување блиски односи. Скопје во тој поглед може да се набљудува како “мозаик“ од меѓусебно просторно споени села, особено тоа се однесува на приградското подрачје.

Пасивноста во јавниот живот, односно повлеченоста во рамките на семејството и соседството го пополнува човековиот јавен ангажман. Во тие околности анонимноста и отуѓеноста на човекот не се базира на “урбанитетот“ кој го детерминира карактерот на таа ангажираност.



*Остатоци од историскиот град - Ново Маало 1995 г.*

"Анонимноста" останува во рамките на примарните групи, како и затвореноста во секојдневниот живот која останува во рамките на населбата каде ништо значајно не се случува, а кое има пошироко значење (нема културни институции, центар, симболи, настани, јавни и уредени простори за колективна игра, одмор или разонода па дури и тротоари за нормално движење). Единствено место каде човекот може да излезе од семејниот просторен социјален круг е соседството или пријателските групи, но кои најчесто

завршуваат таму каде што и почнуваат, во станот. Влезот во "урбаноста" се манифестира како посета на "центарот на градот" во безлично втопување во градот и како пасивен конзумент на масовната култура. Тоа не води кон заклучокот, дека, "социјалното битие" на Скопје, како голем град во суштина останува и натаму рурално, традиционално канализирано, што создава услови за маргиналност на човекот меѓу две култури и два света, но фактички не припаѓајќи никаде; формално на големиот град, како дел од територијалните, социјалните или функционалните групи, а реално, носејќи ја со себе традицијата која оставила длабоки траги во неговата психа.

## *Центар на светот*

Во услови на целосна централизација и концентрација во најголемиот дел од културните, услужните, финансиските, деловните, угостителските и останатите институции, установи и објекти на просторот на потесното подрачје на градот, логично се поставува прашањето за значењето на посетата на центарот на градот во текот на денот, неделата или месецот. Факт е дека периферијата на градот целосно е запоставена и несоодветна за задоволување на основните потреби на населението, а посебно тоа се однесува на задоволувањето на културните потрби. За Скопје карактеристично е што во центарот на градот се изврши целосна концентрација на градските институции и дејности што е претпоставка за негова честа посета на жителите кои живеат надвор од центарот, за да се задоволат повеќе потреби кои не можат да се задоволат во блиската околина или во населбата во која живеат. Зачестената посета на центарот на градот, меѓу другото значи и користење на дел од слободното време кое е поврзано за културната разонода и забава, а тоа значи и целосно прифаќање на градскиот начин на живот и

вклучување во културата на градот што има значење и за процесите на социјализацијата на личноста.

Во оваа прилика интересно е да се истакне и тоа што за центарот на Скопје не постои студија или нешто слично, што би укажувала на целите и значењето на неговата изградба. Неговата замисла не била стручно доволно јасно поставена. Едноставно, тој се формирал по некоја "аналогија" на слични градови по големина и значење.

## *Центарот - излог на стоки*

На просторот на Скопје и неговата околина не постојат локални центри кои би имале некоја поголема вредност и значење. Нивното отсуство е можеби еден од најголемите недостатоци во изградбата на градот. Планот од 1965 год. предвидуваше изградба на пет-шест центри во приградското подрачје, но тие не се реализираа. Нивната изградба во иднина би ја редефинирала положбата на главниот центар и би овозможила нов распоред на урбаните функции, особено на институциите од областа на културата, но и институциите од сферата на финансиите, управувањето, образованието и слично.

Да погледаме каква е посетеноста на центарот на градот и поради што најчесто тоа се прави и кои социјални групи го практикуваат тоа. Посетета на центарот варира во зависност од целта која сака да се оствари и припадноста на определени социјални групи. Така на пример, задоволувањето на некоја потреба од сферата на културата (кино, театар, концерт, изложба) најмалку е практикувана од оние со работнички занимања, со низок доход, со низок степен на образование и оние кои живеат на периферијата на градот (Маџари, Сингелиќ, Бутел).

Центарот најчесто се посетува поради купување на стоки за широка потрошувачка, само 30% тоа не го прават, 35,9% често, односно, тоа го прават секојдневно. Не впуштајќи се во подетални анализи за потребата да се оди во

центарот на градот, се наметнува заклучокот дека градот (неговиот центар) живее во сферата на "видливите" вредности на материјалната култура "како излог на стоки". Центарот не се доживува како културно средиште на еден голем град со повеќе од половина милион жители.

Имено, средиштето на градот во социјална смисла е место каде нешто се случува или би требало да се случува и поради тоа градот се идентификува со неговиот центар. Посетата на центарот од страна на оние кои живеат подалеку од неговите граници не мора да значи дека е мотивирана од некоја конкретна потреба. Потребата да се биде во центарот на градот е длабоко психолошки вкоренета кај градските жители. Особено тоа има значење во услови кога е видлива поделеноста меѓу центарот и периферијата како што е случај со Скопје.

Дали процентот на оние кои ретко или никогаш не одат во центарот на градот, едноставно да прошетаат, (45% од вкупниот број анкетирани) го сметаме за многу голем или пак многу мал, е прашање и за тоа што очекуваме од слободната прошетка? Тоа е поврзано со многу други димензии на урбаниот живот кои не се однесуваат само на економскиот статус на поединецот.

Исклученоста на најголемиот дел од населението од културата на градот доведува до приватизација на животот, до затворање во рамките на примарните групи, соседството и семејството. Фактот што 1/4 од испитаниците многу ретко излегуваат од домот и едноставно задоволуваат некоја потреба од спорт, рекреација или прошетка, а половина од нив ретко или никогаш тоа не го прават во центарот или некој друг дел од градот, говори за "урбаниот стил на животот на скопјани". Зачудува фактот, на пример, што испитаниците од некои населби повеќе се ориентирани кон тоа слободното време да го користат во исполнување на некоја слободно - временска, спортска, рекреативна активност надвор од домот, како на пример, од населбата Бутел I, за разлика од некои други населби, каде тоа многу ретко се практикува, на пример во населбите Топаана,

Автокоманда, Чаир. Секако дека во тоа големо влијание има степенот на уреденоста и на урбанизираноста на населбата, типот на градба, постоењето на минимални услови (слободни простори, зелени површини, игралишта и сл.). Непостоењето на центар на населбата (во симболичка смисла) има голема улога во идентификацијата на луѓето со местото каде живеат, а тоа влијае и врз користењето на слободното време во рамките на населбата.

### *Дали постои пријатно место*

Основното прашање кое си го поставуваме во истражувањето е содржно во следното: дали просторот во населбата (изграден или празен) скопјани го доживуваат како нешто кое непосредно ги поврзува, ги "сродува" и ја формира нивната социо-емоционална перцепција, како "нивен простор" кој субјективно го доживуваат во него, кога нешто работат или едноставно се одмараат, слободно шетаат и слично? Се разбира, дека од одговорот на неколку поставени прашања нема да го објасниме проблемот во целина. Нашата цел е остварена само ако укажеме на некои феномени кои се разбира треба да бидат предмет на покомплетни истражувања, не само од страна на социолозите.

Првото прашање кое беше поставено на испитаниците се однесуваше на населбата: "дали во населбата во која живее испитаникот постои некое место каде би можел да помине пријатни моменти". Од понудените три можни одговори, ("главно сум врзан за сопствениот стан", "нема такво место", "има такво место"), само 1/3 од испитаниците одговориле дека постои такво место, 1/4 дека претежно се врзани за сопствениот стан-куќа, останатите 42,2% одговориле негативно, дека такви места каде би се чувствувале пријатно, едностано нема во нивната населба. Најголем процент од оние кои негативно одговориле на прашањето живеат во населбата Бутел I

(76,2%), потоа следат населбите Топаанско Поле (66,4%) и Ѓорче Петров (54,5%), а највисок процент на позитивни одговори се регистрирани кај испитаниците од населбите Маџари и Сингелиќ, 44,1%, потоа Автокоманда,Чаир и Гази Баба со 43,6%. Очигледно е дека во новите населби на колективна градба и приградски населби на индивидуални, претежно со бесправна изградба, отсуствуваат објекти / места кои би имале нешто повеќе од функционално и симболичко значење. Ова само ја надополнува општата претстава дека е присутен висок степен на приватизација на животот, односно, затвореност во примарните групи, дека населбата не е и "социјална средина", дека таа не се чувствува како "своја". Интересно е да се потенцира и тоа што највисок процент на негативни одговори има меѓу испитаниците до 30 год, со над 50% негативни одговори. Високиот процент на негативни одговори (53,1%) на оние со најнизок доход, можеме да го интерпретираме како „објективна критичност" затоа што тие најмногу се упатени на "употреба" на просторот во непосредната околина на станот. Слично е и со оние со низок степен на образование: само 15,1% сметаат дека во населбата има места - простори каде човек може пријатно да се чувствува, наспроти 40% од оние со висока стручна подготовка, а го мислат истото.

### *Симболи во населбата*

Ако одговорите на претходното прашање се однесуваат на "функционалната страна на просторот", одговорот на прашањето: "Дали во населбата постојат симболи по кои се идентификува населбата и кое ја разликува од другите", се однесува на менталната слика за просторот. Скоро 2/3 од испитаниците сметаат дека населбата во која живеат нема никакви симболи, или нешто што укажува на нејзината посебност. Во однос на ова испитаниците од новите колективни населби и приградски

населби во над 80% не можат да наведат ниеден симбол кој би асоцирал на нивната населба!

Перцепцијата за "пријатен простор" е во функција на урбанитетот, сфатен како "густо населен и изграден простор", и произлегува од човековата потреба за слободно движење, средба со пријатели и познати, простор за социјализација, потреба од друг човек.

Ако судиме само врз основа на овие, засега единствени сознанија (за субјективните претстави на скопјани за својот град и својата населба), нема да претераме ако речеме дека се формира град (животен простор) надвор од потребите, желбите и интересите на луѓето кои го населуваат. Тие често се изгубени во него и не го препознаваат сопственото место во кое живеат. За жал, планерите на Скопје ниту еднаш по катастрофалниот земјотрес сериозно не расправале за "обичниот" човек и неговите проблеми. Скопјанецот секогаш беше само "единица во просторот" која по некои светски стандарди просечно треба да има толку и толку станбен простор, зелена површина, тротоари. Но, Скопје е премногу сложена реалност за него да се говори само со јазикот на експертите и просеците за да се разбере барем дел од она што реално се случува со луѓето кои го населуваат.

## *Скопските маала - идентификација во просторот*

Маалото - го означува оној дел од градот каде сѐ уште традиционалната комуникација е можна во една непосредна - човечка форма. Тоа е препознатливо по начинот како е изградено - најчесто индивидуално домување со простори каде, пред сѐ, во една физичка смисла е можна комуникација, без посредување и каде спонтаноста во комуникацијата е разбирлива сама по себе. Но, маалото не го формира само амбиентот на физичката структура, туку, пред сѐ, тоа е простор одреден со афективна

идентификација на оние кои го населуваат. Во услови кога градот се шири - демографски и просторно - маалото претставува енклава на еден свет кој неповратно исчезнува. Маалото во социолошка смисла секогаш се наоѓа меѓу "новото" и "старото", тоа е тврдина на добриот живот, кој се уште останал неначнат од продуктите на новото време.

Кога говориме за животот во маалото, секогаш пред себе ја имаме претставата за животот во големиот град, за животот во неговите колективни населби и населбите на индивидуалните градби, но кои го немаат "маалскиот амбиент".

"Маалскиот амбиент" не е значаен само за оние кои се внатре, за луѓето кои се тука родени и одраснати, туку, пред се, за оние кои доаѓаат однадвор. Менталната слика за духот на местото ја формира силата на идентитетот на просторот каде егзистираат повеќе центри или точки околу кои се остварува социјалниот живот. Вредноста на идентитетот на просторот ја формираат луѓето како претставници на одвоени социјални групи или групи по етничко или некое друго обележје, ја формираат луѓето кои привлечени од вредноста на местото, доаѓаат независно од своите конкретни карактеристики.

Вредноста на традиционалниот маалски живот кој, за жал, се потешко се задржува во денешните градови беше формирана од рационалноста на општествените контакти и од различниот состав на социјалните и етничките групи.



MH 5110



*Колективно домување*

Тоа што маалото, внатре во себе етнички е хомогено и социјално еднородно, не создава тензија во однос на околниот свет. Во наши услови, низ историјата, долго време, сè до втората половина на дваесетиот век, животот во маалата пулсира без агресивните намери за околниот свет.

На маалската психологија и се туѓи "малограѓанските" манири. Маалскиот ментален амбиент има социјализаторска, неагресивна, творечка улога во животот на луѓето. Тој формира луѓе со препознатливи особини и секогаш претставува работилница на јасно формирани карактери и во неговите граници луѓето секогаш ја играат својата вистинска улога и најчесто се чувствуваат како целосни личности. Затоа и се смета како повисок облик на човековото живеење. Но, тоа е ретко остварливо во новите населби каде ја нема таа препознатлива амбиентална социјална лабораторија на формирање на личноста.

Урбаниот човек ја игра својата улога на "парче" и во текот на еден ден мора да ги става или менува маските, во

зависност од улогата која ја игра во дадениот момент. Маалските деца уште во раните години ја започнуваат потрагата по живот, многу подраматично и посмело од децата од солитерите, каде скалите и лифтот се центар на светот, а не тесните улички и дворовите како јазли на социјалниот живот. Менталниот неред кај "солитерските деца" започнува уште со првите чекори, а по обичај значи забрана и страв. Детето е заточеник на телевизијата, агресијата и затворениот простор. Тоа и да сака, не може да избега од домот, напуштајќи го прагот ја напушта сигурноста која е разбрана само како физичка сигурност.

Прашањето за тоа дали и во кој степен градот го формира и одржува "човечкиот идентитет" е прашање кое длабоко навлегува во карактерот на едно место (како дел од градот). Нивото на егзистенцијалниот простор го формираат, станот, неговата околина и градот како целина; маалото посредува меѓу градскиот свет и домот, меѓу космосот и огништето. Ако човекот во големиот град не ја посредува својата егзистенција и директно ја транспортира од интимата во домот во безличниот свет на градот, тогаш најчесто градот го доживува непријателски, а во домот - станот, полека, но сигурно се уништува интимата на заедничкото живеење. Телевизијата, телефонот, системите, видео игрите и сите помагала за „убивање" на времето и досадата, помагаат за поврзување на човечката егзистенција директно со надворешниот свет, но без физичи допир на луѓето.



*Дел од старата скопска чаршија*

Во суштина, маалската ментална проекција на животот е можна во сите ситуации каде луѓето комуницираат директно, без посредници. Контактот ја губи "човечката димензија", се губи спонтаноста на животот. Носталгијата за маалскиот живот е знак дека е изгубена човечката мерка, дека се формираат или веќе се формирани нови мерила кои сè повеќе маалото го претвораат во свет на отуѓени луѓе. Сурогат за тоа се паланечките нус - производи, контакти без содржина, најчесто малограѓански озборувања и состојби на завист или контакти од материјален интерес.

## *Маалото е првото скалило во социјалниот живот*

Куќата - домот ни покажува каде сме, од каде доаѓаме и каде треба да се вратиме, маалото е првото скалило кое не упатува кон освојување на светот.

Што покажуваат социолошките истражувања на Скопје, градот со најмногу уништени маала и воедно град без формиран идентитет на "свети места", собиралишта на

луѓето или празнични места. Сѐ чини дека скопјани по земјотресот (скопјани е недефинирана категорија, а овде се мисли на луѓе од маалата) ја загубија ориентацијата спрема која се движеле по светот.

На прашањето дали можат да ја идентификуваат својата позиција во просторот (надвор од домот), освен неколку места (Камениот мост, паркот (!) или објекти (многу помалку), најголемиот дел од скопјани се убедени дека такво место во Скопје нема. Тоа уште помалку го има во населбата во која живеат; едноставно не се формирани репери во просторот, немаат жариште на животот, кога ќе се најдат надвор од домот, а се упатени на заеднички простор. Или ако посакаат да прошетаат слободно, а сепак да се почувствуваат како луѓе кои се свои и еднакви меѓу себе, за скопјани најчесто такво место нема. Нема место за празник, за свечености, ослободени од тоа дека мора нешто да купат или имаат некоја материјална потреба. Кога "човекот од маалото" ги "мери" улиците по којзнае кој пат, тој не се соочува со монотонијата на животот или со очекуваните случки. Она што животот го прави неповторлив не е економската физичка структура,туку, неповторливоста на социјалните контакти. Постои еден тип на "периферија на секојдневието" што се изразува низ дијалозите, на драма која трае бесконечно. Тоа го потврдуваат многубројните истражувања за потресите и траумите на луѓето од маалата кога треба да се преселат на некое друго место, особено за постарите, но и за децата, кои уште долго навраќаат на местото од каде морале да заминат.

### *Квартови без чувство на дом*

Во Скопје, за жал не се реконструира ни едно од старите маала, каде би бил задржан духот на местото, како за оние кои се "внатре", така и за оние "надвор". Реконструкцијата не подразбира само физичка слика на местото, туку и создавање на мноштво претпоставки тоа

место и така да живее кај неговите родители. Сѐ уште го нема квартот каде ќе се почуствува градот како дом, нешто што како кај старите египќани, ќе биде блиско и топло, нешто кое како да го гали човекот. Тоа е уште потешко за оние кои се родени во градот, кои во градот го бараат својот дом на отворено, ги препознаваат знаците на светот за кој мечтаеле, го препознаваат светот на своите соништа.

Ако Скопје го погледнете "однадвор" се забележува еден прстен на кој се нанижани десетици маала - "села" кои ги формираат луѓе од ист крај, слични во своите навики, социјално изедначени. Навистина, сѐ чини дека станува збор за една идеална креација на социјални сили, кои создале места - центри, кои се близу до нашиот поим на маало како средина на среќниот живот?

Светот кој формира "спонтан урбанитет", наспроти планскиот, може да се смета во социолошка смисла од повисок ранг, но тој во исто време ја уништи или ја уништува идејата за градскиот живот. Повеќе го нагласува тесниот, паланечкиот и малограѓанскиот дух, а помалку градскиот поглед кон животот. Наместо повисок ранг најчесто се сретнуваме со сиромаштијата на животот, како ослободување од "нешто", а не слобода за "нешто". Периферијата на градот во физичка смисла навистина е "маалска" и спонтана со човечка мерка и блиска до луѓето, но сместена во еден поширок контекст, таа е средина која скоро секогаш е урбанистички хаотична, социолошки малограѓанска, исполнета со неизвесност и е ограничувачка. Човекот од таа периферија не е "човек на маалото" како социјална лабораторија на луѓе со јасни карактери, туку едноставно луѓе кои бараат спас и начин да решат дел од егзистенцијалните проблеми. "Спонтаниот урбанитет"ја нема универзалноста на духот, потребата од урбаната култур, туку пред се, е затворен во кругот на примарните групи, а градот го чувствува како нешто апстрактно и туѓо.

Прашањето, за маалото во урбанистичката и социјалната имагинација има смисла да се постави барем од неколку причини:

Прво, сè повеќе стануваме свесни дека човекот во големиот град сè повеќе ја губи смислата за спонтаност, ја губи човечката мера на комуникација и најпосле, го губи сопствениот идентитет. Човекот сè повеќе живее во место кое нема име, значење, симболи, се губи идентитетот на местото. Сивилото на животот е комплетно.

Второ, маалото е се повеќе ментална категорија, со препознатливи објекти. Секое препознавање во просторот, во егзистенцијалниот простор, за човекот значи дека се наоѓа во центарот од каде поаѓа во светот и каде секогаш ќе се навраќа. Сликата за светот нужно е определена од сликата на светот околу себе. Секое мечтаење за подобар свет во себе, го содржи моделот од кој се поаѓа.



*Урбанистички хазард - непланиран дел од градот*

Трето, маалото е сегмент во градот во кој живееме. Кон градот секогаш се движиме, го препознаваме и вреднуваме од местото во кое секојдневно се навраќаме. Градот во себе ја содржи апстрактноста на животот, а маалото неговата конкретизација и смисла..

*Логосот и хаосот во просторот на градот*

Се претпоставува дека т.н. акумулација на капиталот базирана врз социјалистички и колективистички начела има нешто заедничко со акумулацијата од капиталистички тип. Но, сепак, за првата колективистичката власт некои законитости, кои, кога говориме за хаосот и логосот во просторот, како две спротивставени суштини, во формирањето на просторот, сѐ добива впечаток дека се целосно помирени, каде рационалното се изгубило. Формирањето на урбаниот простор се случува низ еден процес каде главно влијание има бирократско - волунтаристичкото самоволие, како антивласт на политичките сили, кои во просторот го реализираат она што го замислиле во нивната "револуционерна мисија". Од таа, како што се сметаше со "најпосле пронајдена форма на општествените односи", градовите се стекнаа со ред и поредок како резултат на една унифицирана урбанистичка идеја која требаше да ја проектира новата власт и моќ и новите политички сили и односи во просторот, се изградија монументални здании во центрите на градовите, се стремеше кон нешто кое ќе ја овековечи славата и силата на новите владетели. Македонија во тој поглед има свое место во светската енциклопедија на урбанистички чуда, го создаде Скопје на сметка на остатокот на Македонија, го создаде центарот на Скопје на сметка на остатокот на Скопје, го централизира и хомогенизира животот до тој степен што тој започна да се згрозува и во нормалната комуникација меѓу Скопје и остатокот. Таа состојба ги доближи хаосот и логосот до степен на апсурдно

изедначување, она што требаше да го хармонизира животот и да го доближи македонското општество до тековите на современата цивилизација, во суштина заврши само како модернизација на сиромаштијата. Формата, сè чини, остана урбана, но суштината битно не се промени: промената на начинот на живеење од едно, "заостанатото, традиционално селско општество" во друго, "урбанизирано, градско, цивилизирано општество", кога се обидуваме да ја лоцираме во просторот на градот, особено на поголемите градови и во единствено најголемиот град, завршува како трагедија на македонскиот идеал за слобода, завршува како поделен град на цивилизации, кои тука се допираат, но не се испреплетуваат, нити пак имаат нешто заедничко!

Ако за миг нурнеме низ историјата на градовите, една вистина е неминовна: за општествата кои не изградиле градови, не знаеме ништо, тоа е разбирливо, но општествата кои се поделиле во градовите, често нивните градови завршувале како урнатини, а тоа е трагедија за народот!

### *Логосот како утопистичка, а хаосот како неизбежна судбина на градот*

Едно од основните прашања, кое често се сретнува во литературата, во урбанистичката, пред сè, а и во социологијата, е прашањето за односот на просторот и општеството во градот или кажано поинаку, колку човековата рационална, планска активност може да влијае врз хармонизирање или создавање на такви урбанистички целини, кои би имале благотворно дејство на начинот на живот, на реализацијата на човековите потреби.

Ако направиме една експертиза на урбанистичките планови последниве неколку децении, ќе го препознаеме логосот како утопистичка проекција и хаосот како реална неизбежна судбина и во тој однос голем дел од македонските градови имаат место во енциклопедијата на светските урбанистички чуда. Имено, планот или

плановите ја потенцираа желбата на новите класи за град како материјален израз на општествените односи. Кога ќе погледнеме подлабоко во суштината на тие односи, ќе




*Остатоци на времето во просторот на Скопје детал од Маџир маало (централно подрачје)*

видиме дека зад големите цели на Планот стои желбата на владеачките класи: планирано апстрактно за некои непостоечки, статички, просечни луѓе, практично реализирани потребите на владеачката елита. Планерите

најчесто беа само залажувани со “нивната мисија“ во изградбата на градот како стручњаци кои “независно“ од политичката елита ја креираа претставата за идното општество. Денес тешко ќе разбереме некои состојби во урбанизмот на Скопје, освен како самоизмама на оние кои биле на власт, како нивно бегство од реалноста, но и како задоволување на нивните егоистички интереси. Во оваа состојба на двостепена логика на хаосот сѐ чини, сѐ изгледа нормално. Прво, прогресот се изедначува со сѐ она кое носи било какви “урбани особини“. Настапува период на модернизација на животот, традицијата, религијата и се она што било создавано со векови низ историјата, се прогласува за непожелно, назадно, а со тоа и непотребно. Во тој однос македонското општество е редок пример на радикална трансформација, каде традиционалниот систем на вредностите е да се “урбанизира“ просторот и општеството се претвара во недефинирана, обезличена просторно - социјална стварност, која завршува како трагедија за мнозинството на оние кои живеат на периферијата на големиот град. Таа периферија најчесто се формира спонтано како уточиште на оние кои тргнаа да го реализираат сонот за добриот живот. Но, градот завршува како последен дел од пеколот!!!

Сѐ чини дека урбаната стварност на македонското општество како да нема свои специфичности, во рамките на несреќниот свет на неразвиените, во рамките на оние земји кои прогресот го изедначија со преселување на голем дел од населението од селата во градовите. Она што можеби е карактеристично за македонската стварност е тоа што таа се создаваше како дел од една поширока заедница, која со осамостојувањето како посебна држава, остана да живее само со негативните последици, отколку со позитивните предности, но тоа е друга тема.

*Планериѿе се добронамерни, но шѿо сѿанува со йеколоѿ*

Кога ќе ги погледнеме целите кои се поставени со Планот на градот (ги има неколку) на било кое ниво, сѐ чини дека не е во прашање добрата намера на планерите; кога ќе погледнеме во методологијата на неговата изработка ќе ги препознаеме лењирот и конецот како последен збор на технологијата на планирањето, кога ќе се соочиме со резултатите, тогаш пред очи ни се појавуваат немоќта, заблудите и наивноста на планерите; тие беа и останаа само, продолжена рака на моќта, која сопствениот интерес го трансформира и обликува како општ. Планерската активност, која перфектно произлегува од умот и рационалноста, од светските искуства, критериуми и параметри, како практична операција, се претвора во хаотична, нереална, погрешна активност која не успева да ги следи промените во општеството, пред сѐ во економијата, правото и политиката. Планот мотивиран од добри намери и уште подобри надежи и перспективи, се претвори во сегмент кој ја уништи креативната иницијатива на луѓето, која ако беше контролирана и насочувана, можеше да даде далеку подобри разултати во изградбата на градот.

Да се вратиме на она што значи поделеност во просторот, посматрано од аспект на припадност на луѓето кон одделни етнички и религиозни групи. Кога се движиме низ град во кој препознатливо е присуството на повеќе етнички групи, сѐ чини дека се движиме низ светови во кои се препознатливи разни урбанистички и архитектонски симболи, правила на живеење и однесување, едноставно го препознаваме "духот на местото", кое произлегува од особините на конкретната етничка и религиозна група. Би било нормално богатството на урбанистичките и архитектонските форми во секој поглед да ја задоволи нашата потреба за разновидност; уметничкото доживување

и доживувањето на една слика на градот која го збогатува нашиот дух и ја оплеменува нашата душа. Наспроти тоа, сегрегацијата во просторот, на примерот на нашите градови, значи, пред сè, за мнозинството, меѓусебна изолација, гетоизација, одвојување, психолошка потреба да се остане затворен во "својот свет", во својата културна матрица.

### *Сегрегацијата ги подготвува луѓето за борба за простор*

Урбанистичкиот поредок и социјалниот систем во просторот каде доминира една етничка или религиозна група ја јакне, наместо да ја ослабува одбивноста спрема другите, а разновидноста и богатството на културниот израз го претвора во хендикеп, го ослабува и уништува урбаниот амбиент и луѓето постепено ги подготвува за борба за простор, ги симнува на понизок стадиум во елементарна, ирационална борба за опстанок.

Тоа што престанавме, (дали воопшто некогаш и сме почнале), да трагаме за некои форми кои би обезбедиле трпеливост во рамките на еден заеднички простор на различни етнички или религиозни групи, пред сè, е резултат на човековите предрасуди, на ирационалниот страв човекот да се соочи со реалноста. Така во главниот град на нашата држава постои едно од најголемите цигански гета во светот, најголемиот дел од албанското население е целосно хомогенизирано, центарот на градот е поделен и најпосле градот се приближува до границите на една критичка поделеност на нетолерантни групи. Разрешувањето на противречностите кои се таложат во ткивото на македонското општество, ќе се случат во форма на "урбана драма" на просторот на Скопје

Логиката на ирационалниот хаос, во урбаниот простор на примерот на Скопје, резултира од тоталното отсуство на стратегијата на урбаната политика, од

чувството на немоќ и разочараност, до практична потреба на мнозинството, кои во гетоизацијата го гледаат спасот за себе и за свиоте поколенија.

Најпосле, хаосот дојде со почетоците на новиот систем на пазарната економија. Периодот на транзиција во урбаниот простор веќе создаде една состојба во која државата, занесена и приморана да го земе својот дел од профитот, почнува да заборава на елементарните потреби на луѓето. Неколку години се мал временски период за да ги препознаете ирационалните потези и во просторот на градот. Но, ако внимателно го насочите погледот на некои простори изградени и уредени по некои привремени принципи и правила, ќе забележиме дека тој процес веќе започнал. Се работи за еден процес на тотална комерцијализација, која признава само добивка, не водејќи сметка за општите интереси и во тој поглед Скопје е несреќен град на свој начин. Кој е тој што ќе го плати средувањето на урбанистичкиот хаос на центарот на Скопје со над десетина илјади субстандарди, станбени објекти, па и цели населби од типот на Топаана, Гази Баба, Чаир или повеќе маала кои заборавени егзистираат како ништо да не се случува околу нив! Ако во т.н. договорна, непазарна економија можело со силата на државната централизација, дел од материјалните средства да се насочуваат и во непродуктивни, непрофитни цели за профитната економија, тоа е навистина проблематично.

## *Влезот на големиот град*

Ако "централниот град" остана да се распаѓа и се загушува во руинираноста на физичката структура, како реликт на минатото и во него се помеша историјата и религијата со идеологијата и урбанизмот, во приградскиот дел, во кој главно се формираа "дивите" населби, се концентрира најголемиот дел од селското население кое се задржа на "влезот на големиот град", оставено самото на

себе да ги решава горливите прашања на сопствената егзистенција.

Кога се напушти идејата за обнова на запуштените населби и се напуштија основните стратешки идеи на планот од 1964 г, а најголемиот дел од мигрантите кои се слеваа во градот беа оставени самите на себе, градската бирократија почна да се однесува по законите на сопствената логика: меѓу светот на "дивите" населби и запуштените централни делови започна да го гради сопствениот свет видлив во монументалните јавни објекти, во раскошот на елитните населби и новите населби на индивидуалната и колективната станбена изградба. Со тоа насоките на развојот беа сериозно поместени уште пред да почне да се реализира планот на светските архитекти и планери!

Бесправниот начин на градба е само дел од "големата обнова на градот", но на еден сосема погрешен начин. Најголем дел од оние кои дојдоа да го обноват градот, со еден дел од своите постапки ја разградуваа неговата иднина. И по скоро три децении од катастрофалниот земјотрес, скоро секој трет стан во Скопје е бесправно подигнат, скоро секој петти е неподобен за живеење, повеќе илјади семејства сè со нерешено станбено прашање, половина од градските површини неорганизирани, уништено е најплодното земјиште на скопската котлина.

Социолошката димензија на бесправната станбена изградба произлегува од сознанието дека се работи за "самоиницијатива на граѓаните од втор ред" во решавањето на станбеното прашање со сопствени средства поради тоа што не добиле стан од општеството или сè без шанса да го добијат. Причините за бесправната станбена изградба се многубројни. На глобално ниво тоа се главно масовната миграција на селското население во градот, неадекватната регионална политика и погрешната станбена политика, а на локално ниво, (поконкретно за Скопје), напуштањето на урбаната обнова на стариот дел, неадекватната земјишна политика, насочена кон освојување на плодното земјиште

за станбена изградба, отсуството на контрола од страна на општинските власти, недефинираните цели во станбената изградба и најпосле напуштањето на целите на планот од 1965 год.се меѓу најзначајните причини.

Анализата на обемот на бесправната станбена изградба покажува дека на просторот на градското градежно земјиште во почетокот на 80-тите години таа се распростира на околу 700 ха и е присутна во сите делови од градот подеднакво и на периферијата и во центарот.

## *Нападнат град*

Во суштина околу градот е формиран прстен на десетици диво изградени населби, каде Планот предвидува друга намена. На пример, на просторот на северниот стопански реон Скопје-север (Бутел I, Бутел II, Топаанско Поле, Радишани) на околу 40 ха подигнати се повеќе населби кои се пречка за веќе планираните објекти од интерес на градот. Слична е и состојбата со Јужната и Западната индустриска зона каде на десетина локалитети се подигнати диви населби, потоа во централното градско подрачје на локалитетите Чаир, Гази Баба, Топаана. За тоа ќе говориме на друго место од нашата анализа.

На локалитетите на кои се планирало заштитно зеленило и рекреативни зони, во последните петнаесетина години се изградија стотици станбени објекти со голема материјална вредност, што говори за економската положба на нивните градители. Спротивно на тоа, на терените во близината на индустриските капацитети се лоцираа претежно претставници на работничките слоеви.

Практично не постои ни еден дел од градот кој не е нападнат од бесправната станбена изградба и каде нема формирано населба која претставува социо-просторна целина. Просторот е интензивно изложен на самоволието на поединци, на приватни интереси кои групирани на едно место формираат жалосна слика на градот.

Не навлегувајќи подлабоко во проблемот на “дивите градби“ и како тоа во иднина да се спречи, прашањето кое денес се поставува се однесува, како во изградените населби, како во социо-просторни целини, да се интервенира и тие да се доведат во “нормална“ состојба и да се спречи нивното натамошно ширење, што најчесто доведува до тешки последици во реализацијата на планираните содржини.

Пред се, потребно е да се изработи една целосна програма за реконструкција на бесправните населби од повеќе аспекти, а со цел да се создадат минимум услови за живот, кој пред се, вклучува отстранување на станбениот субстандард. Тоа пред сè, претпоставува и целосно преиспитување на станбената изградба и начинот на планирање на градот.

## *Просторно омеѓени култури*

Причините за сегрегацијата на населението во градскиот простор во зависност од етничката припадност, за разлика од сегрегацијата која се базира на социо - економските белези се различни, што не значи дека овие два типа сегрегација се целосни и независни еден од друг.

За разлика од сегрегацијата на социо - економска основа, етничката сегрегација не ги “признава“ материјалните фактори како основа. Некои социолози сметаат дека сепак економскиот статус на семејството е основен и најважен фактор за избор на местото за живеење во рамките на градот!

Етничката сегрегација во просторот на градот за резултат ја има состојбата во која припадниците на една етничка или народносна група, без разлика на имотниот статус, степенот на образование или разликите кои произлегуваат од занимањето, се сконцентрирани само во еден или неколку делови од градот, односно, нивното присуство во другите делови е симболично.

Потребата да се живее во близина на сопствената етничка или национална група може да биде мотивирана од разни причини кои немаат рационална основа. Тоа може да бидат разни предрасуди, стереотипи, недоверба спрема припадникот на другата национална, етничка или религиозна група и слично. Скопје претставува изразито сложена урбана средина, во која процесот на групирањето на населението во зависност на етничката и националната припадност е присутен во текот неговиот историски развој, а тој процес и денес се забележува. Во анализата на феноменот на сегрегацијата врз основа на националната и етничка припадност поаѓаме од следното:

*Интензивно прегрупирање*

Прво, во Скопје е присутен релативно висок степен на групирање на населението врз етничка, национална и религиозна припадност, која се исполнува, пред се, во отсуство на населението на албанската и ромската националност, во одделни делови од градот и во нивната претежна или исклучива концентрација само во неколку делови од градот.

Второ, ромската етничка група главно е концентрирана во неколку поголеми населби (Топаана, Шуто Оризари) и во десетина локалитети кои сочинуваат делови од населби во кои живее население од други национални групи. Иако територијално припаѓаат во рамките на населби кои сочинуваат посебни социо - просторни целини, тие слабо комуницираат со припадниците на останатите националности кои живеат во населбата и се целосно социјално и просторно изолирани.

Трето, во периодот по земјотресот, во неколку локалитети на стариот дел од градот, кој во историјата беше населуван претежно од муслиманско население се, изврши голема инфилтрација на албанското и муслиманското население и за релативно кус период

формирани се етнички хомогени населби (локалитетите Чаир, Гази Баба, Стара Чаршија, Топаана, Дижонска, Бошњачка и др.)

Денешната национална структура на градот се формира по Втората светска војна и социјалистичката револуција, а интензивното прегрупирање на населението се врши по катастрофалниот земјотрес во 1963 год. Порастот на градот преку механичкиот прилив на население овозможи доселување на припадници на повеќе националности во голем број. Во 1981 год. во Скопје бројот на македонското население изнесува 64,7%, на албанското 18,1% кое меѓу двата последни пописи пораснало за скоро 100% главно преку механички прилив од Косово и јужниот дел од Србија.

По општински подрачја присутна е нерамномерна концентрација на населението во однос на националната припадност. Така, на пример, во општините Кисела Вода, Гази Баба и Карпош, за разлика од општините Чаир и Центар доминира македонското население во кои неговото учество е сведено на околу половина од вкупниот број на градот.

Албанското население главно е концентрирано на територијата на општина Центар каде учествуваат со 21,4% во вкупното население, односно 42,4% од вкупното албанско население во градот е концентрирано во оваа општина. Во општина Чаир учествува со 18,1%, а тоа е повеќе од 1/3 од вкупното албанско население. Најмалку е застапено во општините Кисела Вода со 1,4% (градскиот дел) и во општината Карпош со 6,5%.

### *"Обезбедена" сигурност*

Концентрацијата на ромското население претежно е во рамките на општина Чаир, каде што учествува со 20,2%, односново во оваа општина е концентрирано 2/3 од вкупното ромско население во градот. Во другите подрачја

на градот минимално е застапено (1,1%) во општината Кисела Вода, 2,4% во Гази Баба и 2,0% во општината Карпош.

Во општината Центар покрај високата концентарција на ромското и албанското население видливо е и учеството на население од турската националност, односно 1/4 од вкупниот број. Во градот концентрацијата на населението во однос на националната припадност по месни заедници е особено изразена кај албанското и ромското население. Не навлегувајќи подлабоко во историското минато, за кое етничката сегрегација е една од главните карактеристики на градот, ќе го истакнеме мислењето кое ја потенцира разликата меѓу европските градови и градовите кои на почетокот на 20-от век уште се наоѓаа под турско ропство (пред се, се мисли на градовите во Македонија).

Скопје во 19-от век е град со изразита сегрегација врз етничка основа. Турското население како привилегирана владеачка група ги населува најпривлечните делови, а формираните маала исклучиво се населени со припадници на една етничка група (Еврејско маало, Влашко маало, Албанци, Роми, Черкези и други). Ромските маала настануваат кон средината на 19--от век од имигрантите кои доаѓаат од околината на Врање и Лесковац.

Во 19-от век маалата имаат и верски обележја и носат имиња како на пример, богато христијанско маало (Пајко маало), муслимански квартови, Карадак маало, Чаир, Топаана и Еврејско маало на левата страна од реката Вардар.

За феномените на сегргацијата врз етничка и национална припадност не постојат социолошки истражувања.Често, по 1961 год. по повод разни настани во нашата земја, се пишува за "етнички чисти населби". Во Скопје, исто така, последните десетина години се говори за "етнички чисти населби" без да се навлегува подлабоко во суштината на тие процеси.

Феноменот на сегрегација на населението врз етничка, религиска и национална припадност е сложен и не

може целосно да се објасни без сестрани социолошки истражувања. Во нашата анализа како значајно се покажува следното:

Прво, некои делови од централното подрачје и по катастрофалниот земјотрес останаа привлечни за ромското и албанското население. Социолошкото истражување кое беше реализирано по земјотресот, укажува на фактот дека голем дел од припадниците од ромското, албанското и турското население не сакаат да ги напуштат овие делови и под услов, некаде во друга населба во градот, да им се овозможат поквалитетни услови за живеење (станбени или подобрување на инфраструктурата и сл.).

Во заклучоците за градското планирање и социјалната политика во “Извештајот од социјалниот преглед” кој беше реализиран за изработка на Урбанистичкиот план, меѓу другото е констатирано: “Паралелно со социо-економските разлики одат и големите разлики во станбените услови. Многубројните и економски посиромашни домаќинства, што припаѓаат на трите етнички групи и домаќинства што живеат во градскиот реон “Б“ имаат најнизок станбен стандард - 21% од домаќинствата живеат како потстанари. Ова е најважниот проблем на станбената политика. Потстандардната област треба да се развива колку што е можно побрзо“.

Потоа, во заклучоците од истражувањето се истакнува дека голем проблем кој бара рационална станбена политика и адекватна социјална работа е составен дел на луѓето кои живеат во потстандардната област, е неговата локација близу до центарот на градот и до објектите за религиозни служби како и развиените соседски односи. Една од препораките на анализата е дека новите станбени населби треба да се развијат на локалитетите во Чаир и Аеродром.

“Резултатите на социјалниот преглед и барањето за разјаснување на потстандардните области се аргументите што даваат првенство во Чаирскиот развој. Според националната политика треба да се користат сите средства

за помагање на иницијативата на сите национални и етнички групи. Преразвитокот на потстандардните области е едно од главните средства за реализација на оваа цел“, се вели во извештајот од социјалниот преглед.

*Услови за концентрација*

Недоследноста во реализацијата на Основниот урбанистички план од 1964 год. на планот на реконструкцијата на запуштените делови од централното подрачје создадоа услови за понатамошна концентрација на најсиромашните слоеви. Градската политика остана немоќна,но и назаинтересирана и само неколку години по донесувањето на планот ја напушти неговата стратешка определба. Состојбата во овие делови (Чаир, Топаана, Гази Баба) последните десетина години уште повеќе се влоши и денес имаме веќе формирано еден од најголемите сламови од ваков тип во Европа. Не навлегувејќи подлабоко во проблемот на нехигиенските населби, се наметнува прашањето за причините за создавање на овие населби.

Нереализирањето на планот од 1964 год. е една од најважните причини за здружувањето на субстандардот. “Во суштина, самата нереализација само го “продолжи спонтаниот“ развој, кој остана длабоко мотивиран од историското наследство, во услови на интензивни имиграции во градот од страна на албанското и муслиманското население, единствен простор на нивното делување во градот беше и остана Чаир, Гази Баба и Топаана, каде веќе постоеше голема концентрација на население од нивната национална и религиска група. Отсуството на контрола од општинските власти создаде можности да се гради без урбанистичка дозвола и вон планот што беше дополнителен поповолен услов за формирање на овие населби.

Феноменот на сегрегација врз основа на етничка припадност може да се посматра и од аспект на социјална

интеграција на доселеното население во новата средина, особено на оние кои потекнуваат од село, а кои се застапени во најголем број. Пред нив се поставува проблемот на адаптација и културна интеграција во новата средина. Во населбите каде претежно се концентрирани припадниците на една етничка група, не се чувствува проблемот на интеграција или тој е помалку изразен, за разлика од оние средини во кои има мешано население.

Во услови каде е присутна слаба меѓуетничка комуникација, пред сѐ, во секојдневниот живот, затвореноста на традицијата и верата кај поголемиот дел од албанското и ромското наелание, создаде “потреба“ за самоизолација и затворање на ниво на населба, во рамките на групата. Сигурноста и можноста за интеграција и партиципација во пошироката заедница, исклучиво се врзува за населбата во која доминира сопствената етничка или народносна група.



*Детал од животот во Топаана*

Социјалниот преглед 1965 год. "установи дека етничките групи Турци, Шиптари, и Цигани што живеат во северниот дел на градот, му даваат многу поголема важност на местото на нивното пребивалиште, отколку на техничкиот стандард и опременоста на становите. Поради ваквиот однос може да се очекува ова население да не сака да ги напушти своите куќи кога ќе почне програмата за расчистување и тие секако не ќе сакаат финансиски да учествуваат во новата станбена изградба, особено ако спаѓаат во групата жители со најниски приходи и се под влијание на традициите". Уште еднаш да повториме, тоа е констатирано 1965 г!

## *Отворени прашања*

На прашањата кои денес се поставуваат, имајќи го пред вид размислувањето на социолозите пред триесетина години и состојбата која денес е создадена, тешко е да се одговори, кога практично нема никакви истражувања, а недостасуваат и потребните статички податоци. Дека не постои меѓуетничко влијание и дека во градот се формирани повеќе одвоени "светови", паралелни култури кои просторно се допираат, но социјално и културно не коренспондираат и секој останува затворен во своето културно миље е очигледен факт. Границите на сопствената културна традиција се просторно омеѓени во градот.

Основната претпоставка за високиот степен на социјална изолација на албанското и ромското население содржана е во присуството на традиционалниот тип на самоидентификација; само вредностите на сопствената традиција и култура воопшто, се единствено значајни и тие со некаква друга култура и други вредности, не можат да ги менуваат. Тоа значи, дека се додека не се отвори процесот на меѓукултурно и меѓуетничко влијание, не може да се



културa ↑

надмине процесот на етничката сегрегација. Во таа смисла треба да се потенцира и значењето на религијата и степенот на религиозната идентификација, кој е значително повеќе изразен кај албанското и муслиманското население.

Исламската религија и култура , особено тоа се однесува на жената албанка и муслиманка, не дозволува поширока партиципација во општеството и културниот живот на градот. Нејзината улога е ограничена во рамките на семејството, а тоа директно се одразува на создавањето затворени енклави во самото градско ткиво. Стравот од тоа дека ќе се загуби сопственото битие и стравот од асимилација, меѓу останатото, силно делува и врз социјалната интеграција. Во случајот кај некои претставници од албанската националност, прашање е дали може да се говори за маргинализација кога уште не се отворени процесите за партиципација на еден поширок план. Во таа смисла, втората претпоставка произлегува од односот меѓу етничката сегрегација и општите општествени процеси: нејзиниот интензитет и значење зависат од глобалните меѓуетнички и меѓунационални односи и од решавањето на националното прашање, рамноправноста и слично.

Факт е дека дел од муслиманското градителско наследство во смисла на создавање на урбанистички решенија, а во ситуција на непочитување на урбаните стандарди определени со планот, создаде физичка структура која многу не се разликува од онаа пред стотина години. Како ништо суштинско да не се променило на истекот на дваесетиот век! Прашањето кое се поставува гласи: дали населбите со мешан состав на население во однос на националната припадност се можни во услови кога не постои административно разместување на населението и дали национално, етнички и религиозно затворените средини имаат поголема вредност за општествените односи и како може да се планира во изработката на урбанистичкиот план со цел да се создаваат реални услови за меѓуетничко и меѓунационално мешање во

резиденцијалниот простор, а тоа да биде "нормална" појава? На ова прашање нема одговор и ќе мора, во социолошките истражувања во иднина, да се посвети поголемо внимание!

## *Балкански пример*

Одговорите на прашањата за судбината на градот егзистираат како судбински прашања за луѓето кои живеат во него. Тоа особено се однесува на оние градови и народи кои скоро сите главни материјални и човечки ресурси ги концентрирале на едно место. Скопје во тој поглед е класичен пример и во голема мера говорот за Скопје во суштина е говор за состојбите на народот кој успеал да изгради таков град.

Неколку деценискиот развој на Скопје ги урна границите на "селскиот свет" и ја уништи многувековната традиција и го привлече врз себе целокупниот развој на општеството. Во ситуација на "нормален" развој, преминот од традиционален во модерен тип на организација, урбаниот живот се одвива бавно и со векови, но за градовите од типот на Скопје трансформацијата на просторот и општеството се случи во еден "секавичен миг", надвор од секаква рационална контрола. Едноставно, градот квантитативно започнува да ги надминува постоечките граници и завршува како "недефинирана агломерација" која не успева да ги разграничи "општите" од "посебните" интереси, кога едните се остваруваат на штета на другите, кога по секоја цена се заменува "старото" за "ново", "малото" со "големо", "приватното" се "приватизира", кога борбата за позиција во просторот многу одамна ги загубила атрибутите на рационалност и економичност.

Социолошката анализа на процесот на хиперурбанизација од “балкански тип“ не дава целосен одговор на многу фундаментални прашања за иднината на градот. Таа само “регистрира“ некои тенденции и укажува на состојба која од гледиштето на “заедничкиот “ живот на повеќе социјални, етнички, религиски и национални групи во иднина, ќе биде тешко остварливо.

Ако иднината на грдот се бара во формирањето на духот на местото како социјална средина, како културна заедница, во која разликите сè нешто од кое не може да се избега и ако тие не се претворат во агенси за подобрување на заедничкиот живот, сигурно е дека ќе се претворат во проблеми за остварување на колективниот живот.

Општ впечаток е дека Скопје се приближува кон критичната граница кога присутните противречности ќе почнат “сами од себе“ да се разрешуваат на начин кој ќе го уништи битието на заедничкиот живот, односно битието на градот. За жал, не потои свест кај претставниците на власта, но кај “обичните“ луѓе таа е од подамна присутна, а доказ за тоа се интензивните преместувања на населението и негово групирање по национална, верска и етничка припадност.

Прашањето за можноста за “оптимален град“ од гледиште на национална, етничка и религиозна структура на населението, има своја логика само ако го доведеме во врска степенот на сегрегираност на просторот. “Балканскиот тип“ градоградителство остваруван надвор од економските законитости, на примерот на Скопје, создаде една чудна мешавина од азијатски начин на градба од пред стотина години, идеи на планери и урбанисти за 21 век, хиперурбанизација позната во градовите на Јужна Америка, што се заедно резултира во една “бирократска утопија“ во која ни ти се знае што реално во неа влегува, а уште помалку се знае што во неа ќе се изроди!

### *Постои ли нешто заедничко*

Сѐ чини беспредметен е напорот да дојдеме до квалитетот на местото наречено Скопје и да го идентификуваме она што Скопјани ги прави Скопјани. Не се работи само за немоќ, како резултат на отсуство на доволно сознанија или методологија на истражување. Едноставно, немаме одговор на едноставни прашања од типот: дали постои нешто заедничко освен просторот како "едно", "неделиво", за оние кои живеат во Капиштец, Топаана, Чаир, Аеродром или Драчево. Не станува збор за заеднички проблеми или услови за живеење, комунална опременост или нешто слично. Станува збор за тоа дали постои нешто што ги идентификува како Скопјани? Нашиот одговор на тоа прашање е во многу нешта загрижувачки и се чини не враќа на основната позиција на размислувањето: дали населеното место Скопје е во толкава мера неодредено и просторно и социјално што го изгубило сопствениот карактер или сѐ уште не го формирало, за да можеме да ја препознаеме неговата посебност? Едноставно, се работи за населен простор, за кој знаеме поединечно сѐ што содржи, но сеуште не сме начисто, во што тоа се претвора. Тоа во голема мера го потврдува одговорот на Скопјани на прашањата кои предизвикуваат и најмногу потешкотии, а се однесуваат на идентификацијата на местото во кое живеат, да го одредат сопственото место во просторот, сопственото место на "посматрање на светот" и најпосле да одговорат на прашањето, зошто тие се Скопјани , а не Штипјани или Битолчани!

### *Духот на едно место*

Фактот што Скопје има долга "предисторија" а "кратка" историја, само ја нагласува нашата заблуда дека, сепак градот "спонтано" ќе го формира својот иднетитет. Во модерните градови, кои настануваат како плод на силниот индустриски

развој се уништува “ритамот на времето“ и се губи “човековата мера“ во просторот. Она кое се формира со десетици и стотици години и кое живее во еден хармонично формиран систем на спротивставени елементи, индустрискиот град го уништува и воспоствува нови правила на однесување што многу градови не го научија, не поради тоа што такви правила не биле пожелни или премислени, туку едноставно, заедницата не била во можност да ги неметне како нужни. Скопје во тој поглед остана со немоќта теоретски да се разбере, што говори за хаосот во кој опстојува. Но, тоа говори за оние кои се осудени да живеат во него. Недоразбирањата да бидат уште подраматични, голем дел се навистина среќни што живеат во Скопје. Тој беше и сѐ уште е сон за илјадници кои се слеваат во него. Тие не се соочија со некоја развиена и силна урбана средина, туку едноставно градејќи го градот го изградија “сопствениот свет“.

Скопје не би требало да се посматра низ носталгичноста за изгубеното градче, прошарано со десетина маала, каде пулсирал животот во заедниците кои биолошки, социолошки или еколошки функционирале како хармонични целини!

Скопје треба да се посматра и да замислиме како ќе изгледа на почетокот на 21-от век. Тоа значи дека мора сериозно да се промисли сѐ она што се случувало последниве триесетина години, со една единствена цел, каде да се насочат активностите за градот да се сведе на “подносливо“ место за живеење за мнозинството од населението. А тоа започнува со чувството дека животот во Скопје ќе претставува минимум сигурност, доволно заработување и минимум задоволство, а ќе продолжи како состојба на демократија, слобода и креативност.

Ако го посматраме Скопје како реализирано време во просторот, ќе забележиме една чудна мешавина на симболи, култури и вредности, кои иако се препознатливи во “физичка“ смисла, тие се уште не се во можност да формираат град на континуитет, да го формираат “духот на едно место“.



"Градски" зид I



МАЛИ ГРУПИ ЖИВЕАЛИШТА



ИНТЕРВЕНЦИЈА ОКОЛУ ЗАЕДНИЧКО ДВОРИШТЕ



# СИРОМАШТИЈА - СЛАМ - ГЕТО

*Кој се смеша за беден*

Во литературата која го обработува феноменот на сиромаштијата присутни се несогласувања околу границата, кога започнува и кога завршува сиромаштијата.[1] Уште во почетокот да кажеме дека во сламовите, по правило, населението живее под границите на сиромаштијата, без разлика на тоа дали ја сметаме за апсолутна или релативна.

Идејата од која поаѓаме во истражувањето, иако нема за цел прецизно да ја определи линијата на сиромаштијата тоа кој се смета за сиромашен што во нашиот случај и не е неопходно, сепак потребни се некои поимни разграничувања, особено кога станува збор за градските населби, во кои најголемиот дел од населението живее во сиромаштија.

Скоро секогаш во сламот живее население кое се наоѓа на границата на физичкиот опстанок. Во тие околности не би можеле да говориме за човечки потреби од

---

[1] Во литературата поимот на сиромаштијата е операционализиран со помош на т.н. "основни физички потреби" и тоа исхрана , стан и здравје. Некои автори сиромаштијата ја мерат со помош на т.н. "основни културни потреби", што го проширува поимот на основните човечки потреби преку нивото на голиот физички опстанок. (види пошироко кај M.Haralambos, Uvod u sociologiju,p.142-171,Globus,Zagreb,1989g.)

аспект на една поразвиена социо-психолошка ситуација, особено не за основните културни потреби, иако некои сметаат дека не е можно да се определи една општо прифатлива граница на човекови потреби под која животот станува бесмислен.[2]

Една од најчесто наведените дефиниции на сиромаштијата е онаа на Петер Тонсенд ( P.Townsend). За него, поединците, семејствата и групите од населението живеат во сиромаштија ако немаат средства да набават доволно храна, ако учествуваат во оние активности и живеат во оние услови и со оние погодности кои се вообичаени или барем широко прифатени и одобрени во општествата на кои им припаѓаат. Нивните ресурси се изразито под оние кои се на располагање на просечниот поединец или семејство или тие се исклучени од вообичаените модели на живот, обичаи и дејности.[3]

Прашањето за тоа дали е можна компаративна анализа за сиромаштијата меѓу различните општества, групи или држави нема смисла ако сиромаштијата ја разбереме само на релативен начин. Особено тоа се однесува кога говориме за сиромаштијата во сламовите. Некои сметаат дека во тие случаи пожелно е да се говори, не за степен на сиромаштија, туку за тоа, дали животот има смисла или не.[4]

---

[2] Сиромаштијата најчесто е анализирана во врска со животот на луѓето во сламовите - најзапоставените делови од градот. За тоа поконкретно кај Lewis Oskar, Five familis,Mexicon case studies in the culture of Poverity, New York, Basic Books,1959, La vida:A Puerto Rico family in the culture of Poverity,The children of sancher; William Ryan,Blaming in the Victim,Gerald Suttles,The social Order of the slum, M. Radovanović, Sociologija bede i pauperizacije, S.Vujo-vic,Bobic,Krov nad glavom,идр.

[3] Haralambos,M. - cit. delo,p.144

[4] I.M.Rubinow, "Луксузот се претвора во удобност, удобноста во нужност", на концизен начин го дефинира релативистичкото значење на сиромаштијата. По П.Тонсенд, секоја дефиниција на



СКРОМНОСТ

Состојбата на релативна сиромаштија ги зема предвид просечниот животен стандард на конкретното општество и во тие рамки ја формира линијата на сиромаштијата под која се сместени оние кои се сметаат дека се тоа.

Во литературата покрај за апсолутната и релативната сиромаштија се говори и за објективна и субјективна сиромаштија. Субјективната страна на сиромаштијата се однесува на онаа ситуација кога поединецот самиот за себе смета дали живее во сиромаштија или не, без разлика на неговата објективна положба. На пример , некои не се сметаат за сиромашни , иако нивната објективна положба покажува дека се наоѓаат во групата на сиромашните. Можна е и обратна ситуација, иако некои по својата положба тоа не се, објективно себе си се сметаат за сиромашни.

Човекот објективно и субјективно се смета за сиромашен тогаш кога има помалку од објективно определениот апсолутен минимум, потоа кога има помалку од останатите членови на заедницата на која и припаѓа и најпосле кога чувствува дека оскудева во задоволувањето на основните потреби. Тоа значи дека се наоѓа во состојба на апсолутна и релативна сиромаштија што најчесто се сретнува кај оние кои живеат во сламот.

---

сиромаштијата мора да се формира "во однос на потребите и барањата на општеството кое се менува". Релативната линија на сиромаштијата расте со општото ниво на доход, значи дека имплицитно се претпоставува дека сиромаштијата е постојана појава. "Ако фактот, дека некој има помалку отколку другиот е доволен некого да го сметаме сиромашен - без разлика на апсолутното ниво на неговиот доход - тогаш никогаш нема да го решиме проблемот на сиромаштијата. Во краен случај, ако линијата на сиромаштијата ја дефинираме како процент во дистрибуција на доходот, показателите на сиромаштијата нема да се применат се додека во општеството постои нееднаквост". Stropnjak, N. Linija siromaštva-osnovni koncepti, Revija za socijalnu politiku, god.1, b.1, str.27)

### *Обвинета жртва*

Во студијата “Како да се обвини жртвата“ В.Рајан (William Ryan) на моќне илустративен начин на примерот на Северна Америка ја објаснува положбата во која се наоѓаат депривилегираните слоеви[5]. Основно прашање кое Рајан си го поставува гласи: зошто сиромашните не можат да остварат еднаквост? За разлика од мнозинството истражувачи и наспроти распространетото сфаќање дека сиромашните се виновни за положбата во која се нашле, Рајан вниманието го свртува во сосема друга насока. За него интересно е да се истражува општеството кое создава претпоставки за сиромаштија и во таа смисла тој се задржува на проблемите на расизмот, дискриминацијата, сегрегацијата и беспомошноста. Процесот на обвинување на жртвата Рајан го анализира во повеќе сфери од животот на сиромашните во американското општество.

Во сферата на образованието, на пример, за необразованото и недоволно мотивираното дете од редовите на сиромашните семејства се вели дека во себе ги носи причините за својата неспособност правилно да чита и пишува. Најчесто се говори за “културна лишеност“ под што се подразбира “сиромашен интелектуален багаж“ кој со себе го носи и е главна причина за состојбата на инфериорност. “Културната лишеност“ се претвора во омнибус за објаснување на образовното промашување познато како училиште од потесно градското подрачје. Тоа е обвинување на жртвата, смета Рајан.

---

[5]Vilijam Rajan,Kako okriviti žrtvu, Kultura 70.1985, str.8-13. “Обвинувањето на жртвата и самото се базира на многу сличен процес на идентификација (која се извршува без сомнение на многу љубезен, филантропски и интелектуален начин) во кој жртвата на социјалните проблеми се поистоветува со она што доаѓа однадвор, различно, со други зборови со варвари и дивјаци“



*Депонија Вардариште*

Положбата е слична и во сферата на здравствената заштита. Недоволната здравствена заштита се објаснува со тоа што се смета дека жртвата не поседува доволна мотивација како и потребни информации за тоа. Нешто слично е и со проблемот на домувањето. Во сламовите тоа се поврзува со навиките на станарите за кои се смета дека се “селски мигранти“ и кои сеуште не се “прилагодени“ на животот во големиот град.

“Сиромашниот, како обично се вели, е полн со проблеми“, страда од психолошки последици на сиромаштијата, “културата на бедата“ и девијантниот

вредносен систем на пониските класи, со тоа иако ненамерно, тој е самиот причина за сопствените неволји“.

Несовршеноста и неспособноста им ја припишуваат на злонамерната природа на сиромашните. Печатот што жртвата го носи е причина за нејзината виктимизација и тој е повеќе од општествено, отколку од генетско потекло, но како што смета Рајан, се лоцира во самата жртва, внатре во нејзината кожа. “Може и се тоа заедно и истовремено да го концентрира своето семилосно интересирање на недостаток на жртвата, да ги осудува неодредените општествени и срединскиски стресови кои создале недостатоци (некогаш), но и да го игнорира продолженото делување на виктамизирачките општествени сили (сега)“. Тоа е прекрасната форма на идеологија за оправдување на оној пресвртен вид општествена акција кој не се обидува да го промени општеството што би можело да се очекува, туку, жртвата на тоа општество.“

Поради тоа постои голема сличност меѓу програмите за помош, работени врз основа на сфаќањето за обвинување на жртвата. Така, на пример, во образованието се практикуваат програми за “дополнително образование“ на децата од гетото, во сферата на расните односи работат социјални инжењери ангажирани во промислувањето на мерки за “јакнење на семејството“ на жртвата, а не кон намалување на расизмот. Во сферата на здравството се врши заштита и се изработуваат програми за информирање. “Како што може и да се очекува логична последица од анализата, на социјалните проблеми во светлината на недостатоците на жртвата е создавање на програма чија цел е исправка на тие недостатоци. Формулата на акцијата е крајно едноставна: да ја промениме жртвата, заклучува Рајан“ во својата студија “Како да се обвини жртвата“

## *"Културата на бедата"*

За антропологот Оскар Луис (Oscar Lewis) сиромаштијата ги надминува регионалните, рурално-урбаните и националните разлики и се сместува во структурата на семејството и вредносниот систем, интерперсоналните односи и формите на потрошувачка. Сиромаштијата се јавува во општества кои ги имаат следните картактеристики: стоковно - парично стопанство, наемна работна сила и производство за профит, висока стапка на невработеност, неквалификувана работна сила, ниски плати, непостоење на соодветни општествени, политички и економски организации за населението со низок доход, потоа постоење на билинеарен роднински систем наместо унилинеарен како и постоење на систем на вредности на владеачката класа со кој се нагласува акумулацијата на богатството и сопственоста, можност за вертикална подвижност и штедливост и во ситуации кога нискиот економски статус се сфаќа како последица на личната неспособност или инфериорност.[6]

Начинот на живот кој се практикува кај некои кои живеат под наведените услови може да се разбере како "култура на бедата", која , според Луис, може да биде анализирана во рамките на околу седумдесетина меѓусебно поврзани особености во сите сфери на човековиот живот. Културата на бедата е адаптација и реакција на сиромашните на "сопствената маргинална положба во класно стратификуваните и високо индивидуализирани

---

[6] "Многу карактеристики на културата на сиромаштијата можат да се посматраат како обиди за локални решенија за проблемите кои не се задоволуваат од постојните установи и агенции, зошто луѓето не се адекватни за нив, нивните средства не им го дозволуваат тоа или не знаат или се сомневаат во нив. На пример, неспособни се да добијат кредит од банка, тие се препуштени на сопствени средства и организација на неформален кредит и план без интерес". (La Vida, p,XLIV, превземено од Radovanovic, cit.delo. 243)

општества“. Кога еднаш ќе се појави, таа тежнее кон сопственото овековечување и се пренесува од генерација на генерација.



*Детал од животот во Топаана*

“На возраст од шест до седум години децата од сламот веќе ја апсорбирале основната вредност и ставовите на сопствената субкултура и не се психолошки подготвени да ги искористат условите кои се менуваат или шансите кои можат да им се укажат во животот“. Културата на сиромаштијата најчесто доаѓа до израз во периоди кога еден систем се заменува со друг или за време на брзи технолошки

промени. Најсигурни кандидати за културата на сиромаштијата се луѓето кои доаѓаат од пониските оштествени слоеви на општествата кои се во фаза на радикални промени на општествениот систем.

Според Оскар Луис основна карактеристика на културата на бедата е недостатокот на вистинско чувство на интеграција на сиромашните во најзначајните институции на глобалното општество. Тоа доаѓа како резултат на најразлични фактори како што се, недостатокот на економски извори за егзистенција и појава на сегрегација. На ниво на локална заедница, културата на бедата е видлива во сферата на домувањето, лошите станбени услови, пренаселеноста и минимумот организација надвор од кругот на семејството[7].

Семејството на сиромашните практикува специфичен тип на начин на живеење кој суштински се разликува од семејствата на другите категории население. Оскар Луис во своите истражувања дошол до сознание дека, во семејствата на сиромашните најчесто нема детство како продолжен и заштитен степен во животниот циклус на човекот, потоа, доаѓа до прерано воведување во тајните на сексот, слободен

---

[7] Oskar Luis, Kultura bede, Kultura 7o, 1985g. "Кога ќе ја погледнеме културата на сиромаштијата на ниво на локална заедница, наидуваме на бедни услови на домување, пренатрупаност, збиеност, а згора на се минимум на организација надвор од рамките на нуклеарното проширено семејство.... Повремено се појавуваат неформални, привремени групирања или доброволни здруженија во рамките на сламот. Постоењето на соседни друштва (гангови) кои ги преселуваат сиромашните населби, говори за значајниот напредок од другата страна на точката на континиумот кој сум го имал на ум. Впрочем, ниското ниво на организација и го дава на културата на сиромаштијата нејзиниот маргинален и анахроничен квалитет во нашето многу сложено специјализирано и организирано општесто. Најпримитивните луѓе постигнале повисоко ниво на социокултурна организација, отколку нашите современи градски квартови на сиромаштијата". (La Vida p.XLVI i XLVII, prezemeno od M.Radovanovič, cit.delo, str. 244/245)

брак, многу растурени бракови, силна предиспозиција за авторитаризам кај луѓето, отсуство на приватност и вербално нагласување на семејната солидарност.

Основни карактеристики кои ги поседува личноста која се наоѓа во состојба на култура на бедата, според Луис, се следните: силно чувство на маргиналност, беспомошност, зависност и инфериорност. Овие карактеристики Луис ги забележал во истражувањата кои ги реализирал во Мексико Сити и Сан Хуан, меѓу поединците кои не биле дел од некоја сегрегирана етничка група и кои не биле изложени на расна дискриминација.[8]

Луѓето кои се опфатени во "култура на бедата" се провинцијални и локално ориентирани и имаат сосема малку смисла за минатото. Тие ги познаваат само сопствените проблеми и локалните прилики, блиското соседство и сопствениот начин на живот. Обично немаат знаење, визија или идеологија која би им помогнала да ги воочат сличностите меѓу сопствените проблеми и проблемите на себе сличните, ширум светот. Тие не се класно свесни, иако се многу чувствителни на статусните разлики.

---

[8] Идеалниот метод кој се обидов да го употребам беше природното набљудување на семејниот живот со минимум интревенција. Меѓутоа, интензивните студии на семејството вклучувале воспоствување на длабоки персонални врски без кои ние никогаш не би можеле да дојдеме до интимни податоци изложени во ова дело... Интензивните студии за семејството имаат многу методолошки предности. Бидејќи семејството е мал општествен систем тоа само по себе упатува на целовит пристап во антропологијата. Семејството е природна единица за студии, особено во големите градови како што се Сан Хуан или Њујорк. Од проучувањето на културата низ интензивни анализи на специфични семејства научивме што значат установите за поединците. Таквата ситуација ни помогмала да допреме од другата страна на обликот и структурата до реалноста на човечкиот живот. (Lewis Oscar,A study of Slam Culture, New York, 1968, 23-24, prezemeno od M.Radovanovic. cit.delo, str.237

За феноменот на културата на бедата, економските услови се најзначајни, но не се доволни за негова целосна експликација. Во историјата постојат примери на многу сиромашни општества кои не исполнуваат начин на живеење кој би се опишал како состојба на “култура на бедата“. На пример, многу народи кои не ја познаваат писменоста и покрај тоа што живеат во голема сиромаштија воопшто не практикуваат начин на живот кој би можел да се разбере како посебна состојба која е слична со културата на бедата. Примерот со Евреите во Источна Европа, кои биле многу сиромашни, и за кои не би можело да се каже дека живееле во состојба на “култура на бедата“, пред се и поради сопствената традиција, писменост, религија и организација на нивната заедница.

Она што посебно ја карактеризира културата на бедата е фатализмот, нискиот степен на аспирации кај оние кои се зафатени со неа. “Концептот на културата на бедата кој ги преминува границите на едно општество нам ни овозможува да согледаме дека многу проблеми за кои размислуваме како за специфично свои или специфично црнечки проблеми (или на било која посебна расна или етничка група), постојат и во земјите во кои нема посебни етнички групи. Тоа сугерира, исто така, дека отстранувањето на физичката сиромаштија не може да биде доволно за отстранување на културата на бедата која е севкупност на начинот на живот, смета Оскар Луис.[9]

---

[9] Во социологијата и антропологијата постојат уште неколку по содржина идентични или многу блиски поими со поимот “култура на сиромаштијата“, од кои некои се појавиле нешто пред, а некои по појавата на “културата на бедата“, а сите помалку или повеќе се однесуваат на некои карактеристики на животните судбини и сличниот начин на живот на различни општествено “запоставени, девијантни“, “опасни“, маргинални групи, односно, експлоатирани и лумперпролетеризирани општествени групи“. (M.Radovanovič, Sociolosko-antropoloska proučavanja I "kultura bede" u savremenoj gradanskoj sociologiji i antropologiji, Sociologija 2/1974 g. Beograd.)

Теоријата на “културата на бедата“ на Оскар Луис е остро критикувана. Се поставува прашањето: Дали воопшто постои некаква “култура на сиромашните“? На пример, истражувањата на сиромашните подрачја во земјите во Латинска Америка и Африка, кои сеуште се наоѓаат во првата фаза во развојот на капитализмот би било нормално да претставуваат пример и за теоријата на “култура на бедата“. Кенет Литл (Kennett Little) во својата студија за урбанизацијата во Западна Африка докажува дека тоа не е случај. Слична ситуација е опишана и во студијата на Виљем Манџина (Williame Mangina) на примерот на бариадосите (Barriados) во сиромашните квартови кои ги опколуваат големите градови во Перу. Во нив е забележан висок степен на заедничко делување и политички ангажман. Манџина бил импресиониран од “докажаната способност за јавна иницијатива, со помош и организација на месните заедници“. Слична состојба е опишана и во истражувањата на Едрју Шварц (Audrey J, Schwartz) за сламовите во Каракас, Венецуела, каде не се покажува скоро ништо што упатува на тоа дека луѓето се наоѓаат во апатија и дека се зафатени со депресија, или пак, ориентација на сегашноста или разорени семејства, според наодите на Луис, што говори за тоа дека сиромаштијата не се репродуцира! Во овие и во други слични истражувања регистрирана е состојба на “апатична резигнација“, но таа во никој случај не е доминантна во заедницата“, каде живеат сиромашните.[10]

---

[10] Постојат голем број докази дека централните подрачја на градовите се разликуваат од она што Вирт и многу други го сугерирале. Студиите за Лондон (Young and Willmot, 1957), Бостон (Gans, 1962) Делхи (Bopegamage), 1957) Каиро, Ист Лондон, Лагос (Marris, 1961) Медан (Суматра) (Bruner, 1961) и Мексико Сити

Сериозни критички забелешки се упатени на поимот "култура на бедата". Имено, се претпоставува дека поимот "култура на бедата" имплицира однесување на сиромашните кое е усвоено по пат на воспитување: кога еднаш ќе се усвои станува отпорно на промените, односно кога еднаш ќе заживе субкултурата на сиромашните групи, таа натаму го живее сопствениот живот. Критиката на овие гледишта како да заборава дека и однесувањето на сиромашните настанува како реакција на веќе усвоените културни форми. Голем број од научниците тоа го сфаќаат како реакција на "силата на околностите". Сиромашните се присилени да се однесуваат онака како што се однесуваат, како резултат на околностите во кои се нашле и тоа со ниска заработувачка, најчесто невработени, во лоши станбени услови и во најзапоставените делови на градот. Аргументот на силата на околностите "упатува на заклучокот, како смета Хараламбос, дека сиромашните подготвено би го промениле своето однесување како

---

(Lewis, 1952) сугерираат дека постојат УРБАНИ СЕЛА (Urban villages) во центарот на градовите во кои има високо ниво на општествена кохезија што се заснова врз испреплетените роднински "мрежи" и високото ниво на примарен контакт со познати лица. Луис покажа дека во Мексико Сити селаните се адаптирале на градскиот живот многу полесно отколку што би можело да сугерира рурално - урбаната теорија; семејниот живот бил стабилен, па дури и семејните врски се здобиле со поголема важност; ралигиозниот живот станал поважен, одбивањето на какви било поими на секуларизација и разни други "рурално" селски културни вредности опстојувале во урбаната средина. Во Ист Лондон, Мајер (Majer, 1962,p.590) забележува дека иако за времето додека се на работа мигрантите се присилени на "урбано" поведение, тие не се должни "урбано" да се однесуваат кога не се на работа, "додека некои се родени во урбани средини, а други постигнуваат урбанизација, па за никој од нив не може да се рече дека му е наметната урбанизацијата". Мајер го користи зборот ИНКАПСУЛАЦИЈА (incapsulation) за да ја опише ситуацијата кога мигрантите живеат во градот, но не се урбанизирани.

реакција на нова низа на околности, штом ќе се отстрани принудата на сиромаштијата“.[11]

За Хилтон Луис (Hylton Lewis) веровантно поприфатливо е мислењето, “како сиромаштијата на ниските класи на различни начини реагира на состојбата на својата положба и на релативната изолација, отколку на императивите на некаква култура на ниските класи“.[12]

Студијата на Elliot Leibow, Tally's Corner претставува солидна илустрација на тезите за теоријата на “силата на околностите“. Студијата е работена врз основа на непосредно посматрање на “луѓето од аголот“, во еден сиромашен кварт во Вашингтон, кои се, или невработени или нецелосно вработени или лошо платени за својата работа. Тие посакуваат работа која би им донела подобра плата и статус, но најчесто им недостига квалификација или работно искуство. Тие, според авторот на оваа студија, своето занимање го доживуваат како и останатите членови на општеството, но, за разлика од поединецот од средната

---

[11] Haralambos,M.Uvod u sociologiju, cit. delo, str.158

[12] “Тезата за ситуациската принуда, исто така, го негира гледиштето по кое сиромашните главно се издвоени од матичните норми и вредности. Таа се обидува да докаже како вредностите на сиромашните се еднакви со вредностите на општеството како целина, со таа единствена разлика што сиромашните не се во состојба да ги спроведат многу од тие вредности во стварноста. Аргументот за принуда на околностите врз сиромаштијата упатува на заклучокот дека сиромаштијата кога еднаш ќе се елиминира, принудата на околностите врз сиромаштијата, без било какви тешкотии ќе ги прифати матичните модели на однесување и ќе ги искористи приликите кои им се нудат“ (Haralambos,M. Uvod u sociologiju, cit. delo, str.158)



класа кој може да се надева на пристојна иднина, човекот од аголот го нема тоа. Авторот докажува дека она што ни се чини како културна форма на непосредно задоволување и ориентација на сегашноста во суштина и не е ништо друго туку одговор на ситуацијата во која се наоѓа по силата на некоја "објективна нужност". Тоа може да се разбере и како резултат на неспособноста на "човекот од аголот" да ја преведе вредноста на матичната култура, за која и тој се залага, во конкретната стварност.

Наспроти истражувањата на Оскар Луис, за Лејбоу (Leibow) "човекот од аголот" не се појавува како носител на една независна културна традиција. Неговото однесување не можеме да го разбереме само како начин на

кој се остваруваат целите и вредностите својствени на неговата субкултура или пак прифаќање на нејзините форми, туку како начин на кој настојува да постигне повеќе цели и вредности на поширокатa заедница, а ако не успее во тоа го крие својот неуспех пред другите на најдобар можен начин.

Во истражувањето на Алф Ханерц (Ulf Hannerz) се прави компромис меѓу теоријата на “култура на бедата“ и теоријата на “силата на околностите“. Прво, за “културата на бедата“ се смета дека, или таа не постои, или се однесува на поединечни групи сиромашни. Второ, однесувањето кое е карактеристично за “културата на бедата“ е последица на ситуациската принуда, а не на формата на културата. Трето, ако постои некој аспект на култура во однесувањето на сиромашните, тоа е помалку значајно од објективната ситуација која нужно го насочува однесувањето на поединецот.

За Хербрет Ганс (Herbert J.Gans) сиромаштијата во општеството се толерира и одржува и поради тоа што е корисна за општеството.[1] Во секоја економија постојат повеќе привремени, нечисти, опасни и прости работи. Постоењето на сиромашните гарантира дека тие работи ќе бидат извршени. Ганс докажува како “сиромаштијата служи за да обезбеди извор на евтина работна сила која е подготвена или уште подобро, не може да не сака да ги обавува нечистите работи за ниска заработувачка“. Ганс смета дека сиромаштијата помага да се потврди статусот на оние кои тоа не се. Тој смета дека за оние кои заговараат сериозност, трудољубивост и чесност им се потребни луѓе кои можат да бидат обвинети за мрзеливост и неморал за да можат да ги оправдаат тие норми.

## *Презир спрема луѓето со поинаков изглед*

Вебер (Max Weber) говори за субјективни и објективни разлики меѓу расите. Чисти физиолошки разлики меѓу расите можат да се одредат и по тоа дали мелезите се размножуваат со приближно нормална мера како и останатите членови на една заедница. Субјективната взаемна привлечност и одбојност меѓу расите би можела да се мери и по тоа дали припадниците на различните раси често или ретко меѓусебно стапуваат во интимни односи и дали тие односи се главно трајни или само привремени и нередовни. Разликите кои се јавуваат меѓу припадниците на различните етнички групи можат, по Вебер, да бидат "повод за антипатија и презир спрема луѓето со поинаков изглед или да пробудат свест за тоа дека се исти како нив. Таа свест може да постане носител на затворање во заедницата исто така лесно како што е секоја заедница, почнувајќи од домаќинската група на соседи, се до политичките и верските заедници вообичаен и носители на заедничкиот обичај.[13]

За Вебер етнички групи се наречуваат оние групи на луѓе кои врз основа на сличноста во надворешниот изглед, обичаите или во однос на едното и другото или врз онова на присеќавањето на колонизацијата и селидбата негуваат субјективна вера со заедничко потекло, такашто таа вера станува значајна за пропагирање и формирање на заедницата". Етничката колективност сама по себе не претставува заедница, туку само фактор кој го потпомага здружувањето. Тоа го потпомага здружувањето од сите

[13] Max Weber, Privreda i društvo, II del, Prosveta, Beograd, str.323,326



*Непланиран дел од градот*

видови, а пред се, како што покажува искуството, особено во политичката заедница, која од своја страна, без разлика на тоа што претствува вештачка структура, секаде побудува верба во етничкиот колективитет, кој продолжува да постои и тогаш кога политичката заедница пропаѓа. Вербата во етничките колективитети, најчесто, но не секогаш, предвидува граници на "заедницата на општествените односи" кои не се идентични со "едногамната конубијална заедница", зошто секоја од нив опфаќа многу различен број на припадници. Заедниците можат, од своја страна да создадат чувство на заедничка припадност кое останува и кога таа, заедницата ќе исчезна.

За Вебер значајни се и разликите кои произлегуваат од естетските очигледни разлики во физичкиот изглед и

разликите во секојдневниот начин на живеење. Исто така, значајни се и надворешните манифестации, како што се начинот на облекувањето, домувањето, исхраната, поделбата на трудот меѓу половите и слично. Тешко може да се определи какво влијание во формирањето на заедницата имаат специфичните "етнички" фактори, како што е верата во крвното сродство или нејзината спротивност што се потпира на колктивноста или разликите во надворешниот изглед на некоја индивидуа и нејзиниот начин на живеење.

## *Чувство на пониска вредност*

За Луис Вирт (Lewis Werth) членовите на малцинските групи не се слободни колку и останатите членови на една заедница за да се здружуваат во доброволни здруженија кои ќе ги изразуваат нивните интереси. Покрај објективните околности по кои се разликуваат од другите доминантни групи, малцинските групи се склони кон "развивање на ставови, начин на однесување и други субјективни особини кои тежнеат уште повеќе да ги одвојат своите членови од другите групи во општеството. Тоа создава чувство на "пониска вредност" и чувство дека со нив се постапува неправедно, што може да доведе до бунтовнички став. За разлика од кастинските системи во "световните општества" во кои раслоеноста на општеството е проникната со класи наместо со касти, "веројатно е дека малцинските групи, под влијание на чувството на осуетеност и неправедна подреденост, нема да го прифатат сопствениот статус и лишување и нема да вложат напор кон подобрување на сопствената положба.[14]

За Вирт, ако некоја група се издвојува од останатите со некоја "одредена" култура и така продолжува изолирано долго да живее, општествената дистанца меѓу неа и другите

[14] Virt Luis, Teorije o društvu, I del. str.299

станува толку голема што доведува до натрупување на презир и до целосно отсуство на контакти и целосно ги спречува членовите на тие групи да водат вистински колективен живот.[15]

Тоа од своја страна со текот на времето може да се развие во неможност за взаемно разбирање и почит што создава услови за појава на душевни стереотипи кои поединецот не може да ги избегне.

Обично под просторна сегрегација се подразбира "различно вреднување на човечките групи во социјален поглед (услови за живеење) и нивно одвојување во меѓусебната комуникација. Сламот и гетото претствуваат највидлива форма на просторната сегрегација, која се сретнува некаде во светот, а најкарактеристична е во поголемите градови каде живеат претставници на повеќе етнички групи. Најчесто етничката сегрегација се истражува како "своевиден израз на класно - слојната и етничко - расната дезинтеграција на општествениот простор.[16] Повеќе - етничкиот состав на населението во градот често се однесува на неговата топографија во форма на територијална сегрегација, која може да биде апсолутна

[15] Површноста, анонимноста и преодниот карактер на урбано - социјалните односи прават, разбирливо, како и префинетоста и рационалноста да им бидат во принцип припишани на градските жители. Нашите познанства се во многу тесна врска со нашите интереси, во смисла на тоа дека улогата што секој ја игра во животот е во функција на постигнување на сопствените цели. Имајќи го предвид тоа може да се заклучи дека поединецот, од една страна се здобива со одреден степен на еманципација или ослободување од личните и емоционални контроли на интимните групи, а од друга страна пак, го губи спонтаното само - изразување, моралот и чувството на партиципација што се јавува со живеење во едно интегрално општество. Ова битно ја востановува состојбата на растројство или социјална празнина на кои Диркем алудира во своите обиди да ги објасни различните форми на општествена дезорганизација во технолошкото општество.

[16] Marina Sijakovic-Blagojević,Urbana segregacija: Slam i geto, Kultura 70, 1985, Beograd, p.56.

или релативна, односно, "сите припадници на една група да живеат во посебни делови од градот, голем број така да живеат или пак во некои квартови да постои голема концентрација на припадници на некоја етничка група отколку во останатите градски квартови".[17]

Узелац разликува четири видови на етничка територијална сегрегација кои меѓусебно суштински се разликуваат. Прво, етничка сегрегација базирана на економско потекло, присутна во градовите во Северна Америка. Второ, етничка сегрегација врз класни основи во Европа. Трето, етничка сегрегација во градовите на земјите кои биле колонии на големите сили. Четврто, етничка сегрегација базирана на расизмот. За разлика од европските градови каде етничката сегрегација настанува како резултат на класно - социјалните фактори, во американските градови таа е последица од големата имиграција и према тоа тесно е поврзана со економските фактори но и со психолошките, односно со тешкотиите кои се јавуваат во процесот на прилагодување на мигрантите во новата средина. Во Северна Америка постои суштинска разлика во формирањето на етничките квартови. Меѓу "обоените" раси и европските имигранти, кои се групирале

---

[17] "Етничкото групирање можело да се појави и подоцна, како секундарна појава во развиените периоди од животот на урбаните агломерации со сложени односи меѓу одделни групи од населението. Спрема првиот или вториот случај, односно према моментот на појавување на етничката диференцијација во топографијата на населбите, етничката диференцијација може да се појави на самиот почеток, односно да биде во примитивните фактори на формите на подоцнежната топографска структура. Таа потоа може да се одржи многу долго, па дури и тогаш кога примитивните причини веќе одамна ги нема, или пак, етничката диференцијација може да настане како резултат на подоцнежната суперпозиција на расите и нацијата, како последица на одвојувањата, мирна колонизација или долготрајна акумулација на многу различни причини на населување и миграција" Ante Marinović-Uzelac, Socijalni prostor grada,SNL zagreb, 1978, p.38.

во своите квартови населени со сопствената етничка група, зошто врската со нив била неопходна во секој поглед, а особено на планот на прилагодување кон новите услови за живот. Хотен ( Howton, W.E.) се обидува да направи класификација на различни типови на бариади (сиромашни квартови) како посебни "групации" во текот на процесот на акултурацијата, односно, интеграцијата.[18]

Првиот тип претставуваат бариади (barriadi) кои ги населуваат групи меѓу себе цврсто поврзани. ксенофобични, ориентирани на потесното семејство, релативно затворени во себе, со еден или двајца пријатели од стариот крај. Целта на овој модел на здружување е репродукција на микросветот сличен на селската заедница. Вториот тип бариади е поширок и полабав од првиот, а третиот е хибриден: половина заедница, половина доброволно здружение. Пристапот во групите е строго ограничен, во нив се организираат "пријателски здружнија и соседски клубови со цел за илегална рекреација".[19]

Формирањето на сиромашните квартови во градовите од Латинска Америка содржи повеќе специфичности кои не се својствени за другите градови. Пред се, причините кои го детерминираат "урбаниот маргиналитет" се содржани во

---

[18] Види Ante Marinović-Uzelac, cit.delo,p.117

[19] Промените во дистрибуцијата на етничките групи населени во одвоени делови има свои еколошки импликации. Бидејќи квартот станува пренаселен, не може да ги вдоми сите оние кои сакаат (или се очекува) да живеат таму. Секогаш не може да се шири, бидејќи граничните делови се одвоени области, исполнети до нивниот капацитет. Оние кои не успеваат да најдат сместување мораат да се упатат на друго место. Понатамошниот развој се состои од три фази. Првата може да се нарече инфилтрација, при што едно семејство се обидува да се пресели во друг дел на градот. Ако успее, го следат уште неколку други семејства од истата група. Ако поголеми групи од обично сегрегираното малцинство продираат во област населена со други групи, зборуваме за инвазија. Промената во составот на населението по извесно време станува видлива и "старите" жители стапуваат во акција.

карактерот на урбанизацијата која за кратко време создава огромни урбани агломерации како резултат на големата концентрација на руралното население кое најчесто во градот останува невработено и без елементарни услови за живеење. Се формира една дисконтинуирана урбана мрежа со голема диспропорција меѓу малите и големите градови.[20] Тоа за Кастел доведува до изразита станбена сегрегација во урбаниот простор. Сиромашните квартови во Латинска Америка поседуваат некои заеднички карактеристики, без разлика на тоа во кој дел или држава се формирани. Најголем дел од возрасните членови се доселени од провинција и најчесто се доселуваат на "слободните" простори околу градот подигајќи живеалишта на општинско земјиште. Од страна на комуналните

[20] Ако вработувањето во индустријата во неразвиените градови е ниска, тогаш во која дејност би било вработен поголемиот дел од грдското население? Од активното градско население на Индија во 1950 год. 25% било вработено во индустријата, 14% во земјоделството, 6% во сообраќајот, 20% во трговија и 35% во разни други служби, додека во Германија во 1882 год. на сличен степен на урбанизација, 52,8% од градското население било вработено во индустријата. Ова доселено, променливо и невработено население, т.н. "резервна армија" на една непостоечка индустрија, претставува основа за развој на градовите. Тоа е прв важен податок кој треба да се објасни.

Другите значајни фактори ја истакнуваат специфичноста на процесот на урбанизацијата која нема свој можен историски еквивалент. Прво, концентрацијата во големите агломерации без вклучување во урбаната мрежа, јасно не наведува да ги разликуваме суперагломерациите на "неразвиените" земји од метрополските области на индустриските земји, кои што се средства за просторно - економско поврзување. Второ, отсуство на континуитет на урбана хиерархија. Трето, социјални и културни разлики меѓу градските агломерации и селските заедници. Четврто, истовремено постоење, еколошки гледано, на два града, во агломерациите населени од колонијализмот - автохтон и западен.

претпријатија постои негативен став спрема нив, што создава чувство на отфрленост.

### *Сламот е класна, а гетото етничка зона*

Сламот и гетото се најдрастични форми на сегрегација кои нејчесто се во меѓусебна врска што е логична последица на природата на групирањето на луѓето во просторот. Сламот претставува тип на класно - слојно групирање, а гетото тип на етничко групирање. Сламот најчесто е предмет на проучување од социолошки и урбанистички аспект. Социолошкиот аспект главно се задржува на начинот на живеење, вредносниот систем, комуникацијата внатре во сламот или со надворешни групи и институции и слично. Урбанистичкиот аспект главно е насочен кон согледување на квалитетот на становите и населбите.

Дејвид Хахте (D. Hunter, The slams, challenge and Response, London, 1954g.) наведува повеќе карактеристики кои се својствени на сламот и тоа: сиромаштија, руинирани згради, пренаселеност, концентрација на различни припадници на пониските класи, расна концентрација, појава на криминал, здравствени проблеми на жителите, изолација и асимилација, нехигиена, проблеми со познавање на јазикот на мнозинската група и слично. Во мера во која сиромаштијата се совпаѓа со етничкото групирање во посебни делови од градот, во таа мера и гетото се изедначува со сламот.[21]

[21] Потеклото на зборот гето (geto) најверојатно доаѓа од талмутскиот збор get што значи сепарација или од германскиот gitter што значи решетка или италијанскиот borgetto кој означува кварт, дел од градот. Во литературата се присутни и други значења на зборот. Најчесто со него се означува кварт во кој претежно

Една од најзначајните разлики меѓу гетото и сламот е тоа што гетото се стреми кон својата самодоволност и во голема мера функционира независно од пошироката општествена околина, односно голем дел од функциите на заедницата се одвиваат во рамките на соседството.

Основна карактеристика на внатрешната кохезија и организација на секоја етничка и национална група е чувството на сопствената посебност во однос на останатите групи кои живеат во непосредно соседство.[22]

"Може да се рече дека кохезијата на групата е сразмерна на нерасположението или чувството на отуѓеност спрема поединците надвор од сопствената група... Се чини дека во низата факти кои одлучуваат за односот спрема другите групи, еден од најважните (во издвојувањето на своите од целината) е правењето разлика на ритуализираните односи, а можеби и припадноста кон

(или целосно) живеат припадници на една етничка група. (Louis Wirth, Le ghetto, Presss Universitaires de Grenoble,1980, p.23-24.

[22] Сегрегираните сламови се погодени од дискриминација, отфрленост, а со тоа желбата за интеграција е поголема од онаа за дезорганизација. Во сламовите населени со сиромашни, состојбата е поинаква. постои некаква организираност но, таа не е многу ефикасна. Црквата е водечка организација но, барем ни една од популациите на сламот не пројавува никаков интерес за неа. Во последно време социјалната активност на синдикатите зема замав и во овие реони но, само одреден дел од популацијата пројавува интерес. Најчест вид на организираност се спортските клубови. Биле направени огромни напори да се организираат соседствата на сламот но, само мал дел од популацијата ги прифатила понудените можности.

Неформалната социјална организираност на сламот, сепак е многу поцврста отколку што некој е подготвен да поверува. Како правило, секој член на сламот е социјално помалку изолиран отколку повеќето жители во реоните населени со средна и висока класа.

определена ритуална група е основниот фактор на разликувањето на своите“.[23]

Лех Мруз го проучува односот на етничката дистанца на Ромите и Пољаците. Тој поаѓа од ставот за неможноста на било која заедница или култура да се разликува себе од се она што се наоѓа надвор од неа, а да не прави разлика меѓу себе и соседните најблиски групи. Нивото на кое се врши поделба, според Мруз, е издвојувањето на својата група. Тоа содржи најмалку три елементи: свои (ние), не свои (другите) и туѓинците.

Истражувањето на ромската заедница е особено погодна за согледување на взаемните односи и етничката дистанца во рамките на заедницата. Дистанцата која постои кај Пољаците во однос спрема Циганите има исклучително траен каркатер. Фактот дека Циганите, во принцип, престанале да лутаат и дека често преку начинот на живеење се поистовестиле со Пољаците многу не влијаело на промените на судовите за нив, иако по начинот




[23] Leh Mruz.Oznaka etničke distance.Kultura, 71,1985. p.164-174



на населување станале блиски соседи.[24] Во Полска присутна е една лабораториска ситуација. Ние (своите) сме многу добри, туѓите (Циганите) поседуваат скоро исклучително негативни особини, заклучува Лех Мруз во својата студија.

И покрај фактот што животот на Ромите многу се променил и што престанале постојано да се преселуваат, ставовите за нив не се базирани врз тие состојби, туку врз основа на стереотипна слика која постојано ги стимулира односите спрема нив. Создадената претстава за нив е формирана во семејството и најчесто уште во најраната

[24] Резултатите покажуваат дека сите шест националности од белата раса поврзани со европскиот културен круг ги заземаат првите шест (од вкупно десет) места. Тоа е општо правило без разлика од која средина потекнува респондентот и на која возраст е. Заедниците кои се разликуваат по културата и антрополошките особини, меѓу нив и Циганите, ги заземаат последните четири места на скалата.... Ова, исто така, укажува и на важната улога која ја има расниот фактор во вреднувањето на различните заедници". Leh Mruz, cit.delo, p.172.

возраст. Можноста за промена на односот спрема Циганите зависи, теоретски, од прифаќање на сличен модел и стил на живот како кај градкото население. Невозможна е ситуација која на Циганите им овозможува да ја сочуваат суштината на културните разлики, а да бидат третирани на поинаков начин. “Основниот фактор е да се вклучат во категоријата на **луѓе,** иако сеуште не во ексклузивната категорија на **своите** е промена на начинот на егзистенцијата и обичаите, промена на ритуалите и прифаќањето на оние кои се прифатени како вистински и во најмала рака.....? Ду ри тогаш по Лех Мруз, можат да се јават услови кои овозможуваат промени, а во свеста ја потикнуваат етничката дистанца.



# УРБАНА РЕКОНСТРУКЦИЈА -
# -ПРИНЦИПИ И МОЖНОСТИ

На почетокот на анализата ќе се обидеме да се дистанцираме од "етничко - религиозните" аспекти на феноменот на градската реконструкција и му пристапиме од еден просторно - физички и планерски апект. Во таа смисла ќе презентираме дел од искуствата кои се сретнуваат во реконструкцијата на старите делови од градот во повеќе земји на Западна Европа без разлика дали се работи за реконструкција на етничка енклава или не.

Она што е карактеристично за градовите од типот на Скопје е тоа што, на реконструкцијата мора да и се пристапи од повеќе аспекти и тоа од просторно - физички, урбано - архитектонски, социјален, етнички, еколошки аспект, односно како на изразито сложена појава. Во оние ситуации кога ќе ги сретнеме социјалните, верските и етничките карактеристики на една група и на едно место кое е запуштено и ги апсорбирало карактеристиките на сламот, тогаш навистина се работи за појави за кои е потребна и соодветна методологија на истражување, а во тие рамки и на практична акција.[1]

---

[1] Во теоретските анализи и практичните постапки кога се говори за феноменот на реконструкцијата, најчесто употребувани поими се реставрација, ревитализација, регенерација и рехабилитација. Накратко да укажеме на тоа што се подразбира под овие поими: Реставрација - се однесува на оние постапки и дејствија во урбаниот простор кои имаат за цел да ги сочуваат од пропаѓање урбаните сегменти и амбиеталните простори кои имаат уметничка и историска вредност; Ревитализацијата - како облик на реконструкција е насочена кон зачувување на урбаниот

Во практиката и теоријата на урбаната реконструкција се сретнуваат два пристапи: таа главно се третира во функција на подобрување на условите за живот, без подлабоко да се навлегува во другите аспекти на животот на луѓето. Вториот пристап, кој поретко се сретнува, но во последните неколку децении е се повеќе присутен во себе, меѓу другото, настојува максимално да го вклучи локалното население и во границите на економските и социјалните можности максимално го "хуманизира" пристапот на реконструкцијата. Кој начин ќе биде применет зависи и од тоа дали реконструкцијата е "целосен зафат" за отстранување на просторно - физичката структура или пак се работи за зафати кои се обидуваат да ја пронајдат врската меѓу старите градби и новите содржини за што е неопходна соработка со оние кои живеат на тие простори. За нашата анализа ќе проследиме и дел од искуствата од развиените земји, особено во оние случаи кога реконструкцијата претставува голем финансиски и урбанистички зафат, кога доаѓа до значајни промени на етничката структура.[2]

---

идентитет на помали просторни целини со неопходно дефинирање на формите на заштита; Регенерацијата - опфаќа нови комуникациони - инфраструктурни системи; Рехабилитацијата - облик на урбана обнова која има за цел подигање на квалитетот на домувањето, примената на функциите, подигањето на нивото на автентичност на урбаните простори и слично. Кога се реконструира населбата (дел, реон, кварт) за која единствена постапка за градба е претходно да се добие празен простор, тогаш говориме за реконструкција како постапка на отстранување на нездравото ткиво на градот. Во оваа студија е направен обид да се проговори за тоа, зошто во градот доаѓа до формирање на слам - населба и какви последици тие предизвикуваат врз луѓето кои живеат во нив и зошто во нив постојано се влошуваат условите и зошто, сè уште, градската политика сериозно не се зафатила со нивна реконструкција

[2] Искуството за реконструкција на населбите - сламовите населени со еднородно етничко население не можат да се генерализираат.Секој град е случај за себе

Подрачјата кои се цел на реконструкцијата би требало претходно детално да се проучат и тоа, не само од аспект на состојбите на просторно -физичката структура (станбен фонд, инфраструктура, опрема), туку и од аспект кој е исто така значаен од социјален, еколошки, етничко - религиозен и економски, што се заедно би требало субјектите на реконструкцијата да ги соочи со сложеноста на феноменот.

### *Реконструкција на сламот - искуства на развиените земји*

Пристапот на проблемот кон урбаната реконструкција е различен за секој град одделно, што од своја страна претпоставува различни пристапи во анализата и претпоставки за нивното разрешување. Нашата цел е преку презентација на неколку модели на реконструкција да ги истакнеме разликите кои постојат меѓу нив за да дојдеме до оние модели за кои сметаме дека најмногу одговараат на "скопските состојби", на една многу посложена ситуација од онаа каде реконструкцијата се покажува како нормална постапка при решавањето на проблемите поврзани со условите за живеење во запуштените квартови.[3] Во анализата, поконкретно вниманието ќе го насочиме на некои аспекти на

[3] За нас процесот на реконструкција значи решавање на основните животни проблеми на луѓето кои живеат во запуштените квартови, што подразбира еден поширок аспект на анализа, а не само подобрување на станбените и населските услови. Во суштина, кога во една населба од десетина илјади жители, со јасно препознатливи карактеристики на слам каде расчистувањето е единствена практична метода, нужно наложува опсервации од многу поширок обем, отколку што тоа го бараат, на пример, решенијата за еден или неколку блока или улици со значително помали димензии и без етнички димензии на феноменот.

реконструкцијата на запуштените квартови во скандинавските земји и Соединетите Американски Држави.

Со помош на поимот "квалитет на животот", со скандинавскиот модел (се мисли на моделот кој е применет во Шведска) направен е обид да се дефинираат основните цели на реконструкцијата и тоа: што се се подразбира под поволни животни услови, демократска процедура и дефиниција на поимот хуманост при реконсртрукцијата. Имено, моделот на благосостојба се дефинира со помош на "добрите услови" на домување, а врз основа на општо усвоените нормативи и вредности (се разбира оние кои важат за шведска). Во рамките на овој модел поголемо внимание е посветено на социо - антрополошките аспекти на домувањето, под што подразбираме "добри животни услови" и во ситуација кога граѓаните имаат можност да ја креираат ситуацијата во согласност со своите искуства и вредности.[4]

Дефинирањето на поимот "добри услови за домување", претставен низ квантитативни индикатори е многу поедноставен од прикажувањето на социо - антрополошките аспекти на благосостојбата, каде нужно

---

[4] Средиштето на поимот "квалитет на живот", кој секој поединец го сочинуваат неговото доживување на задоволството од начинот на животот и неговиот тек, потоа условите, перспективите, можностите и ограничувањата кои ги има секој поединц во својот живот... "Квалитетот на животот" во суштина е комплексно и синтетичко доживување на задоволство, незадоволство од животот, кој настанува со своевидна еваулација и рееваулација на квалитетот на живеење, на поединецот во различни подрачја, како што се: работа, социјални активности, меѓучовечки односи и емоционални врски". Авторите се на мислење дека не може да се процени квалитетот на животот на некој поединец врз основа на познавањето на објективните услови во кои живее или врз евентуално објективните тешкотии кои го оптоваруваат". Vl.Kolesarić i M.Krizmnaić, Pokušaj konceptualizacije "Kvaliteta zivota", Primijenjena psihologija,br.10, 1989g. p.180.

се наметнуваат квалитативните аспекти, главно содржани во начинот на задоволувањето на потребите, субјективното задоволство од животот независно од објективните околности и многу други индикатори кои не се нумерички мерливи. Социо - антрополошкиот аспект на благосостојбата би требало да ја покаже можноста на станарите да управуваат и да влијаат врз промените на нивното опкружување. Од системот на вредностите на поединецот или групите на население се формираат конкретни критериуми за квалитет на живот кој се смета за пожелен. Секој проект на урбаната реконструкција кој е во функција на подобрување на квалитетот на животот, мора да содржи и цели кои се конзистентни со тоа и за нив имаат вредности.[5] Она што особено треба да се потенцира во ваквиот модел за реконструкција е воспоставувањето на непосредна соглсност меѓу вредносниот систем на луѓето кои се зафатени со тоа и целите кои треба да се реализираат со планот, а кои можат да се реализираат само со активно учество на сите заинтересирани, а најмногу со оние кои се директно засегнати со тоа.

Во овој концепт човекот се третира како активен субјект кој во интеракција со своето опкружување ја формира средината во која живее и е под нејзино силно влијание. Тој е активен субјект во формирањето на сопствените потреби и интереси, каде механичкото поимање на задоволувањето на потребите се заменува со "творечки ангажман". Тоа суштински влијае врз сфаќањето за квалитетот на животот, кој најчесто е формиран од разни стручњаци без учество на оние на кои непосредно се однесува. Ова е особено значајно во ситуации кога се реконструираат делови од градот кои во исто време претставуваат и етнички енклави, а што е карактеристика за градовите од нашата држава, особено за Скопје, кој е етнички поделен град. Не навлегувајќи

[5] Rekonstrukcija gradova i kvalitet življenja, 3, prevodi, JIUS, Beograd, p.23

подлабоко во моделот кој се практикува во некои од најбогатите и најразвиените земји во светот, нашето внимание ќе го задржиме на уште неколку интересни моменти, кои претпоствуваме ќе бидат во функција на она што подоцна на примерот на Скопје ќе се обидеме поконкретно да го прикажеме.

Основната идеја на концептот на "социјално - антрополошката благосотојба", пред се е реализација на висок степен на демократичност во реконструкцијата каде е нужно учеството на граѓаните во процесот на одлучувањето што претпоставува една ситуација во која мнозинството од луѓето имаат јасна претстава за сопствените цели и вредности на животот, особено оние кои произлегуваат од местото каде живеат, составот на населбата и слично. Целите на урбаната политика се дефинираат и се формираат на глобално ниво во една активна интеракција со луѓето кои го реализираат процесот на реконструкција и луѓето кои се опфатени со тој процес. Тоа е првата фаза во конечното определување на целите на урбаната реконструкција. Во тие околности тие не се сфатени само како "збир на индикатори за добриот живот" кој претходно се дефинира, туку во голема мера тие се обликуваат во активниот однос на граѓаните. На тој начин во механичката претстава за "добриот живот" тоа се први обиди да се внесат и квалитативни индикатори, кои не секогаш произлегуваат од задоволството од животот базиран на материјалната благосостојба, туку врз многу посуштински елементи за животот на еден човек, како на пример, самоактуелизацијата и како творечки чин и како разотуѓување на животот. Ако ги занемариме за момент сознанијата дека се работи за економски најбогатата земја во светот и дека последиците од неуспехот на експериментот не се секогаш трагични, останува впечатокот дека еден од најважните сегменти во процесот на реконструкцијата на сламот - населбите е почитување на интересите и потребите на жителите на овие населби од страна на планерите и градската политика,

како и нивното активно учество во сите фази од раконструкцијата, а особено на почетокот кога се определуваат целите и широчината на зафатот

### *Американското искуство*

Реконструкцијата на еден кварт од градот Бостон го земаме како пример на примената на моделот на демократичност при реконструкцијата. Активностите околу реконструкцијата на подрачјето кое било предвидено за тоа изведени се во два наврати, во период од 1961 - 1965 год. и со две различни групи на планери. Во почетокот на работата на проектот првата група одржала повеќе состаноци со Urban Reneval Board составен од претставници на локалните соседски групи, поради прибирање на информации за социјалните и просторните проблеми. Потоа следи средување на податоците и воспоставување на активна соработка со групите и организациите кои се лоцирани на подрачјето кое е цел на реконструкција. Врз основа на тие активности следи изработка на планот кој главно се состои во определување на општите норми кои треба да послужат за текот на конкретните зафати.

Првата група го применила концептот на демократичност кој се однесува на алокација на ресурсите , но не се ангажира околу усогласувањето на различните мислења. Планот кој го изработила првата група е одбиен. Новата, (втората) група на планери пред почетокот на работата на планот отворила канцеларија за консултација со жителите во средиштето на локалитетот, кој бил цел на реконструкција. Во текот на една година, близу 3000 луѓе побарале информации во врска со реконструкцијата на нивната населба. Планерите давале потребни објаснувања за концептот и целите , а се одлучувало на заеднички состаноци на кои присуствувале сите страни. Одлуките се донесувале за секоја зграда посебно, а станарите помагале

со практични совети за тоа, како нивниот станбен кварт може да изгледа подобро. За целото подрачје се изработени детални карти со сите потребни елементи, од кои јасно можело да се види за кој вид интервенцијата се работи. На крајот планот е усвоен од мнозинството жители со што се отворила реална можност тој да биде практично реализиран.

Овој начин на планирање, каде планерите играат активна улога на "преговарачи" и каде основната задача на реконструкцијата била реализација на решенија поврзани со поединечни интереси, се покажал многу успешен. Проблемите се дефинираат со помош на граѓаните со што се избегнува усвојувањето на некои општи норми кои никого не обврзуваат и кои најчесто подобрувањето на квалитетот на животот го определуваат на еден апстрактен начин и кога единствена цел е протерувањето на сиромашните од централните делови на градот.

### *Урбанаūа реконсūрукција и квалиūеūоū на живоūоū*

Во почетокот на осумдесетите години урбаната реконструкција е актуелна тема за која не расправаат само стручњаците на национално или регионално ниво, туку таа се сместува и во програмите и телата на специјализираните светски институции и организации при Обединетите нации. Нашата цел е да укажеме на дел од искуствата од обновата на старите делови од повеќе градови во Европа. Анализата се базира на извештаите од III симпозиум организиран од Комитетот за домување при УНЕСКО одржан 1982 год.

Извештајот на Данската влада говори за една конкретна ситуација и може да послужи за пример како се пристапува во обновата на градските центри, но нема претензии да покаже како се решаваат проблемите на сите оние кои живеат во неадекватни живеалишта.

Прво, целта на програмата е да се решат проблемите на станбено најзагрозените, односно оние кои живеат во сламови и второ, имајќи ги предвид локалните вредности и потреби, тоа се прави со понепосредно вклучување на населението кое е зафатено со тој процес. Во анализата е претставен моделот кој е применет на еден кварт во Копенхаген и претставува еден од најмногу применуваните модели во Данска меѓу 70-тите и 80-тите години. За потребите на моделот кој е применет во Копенхаген извршени се неколку истражувања во рамките на Данскиот национален институт за општествени истражувања кои се однесуваат на последиците од расчистувањето на сламовите и преселувањето на населението. Во истражувањето се користени различни методи и тоа:

а) Прашалници и интервјуа на примерок од 1000 испитаници. б) Непосредно посматрање во текот на една година во зоната на реконструкција (двајца членови на тимот живеат во населбите, во работнички стан). в) Прибирањето различна документација која може да послужи за реконструкцијата. г) Разговори снимени на магнетофон со продавачите во локални з продавници, за разни прашања од животот во населбата.

Во истражувањето се дошло до сознание дека нехигиенските станови главно се населени од пензионери, неквалификувани работници и млади луѓе кои се во фаза на школување, невработени и болни. Еден од најголемите проблеми со кој се соочиле планерите на Норебро (Norebro), населба која била цел на реконструкцијата, била прецизната информација која требало да им ја дадат на жителите. Станарите најчесто ги интересирале прецизни податоци за тоа кога и каде ќе бидат преселени, што за планерите било тешко да дадат прецизни одговори.

Вториот случај на реконструкција во Копенхаген, зоната Остебро (Osterbro) кој бил раководен од истите принципи како при реконструкцијата на Норебро се однесува на реконстрикција на станбен блок кој е изграден пред стотина години. Реконструкцијата е доверена на

фирма која не работи на профитна основа. Со планот се предвидува пониска густина и отстранување на застарената градба и на нејзино место изградба на нови згради со повисок стандард. Она што е интересно за овој проект, за разлика од претходниот, е вклучување на сопствениците на становите и станарите во целокупниот процес и тоа во многу поголем степен, отколку што тоа било предвидено со законот за расчистување на сламовите. Претпријатието овластено за расчистување на сламот упатило циркуларно писмо на сопствениците на становите и станарите во кое се повикуваат да учествуваат во изработка на планот за реконструкција. На задната страна на писмото дадена е скица на блокот. Од станарите се бара врз основа на приложениот план да го изнесат своето мислење за реконструкција на оваа зона. Но, само мал дел одговориле на писмото - анкета. За попрецизна и подобра изработка на планот за реконструкција, со станарите се организирале состаноци, а со најмногу заинтересираните била формирана и една група од 20 станари која претставувала еден вид консултативно тело кое требало да ги застапува интересите на сите станари од блокот. Врз основа на резултатите од анкетата, како и од разговорите со станарите кои ги организирало претпријатието задолжено за реконструкција, изработен е нацрт на "ставови на станарите" кој е усвоен на состанокот на кој учествувале сите станари и претставници на претпријатието. Позитивната страна на оваа стратегија е таа што секоја активност околу реконструкцијата детално се усогласува меѓу сите заинтересирани субјекти. По усвојувањето на програмата претпријатието задолжено за конкретна реализација на планот пристапува кон детална разработка на планот со што почнува практичната реализација. Овој проект во целост успеал да се реализира. Пријавените недостатоци повеќе биле резултат на недоволната усогласеност меѓу актерите на реконструкцијата и надлежните државни и градски институции.

Врз основа на примерот на реконструкцијата во Копенхаген во Данска (слични примери се сретнуваат и во другите земји во Европа) може да се извлечат неколку заклучоци кои се вградени и во препораките на III и IV симпозиум на Комисијата за домување при УНЕСКО.

Прво, основно е, планирањето на градот и реализацијата на урбаната реконструкција да се третираат како дел од вкупниот процес на урбаното планирање. Тоа е можно да се оствари само во рамките на подготовките на регионалните планови каде може да се обезбеди потребната координација меѓу регионалните и градските активности, да се применат флексибилните и различни пристапи, а во согласност со локалните услови и прилики. Во регионалниот план треба да се внесат и насоките за изработка на детални урбани планови, особено за подрачјата на градот за кои е неизбежна реконструкцијата. Урбаната реконструкција не претставува само физичко подобрување на животните услови, туку, пред сѐ, подобрување на квалитетот на животот воопшто, со што на станарите им се овозможува и понатаму да останат во зоната која се реконструира.

Второ, учеството на јавноста и нејзиното целосно информирање, овозможува, не само квалитетна изработка на планот, туку и успешно надминување на проблемите при практичната реализација на програмата. Во таа ситуација не е чудно ако подготвителните работи траат многу повеќе од реализацијата.

Трето, урбаната реконструкција мора да се усогласи со националната и регионалната политика. Приоритет на планската интервенција секогаш треба да имаат зоните во кои владеат крајно лоши услови за живеење, а не изградба на репрезетативни градби во централните делови на градот, што најчесто се случува, а реконструкцијата само ако е во функција на расчистување на терен за некој моќен инвеститор.

Урбаната обнова треба да биде дел од општите настојувања за подобрување на квалитетот на живеење во

рамките на просторните, општествените и урбанистички планови. Таа секогаш длабоко навлегува во економските, општествените и политичките сегменти од животот во градот и поради тоа мора да го претпостави и активното учество на жителите на градот, особено оние кои непосредно се зафатени со тоа.

## *Истражувањето и експериментот во градската реконструкција* [6]

Во рамките на поставувањето на прашањата за целите и значењето на реконструкцијата на градовите неопходно е да наведеме неколку појдовни претпоставки кои директно упатуваат на суштината на проблемите. Имено, дали градот кој се менува во услови на забрзана индустријализација ќе биде прилагодуван на барањата на идното општество кое надоаѓа и дали човештвото на прагот на својот трет милениум е во состојба да направи многу повеќе како би се воспоставила хармонија меѓу барањата кои произлегуваат од сѐ позабрзаниот општествено - економски и научно - технички прогрес, од една, и барањата на човекот да живее во квалитетна урбана средина, од друга страна? За мнозинството социолози и урбанисти, кои се занимаваат со урбаната реконструкција сѐ чини дека тоа е централно прашање.

Прво, реконструкцијата на градовите не може да биде изолиран процес, туку, пред сѐ, составен дел на реконструкцијата на целата мрежа на градови на територијата на една земја или во рамките на регионот. Тоа претпоставува дека одлуките кои се однесуваат за идните

---

[6] Во нашата анализа ќе се задржиме на неколку искуства од реконструкцијата на станбените зони и градските центри од неколку европски земји изнесени на третиот симпозиум организиран од страна на Комитетот за домување и планирање при Европската економска комисија, одржан 1970 год.

плански активности во сферата на стопанството мора во исто време да ги третираат и проблемите на реконструкцијата на градските центри. Таа треба да биде дел од целите на планирањето на општеството во целина. Секој парцијален пристап кој реконструкцијата ја дефинира како "ствар за себе", денес е практично неостварлив и неприменлив.

Второ, мотивите за реконструкција можат да бидат најразлични но, во суштина треба да се сведат на следното: отстранување или намалување на штетното влијание кое произлегува од непожелната помешаност меѓу станбените и индустриските објекти, отстранување на неквалитетниот станбен фонд, изградба на адекватна мрежа на јавни установи и услуги, подобрување на еколошките услови и најпосле заштитата на историските и уметничките вредности на градот со спонтана, несистематична и хаотична изградба. Реконструкцијата треба да значи, пред се, "намалување на густината", како на бројот на становите, така и на бројот на работните места. Поради тоа, нопходно е уште на почетокот да се предвидат соодветен број станови, работни места и други градски установи и објекти во новоизградените подрачја кои се планираат да се изградат. Подрачјата за реконструкција најчесто се многу густо изградени и богати со историски и културни споменици, што претпоставува целосна и квалитетна заштита што не е случај со сламовите за кои единствено решение е целосното отстранување на објектите.[7]

Трето, со деталниот урбанистички план треба да се определи што ќе треба да се отстрани, а што обнови и модернизира, а што да се одржува во непроменета состојба. Приоритет на интервенциите кои треба да се реализираат

---

[7] “Реконструкцијата на градовите не може да биде изолиран процес, туку составен дел на реконструкцијата на мрежата на населби“. Galić Rista, Urbano zoniranje, Makedonska kniga, Skopje, 1980 g.

на едно конкретно подрачје во рамките на проектот на градската реконстрикција, претходно зависат од постојните економски можности, од станбената политика и можностите за реализација на урбанистичкиот план (изградба, распределба и финансирање на станбената изградба)

Градската реконструкција е феномен од поново време и поради тоа секој прилог, теоретски и практичен, значи пополнување на големи празнини во тој домен. Она што посебно треба да се истакне е што многу малку внимание е посветено на истражувањата на проблемите кои се понепосредно поврзани со урбаната реконструкција. Скоро сите зафати на полето на урбаната обнова на градовите се без минимални теоретски истражувања и најчесто се водени од најпрагматични цели и побуди. Но, за разлика од тоа, изработени се многубројни техничко - квантитативни решенија, за обемот на инвестициите, оптималниот број на станови кои треба да се изградат на подрачјето кое е подложно на реконструкција, демографски анализи и слично. Квалитативните критериуми воопшто не се земени предвид во анализата, како што се на пример, естетските вредности, на деловите кои се предмет на реконструкцијата, флексибилноста на новите урбани структури, кои би требало да бидат сместени во реконструираните подрачја, потоа социо - психолошките проблеми на раселеното население, односно последиците од промената на местото на живеење, особено од старите делови на градот со поголема традиција.[8] Она што реконструкцијата ја прави сложена и неповторлива е фактот што таа реализирана на едно подрачје најчесто нема ништо заедничко со реконструкцијата на друг дел од истиот град! Би било непотребно да се образложува колку

8 За некои градови, каков што е Скопје, потребни се истражувања за реконструкција на етничките енклави, кои неизбежно ќе го постават прашањето за перспективите на градот во една социолошка, антрополошка и политичка димензија.

тоа е неспоредливо кога станува збор за различни градови и во различни држави. Тоа претпоставува спроведување на конкретни и продлабочени истражувања и воведување на експериментални постапки во практичната реализација. Потоа, не би било добро ако истражувањето се задржи само врз квантитативни фактори на реконструкцијата. Потребно е што е можно повеќе вниманието да се насочи кон квалитативните фактори кои во повеќе случаи како што и беше покажано во анализата, се покажаа од суштинско значење. Овде се мисли на проблемот на раселувањето, на учеството на граѓаните во изработката на планот за реконструкција и слично.

Во продолжение на анализата ќе презентираме дел од искуствата на реконструкциони зафати во градовите од неколку еврпоски земји. Искуствата од реконструкцијата на градовите во Чешко-Словачка според К. Стрејц (K.Strejc) можат да се сведат на следното: Прво, не би требало да постојат големи разлики меѓу општите урбани истражувања и истражувањата наменети за градската реконструкција. Стрејц, пред сѐ, мисли на тоа како би требало реконструкцијата да изгледа, а помалку на тоа како таа реално се реализира во Чешко-Словачка до седумдесетите години. Она што е вредно да се истакне во размислувањата на авторот е неговата заложба за широчина и систематичност во анализата на феномените. Потоа, посебно место и значење заслужува неговиот став дека резултатите од истражувањата "би требало да се вреднуваат по пат на различни експерименти. Тие експерименти би можеле да се остварат на следните нивоа: експериментирање во методологијата, експериментирање на ниво на поедини проекти во доменот на градската реконструкција и експерименти на ниво на нивна практична примена".

Експериментот претставува еден од најуспешните начини за воспоставување на систем за вреднување на успешноста на градската реконструкција. Тоа во голема мера треба да ја унапреди планерската теорија и да се

претвори во непресушен извор за нови идеи и концепти. "Таквиот пристап на експерименти на ниво на проект сигурно дека ќе поттикне еден поцелосен теоретски пристап на градската реконструкција, пред сè, во изборот на решенија за практични проблеми наметнати од брзиот прогрес на цивилизацијата".

### *Реконструкцијата на урбаните центри во Франција*

Проблемите на реконструкцијата на урбаните центри во Франција, за разлика од Чешко-Словачка од седумдесетите години, главно се сконцентрирани на процедурата и методите за практична реализација. Нашето внимание ќе го задржиме на проблемот на рушењето на ќумезите, проблемите поврзани со административните постапки (како и на кој начин се определува подрачјето за реконструкција, потоа, како се реализира и кој ја финасира програмата за обнова и слично.

Предмет на планска реконструкција се сламовите во кои владеат изразито лоши услови за домување и каде најголем дел од живеалиштата се од слаб материјал и не поседуваат сопствени санитарни уреди (не можат да се приклучат на јавните санитарни системи) Во Франција во седумдесетите години нивното расчистување беше регулирано со закон за реконструкција (донесен 1966г.). Со законот беа регулирани неколку значајни постапки при реконструкцијата.

Прво, цената на земјиштето на кои се лоцирани ќумезите и цената на земјиштето во најблиската околина, треба да биде еднаква на цената која е постигната на просечниот пазар на градежно земјиште кое е слично на нив.

Второ, постои ограничена компензација за сопствениците или корисниците на објектите за земјиштето на кое се расчистуваат ќумезите.

Трето, обезбедени се дотации за купување на градежно земјиште на кое се планираат да се градат објекти за привремено сместување на оние кои ќе мора да се иселат од населбите кои ќе се реконструираат.

Четврто, се подготвуваат специјални локални програми за станбена изградба во која е вклучено и решавањето на проблемите со сместувањето на лицата кои се иселуваат од ќумезите, предвидени за уривање. Она што ја прави различна реконструкцијата на сламот од ќумезите и реконструкцијата на другите делови кои се разликуваат од нив е содржана само во висината на проценетата вредност на објектите. Во случај на уривање на ќумезите се применуваат методите на општа процена, заедничка за сите објекти од населбата. Не постои диференциран пристап.

Француският систем се потпира на три основни принципи од кои се формираат фундаментите на постапката при реконструкцијата.

а) Систематско обезбедување на земјиште во подрачјето наменето за градска реконструкција од страна на јавната власт и тоа со помош на постапката која предвидува експропријација на земјиштето во име на општиот интерес.

б) Локалните власти се одговорни за одредување на подрачјето наменето за градската реконструкција, а државата е должна да обезбеди финансиски средства во форма на кредити и дотации.

в) Програмата за реконструкција се остварува на тој начин што најчесто се здружуваат локалната власт и приватните организации.

Прашањето за тоа, кој треба да ја спроведува програмата за градската реконструкција е едно од клучните прашања за францускиот концепт. Програмата за реконструкција може да ја реализира само она тело (организација) што е непосредно контролирано од органите на локалната власт, тоа може да биде стопанска организација ако повеќе од 50% од капиталот што го поседува е контролиран од јавни тела или со посебен

договор меѓу јавното тело и стопанската организација или пак здруженија на приватни сопственици на згради, земјиште или задруга и слично. За валидноста на целокупната постапка, пред да започне реализацијата на програмата, одлучува соодветен државен орган, односно надлежното министерство. Следното значајно прашање се однесува на тоа како практично се спроведува програмата на градската реконструкција. Пред да започне реализацијата на програмата се подготвува проект кој содржи временски план за изведување на работите и финанскиски план за обезбедување на средства за изградба на јавните комунални инсталации. Во програмата посебно внимание е посветено на воспоставувањето на контакти со сопствениците на ќумезите (зградите)

"Треба да се нагласи дека прашањето за преселување на луѓето е тежок проблем, ако не и најтежок за локалната власт и институциите кои ја спроведуваат градската реконструкција, не само поради тоа што тој проблем има хумани и психолошки аспекти, туку и поради сериозни материјални и финансиски импликации". Подрачјето кое најчесто е цел на реконструкцијата е населено со најсиромашните групи, ситни трговци и занаетчии и стари лица кои успеваат да преживеат само поради тоа што не плаќаат високи станарини и закупнина. Мнозинството од нив не се во состојба да ги плаќаат станарините во новото место на живеење. Поради тоа се случува најсиромашните да бидат преселени на периферијата на градот, каде трошоците од преселбата се најмали, а и поради тоа што градежното земјиште е најефтино.[9] "И колку на работите

[9] Искуствата на развиените земји на планот на реконструкцијата се значајни поради тоа што во уредувањето и користењето на градскиот простор не делуваат исклучително пазарните законитости, туку пред се, влијанието на носителите на општествената моќ, што поопширно говоревме во делот за урбаното планирање. Втората значајна компонента, за која исто така посветивме поголемо внимание се однесува на "хуманата" страна на проблемот, односно при реконструкцијата се земаат

да се пристапува со внимание и колку долго да се разгледуваат различните интереси, секоја програма на градската реконструкција скоро секогаш една поголема група луѓе ја доведува до трагични ситуации кои што не можат да бидат запоставени и кои мораат да се согледаат како исклучиво тешки проблеми. И поради тоа локалните власти често ја одлагаат реализацијата на градската реконструкција.

Реализацијата на програмата за реконструкција на запуштените квартови е незамислива без претходно обезбедување на потребните материјални средства. Во таа смисла, основниот документ за секоја програма е буџетот кој покажува кои трошоци мора да се реализираат за отстранување на ќумезите како што се, трошоците за обезбедување на градежно земјиште, надомест на план за санација и оперативни трошоци, што се заедно изнесува околу 80% од сите трошоци. Останатите 20% отпаѓаат на трошоците за опремување на земјиштето и трошоци за изградба на комуналната инфраструктура. Она што заслужува посебно внимание и треба да се истакне е подршката на централната власт, пред се, на финансиски план за доследна реализација на програмата.

Од реализацијата на програмата за реконструкција на француските градови можат да се извлечат неколку заклучоци кои можат да бидат од корист за некоја слична постапка во други средини.

а) Прва и најзначајна работа за секоја локална власт која сака да пристапи во реализацијата на програмата за градската реконструкција е солидната информација за состојбите на градските фондови, за начинот на користење

---

предвид културолошките особености на просторот и населението. Но, скоро секогаш како што истакнуваат американските истражувачи, раселеното население губи многу повеќе во споредба со она што добива. (K.Petovar, O statusu lokalnog..., Pogledi, Split, N.3-4, 1988 p. 1001-1012.)

и нивната употреба, (вредноста на секој градски кварт, улогата која квартот ја има во животот на градот, економскиот живот и слично).

б) Јасно и недвосмислено дефинирање на задачите и целите на политиката на градската реконструкција. На пример, дали реконструкцијата насочена кон социјална и етничка десегрегација, треба да биде една од главните цели на реализацијата на градската реконструкција или тоа се економските ефекти или тежиштето е поставено врз нешто друго? На ниво на Влада (како највисок извршен орган) се дефинираат само најопштите задачи на обновата, како што се отстранувањето на нехуманите услови за живот, на дивите населби и социјалната сегрегација, потоа одредување на соодветен обем на изградба со програмите на градската реконструкција, отстранување на најнеквалитетните згради и подобрување на комуналните услуги и слично.

Локалната власт ја има најголемата одговорност за успешна реализација на планот на градската реконструкција. Основно и најважно е да се определи која е целта на реконструкцијата, а со тоа и насоките на изградбата на градот за еден период од дваесетина години. Реконструкцијата во тие околности е само дел од целината на изградбата на градот.

Само локалната власт е способна да донесува одлуки од овој вид, само локалната власт може да ги измери вкупните трошоци и да ги спореди со социјалните, економските, финансиските и урбанистичките добивки и само таа може да изврши директна процена на последиците што ќе ги предизвика градската реконструкција.

Во проектите за реализација на програмата за градска реконструкција во Франција се формирани три вида на извори на средства и тоа правни, технички и финансиски. За целосно покривање на трошоците за изведба на скапи јавни комунални објекти и целосно уредување на градежното земјиште се практикува и вовлекување на приватен капитал и постигање на голема

густина на изграденост. За успешна реализација на тие цели се подготвуваат и правни норми со што планот се здобива со поголема флескибилнот. Општа тенденција, кога се говори за правната регулатива, е донесување на значајни одлуки. Програмата за градската реконструкција се финансира со помош на директни субвенции и банкарски кредити. Каматните стапки на кредитите се многу ниски, а периодот за кој се одобруваат, зависи од програмата, рокот на отплата може да биде пролонгиран. Правото да се добијат директни субвенции се стекнува тогаш кога ќе се докаже дека се почитувани поголем дел од објективните критериуми донесени од страна на државните органи, а кои се однесуваат на реализацијата на општите цели на градската реконструкција како што се рушењето на ќумезите, изградбата на комуналната инфраструктура или изградбата на општински станови со однапред определен стандард.

## *"Лево" и "десно" од Центарот*

Што е она што реконструкцијата на Скопје ја прави суштински различна од сличните зафати кои се реализираат во други градови без разлика во која земја тие се изведени?

Најголем дел од централното подрачје на Скопје по земјотресот остана надвор од планската изградба. Освен неколку делови кои плански се обликуваа, најголем дел од просторот предвиден за санација и реконструкција на кој се наоѓа старото јадро на градот повеќе од три децении е надвор од било какви плански интервенции и што е уште полошо, во негови рамки и натаму продолжи хаотичната изградба на станбените и други објекти. Она што треба да се реконструира денес, претежно е резултат на последните триесетина години и тоа во голема мера нема скоро

никаква вредност на градежен, физички, архитектонски, а многу повеќе и на социо - антрополошки план, зошто се работи за појава на изразита етничка сегрегација, што може да има катастрофални последици за идниот развој во секој поглед. Ако центарот на градот го посматраме како една целина (што е методолошки сосема исправно) и како центар - средиште на еден голем град, тогаш состојбата во која се најде просторот кој е целосно дисконтинуиран и се формирани остри граници меѓу различните делови и тоа во секој поглед, физички, социјално, етнички, тогаш се добива впечаток дека се работи за центар на повеќе безлични светови, социјални и етнички. Тој ги загубил општите заеднички димензии на средиште и започнал да се формира парцијално, непландски, диво и хаотично и како што налагала дневнта политика и поединечните интереси. Би било сосема неправедно да се смета дека денес изградбата на центарот е можна за краток период, а во исто време да бидат максимално задоволени некои од урбанистичките или комуналните потреби и во деловите кои се формирале хаотично повеќе десетици години. За било каква смислена акција неопходно е да се донесе програма од највисоките органи на државата и да се обезбедат сигурни и постојани извори на финансиски средства, за да може центарот на Скопје за дваесетина години да добие модерен изглед на главен град на една држава.

Се наметнува и прашањето, која е спецификата што Скопје практично е неспоредливо со било кој град со слична големина, историја, степен на економски развој и слично. Во суштина, потрагата по специфичностите на градот ќе не доведе до основното прашање за можностите на развојот на градот во иднина, не само како просторно - физичка или урбанистичка стварност, туку нешто повеќе и нешто позначајно од тоа, како можна (а дали!) заедница на повеќе етнички или национални групи, односно ќе го постави прашањето за можностите на животот во градот кој и натаму етнички и социјално продолжува да се дели, почнувајќи од центарот лево и десно од реката Вардар!

Секој обид попрецизно да ги определиме просторно - физичките, социјално - еколошките и етничките димензии на центарот на градот, се судрува со повеќе проблеми, во смисла, каде завршува еден, а каде започнува друг централитет на градот. Центарот е поделен на два дела кои не соработуваат меѓу себе во една социо - антрополошка и политичко - урбанистичка смисла, што секако ќе има големо влијание при секое нарушување на нивните структури и во секој поглед. Ако за "десната" страна на Вардар може да се говори за централните функции кои се својствени за градот, тоа не може да се каже за „левата" страна. Ако "десната" страна на реката Вардар, веднаш по земјотресот започнала да се трансформира во модерен град, "левата" страна скоро целосно остана на спонтаната, хаотична изградба и место на концентрација на албанското и ромското население.

Прашањето кое денес се наметнува и од кое никогаш нема да се ослободат планерите на градот и државните органи е едноставно, што да се прави со оние социјални групи кои се наоѓаат на дното на социјалната скала, а такви се скоро половина од населението од централното подрачје, кои нема да бидат во состојба да ја платат сопствената преселба во нови хигиенски станови и нема да сакаат да го напуштат центарот и да се преселат на периферијата на градот (тоа никогаш не го сакале и кога преселбата друг ја плаќал) во евтини живеалишта, изградени со помош на поширoката заедница? "Правото на простор" со кое се стекнале сиромашните слоеви, како "право на центарот" во срцето на градот е резултат на сплет околности, историски, што е резултат на населението кое е претежно со муслиманска вероисповест. Или поконкретно, поради религиозните фактори, близината на верските објекти кои делуваат од "длабочината на историјата", што имаше пресудно влијание во концентрација на население, муслиманско по вероисповест, а албанско по националност, но и социјално депривилегирано, што беше принудено да го гради "својот

свет" и тоа не каде било, туку во срцето на градот!? Ако најголем дел од македонското (христијанско) население беше нужно упатувано кон периферните делови, муслиманското, претежно албанско население ги окупира цетралните делови. Периодот од средината на шеесетите до крајот на седумдесетите години беше "идеален" период за сламизација на градот. Тоа е една од најзначајните специфики која ретко се сретнува во други градови каде живее мешовито население во однос на националноста и религијата, што во голема мера ќе ја одреди судбината на реконструкциониот чин. Имено, се работи за "право на просторот" што во голема мера е детерминиран од етничко - религиозната припадност, која од своја страна делува кон зацврстување на овие заедници, во насока на солидарност и на традиционализам, на доживување на поединечната судбина, како судбина на групата и обратно. Тоа во голема мера значајно ќе делува и врз карактерот на реконструкцијата којаизлегува од урбанистичката, архитектонската и економската сфера и длабоко навлегува во сферата на политичкото и етно-националното, каде принципите на еден нормален процес на реконструкција, немаат големо значење. Реконструкцијата ја губи својата смисла во услови на целосно спротивставени, а просторно сегрегирани групи.

Кога говориме за специфичностите на реконструкцијата на градот кој е етнички и религиозно поделен, тогаш неопходно се наметнува и прашањето за тоа, дали за да се задоволат некои потреби на групата од социо - антрополошка и психолошка природа свесно и плански, ќе се пристапи кон нивна повторна сегрегација на некоја нова локација во градот или пак, најголем дел од населението во населбата која се реконструира и натаму ќе го сочинуваат староседелци. Односно, дали ќе нема позначајни промени на етничкиот состав или што исто така е присутно во практиката на повеќе градови со реконструкциските зафати, ќе се формираат мешовити населби, за кои се смета дека имаат поголема вредност од

етнички хомогените во секој поглед. Скопскиот случај треба да покаже, кој модел може да се смета за поуспешен во секој поглед. Но, тоа претпоставува значајни теоретски елаборации и експерименти во практиката, што за жал сеуште се одлагаат за некое идно време, кога просторот за свесно и рационално делување ќе биде толку стеснет, што секој напор и теоретски и практично ќе го направи залуден. Но, едно е недвосмислено, секое рашавање на проблемите без јасно поставена и рационално испланирана дејност, директно води во отворени судири на социјалните, етничките и религиозните групи. Градот е микро космос, каде борбата на интересите може да биде разурнувачка и опасна.

## *Кон една "тивка" обнова на местото (Прилог кон учењето на проектот)* [10]

Проектот се експериментира врз ситуации од реалното окружје:

- заради непосредно учење од изградени ситуации - како веќе направени опити со местото и,

- заради избор и примена на теоретски модели - како инструменти на проектот.

Како амбиент на интервенција последниве години се усвојуваат квартови од Скопје кои се повеќе или помалку запоставени и дезинтегрирани од градот, иако влегуваат во периметарот на неговиот центар.

Скоро надвор од контролата на институциите, во овие амбиенти се одвиваат процеси на само-градење и само-

---

[10] Прилогот е подготвен од страна на Гоце Аџи-Митревски од катедрата за Основи на проектирањето при Архитектонскиот факултет во Скопје. Во изработката на проектот учествуваа и Димитрија Голубовски, Домнка Бошкова, Минас Бакалчев и Митко Хаџи-Пуља.

организирање, при што логиката на градењето и средствата на градењето се непосреден одговор на условите на местото и на начинот на живеењето, изразени како локални одсликувања на една само-свест.

Зошто, всушност, овие амбиенти го привлекуваат интересот на нашиот проект?

Заради две индикативни противречности:

- жителот, кога гради за себе, барем теоретски, најнепосредно ги задоволува сопствените потреби, а цената на работата е рамна на нула. Овој начин му носи и лично задоволство на само-градителот. Забележуваме дека, повторувајќи еден типолошки образец (матрица), градителот покажува индивидуалност и слобода на изразот создавајќи го своето пребивалиште. Да се гради за себе и по своја мерка, тоа е за нас позитивно искуство.

- спротивно на ова, нас не поучува и другата крајност: во овие простори, скоро препуштени самите на себе, особено заради негрижата и индиферентноста на јавниот домен, се случуваат процеси на деградација и дезинтеграција, кои истите ги претвораат во изолирани и интровертни гета.

Постоењето на вакви конфликтни територии перманентно го дестабилизира градот.

Тоа за нас е негативно искуство.

Овие контрадикции во проектот повикуваат на две начелни барања:




*Состојба на хаос во просторот*

-за нивно реинтегрирање кон целината на градот и

- за нивно задржување и рекомпонирање.

Следејќи одредена етничка и филозофска определба, проектот го ориентираме кон една постапка на "тивка" поправка на местото, што ќе знае и умее да ги интегрира неговите дадености, наспроти една операција "булдожер".

Работата на проектот започнува со една основна претпоставка: почитување на окружјето врз кое се интервенира. Ваквиот приод, како нужен предуслов, бара препознавање на еден амбиент, што значи грижа за изградениот контекст и неговата култура, но исто така, неговите природни дадености.



*Пример за целосен плански зафат*

Како го препознаваме амбиентот?

За нас е многу важно да се анализира местото онакво какво што е!

Ваквиот став бара трпеливо и внимателно да се истражува она што може да има најповеќе секојдневно и најповеќе обично во разбирањето на пејсажот или на формата, во перцепирањето на материјата.

Треба да станеме особено чувствителни за секојдневното и за баналното, зашто тоа што се повторува и што трае е знак за нешто што е животворно.Разбирањето на пејсажот во неговата секојдневност е движечка сила на едно обновено забележување на нештата. За тоа ни се потребни прецизни податоци за местото и знаење и вештина работите да бидат препознаени. Поимите, аналогија и референција ни помагаат во читањето на местото преку препознатливи и утврдени форми и знаци.

За секое место обично се редефинира архитектонскиот речник кој потоа се воведува во проектот, со поетика и извесна внатрешна дисторзија за посилно да се нагласат скриените квалитети на местото. Зачестеното

повторување на едни исти проблем и структури во просторот, упатува на употребата на модели како инструменти за нивно повторно воведување во проектот. Архитектурата всушност се повеќе е проблем на употреба и на модели. Ако заради анархичноста на една ситуација, не можат да се препознаат јасни траси и не постојат директно употребливи модели кои се бараат, треба да се потпреме врз други модели, иако несовршени и да ги трансформираме, да им "прикачиме" една реалност и самата во константна еволуција. Проектот предвидува фрагментарен раст на структурата, интервенции со мали целини, поправка "на парче". Автономијата на делот при тоа игра важна улога.



Во однос на архитектонскиот израз се трага по аналогни слики, без разидување на оригинална слика, без конфронтации и без противречење. Наспроти еден класичен ред на потчинетост на делот на целината, се претпочита композиција во која делот ќе добие индивидуалност и сила. Вкупната слика на оружјето сугерира да се намали ударот на формата и вниманието да се насочи кон сензуалните доживувања што ги предизвикува материјата и техниката на нејзината употреба. Ваквиот концепт упатува на композиција потребна врз редукција, која претпоставува едноставни волумени и објекти, едноставно поставени не тлото.

Желбата е да бидат забележливи физичките дадености:, величини, тежина или леснина и нивните изместувања во однос на рамновесието. Перманентно се побудува интересот за формите и за материјалите со регионални и препознатливи значења.Прашањето е како со проста употреба на градежните материјали да се достигне нова поетика во рекомпонирање на местото. Односот кон материјата ја објаснува егзистенцијалната потреба на жителот да го обележи сопственото битисување. Затоа, разбирањето на материјалноста всушност е настојување да се проникне во самата супстанца на местото (животен слој). Во таа смисла, грижата за конструктивниот детал во проектот треба да ја изрази вољата, реалноста да се долови преку физичкото и материјалното присуство на градбата - архитектурата.

Едно начелно однесување го дефинира текот на целиот проект: интервенцијата перманентно да изразува чувствителна коренспонденција помеѓу природата и архитектурата.





“Градски“ зид II

# ПРИРОДАТА НА СКОПСКИОТ СЛАМ

Кога ќе се каже дека во Скопје постојат локалитети со "низок степен на урбанитет", за да не настане недоразбирање, не секогаш станува збор за сламови. Со тој поим градската власт ги именува населбите кои се изградени непплански, диво или надвор од урбанистичкиот план, старите делови на градот во кои владеат нехигиенски услови. Сламовите се локалитети, тоа повеќе пати во овој труд беше констатирано, во кои условите за живеење се толку лоши, што тие претставуваат опасност по здржвјето на луѓето кои живеат во нив. Поимот локалитет со "низок степен на урбанитет" се однесува на погрешното изедначување на оние локалитети (населби), кои се наоѓаат во централното подрачје со оние кои се лоцирани во приградската зона, многу повеќе познати како "диви" населби, за кои не би можело да се рече дека се сламови во класичното значење на тој збор, а уште помалку дека претставуваат гета, етнички чисти населби. Но, тоа не го замаглува општиот впечаток дека и едните и другите во централниот дел во приградското подрачје претставуваат населби во кои најгоелм дел од објектите се подигнати без техничка докуменатација, бесправно и самоиницијативно од луѓе без разлика дали градат кров над глава или го истакнуваат својот висок статус во општеството! За Скопје и ова второво има свое место!

Нашата анализа е насочена кон локалитетите со "низок степен на урбанитет" лоцирани во централното градско подрачје, на неговиот потесен дел каде се наоѓа и Топаана.[1]

---

[1] За локалитети со "низок степен на урбанитет", освен по некоја информација подготвена од службите на општините на Скопје, практично не постои ништо што посериозно би ги обработило

Уште на почетокот да ги разграничиме локалитетите со "низок степен на урбанитет" формирани на периферијата и во центарот на градот. Она што е интересно за нашата анализа, а кое не е директно предмет на истражувањето е фактот што многу малку заеднички карактеристики постојат меѓу оние формирани на периферијара на градот и оние формирани во централното подрачје. Периферните локалитети се резултат на големиот прилив на сиромашното селско население кое самоиницијативно го решава станбеното прашање.

Најголем дел од локалитетите во централното подрачје во рамките на населбите кои беа формирани многу години пред земјотресот, а кои делумно беа оштетени за време на земјотресот и останаа несанирани и надвор од планската изградба, со текот на времето "ја збогатува" населбата со неквалитетни градби. Тие и денес опстојуваат, со надеж дека ќе бидат реконструирани (урнати) и заменети со нови, модерни, кои целосно ќе ги задоволат стандардите за живеење во секој поглед.[2]

---

проблемите. За нашата анализа главно ги користевме следните информации кои се подготвувани за интерна употреба. "Урбан простор", - Градски комитет за урбанизам и заштита на човековата средина, "Информација за изработка на планови за урбана обнова" - 1987 год. "Бесправна градба", - Градски комитет за урбанизам и заштита на човекова околина, - 1983 год. и "Предлог - нацрт детален урбанистички план за локалитетот "Стара Топаана", - Завод за урбанизам и архитектура Скопје 199(1). Кога тоа ќе се собере произлегува дека за урбаната обнова за Скопје се подготвени информации на околу триесетина страници и ништо повеќе!

[2] Наследниот товар од минатото, констатираните состојби и определбите да се постигнат и остварат што побрзо поставените задачи од Програмата за обнова и изградба, ги остави старите локалитети со "низок степен на урбанитет" во иста состојба. Тоа, како последица создаде услови за повторен нерегулиран развој преку изградба на сѐ поголем број на бесправни објекти, со делење на постојаните парцели, внатре во самите нив.



*Планиран дел од градот*

Нашата цел која си ја поставивме во овој дел од анализата, не беше да се занимаваме со историјата на сламовите во Скопје. Во суштина, сламовите кои егзистираат денес во просторот на Скопје имаат долга

---

"Влошувањето на состојбите наметна нови проблеми. Старите маала останаа запуштени, неизградени и епидемиолошки опасни. Нивните проблеми се рефлектираат и во социо - политичката сфера што наметнува нужна промена на односите во планирањето и третманот на нивниот порамномерен натамошен развој преку кој треба да се надминуваат создадените разлики. Новите односи кон нив како імперетив ја поставуваат итната определба за отварање на широк наменски процес за нивната постапна планска урбана обнова." "Урбан простор" 5, Градски комитет за урбанизам и заштита на човековата околина, Скопје, 1987 год. стр.3.

предисторија, но сосема кратка, но "богата" историја која започнува веднаш по земјотресот.

За период од неполни дваесетина години, некогашните маала со мали јадра, составени од трошни куќарки од двете страни на турската калдрма, се претворија во населби со повеќе десетици станбени единици и повеќе илјади жители во кои целосно се помешани историјата, традицијата и културата на луѓето кои во потрага за подобар живот масовно се вгнездуваа во нив, градејќи диво, хаотично, без план, без ред, само да се има "кров над глава". Скопскиот случај на формирање на сламот има многу специфики кои на ниедно друго место и во ниеден друг град нема да ги сретнеме. Но, сигурно е дека ќе го почувствуваме "духот на сламот".[3]

---

[3] Оскар Луис во својата прекрасна студија "A Death in the Sanchez Family", опишува еден слам во сиромашниот дел на Мескико Сити: "Маалото Панадерос, каде живееше Гвадалупе, се состоело од еден ред четиринаесет еднособни бараки изградени долж левата страна и спроти задниот дел од триесет стапки (девет метри) од широката поголема ледина. Ледината била оградена од двете страни со зидови од соседните згради, а од напред од неодамна изградениот зид од тули со тесен влез што водел кон дворот. Единствениот плочник во дворот бил една патека од груб камен направена од самите станари. Пет станови имале издадени настрешници, направени со поставување на две мотки и на тој начин го продолжувале кујнскиот покрив од тер хартија, лим и извиткан метал над предниот влез. Настрешниците биле изградени за да обезбедат суво место и сенка за занаетчиите што живееле и работат таму. Купишта од опрема, лим, снопови на отпадни челични ленти, жица, клинци и алишта на стари маси и клупи лежеле во неред под покриениот простор. Во задниот дел од дворот, две гоелми централни корита биле единствениот извор на вода за сите осумдесет и четири станари. Тука жените ги миеле садовите и алиштата и ги капеле децата. Одзади, на ледината два трошни клозета полузатворени со делови од груба искината ткаенина, покрај нив кофи со вода што им служеле на сите станари.

Би било невкусно ако кажеме дека овде ќе одговориме на сите главни прашања кои се поставуваат, кога ќе се споменат скопските сламови. Целта е постигната ако барем за малку го свртиме вниманието на градската власт, на оние, кои меѓу другото, се грижат за судбината на градот. Зошто, во сламот е вгнездена и нечистата совест на сите оние кои имаат или имале некоја моќ да ја променат неговата состојба. Решавањето на проблемите на сламот е можно само доколку се промени сфаќањето, а тоа занчи, напуштање на моделот кој секогаш поаѓа од булдожерот, односно од рушењето како принцип, што занчи одложување на решавањето на проблемите за некое идно време.

### *Сламот е доказ за кризата на градот*

За да се разбере природата на сламот, пред сè, потребно е да се мисли на начин кој ги исклучува сите идеолошки, политички и урбанистички заблуди и предрасуди. Тоа посебно се однесуа кога станува збор за населбите сламови - гета каде сиромаштијата и етничката сегрегација се споени на едно место.

---

Останатиот дел од ледината, расфрлана со камења и многу дупки "испресечена" со жици за сушење алишта, подигнати на мотки преку ден секогаш е полна со деца во парталава облека и со несоодветни чевли или сосема боси, играат џамлии или трчкаат меѓу распространените алишта, не обрнувајќи внимание на предупредувачките извици на жените. Деца, скоро проодени седат и лазат во калта, често полуголи, а мајките ги надзирале работејќи. Во дождливите денови дворот бил каллив и полн со вода а понекогаш ги поплавувал ниските станови.



*Скойски слам - Тоūаана 1995*

Планерите на Скопје се чини дека никогаш доволно не ги разбрале пораките од историјата: градот спонтано се развивал како поделен град врз основа на класните и етничките карактеристики на населението. Сѐ чини дека пораките од историјата останале целосно заборавени и не нашле место во планерските активности, дека е можно и натаму во маалскиот амбиент да се живее како што се живеело низ историјата. Но, маалата не останале тоа што биле во блиското минато, јадра на заедничкиот живот на разни верски и етнички групи каде условите не биле многу

различни од еден до друг дел од градот, кога градот функционирал како систем од маала.[4]

Во практиката на урбаната реконструкција не се познати големи зафати, освен неколку од минатиот век. Пред се, овде се мисли на реконструкцијата која не е резултат на воени разорувања или некоја природна катастрофа. Но, за Скопје и тоа добива на важност, зошто беше сосема јасно дека сите делови - квартови кои имаат изразито низок станбен стандард, по земјотресот требаше за кратко време, (а тоа значи да им се даде приоритет на изградбата), да бидат заменети со нови посовремени згради. За нас е интересно прашањето зошто до тоа не дојде. Се чини дека одговорот на ова прашање ќе ни расветли многу од поновата историја на изградбата на градот.

Сламот е доказ за социјална, политичка и економска криза. Во литературата не постои автор кој говори за сламот, а како прво и најважно да не го истакне неговото изразито негативно влијание врз човекот, неговото здравје, семејство. Некои сметаат, како францускиот социолог Шомбар де Лов дека, "постоењето на сламот е знак за една социјална, економска и политика криза". Ако судиме по овие зборови на Шомбар де Лов, тогаш некои градови ќе

[4] Во Скопје, таквиот 19 век и навистина процесите ќе појдат во таа насока. Зонирањето е продукт на органско - биолошка синтеза и покрај различните облици. Урбаното, новото, во тој век поставува смислена организација, при што хуманото, функционалното и потребното имаат заеднички цели. Нагласено е присуството на домувањето - во маала како нанижани гроздови на еден био-систем и осмислена пулсација: чаршијата - со сета своја разновидност и потребни содржини, како сопствена меморија и историски континуитет: деловните подрачја - за потребите на сопствената репродукција и економски и социјален напредок; уличната и комуналната мрежа - како природен израз со метафора на цврст корен, стебло со гранки и листови легнати во котлината на реките Серава и Вардар.

бидат секогаш во состојба на голема криза. Се чини дека Скопје имаше можност да се ослободи од сламовите, но таа можност не ја искористи. Денес со право можеме да говориме за сламизацијата на градот како неизбежна судбина која уште долго време ќе биде составен дел од неговиот развој.[5]

Сламот е целосно "дело" на неговите жители, кои "самоиницијативно" градат "кров над глава", не потпомогнати од никого (некогаш залудно спречувани од властите). Ако во новите населби (стан во колективна станбена населба, на пример), од типот на Ново Лисиче, корисникот добива клуч на рака без и најмало учество во неговата изградба, ни физички ни материјално. Во случајот на добивање на „стан" во сламот, ситуацијата е сосема поинаква. Живеалиштето е целосна "креација" на човекот

---

[5] Плановите за урбаната обнова треба во прв ред да ја имаат предвид генезата на повеќе видови агломерациски форми создадени во просторните рамки во градската структура и приградските подрачја. Нивната присутност со определени права на граѓанство е евидентна, со потекло од различни периоди на развојот на Скопје и со белези на времето во кое настанале. Тие ги пореметуваат или следат процесите на урбаниот развој со определени негативни влијанија кои носат опасност за разбивање на планираните хомогени простори и урбани модели. Настанувањето, формирањето и егзистирањето на овие локалитети се совпаѓа со прогресивните оформени рационални и високовредни урбани структури. Денес тој проблем е се повидлив и неприфатлив, меѓутоа наедно многу тешко решлив, кој ако не се преземат поопстојни мерки да биде крајно деструктивен во однос на досега создадените вредности. Толеранцијата и одлагањето на комплексното и трајно разрешување на проблемот на локалитетите со низок степен на урбанитет, носи со себе опасности градот да се соочува со вистини кои и натаму ќе го поттикнуваат процесот на создавање на такви нови локалитети, поприфатливи за многу субјекти на кои им се туѓи пошироките општествени интереси. ("Урбан простор" 5, градски комитет за урбанизам и заштита на човековата околина, Скопје 1987 год. стр.8)

поединец и целосен израз на неговата економска и социјана положба. Во сламот најчесто се гради нужно сместување, иако се тука родени, тука го поминале или го поминуваат најголемиот дел од својот живот. Сламот е привремено живеалиште за сите оние кои живеат со надеж дека еден ден ќе се преселат во некој подобар дел од градот. За оние без надеж, тој е судбина, начин на егзистенција, култура на живеење. [6]

[6] Она што и дава посебно значење на сегрегацијата на сиромашните, на семејните криминалци и воопшто на исклучивите личности, она што е толку карактеристична црта на градскиот живот е фактот дека општествената зараза тежи кај дивергентните типови да ги симулира заедничките разлики во темпераментот и да ги припишува особините кои ги спојуваат со нормалните типови околу нив. Здружувањето со другите кои се од ист вид, не само што ги стимулира, туку им дава и морална подршка за заедничките карактеристики што не се случува во помало одбрано друштво. Во големиот град сиромашните, луѓето со пороци и престапниците се здружуваат во нездрава и "заразна" блискост, формираат тло и душа, така што често им паѓа на ум на оние долги генеологии на семејството Јукс и племињата Исабела не би покажале така упорна и жалосна едноличност на порокот, злосторството и бедата да не биле специфичности кои се вклопиле во средината во која споменативе биле осудени да живеат.
На тој начин мораме да ги прифатиме овие "морални области", помалку или повеќе ексцентрични и исклучиви луѓе кои живеат во нив како дел од природниот, ако не и нормален живот во градот.
"Моралните области" во буквална смисла, не се место или заедница кое е нужно, криминално или неморално. Тоа се области каде преовладува еден дивергентен морален закон, област каде луѓето кои живеат таму владеат, што инаку не е вообичаено, вкусовите или страстите или некои интереси кои имаат директни корени во правата природа на поединецот - индивидуата. Тоа може да биде некаква уметност како музика, спорт или коњски трки. Овие области се разликуваат од другите општествени групи по своите непосредни и основни интереси. Поради тоа нејзините разлики се појавиле, повеќе поради

Сламовите формирани во центарот на градот поседуваат некои особини кои не се својствени за другите делови. Центарот е срце на градот, каде се сконцентрирани најголем дел од неговите функции. Сламот со себе ја носи сиромаштијата која, ако еднаш се насели на еден простор, тогаш тешко се наоѓа начин да биде дислоциран на некое друго место. Кога центарот на градот е зафатен со сламизација, тогаш тоа е сигурен знак за ентропија на урбаниот живот. Во однос на тоа Скопје е единствен град со строго поделен етнички центар, срцето на градот е разединето и сламизирано. Сламовите во центарот на градот се наоѓаат во една привилегирана положба, која произлегува од погодностите кои ги овозможува центарот, близината на институциите, пазарот и слично.[7]

---

моралните, отколку поради интелектуалните изолации. (Илија Ацески, Социологија на градот, Скопје, 1995г. стр.142) Robert E. Park: Grad: prilozi za istraživanje ljidskog ponašanja u gradsoj sredini: Sreten Vujović, Sociologija grada, (red) p.141-145.

[7] Во подготовките за Измените и дополнувањата на Основниот урбаннистички план од 1986г. во една анализа на Градскиот комитиет за урбанизам и заштита на човековата околина на едно место се вели: Усвоената просотрно урбанистичка докуменатацијa предлага решенија за комплексно разрешување на оваа проблематика преку отварање на интензивни процеси на програмирана урбанизација на овие локалитети паралелно со етапите за развој и реализација на задачите. Оттука потребата може трајно и успешно да се реши проблемот на урбаната обнова на постојните и новосоздадени локалитети со низок степен на урбанитет.
Се предлага урбаните процеси да се усмерат кон добивање на практична и употреблива планска урбо - економска основа за целосна континуирана обнова, реконструкција и трансформација на предметните локалитети во нови урбани форми, блиски на современата урбана структура на градот. Истражувајќи ги состојбите што ја карактеризираа хетерогената агломерациска

"Зачетокот на изградбата на објектите за живеење на просоторт на месната заедница Васко Карангелески со населбите Дижонска и Бошњачко маало датира од почетокот на 20-от век, како потреба на тогашните турски власти да обезбедат станбен простор за доселениците од Босна, анектирана од тогашната Австро-Унгарска монархија. За тие потреби се изградени 30-тина станбени објекти во локалитетот Бошњачко маало.

Долг низ години населбата со тие димензии останала на периферијата на градското јадро лоцирана главно на левата обала на реката Вардар.

Од нумеричките податоци што следат видливо е дека бесправната градба зема особено замав во период по земјотресот, се до денес.

Градската власт во почетокот од реализацијата на планот од 1965 г. се однесува незаинтересирано и узурпацијата на просторот ја смета за маргинална појава и е убедена дека е можна планска изградба. Таквиот однос ќе го задржи и во измнеите и дополнувањата на планот од 1985г. Кон крајот на осумдесетите години, појавата на неконтролирана изградба практично ги узурпира скоро сите слободни простори на градското и приградското подрачје. Тоа особено е видливо во деловите каде хаосот во изградбата има "традиција", особено во деловите кои го

---

структура на неурбанистичките комплекси во градската и приградската зона и урбанизираните нереализирани планови, посебно поради нивната меѓусебна сличност во интерната проблематика што ја носат (низок градежен и комунален стандард, епидемиолошко здравствена неподобност и слично), се наметнува потреба од единствен приод при изработката на плановите за нивна урбана обнова со преиспитување на приоритетите за реализација. "Урбан простор" 5, Градски комитет за урбаниам и заштита на човековата околина, Скопје, 1987 г. стр. 9.

*Бесправно изградени објекти по години на градба*

| Година | стан.објект | домаќин. | жители |
|---|---|---|---|
| 1914-29 | 32 | 32 | 150 |
| 1962 | 90 | 100 | 450 |
| 1964 | 483 | 500 | 2500 |
| 1981 | 1313 | 1446 | 7393 |
| 1985 | 1618 | 1700 | 8500 |
| 1988 | 1900/1770 | 2000 | 12000 |

По периоди, тој растеж е следниот:

- од 1914-29 г. бројот на објектите мирува;
- од 1929-62 г. годишно се градат по приближно два објекта;
- од 1962-64 г. годишно се градат по околу 200 објекти;
- од 1964-81 г. годишно се градат по околу 50 објекти;
- од 1981-85 г. годишно се градат по околу 75 објекти;

очекуваа долго најавуваниот момент за обнова, а земјотресот уште повеќе ја влоши сосотојбата на станбениот фонд. Подобрувањето на условите за домување беше исклучително повразно со целосна замена или пренамена на површините, а тоа за неговите корисници значеше и нужно подобрување на нивната положба! Тоа како да ја симна одговорноста за еден долг временски период на градските власти и жителите на овие населби, за тоа дека не мора да преземат ништо конкретно за

подобрување на животот во овие населби. Се случи еден процес на взаемна измама, во кој едните притиснати од сиромаштијата а привлечени од погодностите да живеат во центарот на градот и во близината на припадниците на сопствената етничка група, обезбедуваа каков-таков кров над глава, а на другата страна градската власт надевајќи се дека го решава станбеното прашање, притоа се правеше "глува и слапа" на хаотичниот развој. Но, од друга страна, обилно ги трошеше средствата за изградба на елитни населби за оние кои сметаа дека државата е таа која треба да им го реши станбеното прашање! Во суштина, сламизацијата на Скопје произлезе и од начинот како реално се промислуваше и реализираше изградбата на градот: планска - апстрактна проекција, од една, а конкретна хаотична - непланска изградба, од друга страна. Анализата на сламовите во Скопје (лошите услови во населбите и становите) нужно не упатува на фундаменаталните прашања на развојот на општеството на поделбата на општествените групи во зависност од нивната социјална положба и политичка моќ и слично.[8]

[8] "Нехигиенската населба не е само физички, туку и социјален факт. Таа не е само место во градот со стари запуштени куќи или нови згради од слаб материјал. Постои врска меѓу деградираното домување и квалитетот на живот; меѓу станбената беда и сиромаштијата и личната и семејната беда и/или сиромаштијата. Имајќи го предвид овој факт, дефиницијата на сламот мора да ги содржи двете димензии на оваа појава - општествена и просторна. Уште повеќе затоа што причините за настанувањето и постоењето на сламот произлегуваат од особеностите на општествената структура, односно од процесот на експлоатација, диференцијација, деградација, сегрегација и пауперизација во глобалното општество". Krov nad glavom, cit.delo, str.43-44.

За проблемите на запуштените населби претставниците на градската власт ретко говорат. Кога тоа го прават, тогаш, како по правило, ги бараат виновниците, а тие според нив не се никој друг, туку, оние кои бесправно подигнале живеалиште. Единствен начин кој власта го применува за спречување на дивата изградба е уривањето "што може да се разбере како праведна казна за виновникот". Градската власт на Скопје онаа од пред дваесетите години (за оваа денес практично ништо не може да се каже), зборот слам или дива градба беше ретко употребуван. Сламот се сметаше дека е карактеристика за капиталистичките земји, а вториот "дива градба" поради тоа што масовно беше присутна се претпоставуваше дека со негово целосно игнорирање, па дури и со ваквиот израз, јавноста нема да биде вознемирувана! Тоа беше практика се до оној момент кога се покажа дека повеќе од четвртина од целокупната станбена изградба се реализира на таков начин.[9]

[9] Во материјалите подготвени за Годишното собрание на Сојузот на урбанистите на Југославија, одржано во март 1989 г, а од страна на претставници од Сојузот на Македонија, се наведува следното: "Општата карактеристика на бесправната изградба во СР Македонија е нејзината големина, која настанала со долгогодишно присуство и со интензитет од над 4.000 регистрирани случаи годишно. Според податоците со кои располага Републичкиот инспекторат за градежништво и урбанизам и податоците добиени од општинските инспекциски органи во периодот од 1971 г. до 1987 г. (16 години) во Скопје и во уште десет поголеми градови во Републиката регистрирана е бесправна изградба во 73.668 случаи од кои 36.293 или скоро 50% се во главниот град на Републиката.

Од вкупниот број на бесправно изградените објекти 58% или повеќе од една половина се станбени објекти. Во предградието со 190.187 легално изградени станови во овој период, бесправно изградените станови учес- твуваат со 22,5% или приближно на секои четири легално изградени станови во Републиката, еден е бесправно изграден. Тоа претставува станбен фонд со приближно

Кон крајот на осумдесетите години стана јасно дека обновата на градот по земјотресот замислена и проектирана во урбанистичкиот план завршува со целосен неуспех. За прв пат, градските власти, не само што не го признаа поразот во спречување на хаотичната изградба, туку, ја признаа и немоќта да ја контролираат изградбата на градот.

Кога се гради, колку се гради и дали се регистрира?

| година | стан.објек | жители | домаќинства | |
|---|---|---|---|---|
| 1964 | 469 | 2345 | 480 | |
| 1981 | 1313 | 7393 | | 1446/81 |
| 1987 | 1750 | 12000 | 2000 | |
| 1962 | 102 | 500 | 110 | |

---

43.000 станбени единици со околу 2.000.000 м2 изградена станбена површина. Не е тешко да се пресмета колкава е материјалната вредност и што претставува тоа како станбен фонд.
Во Скопје, на пример во 21.050 станови кои се изградени во овој период, живеат над 100.000 жители или 1/5 од вкупниот број на населението.
Проблемите уште повеќе се усложнуваат ако се земат предвид и останатите видови на бесправна градба како гаражи, летни кујни, шупи, разни доградби и проширувања на постоечки објекти. Овде спаѓаат и повеќе илјади објекти за одмор и рекреација (викенд куќи) и објекти за "чување на алати"" кои се расштркани во сите простори околу поголемите градови во Републиката.
Најголем дел од бесправната изградба (оклу 67%) е лоциран на периферијата на градовите и во неговата непосредна околина. Во Скопје, на пример, во градското ткиво во неговата непосредна околина, формирани се 47 бесправно изградени населби, а некои од нив се формираат како етнички чисти населби и како гравитациони центри на меѓурегионалните и меѓурепубличките миграции. (Бесправна изградба во СР Македонија, воведно излагање, 1989 год.)

МЗ Васко Карангелеси - Дижонска и Бошњачко маало

| |
|---|
| инспекциски наоди 1977 - 1987 год. |
| 1977 - не 1978 - не 1979 - 1 1980 - 1 1981 -6 1982 -<br>1983 - 15 1984 - 11 1985 - 11 1986 - 11 1987 - 26<br>83 објекти<br>на терен реално ....... околу 450<br>разлика 370 објекти |

| |
|---|
| Во 1987 год. срушени се 10 станбени објекти |

Напомена: зачетокот на "Бошњачко маало" е на почетокот на 20-от век и прв пат регистрирано триесетина објекти во планот од 1914 год.

"Ние како актери на сегашноста имаме обврска да зборуваме за тоа бреме (се мисли на проблемите на градот) со предзнаење и знаење со стручна квалификација и граѓанска емоција (!), со остринатa на тешкиот и прецизен збор, нови идеи и стар егоизам, со самосвест". Колку немоќ, страв, наивност и непотребно чувство искажале претставниците, на Комитетот за урбанизам и заштита на човековата средина, институција која го носи на душа хаосот на Скопје! Она што е карактеристично за планерите или уште попрецизно, оние кои се грижат за реализацијата на планот, кои беа непосредно поврзани со политичките центри на моќта, најпосле се заложија "за покренување на широка општествено - политичка акција и отварање на процесот на планска урбана обнова", скоро десет години од започнатите активности за измена и дополнување на основниот урбанистички план и неколку години после неговото донесување.Тоа е период кога и во Македонија попуштија стегите на централизираното бирократско

управување, кога и пониските степени на власта си дозволија да излезе по нешто нецензурирано од повисоките врвови на државата и партиската елита.



*Остатоци од минатото и во центарот на градот*

"За ова, не сосема обична средина (се мисли на Скопје) полна со чуден еквилибриум тешко е да се изготви траен образец со високоорганизиран урбан модел, а истовремено без стручно планирање, егзистенцијата на таа средина ќе биде загрозена". Кога денес се читаат извештаите на градската власт не збунува тоа што тие биле цензурирани, туку ниското ниво на стручното и елементарно знаење за градот!

*Сламизацијата е йораз на урбанаша йолишика*

Кога се анализира градот за време на интензивната промена на просторно - физичката структура, се поставува прашањето за суштината на промените.Скопје е пример за град во кој за кратко време, но доволно интензивно и надвор од здравиот разум, настапи една разурнувачка детрукција која ја разби неговата целина (на мал град), но не успеа да воспостави нова целовитост (на голем град).

Прашањето, дали Скопје е "планиран" или "непланиран" град може да биде од корист само за оние кои сеуште не се убедени дека градот триесетина години се развивал надвор од планските проекции. Факт е дека во Скопје се изградени целосно плански делови, но кога ќе се земе предвид целината тогаш преовладува мислењето дека градот сепак се градел надвор од било какви плански основи. Она што во формирањето на сламовите е интересно да се потернцира, не е планското или непланскот во градот, туку прашањето, зошто дојде до сламизација на градот во ситуација кога колку-толку постоеше едно сознание дека деградацијата на просторот (сламот по дефиниција е тоа), може за кратко време да добие катастрофални размери ако не биде сериозно сфатен или ако активностите поврзани со реконструкцијата бидат одложувани за некое идно време![10]

---

[10] Домаќинства со пониски примања по член на домаќинство и домаќинства од етничките и националните групи (шиптари, Цигани и Турци) имаат понизок стандард затоа и проблемот на разделување на станбениот стандард претставува многу важен и социјален урбанистички додаток. Проблемот околу отстранувањето на субстандардот има специјално значење со оглед на фактот дека некои групи од населението иако живеат во субстандардни услови, не сакаат да го променат нивното место на живеење. Ова посебно се однесува на населението со пониски примања, а посебно на населението кое припаѓа на веќе

Сламизацијата на Скопје, во услови на отсуство на секаква контрола за тоа кој, каде, зошто и како гради или се доселува и што очекува со неговото доселување, траеше сосема кратко, околу петнаесетина години. Тоа беше еден тип на сламизација која главно беше поттикнувана однадвор, а како слободен избор на оние кои се доселуваа во градот, како спонтана социјална и етничка сегрегација, нешто слично како и во многу други градови во светот.[11] Од осумдесетите години сламизацијата започна да делува "одвнатре". Структурата на сламот ја дообликуваат елементите кои се веќе формирани. Просторот во сламовите станува претесен за сите оние кои сакаат да градат и започнува процесот на згуснување на станбената изградба и на секој вид изградба (надградба, доградба), со еден збор, општа анархија која не познава никакви правила на однесување. Резултат на тоа се веќе формираните станбени целини (населби) од десетина илјади жители на

---

споменатите етнички и национални групи. Тие повеќе го ценат нивниот стан, не само заради станбените фактори, туку повеќе заради други нестанбени причини. Нивното обединување да го променат местото на живеење може да се сфати според собраните резултати заради нивните силно развиени врски во своите сопствени национални и етнички групи, приврзаноста на муслиманското население со традиционалните места на религиозен култ, а исто така и поради поголемата локација на нивните сегашни станови во врска со изборите на работата, специјално случајната служба." Извештај од социјалниот преглед, Урбанистички план - Скопје, Скопје, 1965г. Кн.7 , стр. 70.

[11] Солидна студија за тоа како се формира, кои социјални групи го населуваат, како и начинот на живот кој се практикува, претставува студијата на Dedier Drummond, Architectes des favelos, Dunod, Paris, 1981g. Исто така и во истражувањето на Милтон Сантос во книгата "Dix essais sur les villes des pays Sous - devellopes, Editions OPHRYS, Paris, 1970g.

локалитетите во Чаир, Дижонска, Топаана, Шутка и уште десетици други во централното и приградското подрачје. Процесот на сламизацијата одвнатре ќе трае се дотогаш додека постои сламот, зошто од оние кои се внатре, ретко кој ќе успее да го напушти. Сламот е затвотрен социјален и етнички простор.[12] Бесправниот начин на решавање на станбеното прашање како дел од "големата обнова на градот" може да се третира и како сламизација на просторот и општеството.

Социолошката димензија на анализата на сламот содржи неколку аспекти од кои обемот на сламизацијата, хронологијата на настанувањето и значењето кое го има во развојот на градот се сметаат за најзначајни, потоа, на кој начин градската власт му пристапува во неговото разрешување во целината на урбаната основа и најпосле прашањата поврзани со можностите за подобрување на животот се до моментот на "вистинската реконструкција"

---

[12] Во студијата The Gold Coast and the Slum автирот H.W.Zorbaugh, ги анализира карактеристиките на сламот. За него сламот е дел од градот кој е целосно одвоен од останатиот дел од градот, сиромашен со висок наталитет морталитет и слично. Она што е интересно и посебно го истакнува авторот е сознанието дека имигрантите не се населуваат во сламот затоа што сакаат. Имигрантот во сламот ги наоѓа условите за живот кои може да ги поднесе. Уште повеќе, како колонијата расте, така и тој во неа го наоѓа својот социјален свет. Тој наидува на симпатии, разбирање, поттик. За авторот, просторната дефиниција на заедницата не е доволна, едно подрачје да се нарече заедница Едно подрачје станува заедница единствено низ заедничко искуство на луѓето кои живеат во него, што за резултат го има тоа тие да станат културна група со своја традиција, сентименти, тежненија, заеднички спомени, односно таа се претвора во центар на верувања, чувство и акција. Заедницата е, значи, локално подрачје во кое луѓето се користат со заедники јазик, се подложни на исти обичаи, споделуваат помалку или повеќе исти чувства и делуваат под исти импулси"

која, по правило, се одлага до бесконечност и доведува до понатамошно влошување на животот.[13]

Во нашата анализа се служевме со информациите кои најчесто се подготвувани како интерни материјали во службите на градските и републичките институции по различни поводи и за различна намена, кои иако нецелосни доволно говорат за обемот на последиците кои врз реализацијата на Урбанистичкиот план ги предизвикале "локалитетите со низок степен на урбанитет".

Во периодот од 1965 год. до средината на осумдесетите години, на територијата опфатена со Основниот урбанистички план, што значи простор кој со Планот имал строго определена намена, во голема мера е нападнат со непланирани содржини, пред се, станбени објекти и тоа на близу 500 ха. градска површина.[14] За да

---

[13] "Маалото Панадерос беше посиромашно во секој поглед во однос на Каза Гранде, каде што живееја децата на Санчез. Пенадерос немаше поплочен двор, немаше градина нити дрва, немаше порта на влезот, нити светец чувар да ги чува. Семејствата во Панадерос практично немаа ништо од луксузот во Каза Гранде. Ако некој се преселеше од Каза Гранде во Панадерос, ќе најдеше помалку кревети по станар и повеќе луѓе што спијат на подот; се готвеше на петролеј или на дрвен јаглен, луѓето јадеа еднаш или двапати во денот и користеа тортиља и лажици, а не вилушки и ножеви, и се даваше предност на пулката во однос на пивото. Облека и мебел повеќе се купуваше настаро отколку нови. Да одиш од Каза Гранде во Панадерос беше како да се враќаш назад во времето од цемент на керпич, од алуминиум на глина, од антибиотици на тревки, од доктори на народни лекари (исцелители). (Oscar Lewis, Смрт во семејството Санчез,)

[14] Се чини дека нема прецизни сознанија за обемот на површините и бројот на изградените објекти во населбите за кои можеме да речеме дека се сламови во класичното значење на тој збор! Тоа доаѓа и од фактот што градската власт нема формирано јасни критериуми врз основа на кои ќе може да покаже што е "слам", за кој единствено решение е целосната

добиеме поцелосна престстава за обемот, потеклото, распространетоста, социјалниот и националниот состав и периодот на изградба, во продолжение на анализата ќе прецизираме дел од податоците кои за прв пат кон крајот на 80-тите години беа предочени на јавноста.

### *Сламот - дом за бедните*

Кога ќе се споредат по општини каде се подигнати објекти (куќи) на локалитетите со "низок урбанитет" (само градското подрачје за најголем дел од селата не постојат планови), се забележува дека најголеми површини се зафатени со "диви" градби и се регистрирани во централното подрачје на градот, односно во општината "Центар" со 225,8 хектари, што е скоро 50% од вкупната градска територија која е зафатена со некој вид на непланска градба!

Кога динамиката на изградбата ќе се посматра по периоди (непланскиразвој на градот до 1945 г., периодот на социјалистичката изградба од 1945 до 1963 г., планскиот период од 1963 г. до денес) ќе се забележи дека на територијата на општината Центар повеќе од 2/3 од објектите потекнуват од периодот на непланскиот развој, што значи дека се изградени пред 1945 год., а од другата третина 50% се изградени за време на планскиот разој. Во другите четири општини ситуацијата е сосема обратна: околу 70% од вкупнуиот број на диво изградени објекти се за време на "планскиот" период по 1963 год. Не постои дел од градот каде нема подигнато локалитети со низок степен

---

реконструкција, "дива населба" со низок степен на урбанитет во која е можно без поголеми интервенции да се подобри животот и "елитна" дива изградба!

на урбанитет и надвор од урбанистичкиот план.[15] За време на планскиот период се подигнати околу 60% од сите објекти за кои градската власт смета дека имаат низок степен на урбанитет, што е сосема погрешно и поаѓа само

[15] Во една анализа на Градскиот комитет за урбанизам и заштита на човековата околина констатирано е следното: Бесправно изградени објекти кои ја нарушуваат реализацијата на индустријата и сервисите:

-Источната индустриска зона наменета за изградба на објекти за прехранбената индустрија, лесната индустрија, јавните сообраќајни претпријатија со депои, магацини, складишта и др. зафаќа површина од 85 ха. Најголем дел е резервиран за потребите на ф-ката "11 Октомври", Топланата - "Исток" и претпријатието "Комуна", Меѓутоа нивната реализација е проблематична поради големиот број бесправни градби кои зафаќаат 25% од просторот;

-Во сервисната зона Исток (25 ха) е предвидена реализација на сервиси. Поради времено оформената монтажна населба по земјотресот, а и бројните бесправни градби кои зафаќаат 20% од просторот, реализацијата на потребните погони на "Македонијатабак", "Јавор", "Агромеханика" и други е отежната;

-Во јужната индустриска зона (20 ха) покрај постојната текстилна индустрија на фабриките "Прогрес", "Црвена Звезда" и "Мирка Гинова" предвидени се површини за развој на соодветна индустрија, складишни простори и простори за малото стопанство. Реализацијата на предвиденото е неизвесна поради бројните бесправни градби кои зафаќаат 15% од површината;

-Западната индустриска зона со Новоселски пат (85 ха) е наменета за изградба на објекти потребни за развој на прехранбената индустрија, лесната индустрија, магацини, сервиси, автобази и др. Реализацијата на предвидените содржини претставува посебен проблем затоа што 60% од објектите на овие површини се бесправно изградени, а само помал дел е реализиран според определената намена на просторот. (Бесправна градба, Градски комитет за урбанизам и човекова околина, Скопје, 1983 г. стр. 6,7)

од еден критериум а тоа е непоседување на урбанистичка согласност.

На територијата на општина Центар се регистрирани вкупно девет локалитети, меѓу кои има и такви кои зафаќаат меѓу 40 и 60 хектари. Локалитетот (сите локалитети во општината Центар се сламови и гета во вистинското значење на зборот) Чаир е распространет на повеќе од 60 ха, Гази Баба на скоро 60 ха, и претставуваат најголеми на целата територија на градот, а се формираат на т.н. лева страна нареката Вардар.[16] Во опшгтината Карпош за дванаесет населби - локалитети може да се констатира дека формираат посебни просторно - социјални

---

[16] Од страна на Заводот за урбанизам и архитектура, за потребите на изработката на деталниот Урбанистички план за локалитетот лоциран на просторот на месната заедница Васко Карангелески е направена анализа на неколку страни (најцелосна за една населба направена од страна на некоја градска институција). За "локалитетите со низок урбанитет, најчесто не се прават, туку само се цртаат нови содржини, а кога се прават тоа се прави само со неколку реченици. Еве што се е забележно во извештајот за локалитетот лоциран на просторот на месната заедница Васко Карангелески: Станбените објекти во месната заедница се супстандардни објекти во голем број изградени после земјотресот и тоа бесправно. Вкупниот број на станбени објекти е 1188 а покрај нив има уште и помошни објекти (летни кујни, бањи, гаражи и сл.) Според висината, објектите се претежно приземни (1116) и тоа некои со подрум или сутерен, а некои без подруми. Со приземје и кат има само 72 станбени објекти.
Од овие станбени објекти напуштени се 14, а 16 (1,3%) станбени објекти се во градба. Според сегашната состојба во добра состојба се 18,4%, во средна состојба 23,7%, а во лоша 56,6% објекти. Спрема стандардот, со висок стандард не постои ниту еден објект, со среден стандард се 18,1% а со лош 81,9%. Според начинот на градба и материјалите, состојбата е следна: од лош материјал има 45,7%, со мешан материјал - 40,5%, во скелетен систем 11,8%, а монтажни се 1,9%. Со водовод се поврзани 91%, со канализација 90%, а бањи имаат само 51%.

целини кои се целосно бесправно изградени. Еден дел од нив, во никој случај не претставуваат локалитети со низок степен на урбанитет, особено оние кои се на подножјето на планината Водно, а лицемерната градска политика не се потрудила да ги издвои па ги именува на поинаков начин, како на пример "елитна дива изградба" или нешто слично. На пример, локалитетот Жданец (Козле) со 5,7 ха подигнат на просторот наменет за зеленило и рекреација, само врз фактот дека објектите се подигнати бесправно, класифицирани се како "локалитети со низок урбанитет", а тоа е сосема погрешно. Овие локалитети немаат ништо заедничко со локалитетите од типот на Топаана или Чаир, некои локалитети лоцирани во општината Центар или локалитетите од приградската зона во Маџари или Ново Село. Скоро сите локалитети изградени во општината Чаир, може да се рече, дека претставуваат сламови, особено оние од градсото подрачје и во деловите каде е присутна градба од периодот пред земјотресот.



Паралелно со узурпацијата на овој простор врз основа на непланска пренамена на земјиштето и сопственост, загрижувачка е хомогенизацијата на населението по национална и верска припадност.

Проценка е дека, од вкупниот број на жители на МЗ Васко Карангелески (околу 12 000) преку 90% се припадници на албанската народност и на муслиманската вероисповест. Остатокот од околу 10% (околу 1 200) од населението се од другите народи и народности, а во најголем дел Македонци. Македонците се населени главно во источниот и централниот дел на Бошњачко маало и делумно во централно - источниот и североисточниот дел на локалитетот Дижонска. Остатокот од овие локалитети е населен скоро исклучиво со Албанци. (Просторни девијации во МЗ Васко Карангелески, Собрание на Општина Чаир)

Еден од најголемите локалитети во општина Чаир претставува Дижонска со површина од 15 ха. Просторот на Дижонска е предвиден (со планот од 1963 год.) за рекреација, односно реонски парк. Но, за разлика од, на пример, локалитетите во подножјето на Водно, на ова место се населува претежно сиромашно население. Поголем дел од просторот катастарски се води како општинско земјиште. И уште еден интересен податок: над 60% од станбените објекти се изградени по земјотресот во период од средината на шеесетите до средината на седумдесетите години.

### *Етнички состав на населбите*

Локалитетите (сламови) на територијата на општина Центар претежно се населени со Албанци што е скоро половината од населението во градот од оваа националност. Од близу 100 000 жители кои живеат во овие населби (на просторот на градот) над 50% живеат во

општина Центар, што заедно со локалитетите населени со Роми кои исклучително се лоцирани во еден дел на општина Центар, на локалитетот Дуќанџик - Топаана и формираат една целина, еколошки позната како "лева страна на реката Вардар". На овој простор се изградени над десетина илјади субстандардни станбени единици, за кои единствено решение е да бидат заменети со нови! Во најголем дел од локалитетите со низок степен на урбанитет, особено оние од централното подрачје се концентрирани ромското и албанското население.[17] Во таа смисла центарот на градот е јасно поделен на три дела и тоа: десната страна на Вардар - населби со македонско - христијанско население, левата страна - поделена на албанско - муслимански дел и дел каде се концентрирани Ромите во населбата Топаана. На десната страна од реката Вардар, во локалитетите со низок урбанитет, не е регистрирано ниедно семејство од друга националност освен македонска, а на просторот на локалитетите Чаир , Гази Баба и Дуќанџик - Топаана, процентот на население од македонска националност не учествува повеќе од 10% во структурата на вкупното население од овие населби. За

[17] Еве што забележал новинарот на "Вечер" за месната заедница Васко Карангелески (односно за дел од населбата Чаир, позната како "Дижонска"). "Многу елементи узурпацијата на овој простор ја чинат специфична. Пред сè непланската пренамена на земјиштето е придружена со загрижувачка хомогенизација на населението по национална и верска припадност. При увидот на лице место за да се утврди кој се живее во диво изградените објкети на еден потег на улицата Дижонска, регистрирани се 39 куќи - сè од едно семејство. Во нивна близина друг сличен пример, 11 куќи поврзани меѓу себе во една целина, пак на едно семејство, а подолу и трет случај со 14 диво изградени објекти, а нивните сопственици сите со исто презиме. Небаре една улица, едно семејство". "Вечер" 20 февруари, В. Аџигогова. Користен е материјал за интерна употреба (!) од Секретаријатот за урбанизам при општина Чаир.

разлика од другите општини каде може да се сретне по некој припадник од друга националност, на подрачјето на општината Карпош се формирани сосема чисти етнички населби. на просторот на локалитетите Ѓорче Петров, Карпош, Крив Дол, Жданец, Влае и воопшто не се сретнуваат Албанци, а бројот на Македонците, каде претежно се населени Албанци, е сведен на минимум.

На просторот на општината Чаир, според информацијата на општинските служби (на кои треба да им се верува), на 54,8 хектари се изградени 2192 објекти (состојба до 1987 год.). Најголеми локалитети се Дижонска и Калајџиев Гроб со близу 7 000 жители од албанска и муслиманска националност. На просторот на овие два локалитети, на близу 40 хектари од кои најголем дел катастарски се води како општинско земјиште, за период од десетина години (најголем интензитет е забележан седумдесетите години) изградени се околу 1 600 станбени субстандардни објекти.

На подрачјето на општините Гази Баба и Кисела Вода се регистрирани се 15 локалитети од кои само три имаат национално мешовито население. Најголеми населби, по број на население, површина и бесправно изградени станбени објекти се забележани во Маџари, Цветан Димов и локалитетот кој е именуван по името на главната улица "Тодор Чангов".

Што покажува "спонтаниот" начин на изградба на планот на социјалната и етничката сегрегација?

Прво, очигледно е дека припадниците на различните етнички групи се концентрираат претежно или исклучиво само во некои делови - локалитети од градот. Причините за тоа се различни. Една од нив секако е полесното вклопување во животот на градот, поедноставниот начин на решавање на станбеното прашање и интеграцијата во рамките на сопствената етничка или национална група. Сите тие услови во Скопје "идеално" се задоволени и градската власт практично ништо не презема, прво да ги спречи или намали нелегалното вселување и градењето во

овие простори, а со тоа и нелегалната изградба на станбените објекти.

Второ, кога спонтаниот начин на решавање на станбеното прашање од спореден ќе стане главен и масовен, тогаш се соочуваме со тешки последици за иднината на градот. На планерите на Скопје веројатно ќе им треба уште многу време (ако воопшто тоа некогаш се случи) да ги санираат последиците од неплнската изградба.

Трето, скопскиот пример за спонтанитет (читај - хаос) нема можност во блиска иднина да се реконструира, тој не поседува сопствен, препознатлив идентитет, нема вредности, нема историја. Тоа особено се однесува на локалитетите од централното подрачје, каде целосното уривање на субстандардните објекти се наметнува како единствено решение.

Масовно уривање, за повторно да се гради, уште долго време ќе биде само сон на илјадници семејства за да ја подобрат сопствената станбена ситуација. Тоа е тешко решлива ситуација и од аспект на масовно преселување на жителите од овие населби, во некој друг дел од градот кои секако нема да сакаат да го напуштат овој атрактивен простор кој се наоѓа во срцето на градот

Би било неправедно да се каже дека градската власт не покажала интертес за разрешување на проблемите кои се појавуваат со изградбата на овие локалитети кој целосно ја дезавуира планската изградба на градот. Она што заслужува да го потенцираме е тоа што напорот за решавање на проблемите никогаш не бил проследен со практични постапки и скоро секогаш се заплеткувал во политичките игри и надмудрувања и завршувал за кратко време. Скоро секогаш како да недостигаше доволно храброст, знаење, начин како тоа најдобро да се направи. Тоа покажува дека феномените се сложени, дека се надвор од контрола на државата и дека за нивно надминување е потребно многу повеќе од желбите и можностите на власта.

Феноменот на сегрегација врз основа на етничката и националната припадност може да се посматра и од аспект на социјалната интеграција на доселеното население во новата средина, особено на оние кои потекнуваат од село, а кои се застапени во најголем број. Пред нив се поставува проблемот на адаптација и културна интеграција во новата средина. Во населбите каде претежно се концентрирани припадниците на една етничка група, не се чувствува проблемот на интеграција и тој е помалку изразен, за разлика од оние средини во кои има мешано население. Во услови каде е присутна слаба меѓусебна етничка комуникација, пред се, на ниво на секојдневниот живот, затвореноста во рамките на традицијата и верата, кај поголемиот дел од албанското и ромското населание создаде "потреба" за самоизолација и затворање на ниво на населба, во рамките на групата. Сигурноста и можноста за интеграција и партиципација во пошироката заедница, ислкучиво се врзува за населбата во која доминира сопствената етничка или народносна група.[18]

[18] "Социјалниот преглед од 1965 год. установи дека етничките групи Турци, шиптари и Цигани, што живеат во северниот дел на градот, му даваат многу поголема важност на местото на нивното пребивалите, отколку на техничкиот стандард и опременоста на становите. Поради ваквиот однос може да се очекува дека ова население не ќе да сака да ги напушти своите куќи откога ќе отпочне програмата за расчистување и тие секако не ќе сакаат финансиски да учествуваат во новата станбена изградба, особено ако тие спаѓаат во групата жители со најниски приходи и се под влијание на традициите. "Освен Урбанистички план, Извештај подготвен за ОН како и извршна агенција на специјалниот фонд на ОН, Полсервис, Варшава и Завод за урбанизам и архитектура Скопје, Кн.15, стр. 60.



Еве што се вели во една информација (строго дов!) од 28-9-1987 г. испратена до Републичкиот комитет за градежништво, урбанизам и заштита на човековата околина, од Извршниот совет од една скопска општина: “Во врска со оперативната програма на Извршниот совет на СРМ за преземање на мерки и активности за сузбивање на непријателската активност од позиции на албанскиот национализам и сепаратизам и на појавите и состојбите кои му погодуваат, си земаме за слобода и се чувствуваме должни проблемот на ваквото делување да го објасниме од аспект на просторот како на територијата на Општината, така и на територијата на градот Скопје.

Просторот е животна категорија преку која еден народ во рамките на земјината топка ги прикажува и докажува своето постоење и опстојување. Тој е категорија која не трпи експериментирања, која опстојува со години и векови, преку која се цени битисувањето, културата и историјата на еден народ. Губејќи го него и народот со време се губи. Останува само истријата, а историјата со време се прекројува, брише.

Токму на оваа најчувствителна животна категорија, свое поле за дејствување најде и албанскиот национализам и сепаратизам. Во последниве децении, а особено во последниве години, просторт во СРМ, градот Скопје, па и општинава Чаир, стана поле на промена на соптвеност и поле на узурпација, како по основа на непланска пренамена, така и по основа на сопственост во корист на албанската народност.

На територијата на градското подрачје на општината Чаир, присилно се пренаменети 42 хектари простор, во најголем дел од припадниците на албанската народност и на него бесправно изградени станбени објекти иако со Основниот и деталните урбанистички планови намената на овие површини била друга (реонски парк и работни зони).

Паралелно со узурпацијата на просторот, во последниве години особено загрижувачка е хомогенизацијата на населението по национална и верска

припадност како на ниво на Република, така и на градско и општинско ниво. Оваа појава најмногу е присутна токму во бесправно изградените комплекси што е видно од нумеричките показатели што следат:

**Градско подрачје на општина Чаир**

| Локалитет | дива град | Македон | Албанци | останати |
|---|---|---|---|---|
| Дижонска | 1770 | 700 | 10800 | 600 |
| 376" | 112 | | 292 | 335 |
| Калај. гроб | 960 | 1152 | 3744 | 480 |
| Шуто Ориза | 240 | 96 | 156 | 960 |
| с.Бутел | 100 | 320 | | 100 |
| Радишани | 60 | 144 | 39 | 120 |
| Бошн.маало | 120 | 192 | 390 | 60 |
| **Вкупно** | 3362 | 2804 | 15421 | 2655 |

Од прикажаните податоци се гледа дека површината на хомогенизирано населување на принадниците на албанската народност се локалитетите Дижонска и Калајџиев Гроб. Додека односот меѓу Македонците и Албанците на целата територија на Општината изнесува 2:1 во корист на Македоците, тоа во узурпираните простори е 1:4 во корист на албанците. Применувајќи го истиот метод на ниво на градот Скопје се добиваат овие податоци".


ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ
ДИВОГРАДБИ
СОСТОЈБА 1980 ГОД
M = 1 : 25 000
SKOPJE
Sindelic
Trubarevo
ДИВОГРАДБИ



# ТОПААНА ТРИЕСЕТ ГОДИНИ ПО КАТАСТРОФАТА

*Поглед одвнатре*

Истражувањето на социо-антрополошките карактеристики на населбите од типот на Топаана се однесува на повеќе области од животот на луѓето и функционирањето на општеството. Населбата Топаана спаѓа во оној тип населби во кои целосно се апсорбирани карактеристиките и на сламот и на гетото, а кои по правило, непосредно се зафатени со состојба на урбаната сиромаштија. Тоа уште на почетокот на истражувањето не упатува на повеќе заеднички карактеристики кои се содржани во нив, без разлика во кој дел од светот се наоѓаат, односно, во кој град се формирани.Дејвид Хантер (D. Hunter) формирањето на овие населби го доведува во врска со состојбата на квалитетот на зградите за живеење кои се "толку многу под стандардот и нездрави за живеење, што претставуваат опасност по здравјето и сигурноста, моралот и благодетите на населението кое живее во нив". Најголем дел од дефинициите за овие населби само ги набројуваат елементите кои се однесуваат на различните аспекти на животот во нив. Покрај несоодветните живеалишта, за овие населби карактеристични се и големата густина на населеност и претежната концентрација на етнички хомогеното население со низок степен на образование, со здравствени проблеми како разултат на слабата исхрана и лошите станбени услови и условите кои владеат во населбата која по правило целосно е руинирана и без минимум елементи на инфраструктурна опременост. Кога

Топаана ќе се спореди со слични населби во други градови во светот, особено во неразвиените и земјите во развој ќе се забележат многу сличности.[1]

Кога се посматра населбата како "урбанистичка стварност", се чини дека во неа се сконцентрирани сите препознатливи особини кои упатуваат на тоа дека станува збор за слам во вистинска смисла на зборот. Но, тоа што е видливо во физичка смисла сеуште не значи и ќе не упатува на тоа дека и општеството кое е формирано е западнато во патолошка состојба на, како што се високата стапка на деликвенцијата, растурените семејства и нездравите меѓучовечки односи.[2]

---

[1] На просторот на бивша Југославија, се појави една солидна книга на текстови од социолози, урбанисти, економисти и планери под наслов, "Кров над главом" во редакција на Сретен Вујовиќ, социолог и Милан Бобиќ, урбанист- планер. Оваа книга на најдобар начин ја илустрира сложеноста на феноменот поврзан со сламот.
Студијата на Бошко Будисављевиќ, "Урбанизам без урбаниста" е меѓу ретките, ако не и единствена студија која ја обработува реконструкцијата која се појави на примерот на една диво изградена населба. Авторот го промовира принципот на "новиот урбанистички пристап", кој накратко го дефинира како, "залагање за нова урбанистичка пракса, која за свое излезно решение ја има просторната состојба и развојот на градот и го изведува од таа основна состојба".
За искуствата на неколку европски земји на планот на обновата на старите запуштени делови ќе говориме на друго место во овој труд. Во нашата држава сеуште нема ни една посериозна студија за реконструкција и обнова на старите делови на градот или реконструкција на запуштените квартови!

[2] Најчесто под поимот слам се подразбира нездрава средина во физичка и социјална смисла. Но, некои сметаат дека физичкиот карактер на бедата не значи истовремено и морална беда и обратно, постоењето на карактеристиките на морална беда, не мора секогаш да е поврзано со физичката страна, може условите за живот да бидат многу повисоки, а сепак во едно подрачје да има висок процент на социо - патолошки појави. За Берџел, на пример, за сламот е својствена и "специфична атмосфера", која

Целта на нашата анализа не е насочена кон согледување на ромскиот менталитет и култура во сите нивни домени на исполнување. Во која мера културните фактори, внатре во Топаана, како етничка енклава, делуваат во интегративна насока на луѓето, во смисла на она што некои го нарекуваат "заедница", а други како Оскар Луис "субкултура на бедата" е прашање на кое тешко може да се одговори, без подлабоки анализи.



*Топаана на крајот на 20 век*

---

се одликува со викањето, гласното смеење, гласно слушање на музика. (E.E.Bergel, Urban sociology, cit delo, p.427)

Истражувањата на Топаана, како урбанистичка и етничка целина започна уште во 1991 г, кога за првпат беше реализирана една анкета за домаќинствата (беа опфатени над стотина домаќинства) и беа изработени монографски студии за десетина семејства, каде подетално и од повеќе аспекти беше анализиран животот. Анкетата беше повторена во 1994 г. (приближно на истите домаќинства), а беа посетени и неколку од семејствата кои беа предмет на монографските истражувања. Секако дека е потребно многу повеќе време и труд за да се навлезе подлабоко во суштината на животот на луѓето во Топаана.

Сè чини дека на прв поглед лесно можат да се извлечат заклучоци и без некој посебен истражувачки напор, зошто од првиот контакт, кога се посматра животот, се добива впечаток дека се е разбирливо и јасно, но со секое натамошно навлегување во суштината на феномените состојбите стануваат многу посложени, очигледно неразбирливи и проблематични.[3]

### *Состојба на "култура на бедата"*

Топаана е дел од градот и тоа дел од неговото потесно подрачје, но сè чини дека "урбаното" останува надвор од нејзиниот простор. Тоа во голема мера го детерминира и пристапот во истражувањето: од една страна неизбежно се наметнуваат состојбите кои произлегуваат од односот на Топаана со поширокота заедница, што е особено интересно, од еден социо - антрополошки аспект, а од друга страна се наоѓаат состојбите кои директно произлегуваат од животот во населбата и тоа во рамките на семејството,

---

[3] "Штом ќе се завртам кон нашата конкретна ситуација, го губам трпението разборито да ги изнесам сите факти и чувствувам потреба без многу убедување сето тоа да го изложам во форма на манифест". Budisavljević,Urbanizam bez urbanista, cit.delo,p.123

соседството, вредностите, односно културата на живеење, која Луис за луѓето и општеството од овие населби ја именува како состојба на "култура на бедата".[4]

[4] Во статијата на Луис "Култура на бедата" не е тешко да се насети прикриената вредносна основа од која тој, најверователно несвесно, ги анализира социјално - психолошките карактеристики на бедата. Ориентациона лампа која како патоказ му служи во метежот на ќумезите и прчварниците му претставува идеализираниот начин на живот на буржоазијата и буржоаската интелигенција на американското капиталистичко општество. Констатацијата на Луис, дека сиромаштијата ја карактеризира "отсуство на приватност", веројатно не значи ништо друго освен свесен и несвесен општествен идеал на малограѓанинот кој во својот приватен метеж, во својата оградена и "удобна куќичка", си наоѓа и своја "слободичка", убеден дека тоа е единствената природна состојба, последен и краен домет на цивилизацијата и културата. А својата закржлавена и потисната потреба за вонсемејна друштвеност, за целосен живот, ја надолнува со номадски преселби, туристичко - авантуристичко самозалажување или скапо платени исповеди на психијатрискиот отоман. Или, на пример, што значи заклучокот на Луис дека кај сиромаштијата постои "рано воведување во сексот"? Дали е тоа некаков прекор кон сиромашните заради нивното девијантно однесување? Меѓутоа, Луис не се прашува: девијантен однос, на што? Затоа што таквото сексуално однесување на сиромашните воопшто не е девијантно во однос на нивната физиолошка, и во тој потесен општествен контекст дури и општествена потреба, туку девијантно е во однос на начелата на пуританската етика и вредносниот систем на буржоаското општество. Во каков однос пак, стои вредносниот систем и конкретната општествена пракса на буржоаската класа, добро е позната од секојдневниот живот, научните студии и уметничкото творештво. Тврдењето на авторот дека сиромашните луѓе имаат "силно чувство на помала вредност и безнадежност", можеби е точна, кога во тој негов дел нема некои убедливи докази. А можеби е резултат и на спекулативното мислење произлезено од несвесната претпоставка како тој и неговите класни сродници и сонародници би се чувствувале во такви нечовечни услови за живот. (Мирослав Радовановиќ, Антрополошки пристап у теорија

Истражувањето беше насочено кон прибирање на податоци од следните сфери од животот на домаќинството и неговите членови.

Прво, податоци за куќата (квалитет на градбата, сопственост, квадратура, време на градба); податоци за членовите на домаќинството (број на вработени,



*Тииична куќа во Тоиаана, 1995 г.*

професија, возраст, потекло, образование, број на

"култура беде" у дела Оскара Луиса, Зборник филозовског факултета, Књига 12-2, Београд, 1978 г.

семејства во рамките на едно домаќинство, број на деца и слично); податоци за домаќинството (детален попис на се она што поседува едно домаќинство).

Второ, податоци за квалитетот на исхраната (колку редовно членовите се хранат, квалитетот на исхраната, облеката и одржување на живеалиштето).

Трето, податоци за квалитетот на здравјето на членовите на домаќинството (дали има болни и од што боледуваат, дали посетуваат лекар, дали примаат лекарства и слично).

Четврто, податоци за квалитетот на домувањето и условите за живот во населбата. Беше направен детален опис на станбените услови, (присутво на влага во собите, материјалот од кој е изграден подот, површината на дворот и слично).

Петто, сознанија за квалитетот на одморот кој го практикуваат членовите на домаќинството, задоволу вањето на културните потреби и користењето на слободното време (беше направен прецизен опис на активностите на членовите за време од 24 часа, за последните три месеци).

Шесто, сознанија за соседските односи, за пријателите и карактерот на меѓусебната комуникација во рамките на населбата. Од испитаниците се бараше да ги изнесат најосновните податоци за нивните пријатели и да го опишат односот спрема соседите, зачестеноста на посетите, темите за кои се разговара и слично.

Седмо, податоци за посетата и интеграцијата на испитаниците во најзначајните институции од градската заедница. (Една од карактеристиките на луѓето во гетото е недоволна или никаква комуникација со општествените институции). Од испитаниците се бараше да дадат прецизен одговор на прашањето, дали последниот месец посетиле некоја од наведените (осум) институции и поради што тоа го направиле.

Осмо, што Ромите мислат за себе и што другите мислат за Ромите? Дали тие се рамноправни со другите

национални и етнички групи и ако не се, кои се причините за тоа? Потоа, со кои од националностите сакаат да живеат како соседи, а со кои не?



*Од животот во населбата Топаана, 1995 г*

Деветто, степенот на врзаност за населбата и групата како важни показатели за раслојувањето на заедницата која е формирана во Топаана. Дали луѓето сакаат да се преселат од населбата и под кои услови би го направиле тоа, потоа, во кои населби би сакале да се преселат, дали нивната населба има иднина и дали ќе биде санирана?

Истражувањето главно беше концентрирано на неколку значајни сфери и тоа на:

а) Условите кои ги поседува населбата како просторно - физичка целина. Во таа смисла важно е да го согледаме квалитетот на животот на ниво на населба.

б) На квалитетот на станот, неговата опременост, квалитет на изградба, што се заедно го определува квалитетот на живот кој произлегува непосредно од физичите услови.

Тоа се двата основни елементи кои го формираат квалитетот на животот во однос на физичките услови и во исто време се најважни во определувањe на типот на населбата, односно, дали станува збор за слам или не и за кој тип на слам станува збор.

Втората група на елементи ја формираат т.н. социјална состојба на семејството и главно е формирана од материјалната состојба на семејството (приходи, вработеност, опременост на домаќинството), квалитетот на исхраната, потрошувачката за задоволување на културните потреби и слично.

Третата димензија се однесува на животот на луѓето во населбата и нивниот однос кон институциите на општеството и државата.Колку луѓето ги посетуваат и зошто, како и интеграцијата во пошироката заедница, состојбата на маргиналност и инфериорност, потоа системот на потреби и аспирации, задоволството од животот и слично.

И на крај, четвртата димензија се однесува на односите внатре во населбата, буџетот на времето и културните потреби на домаќинството[5]. За истражувањето

[5] Основната "тријада" на потреби, според мислењето на повеќе компетентни истражувачи на квалитетот на живот ја сочинуваат: материјалните потреби (физички потреби), социјалните потреби за сигурност, припадност, љубов) и персоналните потреби (да се биде самоактуелен, за личен развој). "Квалитетот на животот (животот е за толку многу повисок, колку што е наведената скала (тријада - заб. И.А.) задоволена и во поширок опфат, што секоја

беше значајно да се соберат што е можно повеќе податоци за карактеристиките на животот на луѓето во Топаана и тоа на ниво на населба, семејство и поединец.

## *Топаана е слам и гето*

Во анализата на општеството во Топаана тргнавме со убедување дека населбата несомнено во себе ги содржи карактеристиките и на слам и на гето, што значи дека на нејзиниот простор е формирана една затворена просторно - социјална и етничка заедница. Она што останува надвор од нашата анализа и како што покасно ќе се покаже дека заслужува многу поголемо внимание, се сведува на следното: дали во населбата има смисла да се бара и состојба на "култура на бедата" како состојба во која целосно функционира една заедница независно од пошироката заедница на градот? Дали може да се говори за "култура на бедата" или само за "состојба на сиромашните која може лесно да се надмине"? Дали состојбата на населбата е поблиску до оние гледишта кои упатуваат на сознанијата дека во центрите на градовите егзистираат "урбани села" слично како во некои градови формирани од имигрантите?[6] Во нив се забележани цврсти врски,

---

од потребите е повеќе задоволена во пожелен систем и тоа на траен и адекватен начин, примерен на владеачките цивилизациско - културни стандарди на територија, општество во кое тие поединци или групи население живеат". V.Lay, Kvalitet života stanovnistva Hrvatske, IDIS, 1991g.)

[6] "Етнички селани" се етнички групи кои се стретнуваат во централните делови како што се њујоршкиот Lower East Siole.Луѓето живеат во голема мера како што живееле селаните во селата во Европа или Порторико. Иако живеат во градот, тие се изолирани од значајните елементи на градскиот живот, со исклучок на работното место. Нивниот начин на живот суштински се разликува од урбаниот начин на живот, како што го

заедништво, што значи дека физичката беда не делува разорно на заедницата.

Топаана пред неколку децении беше периферија на малиот град кој по Втората светска војна започна интензивно да се индустријализира и урбанизира. Периферијата, во една социо - психолошка и урбанистичка смисла секогаш останува периферија, без разлика на динамиката на развојот на градот, под претпоставка да изостанат радикални промени на просторната и социјалната структура. Топаана е класичен пример за тоа, иако денес таа е дел од потесното подрачје на градот. Скопје пред три децении доживеа една голема природна катастрофа, но и катастрофална обнова на централното јадро, што директно се однесува на типот на населбите слични на Топаана, а кои во Скопје ги има повеќе од десетина и скоро во сите делови.

### *Од каде доаѓам, каде живеам*

За населбата може да се рече дека не остана она што беше пред неколку децении, мала циганска населба на највисокиот дел во градот. Таа денес се претвори во населба во која сиромаштијата стана дел од секојдневието на повеќе илјади жители кои скоро три децении живеат меѓу сонот и јавето, меѓу подоброто утре и суровата

---

итерпретира Вирт. Акцентот се става на роднинските врски и примарната група, нема анонимност и контакт со секундарните групи, формалната организација е слаба,се сомневаат во се и во секого надвор од нивната група" (извор: "Ridings in urban sociology, ed. by R.Pahl,Pergamon Press, London,превземено од S.Vujović, Sociologija grada, Beograd, 1988g.)



*Детал од Топаана*

реалност. Состојбата во Топаана во секој поглед и урбанистички и социо - психолошки, не ни дава за право само да констатираме дека тука владее една состојба на тотална сиромаштија за која, впрочем и не треба некоја посебна методологија тоа да се согледа и констатира, туку едноставно да се појде, види и доживее! Од сосема поинаков тип се прашањата, зошто воопшто доаѓа до тоа,

кои се причините за таквата состојба или едноставно зошто градската политика не преземала никакви активности за да ја подобри состојбата на животот. Тоа претпоставува сосема различен пристап на размислување од оној кој е присутен, не само кај оние кои управуваат со градот, туку и кај стручњаците и кај научниците.

Во анализата на Заводот за урбанизам и архитектура на град Скопје, инстутуција која подготвува детални урбанистички планови, пред неколку години подготви и план за Топаана и направи обид да се "измери и изброи" се она што се наоѓа на просторот на населбата. За сите оние кои немале можност да запознаат населба од овој тип, анализата сосема малку ќе ги доближи до реалната состојба. Но, тие податоци се насочени само кон една задача во подготовката на планот, да покажат колку од постојаната физичка структура (станови, улици, јавни објекти), можат да се вклопат во новиот план? За Топаана се чини дека и тоа не било потребно. Интересно е да се наведат причините за донесување на урбанистичкиот план.[7]

Со планот од 1965 г. просторот на кој се наоѓа Топаана бил предвиден за сервиси, а со дополнувањата на

---

[7] "Со донесување на ОУП од 1985 г, а за континуиран развиток на градот Скопје, со преиспитување на урбанистичката документација за овој простор констатирано е дека не постои детален урбанистички план. Со планот од 1965 г. овој простор имал намена за сервиси и слична намена, а со ОУП од 1985 г. просторот е пранаменет за становање. Во овој локалитет е предвидена и една трафостаница со голем капацитет. Сегашната состојба е таква што на овој простор постои густо изграден, претежно субстандарден градежен фонд, со недефинирана улична мрежа и нерешена инфраструктура. Заради овие причини,а со цел да се усогласат потребите и насоките на ОУП за развиток на градот Скопје, се наметна неопходна потреба за изработка на Детален урбанистички план." (Технички опис за Детален урбанистички план за локалитет "Стара Топаана", Завод за урбанизам и архитектура "Скопје" Скопје.

планот од 1985 г. просторот е пранаменет за домување. Детален урбанистички план е изработен бидејќи во населбата е присутен субстандард, пренаселеност и слично, а се планира нова населба со колективно и индивидуално домување, парк, улична мрежа, фонтани, јавни објекти и се друго што им паднало на ум на планерите и што се смета дека е потребно за еден нормален живот во градот. Новиот урбанистички план претпоставува сосема празен простор, каде едноставно се планирани да се изградат нови содржини, што значи дека населбата ќе треба целосно да се избрише од просторот и на нејзино место се изгради нова населба.

### *Демографска структура на населбата*

Во почетокот на 90-те години во Топаана се регистрирани 636 домаќинства со 3133 жители, од кои 41,8% деца, 10,8% вработени, а останатите 47,2% спаѓаат во категорија издржувани лица. Просечниот број на членови во домаќинството изнесува пет, а густината на населеност скоро 300 жители на хектар. Тоа говори дека во населбата е присутна висока густина на населеност, надпросечен број на членови во домаќинството и најнизок процент на вработеност во однос на другите населби во градот. Она што е карактеристично за Топаана е сознанието дека постои изразита висока променливост на населението и дека е присутен голем број на луѓе кои не се регистрирани од надлежните служби во градот, а долго време живеат во населбата. Податоците за тоа кој живее во населбата и колкав е нивниот број се приближно точни.



*Станбен стандард*

Најголем дел од станбените живеалишта во Топаана се неоформени, што значи дека им недостасува по нешто (или скоро се) од главните елементи кои формираат една нормална станбена единица (пример: главен влез, прозор., оформени соби и сл.). Од вкупно 557 станбени објекти колку изброиле службениците од Заводот во 1991 г, 376 се неоформени живеалишта, скоро секое трето го сметаат за еднособно (читај врата и прозор или без прозор), 14,4% се гарсониери (неразбирливо е што под тоа се подразбира, освен за урбанистите!). Тоа се податоци за оние кои се оформени како живеалишта.[8] "Неоформените" не се

[8] Првиот и основен тип на слам е населба на оние кои живеат на "четири ветришта", населби од импровизирани куќи од кал, трска, лим и картон во кои живеат станбено и социјално

земени предвид во анализата на Заводот за урбанизам и архитектура на град Скопје. Најголем дел од оформените "станбени објекти" се приземни, над 90% од вкупниот број, а половината од нив се високи најмногу до 3,5 метри. Според проценките на Заводот, над 80% се во многу лоша состојба и за нив не постои друг начин освен да бидат целосно урнати и на нивно место изградени нови, современи и хигиенски станови. Над 90% од објектите се изградени од слаб материјал (најчесто непечена тула или отпаден материјал кој е за друга намена , а најмалку за градба на куќа).

Што се се подразбира под поимот "низок урбан стандард", а се мисли на живеалиштата во Топаана, тешко може да се заклучи од извештајот што го подготвил Заводот за урбанизам и архитектура или, на пример, со "среден" или дури и "виоск" стандард, под кој се сместени скоро 50% (!) од оформените станбени објекти. Не се познати критериумите врз кои е градена таа типологија. За скоро 40% од станбените објекти не се знае годината на изградба, а 51,1% ја наведуваат 1956 година. Не е јасно зошто таа година! Од анализата на Заводот како главен заклучок се наведува следното: дека за овој простор треба да се изработи детален урбанистички план, со комлетна замена на субстандардот со нова улична мрежа и комплетна инфраструктура. Во тоа се содржани добрите намери на планерите и градската политика и во тоа нема ништо лошо! Но, тоа сè чини нема никаква практична вредност. Напротив. Она што нас не интересира, а кое го нема во анализата (единствена за ваков тип на населби) се содржи во следното:

Прво, освен неколку карактеристики кои се земени предвид со анализата, како што е состојбата на станбениот

---

загрозени луѓе - Цигани и Албанци во Белград, Срби во Краљево. Населбите никнуваат во регионот на катастарската парцелација и служат за тоа да не потсетат колку сме уште полни со беда". "Krov nad glavom", cit.delo,p.85.

фонд или степенот на изграденост на инфраструктурата, за другите, едноставно, воопшто не се говори. За населбата се говори само од еден "урбанистичко - архитектонски аспект" и се поаѓа од нужноста за изработка на детален урбанистички план на чист простор.

Второ, планерите и градската политика целосно ги "заборавиле" луѓето кои живеат во населбата. Заборавени сѐ нивните конкретни потреби и жителите се третирани како непостоечки! За планерите е најважно што во населбите не постои скоро ништо што ќе може да се вклопи во рамките на новиот план и се поаѓа од една замислена состојба на "празен простор" во која е разбирливо дека до израз ќе дојдат "креативните" зафати на планерите. "Новата Топаана" едноставно се претворила во лесна вежба на градската политика и планерите за отстранување на станбениот субстандард. Но, Старата Топаана, пред сѐ, е свет за себе во кој се вградени голем дел од злата на модерната урбана цивилизација. Со едноставното движење на лењирот и моливот тешко дека ќе може тоа да се корегира.[9]

---

[9] "Оној момент кога "некои зони ќе се бојадисаат со одредени наменски бои", тие подрачја на градот се осудени на одреден тип на живот. Сите подрачја на градот кои во моментот на изработката на планот "не биле во суштина град", би требало плански да се изменат, да им се даде онаа "права намена" која ќе произлезе со студирање на нивните најдобри функции во иднина. И така започнува "волшебниот круг". Статусот "за рушење" значи дека во тие делови на градот нема да се вклопуваат никакви општествени средства за подигање на животниот стандард, зошто тоа би ја поскапело визијата, а ни жителите на овие населби немаат право да го подобрат својот животен стандард. И така, тие делови од градот се претвораат во нешто што изгледа како почеток на сламови, а тогаш постепено се јавува во свеста, не само како почеток на сламови, туку и како вистински сламови, предизвикувајќи една одвратност во светот на сите оние "кои знаат што е, а што не е град". Да се чека во статусот "за рушење" значи да се биде во ситуација на осуденик




Основната идеја на планерите и градската политика е содржана во "убавите желби", што е можно за пократко време и без материјални средства старата Топаана да биде избришана од просторот и на нејзино место се изгради нова модерна населба! Приближно списокот на желбите за идната населба изгледа вака: густина 260 жители на хектар за колкетивно и 160 ж/ха за индивидуално домување, за сообраќај од градско значење се предвидува 0,62 ха, за

кој не го знае времето на извршување на казната". Krov nad glavom, cit.delo p.161.

домување 8,0 ха од кои 6.0 ха за колективно. Потоа во новата населба се предвидени да живеат 1920 жители од кои 360 во индивидуално, а останатите 1560 во колективно домување, кои ќе бидат сместени во 524 станови. Планерите со голема прецизност го пресметале и бројот на децата до 7 години кои ќе се родат во населбата или ќе живеат во неа и нивниот број е вкупно 260, од кои 80% ќе бидат згрижени во детска градинка!

Она што планерите го предвиделе со планот за "Нова Топаана", заслужува внимание само како илустрација на еден тип на планирање за кој слободно може да се рече дека не е само бирократски од аспект како се планира, туку и од аспект на сложеноста на проблемот е загрижувачки несериозен. Но, ако планирањето го набљудуваме од друг агол, на овој пример може да се илустрира состојбата на немоќ на планерите и градската власт сериозно да се соочат со проблемите кои се присутни при секоја интервенција во населбите од овој тип, кои во Скопје ги има дваесетина, а некои од нив и со по десетина илјади жители!

## *Што е Топаана*

На прв поглед се чини дека Топаана тешко може да се опише со јазикот на урбанистите, планерите и социолозите. Урбанистите ги употребуваат вообичаените поими да искажат нешто како да станува збор за "нормална" населба; дека е "нормално" што луѓето живеат во гарсониери или еднособни станови кои иако се непогодни за живеење, сепак се еден вид живеалишта. Потоа, "нормално" е на местото на тие несоодветни и неквалитетни живеалишта да се планираат и да се изградат нови, што рака на срце, во тоа и нема ништо лошо! Се е "норманло" до оној момент, кога градската власт не сака, а планерите тоа не ги интересира, бидејќи сметаат дека тоа не е нивна работа, кога ќе се постави прашањето што да се прави со оние кои живеат на овој простор. Кои се тие луѓе,

од каде дошле, што сакаат во животот, дали воопшто сакаат да се иселат од населбата и дали можат да се иселат и многу други прашања кои, се чини, се клучни за решавање на проблемите, кои не си ги поставува градската власт, а уште помалку планерите. Со јазикот на планерите тешко може нешто суштински да се изрази од она што објективно постои или се случува во Топаана. Затоа и предлозите за реконструкција на населбите се многу "разбирливи" и едноставни и воопшто не ги зафаќаат проблемите на луѓето кои живеат на просторот на Топаана. Урбаната политика во однос на овие населби успешно се вклопува во системот на власта и моќта. Не постои власт која сериозно може да започне да ги решава проблемите на овие населби. Секоја власт во суштина се стреми кон монумнеталност и ексклузивност во урбанизмот и архитектурата. Тоа е повеќе психолошка потреба на оние кои владеат.Сиромаштијата и така еден ден ќе исчезне! [10] Кога? Тоа сеуште никого не го интересира.

[10] Улогата на градската политика може да биде успешна во отстранувањето на нехигиенските населби, само во соработка со останатите фактори во изградбата на градот што не е случај со обновата и реконструкцијата на Скопје. Практично, не постои никаква координација меѓу главните актери на изградбата на градот. Решанијата за некој градски проблем многу повеќе личат на утопии, многу помалку содржат предлози за плански насоки за решавање на конкретни проблеми. Последните неколку години се случува вистински натпревар во заземањето на празните простори во централното подрачје на градот, а при тоа воопшто не се земаат предвид проблемите со станбениот субстандард. Дискусиите се разгоруваат, на пример, околу изградбата на луксузни хотели, палати или бизнис центри, а никој не ни помислува што со илјадниците ќумези во централното подрачје!

Податоците и анализите направени од страна на стручните служби на градската власт навистина се инспиративни, но тие се нецелосни и се за строго определена намена. Целта на анализата е разбирлива, да се покаже дека Топаана нема иднина и нема смисла да постои. Но, она што е неразбирливо е фактот што во анализата не се бараат причините зошто доаѓа до овие населби, ниту се поставува прашањето за последиците од нивното постојано проширување. Во нив скоро секогаш се затскрива суштинската страна на проблемите.

Најголем дел од населението, повеќе од 2/3, кое живее во Топаана е доселено по земјотресот во 1963 г. и тоа 1/3 од другите населби во Скопје, 1/3 се родени во населбата, а останатите или се доселени од други градови на Македонија или се доселени од други делови на бивша Југославија, а најмногу од Косово и Јужна Србија. Само нецели 10% се доселени од село.

Најголем дел (говориме само за членовите на анкетираните домаќинства во 1991г. и 1994 г.), близу 2/3 се неквалификувани или полуквалификувани, потоа квалификувани и високо квалификувани 13%, а со ниска стручна подготовка 19% и сосема мал дел (неколку проценти) со средна стручна подготовка. Во однос на образованието, доминира неписменото население (и население со IV одд) со скоро 60%, потоа следи население со основно и мал процент со средна школска подготовка.

Од вкупниот број работоспособни, само 14% се постојано вработени, десетина проценти (за време на истражувањето) работат некаде повремено, а најголемиот дел (близу 3/4) од работоспособното население не се работно ангажирани. Најголем дел од вработените се со ниска или без квалификација. Од податоците за структурата на населението може да се каже следното:




*Типични живеалишта во Топаана 1995*

Во Топаана живее неписмено, невработено, неквалификувано, главно по земјотресот доселено население, од другите населби од Скопје. За краток период извршена е силна концентрација на Ромите на едно место кое се покажало атрактивно од повеќе причини за оние кои се деривилегирани и оставени од градската власт да се снаоѓаат како знаат и умеат. Топаана е реакција на сиромашните на градската политика.

Домаќинствата кои беа опфатени со анкетата (одговара домаќинот или домаќинката) најчесто се составени од едно семејство, но како што покажаа

контактите со нив, во скоро секое семејство живее и по некој роднина, браќа, сестри или родители, кои или живеат под еден покрив или нешто изградиле, налик на живеалиште (кое Заводот за урбанизам и архитектура ги смета за "неоформени" живеалиште) и не може да се добие точна претстава за тоа дали во домаќинството живее едно, две или три семејства. Одвојувањето на децата од родителите (кои засновале брак) повеќе е од психолошка природа, зошто практично и нема што да се подели и тие и натаму остануваат да живеат во заедница.

---

*Домаќинството на браќата С.С.*[11] *(по потреба ќе биде наведувано само името на домаќинот, но не и полното име и презиме) е заедница на три семејства која нема член кој ја има улогата на глава на домаќинството. Семејството на Сабри има пет членови и тоа, неговата сопруга, и трите деца на 15, 10 и 4 години. Неговиот брат има шест деца меѓу кои и една мажена ќерка која е бремена и живее во заедница со нив. Нивната сестра со нејзиниот маж живее во заедница со браќата. Тие немаат деца. Во домаќинството живеат вкупно 15 членови од кои полнолетни девет и шест деца до шеснаесет години. Ниедно од децата не посетува училиште, а возрасните скоро сите се полуписмени или неписмени, но ниеден не посетувал основно училиште.*

*Браќата Сабри кривично се казнуваат поради кражба, а едниот пред неполн месец е пуштен од затвор. Во домаќинството нема алкохоличари, алкохол купуваат понекогаш кога имаат пари. Во домаќинството нема разведени бракови, ниту вонбрачни деца. Понакогаш децата ги испраќаат да просат. Почесто се расправаат и караат меѓу себе. Ниеден од членовите на*

---

[11] Во прилог на анализата од резултатите од анкетното истражување ќе бидат презентирани дел од сознанијата добиени од монографските студии на неколку домаќинства

домаќинството не работел редовно. Најчесто се вртикаат околу Бит пазар или пак на железничка станица, нудејќи се нешто да работат како носачи. Немаат претстава колку заработуваат, ниту за тоа некогаш направиле сметка. Сè што се заработува веднаш се троши за храна. Најчесто немаат доволно што да јадат. Куќата (ако може така да се нарече) ја купил таткото кој починал пред дваесетина години. По потекло се од едно скопско село. За куќата имаат само договор кој не е судски заверен. Не поседуваат никакви други документи. "Куќата" е со површина од околу 9 (девет) м2. Имале уште една соба, но последната зима се урнала од снегот. Двор практично нема, туку веднаш од влезот се излегува на една тесна уличка - канал по која тече отпадна вода од населбата. На уличката имаат заедничка чешма со соседите. Со струја се снабдени од соседите кои им овозможиле да приклучат една светилка. Куќата има само еден прозорец кој наместо стакло има најлон. Зидовите се изградени од непечена тула и кал, како и подот. Кога врне кровот обично прокиснува. Најголем дел од времето го поминуваат надвор, во населбата или едноставно лутаат по градот. Еден дел од членовите на домаќинството често отсуствуваат од дома и од населбата подолго време. Некои заминале во Германија и таму останале. Домаќинството е опремено со неколку предмети. Нема доволно прибор за сите . Кога јадат тоа го прават на подот во собата. Спијат на земја покриени со неколку јоргани. Особено им е тешко во зимските месеци. Потрошувачката главно се состои од купување леб и цигари. Готвењето на храна е многу ретко. Месо воопшто не јадат. Скоро никогаш не појадуваат. Се чувствуваат гладни особено во деновите кога немаат никкава заработувачка. Политика воопшто не ги интересира. Немаат телевизор ниту радио. Единствен допир со било која институција на градот е приведувањето во полиција или кога мораат да одат на лекар. Сите се женети или мажени многу млади (до 15

*години). Жената на еден од браќата е бегалка и не донесла ништо со себе. Децата често се физички малтретирани. Не знаат зошто, ама веруваат во бога, а не одат во џамија. За нив најголем празник е ѓурѓовден, но не знаат да објаснат зошто. Тоа останало од постарите и мора да се почитува. Скоро сите се болни од нешто. Една од жените е болна од астма. Неопходен и е болнички третман, но нема пари за тоа. Двете нејзини ќерки се неподвижни. Минатата година скоро девет месеци биле во болница и здравјето им се подобрило, но лечењето е прекинато и не знаат што ќе се случи со нив. Со соседите се во добри односи, но ретко се посетуваат. Не им смета што е запуштена населбата. Најмногу што би сакале е да ја обноват собата која им се урнала последната зима. Дали некој ги нарекува Цигани или Роми тоа ним воопшто не им е важно. Неправда за нив, како што велат, е тоа што немаат никакви услови за живот, што најчесто се гладни, што не примаат социјална помош и немаат редовно вработување.*

---

*Куќа на општинско земјиште*

Особено тоа се забележува во оние домаќинства каде има барем по еден член кој е постојано вработен, кој се стреми колку толку да живее посамостојно. Обидот да се добијат попрецизни податоци за приходите на домаќинствата остана безуспешен. Само мал дел беа во состојба да кажат некоја приближна сума која ја трошат или заработуваат. Особено тоа претставува проблем за оние кои немаат редовна заработувачка.

Во Топаана најголем дел од живеалиштата се изградени последните петнаесетина години, скоро 80%. Најчесто се градени за многу кратко време и тоа од неколку дена. Незанемарлив дел од испитаниците не знаат чиј е плацот на кој е изградена нивната куќа, нити пак поседуваат некаков документ за куќата во која живеат. Сосема мал број (околу десетина проценти) поседуваат судски докумнети. Во Топаана не постои некое разграничување на приватното и општинското земјиште. Голем дел од куќите се изградени на општинско земјиште. Не постои ни меѓусебно разграничување на парцелите. Најголем дел од куќите или се доградувани, се до таму кога практично се излегува на улица или се навлегува во дворот на соседот. Многу малку простор има меѓу куќите. Пренаселеноста е максимална за тие услови. На прашањето: дали куќата е градена со дозвола за градба, околу 1/3 се изјасниле позитивно, што секако не одговара на вистината. Некои од анкетираните покажуваа некакви докумнети добиени од општинските служби, но скоро секогаш тоа не беше дозвола за градба. Поблиску до вистината беа оние кои изјавуваа дека не знаат што е тоа, дека не знаат чиј е плацот, нити пак некој досега ги прашал за тоа: едноставно решиле да градат и во тоа никој не ги спречил, нити пак им помогнал! Тоа доволно говори за односот на градската власт спрема овие луѓе. Само секој трети можеше да ни каже до каде се простира плацот за кој смета дека е негова сопственост. Куќите, главно градени по земјотресот, се приземни и најчесто од непечена тула или друг материјал кој не е за таа намена и скоро секогаш, како по правило, со слаб квалитет. Скоро секоја втора куќа има некој вид помошни простории како шупа или нешто слично, што со текот на времето се приспособува за живеење. Просечната површина на куќите изнесува околу триесетина квадрати, а една третина не надминуваат дваесетина квадрати. Кога тоа ќе се подели со бројот на членовите на домаќинството, излегува дека на секој член

му припаѓаат околу 3-4 квадрати станбена површина, што навистина е под секој минимум за нормално живеење.

---

*Домаќинството на Ф.Л. е составено од четири члена. Редовно вработени нема. Пред повеќе години мажот го напуштил семејството и жената останала со трите малолетни деца да се грижи за нив. Понекогаш од него добива паричен надомест за децата. Во семејството често има остри расправии меѓу мајката и децата. Таа се чувствува немоќна да ги задоволи нивните потреби. Најчест извор на приходи домаќинката обезбедува од чистење на други куќи. Заработува минимално, колку да преживеат. Куќата е купена од друго лице со писмен договор. Површината на куќата заедно со дворот изнесува околу педесетина квадратни метри. Таа е составена од две соби. Една од собите е изградена дополнително и е од цврст материјал, а другата соба нема прозор, а зидовите се од непечена тула. Не постои дел од собите каде нема влага. Во една од собите има спроведено вода и е приклучена машина за перење алишта. Куќата од главната улица е оддалечена само два метри и постојано е изложена на неподнослива бучава. Домаќинството е добро опремено со скоро сите потребни елементи, намештај, покуќнина. Собите се преполни со намештај и разни други предмети што претставува проблем за нормалното движење низ нив. Децата се пристојно облечени и секое има по два чифта чевли. Често им недостигаат пари за храна. Со светот комуницираат главно преку телевизијата. Гледаат емисии со народна музика, особено новокомпонирани песни. Децата ги знаат скоро сите пејачи на народна музика. Со воодушевување раскажуваа еден случај кој се одиграл пред кратко време во нивната населба, поврзан со купување на невестата и за свадбата која траела три дена. Домаќинката го одобрува купувањето на невестата и смета дека традицијата треба да се сочува и да ја*

*продолжат младите генерации. Домаќинката ретко оди во црква и е убедена дека постои некоја виша сила која "стои над сите нас". Животот нема смисла ако човек нема пари. Не веруваат во задгробен живот, но понекогаш постат за Рамазан. За време на верските празници не работат, иако не е јасно што треба да се работи, освен кога домаќинката оди во други куќи да чисти. Во семејството скоро секогаш некој боледува, а најмалото дете често го носат во невропсихијатриска клиника. Тоа доаѓа, како што вели домаќинката, од преголема заштитеност од постарите деца и мајката кога било најмало.. Најдобар пријател на семејството е еден роднина кој работи во амбуланта и ги снабдува со рецепти и лекови. Заедно со соседите се чувствуваат како да се едно домаќинство. Ако треба да се селат, тешко дека во близината ќе наидат на такви соседи. Затоа, на тоа не сакаат и да помислат. Иако од населбата не се задоволни и се свесни дека тука животот е тежок, сепак се убедени дека некогаш ќе се подобри. Убедени се дека Во Скопје има полоши населби како, на пример, онаа населба во Ѓорче Петров каде живеат Ромите. За Ромите сметаат дека се исто толку рамноправни колку што се и другите во државата. Според нив, меѓу Ромите и Циганите има разлика. Циганите живеат "од денес за утре", а Ромите се нешто друго. Циганите се сиромашни затоа што немаат интерес за школување, што жените остануваат дома и што раѓаат многу деца, смета домаќинката...*

---

### *Влагата најголем непријател*

Од стотина анкетирани домаќинства, секое петто има по една соба со паркет или под од штици, а во останатите 4/5 се од бетон или земја. Тоа придонесува да се појави влага која целосно ги деградира условите за живеење. Ако за нешто луѓето посебно го изразуваат своето

незадоволство, тоа беше присуството на влага во собите и непријатниот мирис од неа. Населбата е приклучена на градскиот водовод, но најголем дел од домаќинствата, вода можат да донесат само во дворот. Бања во куќите има секое десетто семејство, а во употреба се полски клозети кои најчесто се изградени на влезот или веднаш до куќата. Од пред десетина години во некои делови од населбата е спроведена и канализација која поради лошата изведба создава многу проблеми поради честото пукање на цевките и поради честите интервенции на мрежата, постојано се копаат и онака раскопаните улички. Тесните улички служат како одводни канали за отпадната вода. Опременоста на домаќинствата со апарати и техника кај околу 2/3 може да се смета за задоволителна, што значи дека има шпорет на дрва или струја, со минимум намештај, кревети или каучи за спиење, радио и телевизија, минимум опремена кујна и слично. Останатите, 1/3 поседуваат само по нешто од тоа, и тие може да се рече дека живеат под секој минимум. Спијат на под, немаат доволно храна и облека.

### *Нередовна и недоволна исхрана*

За тоа како се хранат луѓето, се обидовме да дознаеме преку поставување на неколку прашања и тоа за редовноста на оброците, во текот на денот, колку од нив се подготвуваат (топли) и тоа што најчесто конзумираат во текот на неделата и дали често конзумураат месо, млеко, овошје и зеленчук. Околу 1/3 од испитаниците нередовно и недоволно се хранат, што значи ретко или никогаш не употребуваат месо, млеко, и овошје, ниту пак конзумираат топли оброци во текот на денот, односно, во домот не подготвуваат редовно храна.



*Населба за реинтеграција на Ромите. Сламот го нема, гетото останува - детал од новата ромска колонија во Шутка*

Скоро сите анкетирани изјавиле дека им недостасуваат пари за храна и облека и често се чувствуваат гладни. Нашата намера не е да докажуваме (со истражување на веќе познати емпириски и очигледни факти), дека сиромашните се хранат помалку квалитетно од богатите, туку да го поткрепиме сознанието дека луѓето од Топаана се повеќе гладни, отколку што се сити.

---

*Домаќинството на И.И, мажот работи како бравар, а жената е домаќинка. Имаат само едно дете, кое е*

*единствено преживеано од неколкуте кои им се родиле во текот на нивното заедничко живеење. Питачењето го сметаат за карактеристика на черѓарите. Пари немаат заштедено, а целокупната заработувачка веднаш ја трошат за храна. Куќата ја купиле , но немаат никаков документ за сопственост, таа има 25 квадратни метри и е без двор. Надворешната врата директно излегува на улица. Во неа има приклучено струја и вода. Во собата има два кауча. Преку денот ретко престојуваат во неа, зошто влагата и смрдеата тешко се поднесуваат. Домаќинството е доволно опремено со прибор за јадење, постелнина, обувки и облека. Обично јадат два пати во денот, а храната ја сочинуваат неколку продукти (грав, ориз и компир). Домаќинката смета дека мажот треба да плати за жената, таков бил и таков треба да биде обичајот. Сите членови се религиозни. Ги празнуваат Ѓурѓовден и Бајрам. За време на празниците имаат богата трпеза. За нив, како што велат, животот нема смисла. Сите боледуваат од нешто. Не сакаат да ги нарекуваат Цигани зошто тоа ги навредува. Кога ќе ги наречат Роми, тоа звучи "покултурно". Со сите сакаат да се дружат, но не и со Албанците. Ромите треба да бидат рамноправни со сите други луѓе, но тие, како што смета домаќинот се навредувани и никој не се грижи за нив, не примаат никаква помош. За нивната населба сметаат дека е најнечистата и најзапоставената населба во Скопје и нема иднина. Тие се "осудени" да живеат во неа.*

---

### *Општ умор, депресија, ревматизам*

Квалитетот на здравјето е елемент кој главно е детерминиран од повеќе фактори, меѓу кои исхраната и условите за домување, се меѓу најзначајните. Кога ни се познати условите на домување и квалитетот на исхраната може да се претпостави каква е здравствената состојба на

членовите на семејството. На прашањето "дали последните 12 месеци сте боледувале или сте имале тегоби, како главоболка, болки во рамењата, ревматизам, тешкотии со срцето, општ умор, несоница, нервни тегоби или депресија", скоро половината од испитаниците одговориле дека ги мачи по нешто од сето тоа и тоа е често и силно изразено. Најголем дел се жалат на општ умор, несоница и нервни тегоби или депресија и ревматизам кои во голема мера се разултат на условите на домување и квалитетот на исхраната. Фактот што 2/3 од оние кои се изјаниле дека се болни и не земаат средства за смирување или антибиотици, говори и за нивните можности за лечење. Само околу 1/3 од болните понекогаш користат лекарства или биле подложени на лекарски третман. Околу 40% од испитаниците сопствената здравствена состојба ја оценуваат како многу лоша што говори за тоа дека постојано чувствуваат некоја болка.

### *Живоӣ во круѓоӣ на еднаквиӣе*

Луѓето од гетото времето главно го поминуваат во населбата и во кругот на семејството, што се потврдува и во нашето истражување. Од десетина наведени активности кои претпоставивме дека можат да бидат својствени за луѓето од Топаана, а се однесуваат на активности кои се исполнуваат во слободното време само неколку се најмногу застапени, меѓу кои, гледањето телевизија и посета на соседите, се доминантни. Нашата цел, не беше да правиме попрецизна поделба на "буџетот" на времето на испитаниците. Тоа за нив практично е неможно да се направи. За нашето истражување интересно беше да дознаеме дали некоја од десетината активности, некогаш била практикувана или не! Тоа што 80% од испитаниците

никогаш не гледале филм во кино, или не биле во театар, на излет, во кафеана, на спортски натпревар, или не прочитале весник, книга и слично, говори за една целосна изолација и тоа дека овие луѓе навистина се надвор од системот и пошироката заедница и не комуницираат со општествените институции.

---

*Брачнаша двојка Џ.А. има осум деца, чешири машки и чешири женски. Сише се мажени и женеши. Од нив шесш се на рабоша во Германија, а две, најмалошо и најсшарошо живеаш во заедница со родишелише. Во куќаша на Џ.А. живеаш йеш членови, родишелише, йарализиранаша внука и најмалиош син со сойругаша. Сише се издржуваат од йензијаша на домаќиношт, која е нешшо йомала од йросечнаша илаша и од йаришe шшо ги добиваат како йомош за йарализиранаша внука. Во домаќинсшвошо не йосшојаш караници, слоѓаша ја смешааш за најважна рабоша. Нивнише деца никогаш не йосшеле. Куќаша во која живеаш е куйена уште 1949 год. од човек кој не им дал никаков докуменш. Таа йовеќе личи на колиба со една соба 4х5 мешри, со една доградба, нешшо како йреширосшор и насшрешница. Уште на влезош се чувсшвува нейријашна миризба, која е йоследица на влагаша која ја има од шемелише до шаваноš. Подош е од земја, йокриен со каршони и еден вид йлешена черга. Во йреширосшорош - насшрешница, има сйроведено вода и канализација која сами ја изградиле. Домаќинсшвошо е ойремено со шйореш на дрва и сшруја и шелевизор во боја, кој го донеле синовише од Германија. Во собаша нема кревеши, сшолови, маса. Се јаде, йие или седи на йодош. Најголем дел од времешо го йоминуваат надвор, во малиош двор или седаш йред влезош до кој се наоѓа, на два-шри мешри, йолски клозеш. Во нейосредна близина на нивнаша куќа куйиле друга куќа со йаришe шшо им ги йрашиле синовише од Германија. Семејсшвошо на Џ.А. е задоволно од живошош. На йрашањаша одговараат*

*главно воопштено, веруваат дека еден ден ќе се извлечат од лошите услови. Помошта која ја добиваат од синовите кои работат во Германија ја сметаат за доволна за еден нормален живот.*

---

Но за разлика од тоа, половината од нив гледаат телевизија меѓу 3 и 5 часа, а околу 1/3 секојдневно се посетуваат со соседите. Соседството во Топаана е типично за една населба во која е сконцентрирано население од една етничка група. Во суштина, за поголем дел од нив, соседството претставува еден вид проширено домаќинство кое го формираат блиски роднини. Потребни се посериозни и пообемни истражувања за да се согледа антрополошката димензија на заедниците од типот на Топаана, особено во градските средини во нашата држава. Се чини дека меѓу соседската и домаќинската група како да не постои некоја суштинска разлика во односите меѓу членовите. Развиеното соседство е мошне значаен момент кој позитивно делува врз психолошката стабилност на луѓето. Животот почнува и завршува во кругот на еднаквите. Колку многу луѓето од Топаана се затворени во кругот на соседите и пријателите говори и сознанието за тоа, со кого се дружат во слободното време. Истражувањето покажува дека за околу 2/3 од испитаниците, пријателите најчесто се, или од редот на соседите или роднините, но најчесто и едните и другите претставуваат едни исти луѓе. Луѓето во Топаана живеат во кругот на примарните односи. Одговорот на прашањето, "дали би ја напуштиле населбата кога би имале можност" не упатува на сознанието дека луѓето од Топаана живеат во заедница од која тешко се излегува. Скоро половина се изјасниле дека, не сакаат да ја напуштат населбата, што значи дека и покрај се што е тука присутно, би останале да живеат, само да се во близина на своите. Се добива впечаток дека доволно и не го разбираат прашањето , односно не разбираат што значи тоа "да имаат можност".

За оние кои живеат во Топаана, се чини дека можност не може да има и оттаму е и бесмисленоста на прашањето! Како и надежта, така и можноста да се биде од крајот на сиромаштијата, за најголем дел од луѓето од Топаана е изгубена за секогаш!

---

*Домаќинството на Б.Х. го сочинуваат четири члена и тоа домаќинката, која е пензионирана како работничка во Тутунскиот комбинат во Скопје, нејзиниот најмал син (од вкупно петте нејзини деца кои не живеат во заедница со неа), снаата и внукот. Нејзиниот син е вработен како општ работник, а снаата не е вработена. Сите имаат завршено осмо одделение. Во домаќинството нема разведувани бракови (се мисли и на поширокаta заедница во која влегуваат и останатите деца на домаќинката). Убедени се дека децата правилно се воспитани и се помалку горди што имаат редовна работа и што можат да си обезбедат доволно материјална егзистенција, а не на некој друг начин (социјална помош или некоја времена работа). Сите пари кои се слеваат во семејниот буџет ги распределува домаќинката и одлучува како ќе бидат потрошени. Ако за нешто не им достигнуваат пари, позајмуваат од своите роднини. Домаќинството одржува добри роднински врски со најблиските , браќа сестри и блиски роднини. Куќата во која живее семејството е изградена пред 1950 год, но не знаат точно кога. Ја изградил свекорот на домаќинката и за неа немаат никаков документ. Пред десетина години таа е целосно преуредена и доградена. Куќата е приземна и има површина од околу педесетина квадрати и двор со исто толку квадрати и се смета за една од најдобрите во населбата. Ѕидовите се често влажни и тоа им претставува проблем. Подот во собите е од бетон. Поради влагата не се "осмелуваат" да стават под од штици или паркет. Околу куќата се изградени помошни простории. Вода има во дворот и во една од собите.*

Канализација немаат. Водата од населбата, каде се наоѓа нивната куќа, тече пред влезот, што создава непријатна миризба. Во суштина, улицата која поминува пред нивната куќа е еден вид одводен канал за фекалии и отпадни води од околните куќи. Домаќинството е солидно опремено со апарати, намештај и неопходни предмети за храна, спиење и облека. Од влагата во собите намештајот е значително оштетен, што кај домаќинката (по нејзината реакција) делува многу непријатно. Членовите на домаќинството се чувствуваат задоволни од животот, но постојано повторуваат и се прашуваат, дали некогаш ќе се реши проблемот со нечистите води пред нивниот праг и ќе исчезне влагата од нивните соби! Од разговорот со возрасните членови може да се добие впечаток дека во домашќинството постојат здрави односи меѓу возрасните, мајката и нејзиниот син и снаата. Бракот за ова домаќинство е света институција во која брачните другари се должни на верност и меѓусебна почит. Најпочитуван член е домаќинката, свекрва, мајка и баба која себе си се смета за авторитет без чија согласност никој од останатите членови не може да преземе ништо на своја рака.





[illegible]ас работам како продавачка во самопослуга
[illegible]аботам осум саати. Слободно време
немам, прибидејќи откако ќе дојдам от
[illegible]абота дома ме чекаат други обврски
[illegible] што се перење, готвење, ручок
пеглање. Најчесто и ако имам слободно
време, го поминувам со фамилијата
понекогаш во сабота и недела ако
имам време ќе одам на гости кај
комшиите. Бидејќи работам во населбата Топанско поле, немам потреба да
[illegible] во град. Во месецот ќе одам
два-три пати, тоа само ако
треба да купам нешто за дома.



*Топаана е населба без надеж*

Ако се обидеме да направиме една типологија на сламовите во однос на степенот на запуштеност, сигурно е дека Топаана ќе биде сместена во категоријата на населби за кои можеме да кажеме дека нема надеж во скоро време да се реконструира или обнови или едноставно да се подобри животот во неа. Едноставно, како што сметаат со право, планерите и градската политика, таа треба да се избрише од просторот на градот.[12]

---

[12] За населбите за кои не постои друго решение, освен целосна замена на руинираниот станбен фонд што се предвидува со планот за реконструкција, да се бара друго решение, на прв поглед сѐ чини дека е неразбирливо и сосема погрешно. Но, ако се бара планска интервенција, за да се подобрат колку - толку условите за живот, до моментот кога ќе се случи тоа не е ништо друго, туку целосна негација на начинот како се рашава проблемот со субстандардните населби.

Деградацијата на условите за живот стигнала дотаму што, практично не е можно нешто полошо да се замисли, а да не претераме со нашата фантазија. Сиромаштијата навлегла во сите сфери од животот. Карактеристично за сите населби од овој тип кои егзистираат во централните делови на градот е тоа што не е можно да се запре нивното натамошно пропаѓање.[13] Секогаш за нивната реконструкција нема средства и секогаш за нив се изработуваат амбициозни планови кои подразбираат, "што би било кога би исчезнале нивните жители". Овие населби постојат како живи споменици на градската политика која тешко излегува од затворениот круг на немоќ, од една и мегаломанијата, од друга страна. Топаана е резултат и на

---

13 „Своето право на слам го стекнува со самото постоење, не се вклопува во идеалната слика на градот, но тоа не не интересира. Тој има право на живот, зошто во него живеат луѓе што работат. Сламот секогаш е жив, но различен, со брзи реакции и прилагодлив. Самиот себе се руши, самиот себе се гради, самиот себе се развива и разорува и сето тоа без проекти и големи инвестиции, карактеристични за населби со колективна изградба кои со самото тоа се непроменливи и едноставно скаменети, неприспособени на иднината. Сламот не е поврзан за големи технологии, а може да се користи во сите видови индустриски производи, отпадни материи и употребувани производи (втора рака). Сламот е еден од оригиналните изрази на масовната анонимна архитектура која во минатото ги создава највредните и најчовечките урбани простори. Сламот го решава сам, она што општеството не го решило - сместување на бездомниците собрани од потребата за егзистенција (за нив општеството понекогаш гради ноќевалишта, а за туристите - шетачи, гради хотели).

Сламот е флексибилен урбанизам. Тој е еден од првите израи на архитктонската иднина, зошто за негово создавање битен е процесот како суштински модел и тоа го сместува во незавршено дело што е битна карактеристика на модерната уметност (а ќе биде и на архитектурата, зошто тоа е нужност) и воопшто, иднина на нашето живеење. M Bobić, S.Vujović. Krov nad glavom. 1985 g. p.124-125.

отсуството на свест на градската политика и на планерите на градот, кои за жал, просторот го доживуваат идеално, како празен простор каде движењето на лењирот и моливот е многу едноставно.

Во целост се согласуваме со заклучокот на П. Таунсед (P.Townsend) дека, не постојат некои општо прифатливи норми за пристоен и од сите членови на една заедница прифатлив модел на однесување. Секоја група практикува одреден вид на животен стил кој не мора да биде прифатен од другите групи. Ако тргнеме од гледиштето за релативна сиромаштија не е можна компаративна анализа меѓу одделните региони или држави. Но, во ситуација кога физички е загрозен опстанокот на луѓето, кога условите за живот изразито негативно делуваат, прашањето за специфичностите на сиромаштијата губи, секаква смисла.

### *Дислокација на Топаана*

Решавањето на проблемите кои се присутни во населбите од типот на Топаана претпоставува многу знаење, пари, храброст и најпосле многу разбирање за животот на луѓето кои ја населуваат. Но, да се отстрани Топаана, не значи дека на некое друго место во градот треба да се изгради слична населба. Причините за настанувањето на населбите - сламови треба да ги бараме во општествениот систем кој создава реални претпоставки за концентрација на сиромаштијата на едно место. Секој град има свои специфичности кои создаваат "потреба" од нивна изградба.

Скопје по три децении од катастрофалниот земјотрес се најде меѓу две реални можности: или да го обнови старото јадро со десетина локалитети меѓу кои се најде и Топаана или градот да го прошири на слободните терени во регионот. Оваа втора насока градската политика ја избра

поради неколку причини чии корени се од субјективна, но и од објективна природа.

Прво, експанзијата на градот на слободните простори во приградскиот дел создаде еден динамичен урбанизам, можности за нова индустриска градба, на брза и ефтина изградба на станови, плански и неплански, во зависност од носителите на градбата.

Второ, владеачките групи кои имаа најголемо влијание врз урбаната политика, главно се сконцентрираа во посебни делови, елитни населби подалеку од запуштените квартови и најчесто на сметка на нивната обнова. Она што остана надвор од доменот на интересирањето на владеачката елита во урбанизмот, постепено се претвори во трагедија за илјадници семејства и тоа во приградската зона на хаотичен и неплански развој, централната зона со десетина илјади неквалитетни станбени единици, сламови - населби и со повеќе десетина илјади жители, главно етнички сегрегирани и целосно руинирани за кои друго решение, освен целосно отстранување не постои. Во тие околности се формира и егзистира и Топаана како една од најзапуштените населби.

Урбаната обнова за запуштените населби - сламови во Скопје е само делумно реализирана на мал дел од централното подрачје.[14] Таа претпоставува планска интервенција која значи промена на условите за живот, а најчесто се сведува на замена на неквалитетниот станбен фонд со нови градби и изградба на потребната инфраструктура. Анализата на постапките на градската политика за реконструкција на старите делови од градот покажува дека недоволно, а во некои аспекти и целосно, не

[14] За тоа колку субстандардни станбени објекти се урнати и заменети со нови, нема податоци. Но, се чини дека во деловите од левата страна на Вардар, освен на некои локалитети на ивицата на главните сообраќајници, отстранувањето на субстандардните објекти, застанува некаде пред дваесетина години. Од тогаш, па се до денес, повеќе илјади нови објекти се изградија на просторот на централното подрачје.

се познава суштината, карактерот и значењето на урбаната обнова за градот од аспект на отстранувањето на населбите кои имаат карактеристики на слам и гето. Доволно не се познава методологијата на реконструкцијата на овие простори за кои не постојат ни минимум квалитетни информации и сознанија. Целосно се потценети сознанијата кои доаѓаат од сферата на другите области и научни дисциплини. Пристапот е најчесто базиран на една очигледна состојба дека интервенцијата главно е содржана во уривање на објектите но, ништо не се прави за конкретна реализација на тоа. На тој начин проблемот на слам - населбата се сведува на тоа, како да се "исчисти" просторот.[15] Активностите на планерите се исцрпуваат во

[15] Во стручната литература, урбанистиката и урбаната политика, познати се повеќе примери на комплексен пристап во сферата на реконструкцијата и ревитализацијата на запуштените квартови, за што говоревме на друго место во оваа студија. Во оваа прилика ќе наведеме уште неколку примери од кои може да се согледа сложеноста на планската интервенција. Така, на пример, во студијата на Б.Будисављевиќ "Урбанизам без урбаниста", се наведуваат повеќе услови за санација и рехабилитација на диво изградена населба и во тие рамки и услови за нова станбена изградба, во рамките на населбата. Авторот изведува неколку општи принципи кои се значајни при секоја интервенција во делови од градот каде е неопходно подобрување на условите за живот. Тој во студијата говори за "план - акција на местото на урбанистичкиот план и за трет начин на изградба на градот или отворен урбанизам".

Поимот детален урбанистички план, дефиниран со законски прописи, би требало да се приспособи на предложените принципи на отворениот урбанизам. ДУП сам по себе е статичен план, тешко прилагодлив на настанатите промени во времето (предвиден период за реализација). Најчесто просторно е ограничен и ретко прикладен со граничните подрачја надвор од планот или со соседните планови. во најголем број примери, ДУП е повеќе план на желбите отколку можности и затоа најчесто се реализира во мал процент, посебно кога се работи за делумно изградени подрачја.

формирањето на новите структури на населбата. Со тоа планирањето се претвора во "ментална вежба" на стручњаците и градската политика, а за луѓето кои живеат на тие простори, неоснована надеж дека проблемите "се решаваат".

*Сламот и "духот на времето"*

Нашето истражување немаше за цел населбата да ја проучува во нејзината комплексност. Топаана е социолошки, но и медицински, антрополошки, урбанистички, психолошки, економски, над се, проблем на луѓето кои живеат на тој простор. Не случајно овие "локалитети со низок урбан стандард", како што ги нарекуваат планерите, се оставени на маргините на урбаната политика и скоро три децении се одложува нивната реконструкција.

Прашањето, "дали воопшто е можна реконструкцијата на овие населби и ако е можна, (за планерите и градските власти е можна), на кој начин таа политика е остварлива? На тоа прашање скоро никогаш не се дава задоволителен одговор. Можноста за реконструкција директно произлегува од обезбедувањето на доволно материјални средства што за овие населби уште долго време нема да се случи. Оптимизмот во тој поглед

---

Планот на акции би требало да биде спротивно на ДУП, динамичен и флексибилен документ со што се овозможува секаква градителска иницијатива со почитување на општите услови на ограничување. Оделни зафати, како резултат на тезите на отворениот урбанизам и планот на акции би станале, во одредена фаза, предмет на ДУП. Тоа значи, дефинитивни оформувања на поедини делови на градското подрачје, кога ќе се укаже потреба за тоа (на пример: реализација на станбена четврт на општествена колективна изградба, група објекти на станбена задруга, рехабилитација на постојната станбена четврт, уредување на јавни простори и слично)". B. Budusavljević. Urbanizam bez urbanista, Beograd 1985g. p.34.

нема основа и претставува лицемерност на планерите и градската власт.

Нашата намера во истражувањето не беше мотивирана од сознанието дека за Топаана е можно едноставно решение. Поаѓаме и од тоа дека условите во населбата, не само што нема да се подобрат, туку драстично ќе се влошат во иднина, ако воопшто е можно нешто полошо да се случи! Но, она што сепак е вредно да се истакне е верувањето дека е можно подобрување на условите за живот, сè до оној момент кога ќе се оствари сонот на планерите, на тоа место да се изгради нова и убава населба. Се дотогаш, потребна е акција која ќе биде раководена од потребата да не дојде до понатамошно влошување на условите.

Урбанистичката страна на Топаана е многу едноставна. Процентот на она што е вредно и што може да се вклопи во новото, во секој поглед е многу мал. Затоа, планерската проекција од која се поаѓа, е чистиот простор. Но се друго е проблематично! Тешко е да се дојде до поклопување на интересите на оние кои живеат на овој простор и евентуално некој инвеститор кој би бил заинтересиран да гради нешто на овој простор. Сигурно е едно: пари за реконструкција никогаш нема да има доволно, а економски силни инвеститори, сеуште нема!

Прво, не постои општо прифатлив концепт за преместување на сиромашните од центарот на градот на друго место. Очигледно е дека, сиромаштијата тешко може да се убеди да живее на друго место.

Второ, секој план кој предизвикува оо преселување од едно, на друго подрачје (случајот на Топаана е класичен), однапред е соочен со проблеми кои не секогаш се поврзани со материјалните можности за реконструкција.[16]

---

[16] "Проценката на околностите на преселување само од гледиште на вредностите и состојбите на физичките фондови (комунална опременост, површина, материјал од кој е изградена куќата и сл.), го стеснува видикот и го заменува разбирањето на

Сламот од типот на Топаана кој во исто време претставува и гето, соочен е со еден дополнителен проблем кој може да се формулира на следниот начин: дали раселувањето ќе значи формирање на слични или исти населби на некое друго место или пак ќе се пристапи кон дислоцирање на населението по целата територија на градот? Дали една од целите на реконструкцијата е десегрегација на населението во просторот? Нашето истражување покажа, наспроти сознанијата и постапките на градската политика и планерите дека, најголем дел од жителите на населбата не се согласни да ја напуштат, нити сакаат да помислат да бидат населени на периферијата на градот или некој друг дел ако за соседи ги немаат претставниците на својата група, нити пак се согласуваат да живеат во повеќекатници! Тоа значи дека не станува збор само за економскиот статус на семејството, туку пред се, за културата на живеење.

Трето, адаптацијата на луѓето од гетото во новите населби е проследено со многу проблеми. Животот во гетото претпоставува некои правила на однесување и комуникација кои стануваат дел од културата на оние кои долго живеат во тие услови. Поради тоа, тешко е да се преуреди животот врз стандарди на едно модерено живеење, особено во ромските урбани сламови каде што има голема концентрација на Роми гетоизирани во неколку големи локалитети.

---

особеностите на начинот на живот на локалната заедница и нејзините вредности за живот на индивидуата. Во тие околности, критериум за вреднување со вредностите и уверувањето на стручњаците, за тоа што е и што не е добро за домување, а не обид во целост да се разбере животот на локалната заедница со нејзините основни кохезивни димензии. Многу истражувања покажале дека квалитетот на физичките структури помалку им значат на локалното население од различнте форми на заедништвото и интерперсонални односи воспоставени во локалната задница" K. Petovar, O statusu lokalnog.... Pogledi, Split.n. 3-4/1986g. p.1002.

Четврто, ако раселувањето биде раководено од идејата за напуштање на принципите на гетоизацијата, односно, раселување во различни делови од градот, ќе биде соочено со нивно неприфаќање од страна на другите национални групи. Животот во заедницата практикуван од една етничка група не претпоставува нужно прифаќање и прилагодување кон вредностите на доминантните групи или група. Затоа и адаптацијата на личноста во гетото е побезболна и поедноставна во една социо - психолошка смисла. Колку повеќе единката е врзана за етничкиот колективитет внатре во населбата, толку повеќе таа се исклучува од интеграцијата во поширокатa заедница, во нашиот случај во градот како целина Затоа е и стравот на луѓето од сламот да го напуштат гетото, тој живот (и под претпоставка дека ќе ги подобрат материјалните услови).[17]

---

[17] Врз основа на повеќегодишни истражувања на ромската заедница, Рајко Ѓуриќ го констатира следното: Ромската заедница (пред сѐ мисли на урбаните гета), најмногу одговара на тип егалитарно, витално или примитивно општество. Културата во ромската заедница се јавува и исполнува како начин на живот. Централниот лик или условно говорејќи, парадигма на оваа култура е среќата. За Рајко Ѓуриќ идејата за среќата ја нема онаа улога која ја има во културата и вредносниот систем на ромската заедница, односно, во согласност со оваа идеја се врши интеграција на стварноста и спрема таа стварност. Таа има улога на адаптација, трансформација и контрола и има силна интегративна улога и овозможува идентификација на поединците и групите во заедницата. Но, гледано од едно пошироко општествено становиште, среќата во овој случај се покажува како највисок облик на општествената несреќа". Ромите како и секоја друга заедница се основа врз солидарноста. Во суштина, орудијата, производите и обичаите, како и постојаните навики, се симболична потврда на солидарноста на групата и јазикот и сочинуваат три различни и во основа единствени егзотични моменти во сферата на општествената објективизација.(Rajko Džurić, Kultura i vrednosni sistem romske zajednice.)


СКОПЉЕ 1920

SUMMARY

## SKOPJE-BETWEEN THE VISION AND REALITY

Skopje carries within it a reality which can never again repeat itself: to be ruined by a natural catastrophe and to be given the chance to be rebuilt, yet at the same time to experience an unbelievable disappointment in that. Today, sociologically and spacially Skopje represents a city of fragments, a by-product of the vision and the reality: Half built centre with an emphasized ethnic and social differentiation, plus new suburbs of individual and collective buildings, plus slums and ghettos spread out throughout the whole territory of the city, plus abandoned and degraded outskirts of illegal and chaotic settlements. On a micro scale, in the Skopje area, we can identify the main laws of the system of the collectivistical which will continue, for a long time, to determine the growth of the city. The effects of time on the Skopje area have been deeply embedded and every attempt to erase them, causes catastrophic shattering in the deformed fibre of the city. Skopje is a classical example of how the good intentions lead directly into Hell, the lack of knowledge leads into chaos.

Skopje is an example of how the urbanist theory should not be developed.

Only a few years following the catastrophic eartquake of 1963, Skopje began intensive "blind" building, from case to case, which was the beginning of a period of "permanent earthquake" (which was to last many decades) which in a short period of only about a decade destroyed all attempts at realising the Plan for construction. In the absence of a mechanism for observing the construction of the city, in a situation of endless naivness, that the urbanistical plan can be realised, without taking into consideration the consequence of the general development, the individual initiative of thousands of people attracted by the "city of hope" - totally destroyed all assumptions for a planned development. In the centre of the city appeared a state of pathological urbanisation in which gradually, the hopes of the majority of the population for a good life, turned into a bitter battle for survival.



When speaking of the sociological dimension of the plan of 1965, we have in mind, above all overcoming the historical division in the "left" and "right" side of the River Vardar which can be accomplished through an even construction of the whole territory. The 1965 plan predicted conquering of new areas for construction only (under the assumption that) all of the possibilities of construction within the limits of the existing construction unit would be used up). The basic construction of the sociological research was, complete reconstruction of the neglected parts, especially those in the central region. The plan also promoted the ideas of "social justice" in the space, that

is, an equal diversification of the urban standard over the whole territory, regardless of the distance from the centre of the city or the social make-up of the population.

The realisation of the Urban plan began by the actual realisation of individual segments, most often by undefined connections as a result of the day-to-day needs and beurocratic self-will. In the changes and additions to the 1985 Plan, the main direction for the future development was defined as correction of the realistic conditions and a re-orientation of the development with the aim of creating a spacial organisation which would establish a rational division of the functions in condition s of the relatively large dispersion of the used areas. The main objective of the new land organisation was to establish an adequate relationship betwen the city and the region, an adequate land politics and so on. The one thing missing from the 1985 plan is the clear image of those who planned it, for what kind of a capital city Macedonia realy needs. The plan was taken to be a mental exercise for the planners, a mere quantification of the key component of planning as are living space per person, green areas, sewage, asphalt, of general conditions and averages, general needs, as if Skopje has a real harmony and conditions of living without contradictions. The plan totally neglects the social aspects of the construction of the city. The absence of clearly defined priorities for development of construction the value neutral approach towards the planning, only emphasises the

sterility of the plan and opens possibilities for manipulation with its basic aims.

### *"Left" and "Right" of Vardar*

What is it that makes the reconstruction of Skopje different from other similar projects which are realised in other cities?

First, the major part of the central region of Skopje was left out of the planned construction after the earthquake. With the exception of a few parts which were shaped with a plan, most of the area planned for renovation and reconstruction (which is the old core of the city), hasn't had any kind of planned intervention for more than three decades, and what is worse, in its framework the chaotic construction of buildings for living in and others continued even further. What needs to be reconstructed today is mostly the result of the conditions in the last thirty years, and that has almost no constructive - physically, architectural and even more, socio-anthropological value. The reason for this is the occurence of explicit ethnical segregation, which can have catastrophic consequences for the future development in every respect.

If we observe the centre of the city as one whole unit (which is methodologically correct) and a centre of a large city, then the state in which the space found itself space which is totally discontinued and in which sharp barriers have been formed between the different parts, and in every respect:

physical, social, ethnic - then the impression left is one of a centre of many worlds without personality. It has lost the basic mutual dimensions of a centre and began forming partially,without plan, illegally and chaotically, as dictated by the daily politics and individual interests. It would be totally unjust to think that today the city can be constructed in a short period of time and at same time satisfy to a maximum, some of the urban or community in those parts which formed chaotically over decades as well. For any kind of intended action it is necessary to present a program from the highest authorities of the country and to find certain and permanent finances, in order for the centre of Skopje, in about twenty years time, to be able to get the modern look of a capital city of a country.





The question arising is: what specifically is it that makes Skopje practically incomparable to any other city of similar size, history, level of economic development and so on? In essence, the search for the specifics of the city will bring us to the basic question concerning the development of the city in the future, not only as a spacial - physical or urbanistic reality,but something greater and something more meaningful than that, as a possible (is it!) community of more ethnic or national groups. That is, it will present the question of the possibilities of living in the city which further continues to divide ethnically and socially, beginning from the centre. left and right of the River Vardar!

First, in every attempt to define more precisely the spacial-physical, socially-ecological and the ethnic dimension of the

centre of the city, we came across many problems, in the sence of defining a mutual centre of the city. The centre is divided into two parts which do not correspond mutually in a socio-anthropologic and urbanistic sence, which will certainly, in the future, have a large influence with every disturbance of their structures and in every respect. If for the right side of Vardar we can speak of some kind of central functions characreristic of the city as a whole, we cannot say the same for the "left" side. If the "right' side of the River Vardar immediately after the earthquake, began transforming into a modern city, the "left' side was almost entirely left to the chaotic construction and a place for concentration of the Albanian and Romany population.

### *"The right to a city" of the poverity groups*

The question which arises today and of which the planners and government officials will never be able to free themselves is simple: what can be done with those social groups which are at the bottom of the social scale (and that is almost half of the population of the central region) which are unable to pay for their own movement into new hygenic apartments and who will not want to leave the centre of the city and move to the outskirts of the city (they never wanted that even when someone else paid for them to move) into cheap living space built with the help of

the whole community? The "right to space" which the poor gained as a "right to space" in the heart of the city is the result of a web of conditions, historic above all, as a result of the population which is mostly muslim, religious because of the closeness to the religious buildings which have an influence from the "depths of history". That had a decisive influence in the concentration of the population, muslim by religion, Albanian by nationality, but also socially unpriviliged, which was forced to build "its world" pressed by poverty, religious needs, ethnic solidarity, left on its own to build without restrictions, not just anywhere, but in the heart of the city!

If the greatest part of the Macedonian (Christian) population was necessarily directed towards the peripheral areas, the muslim, mostly Albanian population occupied the central parts.

The period from the mid-sixties to the end of the seventies was an "ideal" period for slum-isation the city. This is one of the most meaningful specifics which can rarely be seen in other cities with a mixed population, regarding the nationality and religion, which will to a large extent determine the destiny of the act of reconstruction. Namely, it is a matter of a "right to space" which to a large extent is determined by the ethnic - religious belonging, which itself influences the strengthening of these settlements, in the direction of solidarity and traditionalism experiencing the individual destiny as the destiny of the group and vice versa. To a

large extent this has a great effect on the character of the reconstruction. It appears from the urbanistical, architectural and economic sphere and goes deeply into the sphere of the political and ethno-national. where the principles of a normal process of reconstruction are lost.



When speaking of the specifics of the reconstruction of the city which has been ethnically and religiously divided, then we must ask the question whether in order to satisfy some needs of the group which are of socio-anthropological and psychological nature, it will be a planned approach towards their further segregation on some new location in the city,or whether the greatest part of the population will continue to be made up of dwellers who were born there, that is, there will be no meaningful changes in the ethnic make up. Or, will mixed suburbs be formed which is also practiced in many cities with reconstruction projects, which are considered to have greater value than the ethnically homogenious in every respect? The Skopje case should show which model of reconstruction can be considered more valuable? Yet, this assumes meaningful theoretical elaborations and experiments in practice which unfortunately are still being postponed till some futher time in the future, when the possibility for a conscious and rational action will be so small that every effort, both theoretical and practical, will be in vain. Yet, one thing is undebatable. Every solution of the problems without clearly defined and rationally planned action leads directly into open conflicts between the social, ethnic and religious groups. The city is a micro cosmos, where the war of interests can be destructive and dangerous.

The aim of our research wasn't to study Topaana in its complexity. Topaana is a sociological, but also a medical, anthropological, urbanistic, psychological, economic and above all a problem for the people who live in that space. It isn't accidental that these "localities with a low urban standard" as they are called by the planners are left on the margins of the urban politics and their reconstruction has been postponed for almost three decades.

A satisfactory answer has never been given to the question: is reconstruction of these suburbs at all possible and if it is possible (for the planners and city authorities it is possible) in what way is it posible? If an answer is given it is unfounded optimism. The possibility to reconstruct is a direct result of the obtaining of sufficient material means, which for these suburbs will not happen for a long time. The optimism in that case is not founded and represents hypocricy of the planners of the city authorities.

Our aim in the research wasn't motivated by own understanding that there is a simple solution for Topaana. We understand that the conditions in the suburb will not only not improve but they will drastically desline. Yet, the one thing which is nevertheless worth stressing is the belief that an improvement of the living conditions is possible up to the moment when the planners' dream comes true, when a new and beautiful suburb is built in its place. Until then, there is need of an

action which is lead by the need of not allowing a decline in living conditions.

The urbanistic side of Topaana is very simple. The percentage of that with value and which could fit into the new, in every respect, is very small. That is why the planners' projection starts with clean space. But, everything else is problematic! It is difficult to come to an agreement of the interests of those who live in the space and eventually an investor who would be interested in building. One thing is for certain: there will never be sufficient money for reconstruction.

First, there is no generally acceptable concept of moving the poor from the centre of the city to some other place.Obviously it is difficult to convince the poor to live somewhere else.

Second, every plan which causes movement from one area to another (the Topaana case is classic) faces in advance problems which are not always connected to the material possibilities for reconstruction. A slum like Topaana which is at the same time a ghetto is faced with an additional problem which can be formulated in the following way: namely will the movement mean forming similar or identical suburbs samewhere else or will the approach be dislocating the population over the whole territory of the city? Is one of the aims of reconstruction the desegregation of the population in the space? Our research showed that, unlike the beliefs and actions of the town politics and planners, that the majority of this population do not agree to leave the

suburb and will not think of being moved to the outskirts of the city or some other part, if, as their neighbours, they do not have those of their own group, nor would they live in high storey apartment blocks! It is not only a matter of the economic status of the family, but above all, the culture of living.

Third, the adaptation of the people from the ghetto in the new suburbs ia assisted by many problems. The ghetto assumes some rules of behaviour and communication which become a part of the culture of those who have been living in those conditions for a long time. Because of these it is difficult to rearrange their life in accordance with the standards of modern living especially in the Romany urban slums which are unlike the usual urban way of living. It isn't difficult to assume what that means for Skopje where there is a large concentration of Romany population in ghettos at several localities.

Fourth, if the movement is lead by the idea of abandoning the principles of ghettoisation, that is, movement to different parts of the city, then we can realistically assume that problems will arise concerning the acceptance of these groups by the other groups. The lifestyle lead by one ethnic group does not mean that it will necessarily be accepted or adapted towards the values of the dominant group or groups. That is why the adaptation of a character in the ghetto is more painless and simple in a socio-psychological sense. The more the individual is attached to the ethnical collectivity inside the suburb, the more he is detached

from integration in the wider community. This accounts for the people's fears of leaving the ghetto even under the assumption that they will improve their living conditions. The sociologists warned of this as far back as 1965, but it doesn't seem to have been sufficiently understood by the planners and politicians. Topaana allows for fulfillment of some needs which are directly connected to the Romany way of living at the joint celebrations, holidays, mutual sharing of the good and bad, in other words, life in a community where destiny is experienced collectively.

*At Topaana the Romany population has been abandoned by their own fortune*

The survey of Topaana unavoidably created questions which are closely related to the culture of living and social integration as in the example of a suburb which has all the characteristics of a slum and ghetto. In that framework there is an unavoidable question concerning the formation of ethnically heterogenious suburbs and their meaning in the intercultural relationships between the ethnic groups in an area, in the case of Topaana, a minority group in the space and society of a majority group. When speaking of "cultural pluralism" and social disintegration on a global scale, it seems that we are not directly concerned with the differences, but rather with the similarities. On a micro

scale, on the level of the city, where society means or is defined as a "system of values among the functionally divided parts which are functionally localised", in society the ethnic division happens on a local scale. The deeper the division of the social groups is, as much as the society is culturally disintegrated, the more this leads to (in the space on a city scale) a more emphasised separation of the ethnic and religious groups. Ethnic separation in the city shows the difference between the groups which exists culturally and religiously.

Yet, let's take an inside look at the Topaana case. This, like about ten other ethnic ghettos in Skopje is not an accidental product of the urban politics of the city. After the catastrophic earthquake in 1963 in Skopje "ideal conditions" arose for formation of slums as a result of social differentiation, and ghettos as a result of ethnic segregation. The first condition was the huge uncontrolled movement of population to Skopje, and the second, the existence of a sufficiently critical mass population which was necessarily directed towards separation in the space. This means that the uncontrolled urbanisation (demographic explosion) which was caused by the strong movement of immigrants from a number of national and religious groups, resulted in their strict division in the space of the city. It is questionable whether it is possible to have an urban politics as a conscious rational activity which can sooth or completely unable the ethnic division within the urban space (or

more simply, are ethnically heterogenions suburbs possible and what does that mean for the social integration of the wider community. The Topaana case, leads to several meaningful points amongst which the problem of maintaining the authenticity of the Romany culture of living seems to be the most meaningful. Is there a possible solution (reconstruction of Topaana) which will not end with its mere physical dislocation? If we accept the assumptions of the "ecological determinism" (in our case treating Topaana only as a ghetto, and not as a slum), the question arises in a different way: is it, in that case, possible to integrate the Romany population in the wider community, is an inter - ethnical influence possible is an "urban culture" possible which as a form of social organization can lead to weakening of the primary relations and the old forms of social solidarity?

Life in the ethnic ghetto tightly attaches the individual to the group, frees it of the problems in adapting in the wider community, the group appearing as the connection between that which is "I" and "the other" members or groups in society which are outside the ghetto.

Perhaps Topaana is too simple and obvious an example and can lead us into a wrong direction of thought in the sense that nevertheless, the differences cannot be realised to the level as is present in the suburbs and in that way, that the social and ethnic very rarely happen to form communities of that type! Yet, in Skopje, something

similar is happening in the ghettos where Albanians, for example, live.

What is characteristic of the suburbs of this type is that between Topaana and the rest of the world there exists a strong division into "we", "they" and the rest who are outside the ghetto. Further, the person from Topaana has lost every hope that it is still possible to live in some other part of town even under the assumption that the conditions of living be improved. The Topaana person is psychologically not in a state to think about that. The majority of them do not understand the question: "If you had the possibility to move..." That kind of possibility for them (imagined) could not exist!

Our survey presented several fundamental questions about the relationship of the minority, ethnic and majority group or groups in the city. The first is related to the specifics of the culture of the ethnic group and its existence in the urban space. The intervention in the sense of "modernising life" can cause a disappearance and disintegration of the ethnos. If the way of living disappears then the culture disappears, because with the Romany population it is also a way of living. Customs are a strong connecting force, undefined rules of the community which functions and leans on solidarity. In essence, the way of living of the Romany population is that through which the mystical world has been maintained and on which the Romany language has been developed. What needs to be particularly stressed and which was shown by the survey (and which makes

these surveys useful) is the discovery that the world of the Romany culture has started to feel the agony in which it has found tiself. At the same time it has felt the difficulty of the search for its own fortune and the fact that the Romany people started to abandon their own gods and values to which they had remained attached because of the basic values which were embedded in their culture, and that is the happiness. Topaana is a community in which one ethnic group in urban conditions has started to fall apart from the inside, left all on its own. That is the dark side of the "cultural pluralism". The second dimension is related to the urban intervention - reconstruction of the space in which the Romany population lives. The Romany population have been confined by the world of their own culture which seems that it will never be understood in a system of "cultural pluralism", and even more, that we can ever relate it to the "social integration" in a wider sense.

Is it possible, and if it is, in what way can life in Topaana be improved? Will this improvement mean destruction of the Romanies' way of living, culture, customs? There are two ways of thinking: the first which begins and ends with the moral judgement of the society and politics which allows formation and existence of these suburbs without regard as to whether the "Romanies' style of living" is specific or not, and the second, which derives from the "objective conditions" which as a necessity produce suburbs of the Topaana type, but also as a necessity "protect" the

specifics of the Romanies' culture. The urban politics is most often "in favour" of maintaining the Romanies' ethnos, leaving the Romany population to solve their housing problems and the arrangement of the suburb.

The survey on Topaana raised several questions for discussion.

a) For the majority, the people from the suburb are "victims" only because of the fact that they live in that way and in absolute poverity. They are guilty themselves because they do not want to live in a different way generally accepted in the community. A state of "ethnic distance" has been created, the result of which is the total isolation of the Romany population in that space.

b) Is it possible to reconstruct the suburbs of this type and yet not to threaten the "cultural identity" of the people? The people of Topaana believe that they will lose much more if they are moved to urbanised suburbs. That is the fear of losing the Romany identity.

c) Is "living together ethnically" possible with people who have been totally degraded and are at the bottom of the social scale? For the people of Topaana there are "they" and "us" just as for the people outside of Topaana there are "ours" and "others". The ethnic distance between the Romany population and those others is total.

d) The Topaana case carries within it one of the fundamental questions when we speak of "cultural pluralism" and social disintegration, and that is the question of the essence and character of the ethnical

differences which "materialise" in the space and move in the direction of ghettoisation of living. The "spacial expression" is merely a result of the differences which realistically exist between the ethnic (minority) and the majority (dominant) group.

The results of the surveys on Skopje so far, show that there is no sufficient minimum of integrative social substance among the minority group and the majority group and among the members of the different religious groups. The most impressive expression of this is the ghettoisation of living, which in relation to the wider community causes disintegration and falling apart of the social institutions.

e) Is an urbanistic intervention which would serve the social integration possible, and which would be a provocation of a higher level of interethnical communication? If the answer is positive, we admit that an "architectural determinism is possible (the consequences are the relationships between the people) and if not, then we must seek the answer else where. Yet, for as long as they divide only on the basis of religious and ethnical grounds. "the cultural pluralism" disintegrates the community.

# ПОГОВОР

**Книгата "Скопје визија и реалност" е резултат на несебичната помош што во текот како на истражувањата (ги имаше неколку) така и во подготовката за печат ја добив од повеќе институции и поединци меѓу кои е и Институтот Отворено општество на Македонија.**

**Во оваа прилика им се заблагодарувам.**

**Авторот**

# СОДРЖИНА:

Можна ли е социологија на сламот ........................................ 7
Градот меѓу визијата и реалноста ........................................ 25
Човекот и градот - скопјани за Скопје ........................................ 67
Сиромаштија - гето - слам ........................................ 140
Урбана реконструкција - принципи и можности ........................................ 168
Природата на скопскиот слам ........................................ 199
Топаана триесет години по катастрофата ........................................ 234
Summary ........................................ 280